Универзитет „Гоце Делчев“-Штип, Правен факултет
Штип, Република Македонија

ПЕТТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ,

СЕКЦИЈА „МЛАДИ ИСТРАЖУВАЧИ“

Штип, 2018

Fifth International Scientific Conference: SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD © 2018 Copyright Goce Delcev University in Shtip, Republic of Macedonia. Address: Goce Delcev University, Shtip, Faculty of Law, ul. Krste Misirkov bb, PO box 201, 2000, Shtip, R. Macedonia. www.ugd.edu.mk;

Печати / Print 2-ри Август-Штип / 2- ri Avgust- Shtip
Уредник: Марија Амповска, Кристина Мишева, Елена Максимова

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.42(100)(062)

INTERNATIONAL scientific conference Social change in the global worl (5 ; 2018 ; Штип)
Општествените промени во глобалниот свет : зборник на трудови / Петта меѓународна научна конференција = Social change in the global world : proceedings : секција "Млади истражувачи". - Штип : Универзитет "Гоце Делчев" - Штип, Правен факултет ; Shtip : Goce Delcev University, Faculty of law, 2018

Начин на пристап (URL): http://js.ugd.edu.mk/index.php/scgw. - Текст во PDF формат, содржи 201 стр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 29.08.2018. - Трудови на мак. и англ. јазик. - Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-244-549-6

а) Општествени промени - Свет - Собири
COBISS.MK-ID 108125962

Goce Delcev University in Shtip, Faculty of Law
Shtip, Republic of Macedonia

FIFTH INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE

SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD

PROCEEDINGS

Shtip, 2018

Организациски комитет / Organizational Committee/ Организационный комитет конференции

Kristina Misheva PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, kristina.miseva@ugd.edu.mk

Marija Ampovska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, marija.radevska@ugd.edu.mk

Elena Maksimova, LL.M, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, elena.ivanova@ugd.edu.mk

Strasko Stojanovski, PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, strasko.stojanovski@ugd.edu.mk

Програмски комитет / Program Committee / Программный комитет конференции

Agim Nuhiu PhD, Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia, agim.nuhiu@unite.edu.mk

Alenka Verbole PhD, currently- OSCE Mission in Tirana, University of Ljubljana, Slovenia, alenka.verbole@osce.org

Ana Nikodinovska Krstevska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, ana.nikodinovska@ugd.edu.mk

Anastasia Bermúdez Torres PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liege, Belgium, abermudez@ulg.ac.be

Andon Majhoshev PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, andon.majhosev@ugd.edu.mk

Belul Beqaj PhD, University of Business and Technology, Department of Political Science, Prishtina, Kosovo, belul.beqaj@gmail.com

Borka Tushevska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, borka.tusevska@ugd.edu.mk

Elena Ivanovna Nosreva PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, elena@nosyreva.vrn.ru

Gabriela Belova PhD, Faculty of Law, University “Neofit Rilski”, Blagoevgrad, Bulgaria, gbelova@hotmail.com

Gemma Andreone PhD, Institute for International Legal Studies of the Italian National Research Council (ISGI - CNR), Italy, gemma.andreone@gmail.com

Ice Ilijevski, PhD, Faculty of security – Skopje, University St. Kliment Ohridski – Bitola, iilijevski@fb.uklo.edu.mk

Igor Kambovski PhD, Faculty of Law, Goce Delchev University in Shtip, Macedonia, igor.kambovski@ugd.edu.mk

Ivana Bajakić PhD, Department of Economic Sciences, Faculty of Law, Zagreb, Croatia, ivana.bajakic@pravo.hr

Jadranka Denkova PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, jadranka.denkova@ugd.edu.mk
James C. Helfrich PhD, Global Scholars, Liberty University, Colorado, USA, jchelfrich@aol.com
Jovan Ananiev PhD, Faculty of Law, University "Goce Delcev"- Shtip, Macedonia, jovan.ananiev@ugd.edu.mk
Jovan Zafiroski, PhD, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, j.zafiroski@pf.ukim.edu.mk
Kristina Misheva PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, kristina.miseva@ugd.edu.mk
Kristine Whitnable PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, kristine.whitnable@ugd.edu.mk
Maciej Czerwinski PhD, Institute of Slavic Philology, Jagiellonian University, Krakow, Poland, maciej.czerwinski@uj.edu.pl
Marija Ignjatovic PhD, Faculty of Law, University of Nis, Serbia, marija@prafak.prafak.ni.ac.rs
Migena Leskoviku Prof. Dr, University of Tirana, Albania, migena.leskoviku@gmail.com
Naser Ademi PhD, Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia, dr.naserademi@gmail.com
Natalia Vladimirovna Butusova PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, butusova@law.vsu.ru
Nikolai Baranov PhD, Baltic state technical university Voenmeh, At. Petersburg State University, St. Petersburg, Russia, nicbar@mail.ru
Nives Mazur Kumrić PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liège, Belgium, nives.mazurkumric@ulg.ac.be
Novak Krstić, PhD, Faculty of Law, University of Niš, novak@praf.ni.ac.rs
Olga Koshevaliska PhD, University "Goce Delcev"- Shtip, Faculty of Law, Macedonia, olga.kosevaliska@ugd.edu.mk
Ruzica Simic Banovic, PhD, Assistant Professor, Faculty of Law, University of Zagreb, Croatia, ruzica.simic@pravo.hr
Silviu G. Totelecan PhD, Cluj-Napoca Branch of Romanian Academy, Socio-Human Research Department of "G. Baritiu" History Institute, Romania, silviu.totelecan@g,ail.com
Slavejko Sasajkovski PhD, Institute for Sociological, Political and Legal Research, University "St. Cyril and Methodius", Skopje, Macedonia, bilbilef@isppi.ukim.edu.mk
Strahinja Miljkovića PhD, Faculty of Law, Mitrovica, strahinja.miljkovic@pr.ac.rs
Strashko Stojanovski PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, strasko.stojanovski@ugd.edu.mk
Suzana Dzamtoska Zdravkovska PhD, American University of Ras Al Khaimah, Ras Al Khaimah, UAE, suzana.zdravkovska@aurak.ac.ae
Tamara Perisin, MJur (Oxon) PhD, Department of European Public Law - Jean Monnet, University of Zagreb - Faculty of Law, Croatia, tamara.perisin@pravo.hr

Tunjica Petrašević PhD, Faculty of Law, University of Osijek, Croatia, tpetrase@pravos.hr
Wouter Van Dooren PhD, Public Administration and Management, University of Antwerp, Belgium, wouter.vandooren@uantwerpen.be
Yuriy Nikolaevich Starilov PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, juristar@vmail.ru
Zeynep Ece Unsal, PhD, Istanbul Gelisim University, Faculty of Economics Administrative and Social Sciences - Department of Political Science and International Relations, zeunsal@gelisim.edu.tr

Содржина

Ана Здравева, Кристијан Панев
ПРИСТАП ДО БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 3

Виолета Ничева Тиквешанска
SAFETY AND SECURITY OF REFUGEE CHILDREN ACCOMODATED IN STATE INSTITUTIONS 21

Дарко Мајхошев
ПРАВНИ ПРЕТПОСТАВКИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 35

Дарко Стојанов
ТЕОРИИ ЗА ЕВРОПСКАТА ИНТЕГРАЦИЈА 51

Емилија Локвенец
МЕХАНИЗМИТЕ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КОНЗИСТЕНТНОСТ НА СУДСКАТА ПРАКСА КАКО МОДЕЛ ЗА ДОМАШНОТО ПРАВОСУДСТВО 65

Златко Стојанов
НАЦИИТЕ И НАЦИОНАЛИЗМИТЕ НА БАЛКАНОТ: СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА МАКЕДОНИЈА 81

Зорица Стоилева, Дијана Ѓоргиева
ГРАЃАНСКАТА ПОСТАПКА ВО СВЕТОТ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА 99

Иван Николов
НОВИОТ МОДЕЛ НА ИСТРАЖНАТА ПОСТАПКА СОГЛАСНО НОВИОТ ЗКП ОД 2010 ГОДИНА 111

Ирена Манчева
ПРЕГЛЕД НА РЕГИОНАЛНИТЕ ПРЕТПРИСТАПНИ ИНСТРУМЕНТИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО ОДНОС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА 125

Марина Карова
КОНЦЕПТОТ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА НА ТЕЛЕСНА ПОВРЕДА СОГЛАСНО КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 141

Саднра Цветкоска
КРИВИЧНИ ДЕЛА ПОВРЗАНИ СО БАНКАРСТВОТО 153

Сашка Андонова
ДЕЛКРЕДЕРЕ ОДГОВОРНОСТ КАЈ ДОГОВОРИТЕ ШТО СЕ ПРАВЕН ОСНОВ ЗА ВРШЕЊЕ НА УСЛУГИ..... 171

Слободан Јевтимов
РАСПАДОТ НА ЈУГОСЛАВИЈА И БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ ВО 1990-те 189

УДК: .347.921.8(497.7)

ПРИСТАП ДО БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ана Здравева
Дипломиран правник, Универзитет Гоце Делчев – Штип,
ana.zdraveva@yahoo.com

Кристијан Панев
Дипломиран правник, Универзитет Гоце Делчев – Штип,
panev_kristijan@hotmail.com

Апстракт
Идејата на трудот е да утврди колку системот на бесплатна правна помош е ефикасен механизам за обезбедување на еднаков пристап до правда на сите граѓани во Република Македонија. Трудот опфаќа анализа на постоечкиот систем и преглед на користењето и достапноста до бесплатна правна помош на оние на кои им е потребна.
Правото на пристап до правдата е едно од основните човекови права. Државата е таа која ја има главната улога во реализација на обврската за почитување, заштита и остварување на човековите права, кое вклучува воспоставување ефикасен систем на бесплатна правна помош. Ваквиот систем има за цел да обезбеди еднаков пристап на граѓаните до институциите на системот.
Право на бесплатна правна помош имаат лицата кои, со оглед на својата материјална положба, не би можеле да ги остварат со Устав и закон загарантираните права, без да го загрозат сопственото издржување и издржувањето на членовите на своето семејство со кои живеат во заедничко домаќинство.
Пристапот до правна помош е дел од правото на правична судска постапка, што произлегува од членот 6 од ЕКЧП. Членот 6 став 3в за минималните права во кривичните случаи пропишува обезбедување на бесплатна правна помош кога тоа го наложуваат интересите на правдата.
Оттука, покрај домашното законодавство, трудот ги проучува и меѓународните конвенции кои го гарантираат правото на пристап до правда и презентира различни ставови и практики за обезбедување на бесплатна правна помош. Истовремено се занимава и со утврдување на недостатоците на системот во обезбедување на ефикасен и ефективен пристап до правда за сите граѓани.

Клучни зборови: *бесплатна правна помош, пристап до правда, Закон за бесплатна правна помошт, еднаквост, ефективност*

Abstract

The idea of the paper is to determine how the free legal aid system is an effective mechanism for ensuring equal access to justice for all citizens in the Republic of Macedonia. The paper includes an analysis of the existing system and an overview of the use and availability of free legal aid to those who need it.

The right to access to justice is one of the fundamental human rights. The state is the one that has the main role in the realization of the obligation for respecting, protecting and exercising human rights, which involves the establishment of an efficient system of free legal aid. Such a system aims to ensure equal access of citizens to the institutions of the system.

The right to free legal aid is provided by persons who, due to their material status, could not exercise the rights guaranteed by the Constitution and the law, without compromising their own maintenance and support of the members of their family living in a common household.

Access to legal aid is part of the right to a fair trial, arising from Article 6 of the ECHR. Article 6 paragraph 3c on minimum rights in criminal cases ensures provision of free legal aid when the interests of justice so required.

Hence, in addition to domestic legislation, the paper also analysies the international conventions that guarantee the right to access to justice and presents different approaches and practices for providing free legal aid. At the same time, it deals with defining the system's shortcomings in providing efficient and effective access to justice for all citizens.

Key words: *free legal aid, access to justice, Law on free legal aid, equity, effectiveness*

Воведни напомени

Пристапот до правда е основна вредност на која се засноваат темелите на една социјална и правна држава. Државата е должна да обезбеди механизми за обезбедување на еднаков пристап до правда за сите граѓани. Во Република Македонија, системот на бесплатна правна помош има за цел да обезбедиквалитетна правна заштита за оние кои немаат доволно материјални средства, со цел остварување и заштита на човековите слобода и права.

Со Законот за бесплатна правна помош за прв пат се воведува системот на бесплатна правна помош со цел да се обезбеди еднаков пристап на граѓаните до институциите на системот, согласно со начелото за еднаков пристап до правдата. Трудот пред Вас, ја констатира состојбата со системот на бесплатна

правна помош во Република Македонија, преку правна анализа на законската рамка на која истиот се заснова и неговата фактичка примена. Целта на овој труд е да се дојде сознанија и заклучоци колку системот на бесплатна правна помош е ефикасен механизам за обезбедување на еднаков пристап до правда на сите граѓани во Република Македонија.

Системот на обезбедување еднаков пристап до правда за сите граѓани е комплекесен систем во којшто се испреплетуваат бројни закони, меѓутоа предметот на анализа на овој труд е исклучиво сведен на ЗБПП. Авторите на овој труд не навлегуваат во анализа на правната помош која се дава на осомничен и обвинет, којашо е предмет на уредување на Законот за кривична постапка. Анализата не навлегува ниту во можностите за ослободување од судски такси и трошоци во парничната постапка, коишто се уредени со посебни закони и покрај тоа што сите овие работи можат да бидат разгледувани низ призмата на обезбедување на еднаков пристап до правда за сите. Конечно, како ограничување на овој труд е и недостатокот од детално обработени податоци за областите и причините за прифаќање, односно одбивање на поднесените барања за користење на бесплатна правна помош, од причини што Министерството за правда не води евиденција за ваков тип на податоци и со тоа истите не се достапни за обработка и анализа.

Овој труд е поделен во два дела, првиот дел се однесува на правната рамка во која се спроведува бесплатната правна помош. Во овој дел ќе се детектираат слабостите на системот за бесплатна правна помош и во оваа насока се дефенираат заклучоци. Вториот дел содржи анализа на годишните извештаи за примената на ЗБПП, односно опис на клучните наводи од неговата примена, врз основа на којшто се констатираат одредени состојби и заклучоци во поглед на ефикасноста на постоечкиот систем.

1. Правна рамка

1.1. Устав на Република Македонија

Уставот на Република Македонија[1]како највисок правен акт, директно не го гарантира правото на бесплатна правна помош. Сепак, Уставот ја прокламира Република Македонија како социјална држава во којашто една од темелните вредности на уставниот поредок е хуманизмот, социјалната правда и солидарноста[2]. Оттука, правото на еднаков пристап до правда лесно може да се стави во контекст со основите вредности на кои се темели уставниот поредок. Иако правото на бесплатна правна помош не е директно гарантирано во Уставот, сепак основите на воспоставување на обврската на државата за воспоставување на инструментот на бесплатна правна помош се засноваат на правото на еднаквост, кое Уставот експлицитно го предвидува. Уставот

[1]Устав на Република Македонија („Службен весник на РМ“, бр.52 од 22.11.1991), во понатамошниот текст: Уставот
[2]Член 8 од Уставот

гарантира еднаквост на сите граѓани на РМ во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествена положба, како и еднавкост пред Уставот и законите[3]. Оттука, гаранцијата за еднаквост на сите граѓани независно од нивната имотна и општествена положба нужно воспоставува обврска за обезбедување на еднаков пристап до правда за сите граѓани на РМ. Еднаквиот пристап до правда уште повеќе се гарантира со можноста на секој граѓанин да се повика на заштита на своите слободи и права утврдени со Уставот, пред судовите и пред Уставниот суд на Република Македонија, коешто право посебно го гарантира Уставот.[4] Ваквата постапка се заснова на начелата на проритет и итност. Уставната гаранција за обезбедување на еднаквост на сите граѓани уште повеќе се гледаи во посебната заштита на Уставниот суд за обезбедување на правото на еднаквост и недискриминација[5]. Вака поставените уставни одредби даваат добра основа со широки можности за законско уредување на правото на бесплатна правна помош.

1.2. **Меѓународни правни акти**

Покрај Уставот на РМ, еднаквоста и правото на пристап до правда како принципи коишто се гаранции за еднаква можност на остварување на слободите и правата на луѓето се гарантира во повеќе меѓународно правни акти.

Универзалната декларација за човекови права ја гарантира слободата и еднаквоста во достоинството и правата, како и еднаквоста пред законот и еднаквата заштита без каква било дискриминација. Истата во чл.8 предвидува дека *секој има право националните судови ефикасно да го заштитат од кршење на основните права кои му се признати со уставот и законите.*[6]

Меѓународниот пакт за граѓански и политички права исто така гарантира еднаквост пред судовите и право на секое лице за праведна расправа пред надлежен, независен и непристрасен суд, како за кривичните, така и за граѓанските постапки во кои се одлучува за остварување на некое право или обврска.[7]

Европската Конвенција за човекови права е исто така, значаен меѓународен документ во кој правото на бесплатен пристап до правна помош може да ги најде своите основи. Република Македонија ја има ратификувано ЕКЧП, што значи дека истата е дел од правниот поредок и Република Македонија има обврска да ги гарантира правата и слободите кои се опфатени во неа. ЕКЧК изрично не го гарантира правото на бесплатна правна помош во граѓански и управни постапки, за разлика од кривичната постапка, каде правото на бесплатен службен адвокат и правна помош е гарантирана кога тоа го

[3]Член 9 од Уставот
[4]Член 50 од Уставот
[5]Член 110 алинеја 3 од Уставот
[6]Универзална декларација за човекови права, член 8
[7]Меѓународен пакт за граѓански и политички права, член 14

наложуваат интересите на правдата.[8] Меѓутоа, од друга страна ЕКЧП го гарантира правото на правична судска постапка и фер судење, со гаранции дека „*секој има право правично и јавно, во разумен рок, пред независен и непристрасен со закон воспоставен суд да бидат разгледани и утврдени неговите граѓански права и обврски...*“[9]

Ова дополнително е потврдено и со изричната забрана од дискриминација во поглед на уживањето на правата и обврските од Конвенцијата, во која меѓудругото е потенцирана и материјалната положба како основ за дискриминација. Покрај овие одредби кои упатуваат на обврската на државата да воспостави механизми за обезбедување на еднаков пристап до правда на сите граѓани, правото на бесплатна правна помош наоѓа свое место и во пресудите на ЕСЧП. Преседанот во поглед на обезбедување на бесплатна правна помош е направен во случајот Airey v.Ireland (Series A no.32,1979), каде судот во своето образложение истакнува дека Конвенцијата е насочена *кон гарантирање на права кои не се само теоретски и апстрактни, туку практични и ефективни. Државата не може да остане пасивна и има обврска да обезбеди ефективен пристап до правда.*[10] Оттука се произлезени и т.н. Airey критериуми, кои дополнително се образложени и разработени во други предмети. Истите предвидуваат дека правото на бесплатна правна помош треба да се цени врз основа на: важноста на предметот за поединецот, сложеноста на самиот предмет, способноста на поединецот самиот да се застапува и трошоците на постапката во споредба со можностите на странката сама да се застапува.

1.3. **Закон за бесплатна правна помош**

Законот за бесплатна правна помош[11] (ЗБПП) е донесен на 29 декември 2009 година, но започува да се применува 6 месеци подоцна, односно од 7 јули 2010 година. Со овој закон за прв пат се воведува системот на бесплатна правна помош со цел да се обезбеди еднаков пристап на граѓаните до институциите на системот, за запознавање, остварување и за овозможување на ефективна правна помош, согласно со начелото за еднаков пристап до правдата.

ЗБПП има претрпени неколку измени и дополнувања и тоа во 2011, 2014 и 2015 г.

Во 2011 година со измените[12] е проширена категоријата на лица корисници на правото на бесплатна правна помош и тоа за лицата кои се јавуваат како баратели на азил.

Со Законот за изменување и дополнување на законот за бесплатна правна помош од 2014 година[13] право на бесплатна правна помош добива и дете во

[8]Член 6 ст.3 од ЕКЧП

[9]Член 6 ст.1 од ЕКЧП

[10] Case of Airey v. Ireland, App No. 6289/73,

[11]Закон за бесплатна правна помош (Службен весник на РМ, бр. 161 од 30.12.2009 година) во понатамошниот текст: ЗБПП

[12]Службен весник на РМ, бр. 185 од 30.12.2011 година

[13]Службен весник на РМ, бр. 27 од 05.02.2014 година

ризик (дете за кое постои основи на сомневање дека извршило дело кое со закон е предвидено како кривично или прекршок), во постапките за заштита на правата и интересите на детето пред Министерството за внатрешни работи и центарот за социјални работи.
Со измените и дополнувањата во 2015 година,[14] заради навремено утврдување на имотната состојба на лицето барател на бесплатна правна помош, се предвидува Министерството за правда по електронски пат да прибавува податоци за недвижностите од Геодетско катастарскиот информационен систем на Агенцијата за катастар на недвижности.

2. Системот на бесплатна правна помош во Република Македонија

2.1. Видови и даватели на бесплатна правна помош

Бесплатната правна помош се остварува како претходна правна помош и правна помош во судски и управни постапки.

Претходната правна помош опфаќаправен совет за користење на правна помош, општа правна информација и правна помош во комплетирање на барање за бесплатна правна помош.Овластени лица за обезбедување на претходна правна помош се службени лица во подрачните одделенија на Министерството за правда и овластени здруженија на граѓани.[15]
Здруженијата на граѓани се стекнуваат со овластувања за давање на претходна правна помош врз основа на исполнување на законски пропишани услови. Истите се должни да имаат вработено правник со положен правосуден испит, како услов за обезбедување на претходна правна помош. Истиот услов треба да го исполнуваат и подрачните одделенија на Министерството за правда. Забрането е здруженијата да користат било каква реклама за остварување на својата работа, во спротивност можат да се соочат со одземање на овластувањето од страна на Министерството.

Министерството води посебен регистар на овластени здруженија кои даваат бесплатна правна помош и истиот се ажурира на секои три месеци. Фактичката состојба во месец мај 2018 е дека има регистрирано вкупно десет (10) здруженија овластени за давање на бесплатна правна помош и тоа три во Скопје, две во Тетово и по едно во Битола, Прилеп, Куманово, Штип и Струмица.[16]

Правната помош опфаќа, застапување во судски и управни постапки, како и составување на писмена во судските и управните постапки.Правната помош се реализира од страна на адвокати.[17] Единствен услов е адвокатите да се запишани во Регистарот на адвокати, што го води Министерството за правда.

[14]Службен весник на РМ, бр. 104 од 24.06.2015 година
[15]Член 6 ст.2 и ст.3 од ЗБПП
[16]Регистар на здуженија за бесплатна правна помош, Министерство за правда, http://pravda.gov.mk/bpp
[17]Член 6 ст.4 и ст.5 од ЗБПП

Фактичката состојба на адвокати кои се регистрирани за давање на бесплатна правна помош во мај 2018 изнесува вкупно 317.[18]

2.2. Прашања за кои може да се дава бесплатна правна помош

Барање за бесплатна правна помош може да поднесе секое физичко лице кое ги исполнува законски пропишаните услови и истата може да се одобри во сите судски и управни постапки, доколку со тоа се решава прашање од интерес за барателот на бесплатната правна помош.[19]

Вака поставената законска формулација упатува на заклучокот дека *„интересот на барателот“* кој поради својата имотна положба не може да ги остварува и штити своите слободи и права е клучниот критериум врз основа на којшто се остварува правото на бесплатна правна помош. Меѓутоа, законодавецот ваквиот *„интерес на барателот“* го ограничува во таксативно наброени правни области кои можат да бидат предмет за потенцијално одобрување на бесплатната правна помош. Овде спаѓаат: права од областа на социјалното, здравственото, пензиското и инвалидското осигурување, работните односи, заштитата на деца, жртвите на семејно насилство, заштитата на жртвите од казниви дела, заштитата на жртвите од трговија со луѓе и имотно-правните прашања[20]. Ваквата одредба директно го ограничува правото на бесплатна правна помош за прашања кои не спаѓаат во некоја од овие области, а се од интерес на граѓаните. Притоа, не остава друга алтернатива за користење на ваквото право за прашања кои законодавецот не ги предвидел, а за кои граѓаните поради нивната лоша материјална положба не можат да обезбедат професионална правна помош. На пример, прашања поврзани со развод на брак, застапување во стечајна постапка, права на потрошувачи и сл. се области кои не се предвидени во ЗБПП, а од истите може да произлезат прашања кои се од егзистенцијална природа за барателот и во негов интерес.

Оттука, многу е веројатно дека со ваквото рестриктивно уредување на областите за кои може да се користи бесплатната правна помош се повредува и уставно загарантираното право на еднаквост на граѓаните и можноста за еднаков пристап до правда.

Од друга страна, ЗБПП предвидува дека бесплатната правна помош нема да се одобри во работи кога е *очигледно дека тие се неразумни* или не постојат правни факти врз основа на кои можат да бидат преземени правни дејствија[21]. За секое поднесено барање за бесплатна правна помош одлучува Министерството за правда[22]. Со оваа одредба во ЗБПП, всушност се воспоставуваат можности за потенцијално ограничување на користење на правото на бесплатна правна помош, веројатно сакајќи да се превенира

[18]Регистар на адвокати за давање на правна помош, Министерство за правда, http://pravda.gov.mk/bp-advokati
[19]Член 8 ст.1 од ЗБПП
[20]Член 8 ст.3 од ЗБПП
[21]Член 9 од ЗБПП
[22]Член 10 од ЗБПП

користење на овој институт кое не е целисходно со целокупната идеја на воспоставување на правото на бесплатна правна помош како механизам за овозможување на еднаков пристап до правда за граѓаните кои поради својата имотна и материјална состојба не се во можност да ги остварат своите права, без притоа да го загрозат сопственото издржување и издржувањето на членовите на нивното семејство. Меѓутоа, со вака поставните законски одредби, многу логично се поставува прашањето за дефинирање на работите кои се очигледно неразумни, за што законодавецот не дава јасна и прецизна дефиниција, ниту критериуми врз основа на кои ќе ги толкува овие термини. Оттука, се остава можност за широко дискреционо толкување и овластување за арбитрарно одлучување на Министерството за правда. Ваквата можност остава простор за потешкотии во примената, па дури и за несоодветна примена на ЗБПП, што од друга страна овозможува правна несигурност. На пример, во Анализата за примената на ЗБПП, нотирано е дека „*постоиневоедначена и противречна практика и погрешно толкување на определени правни прашања од страна на Министерството.*“[23]

2.3. Корисници на бесплатна правна помош

ЗБПП тргнува од идејата дека воспоставениот институт на бесплатна правна помош треба да обезбеди еднаквост на граѓаните на кои пристапот до правда им е ограничен поради нивната лоша материјална положба. Овој институт треба да биде коректив на општествената неправда и механизам за обезбедување на гаранција за еднаквост на сите граѓани во можноста за ефективна заштита на нивните права и слободи.

Во поглед на тоа кој може да го користи правото на бесплатна правна помош, ЗБПП првенствено предвидува општа категоризација на корисниците на ова право. Корисници може да бидат лица – државјани на Република Македонија со постојано место на живеење во Република Македонија, кои со оглед на својата материјална положба, не би можеле да ги остварат со Устав и закон загарантираните права, без да го загрозат сопственото издржвување или изджувањето на членовите на своето семејство со кои живеат во заедничко домаќинство[24]. Оваа општа категоризација е дополнета со уште еден услов кој нужно мора да биде исполнет за да може да се искористи правото на бесплатна правна помош, а истиот е во поглед на статусот на овие лица. Имено, потенцијалните корисници мора да имаат статус на:

1) корисници на социјална помош
2) корисници на правото на инвалидски додаток, кои не остваруваат други приходи по основ на заработувачка или приходи од недвижности

[23]Гоце Коцевски, Данче Даниловска - Бајдевска: Анализа на примената на Законот за бесплатна правна помош за периодот 2010-2012 година, Македонско здружение на млади правници, Скопје, јануари 2013, стр.48, во понатамошниот текст: Анализа на МЗМП

[24]Член 12 ст.1 од ЗБПП

3) корисници на најниска пензија кои живеат во семејна заедница со две или повеќе лица издржувани од него
4) семејства или самохран родител со едно или повеќе малолетни деца кои остваруваат право на детски додаток[25]

Покрај исполнување на овие услови, ЗБПП оди чекор подалеку и предвидува уште два дополнителни услови кои мораат да бидат исполнети за едно лице да може да го користи правото на бесплатна правна помош. Првиот услов е во поглед на приходот којшто го остваруваат овие лица, односно вкупниот приход на барателот и членовите на неговото домаќинство да не го преминуваат износот од 50% од просечната месечна плата исплатена во Република Македонија за претходниот месец во времето на поднесување на барањето за бесплатна правна помош[26]. Во спротивност ЗБПП ќе го третира барателот како лице на кое не би му се загрозила нужната издршка и издршката на членовите на неговото семејство со кои живее во заедничко домаќинство при остварување на своите права. Така, на пример просечната исплатена бруто плата во март 2018 била 34.764 денари[27], што значи дека барателот којшто поднел барање во април 2018 година не можел да има месечен приход поголем од 17.382 денари, како би можел да го искористи правото на бесплатна правна помош. Притоа ЗБПП регулира дека под приход на барателот, односно на членовите на неговото семејство, во смисла на овој закон се смета целокупниот подвижен и недвижен имот, освен: детски додаток, инвалидски додаток, додаток за туѓа нега, стипендии и други примања заради образобание и стручно оспособување, средства добиени заради отстранување на последици од елементарна непогода, надоместок на штета поради намалена животна активност, надоместок на штета за неоправдано осудени и неосновано или незаконито лишени од слобода и средства одобрени од надлежна институција за лекување во странство[28]. Вториот услов пак, се однесува во поглед на имотот на барателот, односно истиот не може да биде корисник на бесплатна правна помош, доколку тој или член на негово семејство со кој живее во исто домаќинство има имот кој достигнува или надминува пет просечни месечни бруто плати исплатени во Република Македонија во претходниот месец. Овде не спаѓаат предметите кои согласно Законот за извшување се иземени од извршување и моторно возило чија вредност не надминува пет просечни месечни бруто плати, исплатени во РМ во претходниот месец[29].

Покрај, државјаните на РМ кои ги исполнуваат горенаведените услови, ЗБПП дава можност како корисници на правото на бесплатна правна помош да бидат и лице на кое му е признато правото на азил, внатрешно раселено лице, како и раселено или прогонето лице кое на територијата на Република Македонија има престојувалиште; странски државјанин, кој во согласност со

[25]Член 12 ст.2 од ЗБПП
[26]Член 12 ст.4 од ЗБПП
[27]Извор: Државен завод за статистика, јуни 2018
[28]Член 13 од ЗБПП
[29]Член 14 ст.1 од ЗБПП

меѓународните договори, без оглед дали на територијата на РМ има престојувалиште или живеалише, остварува негово право за кое е надлежен државен орган на РМ; лице без државјанство, кое законски престојува во РМ и државјанин на земја – членка на Европската Унија, под услови и на начин утврден со законот[30].

При анализа на македонското законодавство и одредбите од законите со кои се испреплетува овој закон, најпрво може да се констатира дека постои терминолошка неусогласеност на ЗБПП со останатите закони на кои се повикува. Оваа неусогласеност може да создаде правни недоречености и забуниво поглед на толкувањето. Ваков е примерот со термините на *„социјална помош“* којшто го користи ЗБПП, наместо термините на *„социјална парична помош“*и*„постојана парична помош“* со кои оперира Законот за социјална заштита, или *„инвалидски додаток“*, наспроти *„додаток на инвалидност“* од Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Како суштествена критика кон ЗБПП може да се упати дека вака поставените законски решенија не ја отваруваат идејата за обезбедување на еднаков пристап до правда за граѓаните со лоша материјална состојба и тоа од неколку причини.

Прво, условеноста на исполнување на критериумите во поглед на статусот на лицето – барател на бесплатна правна помош е рестриктивна и го затвора кругот на лица кои можат да бидат бидат корисници на ова право, притоа не водејќи грижа дека постојат лица кои немаат статус на корисник на некои од погоре наведените права, а нивната имотна и материјална состојба ги исполнува критериумите за да бидат корисници на правото на бесплатна правна помош.

Втората критика може да се упати кон рестриктивниот пристап во поглед на приходот. *„Ограничувањата во поглед на приходот не гозема во предвид бројот на членови на домаќинството. Издршката на самец или на домаќинство со два члена кои заработуваат 10.000 денари, не е загрозена во иста мера со споредба со едно повеќечлено семејство со истиот приход.“*[31]ЗБПП со вака поставените ограничувања потфрлува во обезбедување на еднаков третман за сите граѓани и прави индиректна дискриминација кон повеќечлените домаќинства. На овој начин им се ограничува правото на бесплатна правна помош, а со тоа и пристапот до правда, иако фактичката состојба јасно укажува дека со оглед на бројот на членови на домаќинството, нужната издршка би била загрозена. Дополнително на ова, се поставува и прашањето колку ЗБПП ги следи тековните промени во висината на судските такси и тарифниците на лицата кои даваат професионална правна помош и дали на пример, вкупен приход од 60% од просечната месечна плата во едно домаќинство, може да си дозволи професионална правна помош, без притоа фактички да биде загрозена нужната издршка на тоа домаќинство.

Третата критика е упатена кон имотните ограничувања. Од вака поставните законски услови, произлегува дека бесплатна правна помош не

[30]Член 12 ст.3 од ЗБПП
[31]Анализа на МЗМП, стр.57

може да добие ниту еден граѓанин чиешто домаќинство поседува било каков недвижен имот, без разлика на состојбата и вредноста на имотот. Притоа може да станува станува збор за куќа, имот, нива или слично, со оглед на фактот дека висината на имотот којшто го поседува едно домаќинство не треба да достигнува пет просечни бруто плати[32]. Апсурдноста е дотолку поголема со фактот дека имотните ограничувања не се однесуваат само на барателот на бесплатна правна помош, туку на сите членови со кои тој живее во заедничко домаќинство. На пример, имотот на домаќинството на барателот на бесплатна правна помош во мај 2018 не треба да достигнува 173.820 денари. Со други зборови за да се биде корисник на правото на бесплатна правна помош, граѓаните треба да се наоѓаат во крајна беда или да имаат статус на бездомници.

Оттука, она што можеме да го заклучиме е дека моменталните законски решенија не овозможуваат ефективен и функционален механизам за бесплатна правна помош којшто ќе биде во служба на граѓаните и којшто ќе овозможи еднаков пристап до правда за сите граѓани на РМ.

2.4. Постапка за остварување на правото на бесплатна правна помош

Бесплатната правна помош не се однесува на случаите на задолжителна одбрана предвидени во Законот за кривична постапка и Законот за малолетничка правда ниту ослободување од плаќање на трошоците на постапката предвидени во Законот за парничната постапка и Законот за општата управна постапка.[33]

Постапката за остварување на правото на бесплатна правна помош се смета за итна постапка, во која надлежноста за одлучување е функционално поделена помеѓу подрачните одделенија на Министерството за правда кои се надлежни за прием и комплентирање на барањата и Министерството за правда како орган надлежен да одлучува по барањата.

Постапката за остварување на правото на бесплатна правна помош започнува со поднесување на барање.Барањето за бесплатна правна помош барателот го поднесува до надлежното подрачно одделение на Министерството за правда, лично или преку пошта.Кон барањето барателот потребно е да поднесе и писмена изјава за нивниот вкупен движен и недвижен имот, како и дозвола за увид во неговата имотна состојба.[34]

Овластеното службено лице од подрачното одделение на Министерството е должно веднаш да го разгледа барањето, да ги прибере потребните податоци за материјалната положба на барателот и најдоцна во рок од 12 дена од приемот на барањето, истото заедно со сите документи да ги

[32]Слично: Хаџи-Зафиров Жарко, Коцевски Гоце, Прцановиќ Емир: Бајка или реалност!? Бесплатна правна помош во Република Македонија, Македонско здружение на млади правници, Скопје, март 2012, стр.28

[33]Член 7 од ЗБПП

[34]Член 20 ст. 1 и ст. 2 од ЗБПП

достави до Министерството за правда.[35]Во прилог на итност на постапката е и рокот од три дена во кој имателот на информациите е должен да ги достави бараните податоци за имотната состојба на лицето барател на бесплатна правна помош.По добивањето на барањето од подрачното одделение на Министерството, Министерството за правда е должно да постапи по барањето во рок од 8 дена.[36]

Имено,ЗБПП предвидува кратки рокови во постапката за остварување на правото на бесплатна правна помош, но во пракса ретко се почитуваат законско предвидените рокови.Најчесто, одлучувањето по барање се одвива во период од 50-60 дена,[37] што го надминува рокот од 20 дена предвиден со законот. Одовлекувањето на постапката всушност е на штета на барателите, така на пример остварувањето и заштита на правата од областа на работните односи, пензиско и инвиладидско осигурување и останати права кои произлегуваат од правните прашања предвидени со ЗБПП е условена со преземање на правни дејствија кои се врзани за кратки рокови од 8,15 и 30 дена. Оттука, може да се констатираат два заклучоци. Прво, законското решение од 20 дена не е усогласено со роковите за преземање на правни дејствија во одделни постапки, кои бараат итно преземање на правни дејствија. Ова уште на самиот почеток ја спречува можноста секој да може да се обрати и да биде потенцијален корисник на бесплатна правна помош и го нарушува принципот на еднаквост и еднаков пристап до правда за сите граѓани. Вториот заклучок е дека низ практиката се покажува дека постои големо одолговлекување на постапката и надминување на роковите, со што барателите ги пропуштаат роковите за преземање на правни дејствија и со тоа ја губат можноста за остварување и заштита на истите, а со ова се доведува во прашања и ефикасноста на системот на бесплатна правна помош.

Лицата баратели на бесплатна правна помош, чие барање не е одобрено од страна на Министерството за правда имаат право на правен лек, односно право да поведат управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот кога е донесено решението со кое се одбива барањето.[38]Против одлуката на Управниот суд на РМ со која е одбиенатужбата на одбиениот барател, тужителот може да поднесе жалба до Вишиот управен суд на РМ, во рок од 15 дена од приемот на пресудата.

2.5. Награда за дадена правна помош

Средствата за одобрување на бесплатната правна помош се обезбедуваат од Буџетот на Министерството за правда како посебна програма предложена од министерот, одобрена од Владата на Република Македонија, како и од донации и други приходи во согласност со закон.[39]За 2016 година од

[35]Член 21 ст.1 од ЗБПП
[36]Член 22 ст.1 од ЗБПП
[37] Анализа на МЗМП, стр.63
[38]Член 23 од ЗБПП
[39]Член 4 ст.2 од ЗБПП

буџетот на Министерството за правда се исплатени вкупно 829.753,00 денари и тоа на 39 адвокати и на 5 овластени здрженија вклучени во постапката на давање бесплатна правна помош.[40] За 2015 година исплатени се вкупно 740.910,00 денари на 36 адвокати и 5 овластени здруженија.[41]

Наградата на адвокатот за дадена правна помош се пресметува согласно со трошковникот на адвокатот за обемот на извршената работа по секој предмет одделно, доставен до Министерството, а согласно со Тарифата за награди и надоместок на трошоците за работа на адвокатите намалена за 30%.[42]Исплатената награда на адвокати за дадена правна помош во 2016 година изнесува 813.253,00 денари.[43]За 2015 година исплатената награда на адвокати за дадена правна помош изнесува 701.310,00 денари.[44]

Надоместокот за трошоците на овластеното здружение на граѓани за дадена претходна правна помош се пресметува согласно со трошковникот за обемот на извршената работа по секој предмет одделно за кој е донесено решение за одобрена правна помош, доставен до Министерството, а согласно со Тарифата за надоместок на трошоците за работа на здруженија на граѓани за вршење на работи на претходна правна помош.[45]За 2016 година на овластените здруженија за давање на предходна правна помош извршена е исплата на средства во износ од 16.500,00 денари.[46]Во текот на 2015 година на овластените здруженија за давање предходна правна помош исплатени се средства во вкупен износ од 39.600,00 денари.[47]

Ако при вршење на редовен надзор утврди несовесно, нестручно и непрофисионално вршење на доверената работа од страна на адвокатот или овластеното здружение, Министерството нема да исплати надоместок за конкретниот случај.Против ваквата одлука, адвокатот или здружението можат во рок од 30 дена да поведат управен спор пред надлежниот орган.[48]

[40]Годишен извештај за примената на законот за бесплатна правна помош, Скопје, март, 2017
[41]Годишен извештај за примената на законот за бесплатна правна помош, Скопје, март, 2016
[42]Член 36, став 1 од ЗБПП
[43]Годишен извештај за примената на законот за бесплатна правна помош, Скопје, март, 2017
[44]Годишен извештај за примената на законот за бесплатна правна помош, Скопје, март, 2016
[45]Член 37 ст.1 од ЗБПП
[46]Годишен извештај за примената на законот за бесплатна правна помош, Скопје, март, 2017
[47]Годишен извештај за примената на законот за бесплатна правна помош, Скопје, март, 2016
[48]Член 36 ст.3 и член 37 ст.3 од ЗБПП

3. Анализа на фактичката примена на ЗБППГ

3.1. Годишни извештаи за примената на ЗБПП

Подолу презентираните и анализираните податоци се прибирани од Годишните извештаи (објавени на службената страна на Министерството за правда) кои Министерството ги доставува до Влада на РМ, која пак во рок од 30 дена од нивното усвојување, истите ги доставува до Собранието на РМ. Податоците се добиени во електронска форма по што е пристапено кон нивно процесиурање.Податоците се однесуваат за период од 2010 до 2016 година (состојба до 31.12.2016).

3.1.1. Број на поднесени барања

За период од 2010 до 2016 година до подрачните одделенија на Министерството за правда се поднесено вкупно 1211 барања за бесплатна правна помош. Се идентификуваат разлики во однос на бројот на поднесени барања по години.Имено најмногу барања има поднесеново 2014 (270 барања), а најмалку барања има поднесено 2010(118 барања).Детален преглед на овие податоци е прикажан во табела 1.

Табела 1

	2010	**2011**	**2012**	**2013**	**2014**	**2015**	**2016**	**Вкупно**
Поднесени барања	118	154	180	160	270	130	199	1211

Анализата на овие податоци покажува тенденција на зголемување на поднесените барања во периодот од 2010 до 2014 година, додека пак, од 2014 до 2016 година се забележува опаѓање на бројот на поднесени барања за бесплатна правна помош. Бројот на поднесени парања не се зголемува, иако е поминат определен временски период од воспоставувањето на системот на бесплатна правна помош и промовирањето на истиот.Компарацијата дава сликовит приказ на оваа индикација (Графикон 2).

Графикон 2



3.1.2. Број на донесени решенија за одобрување/одбивање на барањата

Во периодот кој се анализира (2010-2016) Министерството за правда има донесено вкупно 1200одлуки. Барањето за бесплатна правна помош е одобрено во 528 или 45.05%, а одбиено во 644 случаи или 54,95%. Постапката е запрена во вкупно 52 предмета.Прегледот на овие податоци е прикажан во Табела 3.

Табела 3

	Донесени решенија	**Одобрени барања**	**Одбиени барања**	**Запрени постапки**	**Однос одобрени/ одбиени**
2010	74	29	42	3	1/1,4
2011	172	64	91	17	1/1,4
2012	196	68	126	2	1/1,8
2013	162	75	81	6	1/1,08
2014	254	114	140	7	1/1,2
2015	192	113	79	7	1,4/1
2016	150	65	85	10	1/1,3

Кога станува збор за видот на донесените одлуки, бројот на одбиени барања е поголем во однос на бројот на одобрени барања за бесплатна правна помош.Единствено за 2015 година, бројот на одобрени барања е поголем од

бројот на одбиени барања.Од ова може да се заклучи дека ЗБПП предвидува строги услови за стекнување на право за бесплатна правна помош.

Од направената анализа на податоците за период од 7 години, може да се заклучи дека бројот на поднесени барања за користење на бесплатна правна помош е многу мал. Оттука, легитимно се поставуваат прашањата за ефективноста на системот на бесплатна правна помош, колку истиот е применлив и достапен до сите граѓани. Односот на одобрени и одбиени барања од друга страна, укажува дека системот на бесплатна правна помош не е доволно едноставен и не одговара на реалните потреби од правна помош на граѓаните.

Генералните заклучоци од ваквите статистички податоци се дека системот за бесплатна правна помош не е доволно атрактивен и препознаен од граѓаните како можност за обезбедување на заштита на нивните права и слободи. Претходно детектираните слабости кои беа елаборирани во рамки на овој труд го прават системот на бесплатна правна помош недоволно применлив, ниту ефективен за обезбедување на еднаков пристап до правда за сите граѓани.

Заклучни согледувања

И покрај поминатите осум години од стапувањето на сила на ЗБПП, системот на бесплатна правна помош во РМ не гарантира еднаков пристап до правда за сите граѓани во државата. Анализата на правната рамка која на која се темели овој систем детектира сериозни проблеми во неговото спроведувањето и начинот на којшто функционира бесплатната правна помош во Македонија. ЗБПП иако дал основа и одредени насоки во којашто треба да се развива системот, сепак содржи нецелосни одредби кои во практиката создале потешкотии за ефективна примена. Законските решенија се премногу рестриктивни и го ограничуваат правото на пристап до правна помош за граѓани кои фактички спааѓаат во категоријата на лица кои имаат потреба од бесплатна правна помош за пристап до правда. Концептот за обезбедување на бесплатна правна помош сеуште не е целосно дефиниран и се создаваат противречности особено во поглед на тоа дали пристапот до бесплатна правна помош е за секое прашање кое е од интерес за барателот, или само за одредени области; дали системот е наменет единствено за лица кои живеат во крајна беда, или за сиромашни граѓани кои сепак, не можат да обезбедат услуги од професионална правна помош.

Конечно, направената статистичка анализа на податоците од стапувањето во сила на ЗБПП ја констатира фактичката состојба која говори за неефикасноста на постоечкиот систем. Вкупниот број на поднесени барања за периодот којшто е предмет на анализа во овој труд е индикатор за непопуларноста на постоечкиот систем и неговото непрепознавање од граѓаните како можност за ефективна заштита на нивните права и слободи. Од друга страна пак, континурано поголемот број на одбиени барања низ годините, зборува за рестриктивноста на системот, високите критериуми и сложеноста на

постапката, која го прави неприменлив и недостапен за сите оние граѓани на кои овој систем би требало да биде механизамот за обезбедување на нивниот пристап до правда.

Оттука, заклучокот е дека постоечкиот систем не ја исполнува својата улога на коректив на социјалната неправда во однос на обезбедување на еднаков и правичен пристап до правда за сите граѓани. Неопходно е да се направат сериозни измени во законските решенија со кои ќе се отстранат пречките во постоечкиот систем коишто го прават сложен и неефикасен. Тоа може да се постигне единствено со разбирливи решенија, ослободување од строгите услови и доближување до реалните потреби на лицата кои живеат во сиромаштија. Државата е должна да обезбеди ефективен систем на бпп и истиот да го доближи до граѓаните, со единствена цел – да ја оствари својата социјална улога и да обезбеди еднаков пристап до правда за сите.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Гоце Коцевски, Данче Даниловска - Бајдевска: Анализа на примената на Законот за бесплатна правна помош за периодот 2010-2012 година, Македонско здружение на млади правници, Скопје, јануари 2013

Хаџи-Зафиров Жарко, Коцевски Гоце, Прцановиќ Емир: Бајка или реалност!? Бесплатна правна помош во Република Македонија, Македонско здружение на млади правници, Скопје, март 2012

Македонско здружение на млади правници, Фондација Институт отворено општество – Македонија: Извештај за примената на Законот за бесплатна правна помош, Скопје, март 2011

Устав на Република Македонија („Службен весник на РМ“, бр.52 од 22.11.1991)

Закон за бесплатна правна помош („Службен весник на РМ“, бр. 161 од 30.12.2009)

Закон за дополнување на Законот за бесплатна правна помош („Службен весник на РМ“, бр. 185 од 30.12.2011)

Закон за изменување и дополнување на Законот за бесплатна правна помош („Службен весник на РМ“, бр. 27 од 05.02.2014)

Закон за дополнување на Законот за бесплатна правна помош („Службен весник на РМ“, бр. 104 од 24.06.2015)

Закон за социјална заштита(„Сл. Весник на РМ“, бр.148 од 29.10.2013)

Закон за извршување(„Сл. Весник на РМ“, бр.72 од 12.04.2016)

Закон за кривична постапка („Службен весник на РМ“, бр. 150 од 18.11.2010)

Во чл. 25 од законот е регулирано прашањето за вршење на туристичка дејност со лиценца која може да биде А и Б што ја издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот или овластена институција со закон утврдена постапка за добивање лиценца (чл. 26) и исполнување на определени услови утврдени со закон. Исто така, законот ја уредува и улогата на туристичкиот водич кој има задача на домашните и странските посетители во РМ да им ги презентираат природните туристички атрактивности, историја на земјата, културно историските споменици.....(чл. 38) и кој мора да има положен стручен испит за туристички водич (чл. 40) за кој добива уверение од надлежната високообразовна институција а својството туристички водич се докажува со посебна легитимација.

Освен туристички водич, законот експлицитно бара туристичките агенции при организирање на туристички патувања на групи треба да имаат

[9] Чл. 3 од Законот за туристичка дејност
[10] Чл. 5 став 1 од Законот за туристичка дејност
[11] Ибид, чл. 6.

ангажирано и *туристички придружник* кој треба добро да ги познава најзначајните региони во светот и туристичките места во РМ, да поседува добри комуникативни можности и користи еден од светските јазици (чл. 45) и кој мора да има положен стручен испит за туристички придружник (чл. 46) пред испитна комисија.

Туристичкиот водич и туристичкиот придружник се должни да даваат услуги на туристички водич/туристички придружник, совесно и стручно во согласност со одредбите од овој закон, прописите донесни врз основа на него, добрите деловни обичаи во туризмот, статутот и актите на Здружението на туристички водичи и придружници (чл. 48-б став 1).

Согласно одредбите од законот, освен туристичка агенција, туристичка дејност врши и **туристичкото биро**, кое може да го основа градоначалникот на општината, односно градоначалникот на град Скопје (чл. 50), а ги врши следните работи: 1) посредува во обезбедување услуги во домашно сместување; 2) продава билети за културни, забавни, спортски, рекреативни и стопански приредби; 3) продава сувенири, разгледници, брошури, туристички карти, филмови, фотоапарати и 4) дава туристички информации и врши дистрибуција на информативно-промотивни материјали (чл. 49).

Законот за туристичка дејност, исто така, ја регулира и работата на давање на туристички услуги во селскиот и етно туризмот (чл. 51)[12] и други видови на туристички услуги[13] (чл. 52).

Во делот IV од законот е регулиран надзорот (чл. 58-65) над спроведување на одредбите од истиот, кој го спроведува органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на туризмот (чл. 58 став 1). Работите на инспекцискиот надзор ги врши Државниот пазарен инспекторат преку инспектори, согласно со одредбите од Законот за пазарната инспекција и Законот за туристичка дејност. Постапката на инспекцискиот надзор од страна на државниот пазарен инспекторат, односно овластениот инспектор на општината и овластениот инспектор на градот Скопје е регулирана во членот 61 и повеќе има превентивно-едукативен, отколку репересивен карактер, не исклучувајќи и изрекување соодветни прекршочни санкции.

1.3 Закон за угостителска дејност

Законот за угостителска дејност (Сл. Весник на РМ бр. 62/04), содржи 82 члена групирани во IX дела и тоа: I. Општи одредби во кои се регулирани

[12] Туристички услуги во селскиот и етнотуризам се: изнајмување на коњи за јавање, фото-сафари, изработка и продажба на домашни ракотворби, сувенири, инструменти и други производи и услуги во селското домаќинство.

[13] Под други туристички услуги се сметаат: организирање рекреативни и забавни активности на плажи и базени, изнајмување на пловила за забава (сандолини, даска за едрење и слично), прибор за скијање
на вода, велосипед, лежалка и чадор за заштита од сонце, прибор за риболов и слично и услужни дејности поврзани со водениот превоз кои се реализираат со пловен објект со јачина на мотор кој не надминува 20 коњски сили и кој вклучува превоз на максимум 12 лица.

условите и начинот на вршење на угостителската дејност каде се дадени и дефинициите за угостителска дејност (чл. 2) и угостителски услуги (чл. 3); II. Вршители на угостителската дејност; III. Услови и начини на вршење на угостителска дејност IV. Должности на угостителот при вршење на дејноста; V. Давање други угостителски услуги и угостителски услуги од физички лица; VI. Давање угостителски услуги на нудисти; VII. Надзор; VIII. Прекршочни одредби; и IX. Преодни и завршни одредби.

Во делот II со наслов "*Вршители на угостителска дејност*", угостителска дејност можат да вршат трговски друштва и трговци поединци запишани во трговскиот регистар (вршители на угостителска дејност-угостители) под услови и начин утврдени со законот.[14] Физичките лица кои согласно со одредбите на овој закон вршат угостителска дејност се регистрираат во регистарот што го води градоначалникот на општината, а во градот Скопје кај градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје.[15]

Во делот III со наслов *"Услови и начини на вршење на угостителската дејност"* се регулирани минималните технички и други услови за вршење на угостителската дејност пропишани со закон, особено мора да бидат исполнети и следниве услови: објектот да може да се употребува, санитарно здравствени услови, условите за заштита при работа, заштитата и унапредување на животната средина, противпожарна заштита и условите за заштита од бучава пропишани со закон.

Угостителската дејност во угостителските објекти ноќен бар, кабаре, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор може да се врши доколку угостителот обезбеди и согласност од органот на државната управа надлежен за работите од областа за внатрешни работи дека се исполнети условите за заштита на јавниот ред и мир и безбедноста во сообраќајот (чл. 6 став 2). Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството ги пропишува минимално-техничките услови на објектите за вршење на угостителската дејност, како и условите за категоризација за вршење на угостителската дејност (чл. 9).

Од чл. 16 – 22 Законот ги категоризира, односно го одредува називот и видот на угостителските објекти. Така, согласно законот угостителските објекти

[14] Чл. 4 од Законот за угостителска дејност

[15] Чл. 4 став 2 од Законот за угостителска дејност

можат да бидат: 1) угостителски објекти за сместување[16] и 2) угостителски објекти за исхрана.[17]

Исто така, законот го определува и **работното време** на угостителските објекти (чл. 23-26), кое зависно од видот на угостителскиот објект работното време трае од 00-24.00 часот за хотели, мотели, пансиони, туристички населби, ноќевалишта и одмаралишта, односно од 07.00-24.00 часот за угостителските објекти за исхрана без оглед на видот на угостителските услуги, а на 31 декември до 07,00 часот наредниот ден итн.

Советот на општината, односно Советот на Град Скопје, за одредени туристички, културни и друг вид манифестации, содржани во годишните програми, може да го продолжат работното време најмногу за два часа, за угостителските објекти, но во времетраење најмногу до три дена (чл. 23).

Законот, исто така, угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, пансион, туристички апартман, планинарски и ловни домови), како и угостителскиот објект за исхрана – ресторан и национален ресторан - меана, пред започнување со вршење на дејноста задолжително се категоризираат според условите и стандардите пропишани за одделни видови на овие објекти во поглед на уредувањето, опремувањето и квалитетот на услугите со ѕвездички. Куќите, становите и собите за издавање од страна на физичките лица и селските домаќинства задолжително се категоризираат според условите предвидени во член 27 став 1 од Законот.

Во делот IV од законот се регулирани должностите на угостителот при вршење на дејноста (чл. 34-39), а во делот V е регулирано давањето на други угостителски услуги и угостителски услуги од физички лица (чл. 40-54), односно во делот VI е регулирано давањето на услуги на нудисти (чл. 55).

Во делот VII е регулиран надзорот над спроведување на одредбите, надзор над законитоста на советот и градоначалникот и инспекцискиот надзор над спроведувањето на одредбите на законот (чл. 56-62).

Работите на инспекцискиот надзор на вршителите на угостителската дејност ги врши Државниот пазарен инспекторат преку инспектори, согласно со одредбите од Законот за инспекциски надзор и Законот за државен пазарен инспекторат (чл. 57-а). Постапката на инспекцискиот надзор од страна на

[16] Според чл. 18 угостителските објекти за сместување се делат на: 1) основни угостителски објекти за сместување во кои спаѓаат хотели, хотелски населби, апартмански населби, мотели, пансиони, резиденции, туристички населби и слично и 2) комплементарни сместувачки објекти, во кои спаѓаат: ноќевалишта, гостилници, кампови, приватни сместувачки капацитети (соби, апартмани, станови, куќи), одморалишта (за деца, младинци, работници, лица со попреченост и слично), други комплементарни објекти (феријални домови, планинарски и ловни домови и куќи, објекти за привремено сместување и слично).

[17] Според чл. 19 угостителските објекти за исхрана можат да бидат: 1) ресторани (ресторани, гостилници, ресторани за самопослужување, експрес ресторани, киосци, млечни ресторани, ресторан бавчи, летни бавчи, кебапчилници, бистро, пицерии, објекти за брза храна и слично); 2) барови (кафеана, кафетерија, ноќен бар, кафе бар, кабаре, дискоклуб, дискоклуб на отворен простор, пивница и слично); 3) национален ресторан - меана; 4) кантини и 5) други угостителски објекти за исхрана.

државниот пазарен инспекторат, односно овластениот инспектор на општината и овластениот инспектор на градот Скопје е регулирана во членовите од 59-62 и повеќе има превентивно-едукативен, отколку репресивен карактер, не исклучувајќи и изрекување соодветни прекршочни санкции, кои се содржани во делот VIII од чл. 67-а до 70-ж.

Делот IX од законот се однесува на Преодните и завршните одредби (чл. 76-82).

1.4 Закон за основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот

Законот за основање на Агенцијата е усвоен во 2008 година и содржи 24 члена. Од неговото донесување до денешен ден Законот претрпи четири измени.[18] Врз основа на одредбите од овој закон е основана Агенцијата со својство на правно лице чие седиште е во Струга. Со Законот се утврдени надлежностите на Агенцијата (чл. 3), а како основни надлежности се *промоција и поддршка на туризмот* во РМ. Исто така, во законот се дадени основните принципи на кои се заснова работата на Агенцијата, а тие се: *стручност, професионалност, транспарентност и одоворност* (чл. 4). Согласно чл. 5 од Законот, Владата на РМ на предлог на Агенцијата донесува *Програма за промоција и поддршка на туризмот*, а средствата за за основање на Агенцијата се обезбедуваат од Буџетот на РМ, донации и други извори согласно законот (чл. 6). Начинот на извршување на надлежностите, надлежностите на директорот и управниот одбор на Агенцијата и нивниот меѓусебен однос, правата, надлежностите и одговорноста на вработените, внатрешната организација на Агенцијата се уредени со Статут на Агенцијата (чл. 7).
Според чл. 8 од законот, органи на Агенцијата се директор и Управен одбор кој брои седум члена кои ги именува и разрешува Владата на РМ.
Исто така, законот такстивно ги набројува надлежностите на Управниот одбор (чл. 10), како и надлежностите на директорот (чл. 14), како и условите за предвремено разрешување на директорот. Законот, исто така, го забранува судирот на интереси, а во чл. 22 го уредува надзорот над законитоста на работењето на Агенцијата го врши Министерството за економија.

1.5 Закон за автокампови

Во 2013 година е донесен Законот за авто кампови во РМ (Сл. Весник на РМ бр. 13/2013) и содржи 62 члена. Законот претрпи две измени и дополнувања и тоа првата во 2015 година (Сл. Весник на РМ бр. 152/2015), а втората во 2016 година (Сл. Весник на РМ бр. 31/2016). Со овој закон се

[18] Од донесувањето на Законот за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во 2008 година, законот претрпи четири измени и дополнувања и тоа: во 2010, 2012, 2013 и 2014 година.

уредуваат начинот и постапката за основањето автокамп, постапката за отуѓување на градежното земјиште наменето за автокамп, условите кои треба да ги исполнат корисниците на автокамповите како и други прашања поврзани со автокамповите. Целта на овој закон е забрзување на економскиот развој со привлекување на странски и домашен капитал за развој на туризмот.[19] Изградбата и изведувањето на работите за основање и работење на автокамп е од јавен интерес.

Автокамп е посебно ограден и означен простор што претставува функционална целина, формиран во согласност со одредбите од Законот за кампови, заради кампирање.[20] Автокампот треба да има простор за кампирање на кој се формирани кампединици за поставување на опремата за кампирање (шатор, кампприколка, маса, столови, лежалки и слично), како и за сместување на возилото, ако не е обезбедено посебно паркиралиште.

Автокампот се основа на подрачје за кое е донесена урбанистичко-планска документација за автокамп или друга соодветна урбанистичко-планска документација предвидена согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање. Автокамп може да се основа доколку земјиштето е во целосна сопственост на Република Македонија или пак доколку земјиштето е во сопственост на правно или физичко лице.[21]

1.5.1 Основање на автокамп на земјиште во сопственост на Република Македонија

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот пред започнување на постапка за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се предвиди автокамп на земјиште во сопственост на Република Македонија, доставува известување до единицата на локалната самоуправа на чие подрачје се предвидува формирање на автокамп.[22] Единицата на локалната самоуправа во рок од десет дена по приемот на известувањето, дава мислење до Агенцијата. По истекот на рокот Агенцијата поднесува писмено барање до Владата на Република Македонија за добивање на согласност за основање на автокамп.

Барањето особено содржи податоци за:

– опфатот на автокампот со список на индикации за катастарските парцели кои влегуваат во опфатот,
– постоечката и инфраструктурата која треба да се изгради за потребите на автокампот (патна, комунална, енергетска и друг вид на инфраструктура),
– потребни финансиски средства за формирање на автокамп и
– мислење на единицата на локалната самоуправа, доколку е доставено до Агенцијата во утврдениот рок.

[19] Чл. 2 од Законот за кампови (Сл. Весник на РМ бр. 13 од 2013)
[20] Ибид, чл. 4 став 1
[21] Ибид, чл. 5 став 1 и 2
[22] Чл. 6 од Законот за автокампови

По приемот на барањето, Владата на Република Македонија донесува одлука за давање согласност за основање на автокамп со која ја утврдува и минималната категорија на автокампот или ќе го одбие барањето.

1.5.2 Основање на автокамп на земјиште во приватна сопственост

Правни и физички лица кои се сопственици на градежно земјиште, односно закупци на градежно земјиште сопственост на друго правно или физичко лице, кое согласно со планската документација е наменето за автокамп, поднесуваат барање за добивање на согласност за формирање на автокамп до Агенцијата, кон кое приложуваат извод од урбанистичко-планска документација со која е предвиден автокамп, геодетски елаборат за нумерички податоци за градежното земјиште и имотен лист со утврдено право на сопственост или право на закуп за градежното земјиште.[23]

По приемот на барањето со комплетна документација Агенцијата ја известува единицата на локалната самоуправа на чие подрачје се предвидува формирање на автокамп. Единицата на локалната самоуправа во рок од десет дена по приемот на известувањето дава мислење до Агенцијата.

По истекот на рокот Агенцијата поднесува писмено барање до Владата на Република Македонија за добивање на согласност за основање на автокамп, кон кое ја доставува документацијата, како и мислењето на единицата на локалната самоуправа, доколку е доставено до Агенцијата во законскиот рок.

По приемот на барањето Владата на Република Македонија донесува одлука за давање согласност за основање на автокамп или ќе го одбие барањето.

1.5.3 Категоризација на автокамповите

Во Делот IV од Законот за автокампови од чл. 33 – 45 е регулирана категоризацијата на автокамповите, односно постапката на категоризација. Корисникот на автокампот пред доставување на барање за категоризација на автокампот е должен да достави до Агенцијата план за уредување на просторот за кампирање предвиден со урбанистичко-планската документација, кој треба да биде изработен во согласност со условите за категоризација на автокамп од кои се однесуваат на просторот за кампирање, во зависност од категоријата на автокампот.[24]
Планот за уредување на просторот за кампирање на предлог на Агенцијата го одобрува органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот. Формата и содржината на планот за уредување на просторот за кампирање ги пропишува министерот кој раководи со органот на

[23] Чл. 7 од Законот за автокампови
[24] Чл. 33 од Законот за автокампови

државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот.
Автокампот пред започнување со вршење на дејноста задолжително се категоризира согласно со условите за категоризација, а во зависност од уредувањето, опремувањето и квалитетот на услугите.
Категориите се означуваат со број на ѕвездички, при што распоредувањето во категории и означувањето на категории се врши на следниов начин:

- автокампови од прва категорија со четири ѕвездички,
- автокампови од втора категорија со три ѕвездички,
- автокампови од трета категорија со две ѕвездички и
- автокампови од четврта категорија со една ѕвездичка.

Категоризацијата на автокамп ја врши Комисија за категоризација на автокампови формирана од страна на директорот на Агенцијата составена од шест члена и тоа по еден претставник од Агенцијата, Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Министерство за здравство, Министерството за труд и социјална политика и од единицата на локалната самоуправа во која се формира автокампот, а при формирањето на Комисијата се почитува начелото на соодветната и правичната застапеност на претставниците на заедниците во единицата на локалната самоуправа во која се формира автокампот.

Надзор над спроведувањето на одредбите на законот врши Агенцијата, додека инспекциски надзор над спроведување на одредбите од овој закон врши Државниот пазарен инспекторат согласно овластувањата со закон. Надзор на исполнетоста на условите за санитарно-здравствените услови, условите за заштита при работа, условите за заштита и унапредување на животната средина, условите за противпожарна заштита и условите за заштита од бучава пропишани со закон (чл. 35), вршат соодветните инспекциски органи надлежни согласно со прописите од областа на угостителството, животната средина, работните односи и здравствената заштита. Во постапката за инспекциски надзор се применуваат одредбите од Законот заинспекцискиот надзор и Законот за Државниот пазарен инспекторат, а при надзорот согласно ставот (2) на овој член и прописите на посебните закони по кои постапуваат соодветните инспекциски органи, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

1.6 Закон за локална самоуправа

Во чл. 22 од Законот за локална самоуправа на РМ (Сл. Весник на РМ бр. 5 од 29 јануари *2002)* е утврдена Листа на надлежности на општините, во кои спаѓаат: Локалниот економски развој - планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локална економска политика; поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст,

учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство;

Природните и културолошките предности што ги поседуваат поедини општини во РМ, овозможуваат сопствениот локален економски развој да го засноваат на природните богатства и убавини, поаѓајќи од Стратегијата за ЛЕР и Локалните акциони планови.

1.7 Закон за рамномерен регионален развој

Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РМ бр. 63/07) има за цел поттикнување на рамномерен регионален развој, планирањето на регионалниот развој, финансирањето и распределбата на средства за поттикнување на рамномерниот регионален развој, следењето и оценувањето на спроведувањето на планските документи и проекти и други прашања поврзани со регионалниот развој (чл. 1). Законот експлицитно (директно) не го употребува терминот туризам и угостителство, но затоа, преку регионалниот развој како процес на идентификување, поттикнување, управување и искористување на развојните потенцијали на планските региони и подрачјата со специфични развојни потреби, државата преку креирање политика за поттикнување рамномерен регионален развој и примена на инструменти и мерки насочени кон намалување на регионалните диспаритети и остварување на рамномерен и одржлив развој во Република Македонија (чл. 2 став 1 и 2).

Туризмот со своите огромни потенцијали е значаен фактор за постигнување на рамномерен регионален развој во државата, односно предизвик и мотивација за поттик за домашни и странски инвестиции, особено во оние општини коишто имаат природни и културни ресурси.

Плански регион[25] е функционално-територијална единица воспоставена за потребите на планирање на развојот и за реализација на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој (чл. 2 став 3). Со рамномерниот регионален развој на државата управува тело кое се нарекува Совет за рамномерен регионален развој на Република Македонија чија основна задача му е усогласување и координирање на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој. Со рамномерниот регионален развој на планските региони управува тело кое се нарекува Совет за развој на планскиот регион чија задача е усогласување и спроведување на политиката за развој на планскиот регион.[26]

Цели на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој се:

- рамномерен и одржлив развој на целата територија на Република Македонија, заснован врз моделот на полицентричен развој,

[25] Во РМ има 8 (осум) плански региони кои се усвоени од страна на Собранието на РМ на 29. Септември 2009 година. Планските региони служат за статистички, економски и административни цели и според Одлуката на Собранието тие се: Скопски плански регион, Источен плански регион, Југоисточен плански регион, Североисточен плански регион, Пелагониски плански регион и Југозападен плански регион.

[26] Чл. 2 став 10 и 11;

- намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и подигнување на квалитетот на животот на сите граѓани,
- зголемување на конкурентноста на планските региони преку јакнење на нивниот иновациски капацитет, оптимално користење и валоризирање на природното богатство, човечкиот капитал и економските особености на различните региони,
- зачувување и развивање на посебниот идентитет на планските региони, како и нивна афирмација и развој,
- ревитализација на селата и развој на подрачјата со специфични развојни потреби
- поддршка на меѓуопштинската и прекуграничната соработка на единиците на локалната самоуправа во функција на поттикнување рамномерен регионален развој.

Врз основа на целите на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој преку користење и валоризирање на природното богатство, ревитализација на селата и развојот на подрачјата со специфични развојни потреби (пр. туристички потенцијали), а согласно Стратегијата за регионален развој на Македонија, Програма за развој на планскиот регион и Акционен план, одредени Единици на локалната самоуправа од планските региони можат да бидат двигател на економскиот развој на самиот регион со проекти од областа на туризмот.

Согласно чл. 6 од законот, како Подрачја со специфични развојни потреби, се: погранични, рурални, ридско-планински и други подрачја што заостануваат во развојот, подрачја со природни богатства и културно наследство кои се заштитени со закон и други подрачја со специфични развојни потреби утврдени со закон. Како основни критериуми за определување на подрачјата со специфични развојни потреби се степенот на економската развиеност, демографскиот индекс, географската положба, степенот на изграденост на техничката и социјалната инфраструктура и ***вредноста на природното богатство и културното наследство.***[27]

1.7. Подзаконски акти

Во **Правилникот за категоризација на хотели, мотели и дневни пансиони** се утврдени повеќе критериуми особено: зградата/собите и нивната големина, бројот на соби и апартмани, чистотата и хигиената, простории за инвалидизирани лица, поседување паркинг простор, мебел и опрема во собите, депозит/сеф, климатизација и контрола на бучавоста, електроника за забава (ТВ, звучници, факс,), телекомуникација (јавна говорница за гости, интернет конекција, телефон во соба), услугата, храната, слободни активности, конференциски сали и простории во објектот и др.[28]

[27] Чл. 7 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој;
[28] http://www.economy.gov.mk/doc/2073, пристапено на ден 02.07.2018.

Заклучок

Развојот на туризмот во една држава зависи од повеќе фактори, но ние во овој труд се определивме за анализа на правните претпоставки. Од анализата на правните претпоставки, особено анализата на содржината на законската регулатива која е дадена погоре во текстот, можеме да заклучиме дека таа овозможува динамичен развој на туризмот во разни сектори и тие генерално имаат позитивно влијание врз развојот на туризмот и угостителството во РМ. Имено, легислатива во РМ овозможува развој на туризмот и угостителството, односно делува стимулативно за развој и инвестирање на овие дејности, а државните институции со креирање на соодветни развојни политики делуваат стимулативно во развојот на овие дејности преку обезбедување на субвенции на туроператорите .

Исто така, од анализата на правната регулатива можеме да заклучиме дека во РМ постојат повеќе институции кои имаат надлежност да се грижат за развој на туризмот и угостителството. Министерството за економија има посебен Сектор за туризам и угостителство кој се грижи за развојот на овие дејност. Во 2008 година е формирана специјализирана Агенција за промоција и поддршка на туризмот, која го помага секторот туризам во повеќе сегменти. Агенцијата, како маркетинг и пазарно ориентирана институција, преку промотивни активности и креирање на туристички производи во соработка со стопанството, придонесува кон поголема кокуректност и препознатливост на Република Македонија како туристичка дестинација. Во системот на институции кои имаат ингеренции за развојот на туризмот, а во тој контекст и на угостителството, спаѓаат и Советот за рамномерен регионален развој и Советот за развој на планските региони.

Значајно место во развојот на туризмот и угостителството во РМ имаат и две непрофитни и невладини организации: Стопанска комора за туризам на Македонија (СКТМ) и Хотелската асоцијација на Македонија (ХОТАМ) кои се значаен партнер на Владата на РМ и Министерството за економија, особено во процесот на подготвување и донесување на законска регулатива од областа на туризмот и угостителството.

Врз основа на резултатите од нашето истражување можеме да заклучиме дека во РМ постојат добри правни и институционални претпоставки за развој на туризмот и угостителството.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Национална стратегија за туризам на РМ (2016-2021), Финална верзија, Kohl&Partner, Skopje, 2016;

Законот за основање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот (Сл. Весник на РМ бр. 103/2008, 156/2010, 59/2012, 187/2013 и 41/2014)

Закон за туристичка дејност (Сл. Весник на РМ бр. 62/04**,** 89/2008,12/2009, 17/2011, 47/2011, 53/2011, 123/2012, 164/2013, 27/2014, 116/15 и 192/15 *);*

Законот за угостителска дејност (Сл. Весник на РМ бр. 62/04, 89.08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13 ,166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16 и 71/16);

Закон за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РМ бр. 63/07);

Законот за авто кампови во РМ (Сл. Весник на РМ бр. 13/2013);

Закон за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/*2002);*

*Закон за рамномерен регионален развој (*Сл. Весник на Р.М. бр.63 од 22.05.2007);

Правилник - Категоризација на хотели, мотели и пансиони;

http://www.economy.gov.mk/info/organogram. Пристап: 05.07.2018;

http://hotam.org/mk/ ;

http://www.economy.gov.mk/info/misija, пристап на 01.07.2018 година

http://www.economy.gov.mk/info/organogram

http://tourismmacedonia.gov.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=0&tabid=1328, пристапено на 02.07.2018 година.

Програма за промоција и поддршка на туризмот во РМ во 2018 година (Сл. Весник на РМ бр. 21 од 02.02.2018).

Статутот на Хотелска асоцијацијата на Македонија-ХОТАМ, 2015;

Статутот на Стопанската комора за туризам на Македонија (СКТМ), 2014.

Методијески, Д. и Цуцулески, Н. (2015), Меѓународен туризам, Современост, Скопје;

Методијески, Д (2012), Туризмот во руралните средини, Современост, Скопје;

Jeffries, D., Governments and Tourism, Butterworth-Heinemann, 2001, p. 10 (pdf),

Устав на Република Македонија, 1991;

УДК: 341.171.075(4-672ЕУ)

ТЕОРИИ ЗА ЕВРОПСКАТА ИНТЕГРАЦИЈА

Дарко Стојанов
Универзитет"Гоце Делчев"-Штип

darko_dzena@hotmail.com

Апстракт
Европската интеграција е процес на правна,политичка и економска интеграција на држави кои се делумно или целосно во рамките на Европа.Говорејќи за евроатланската интеграција во концепт на меѓународните односи на глобален и регионален план Европската унија едноставно се наметнува како формален и суштински предизвик за сите региони во светот.ЕУ е единствена договорена заедница која се заснова на заедништво,право,демократија и солидарност. Постојат повеќе теории кои се обидуваат да го објаснат процесот и исходот од интеграцијата во ЕУ. Тие се обидуваат да разјаснат како и зошто ЕУ настанала и каква е таа денес.Теориите се важни бидејќи ни помагаат да разбереме како функционира работата на ЕУ и подобро да биде сфатено нејзиното делување, но и нејзиниот развој.

Клучни зборови: *Европска интеграција ,Европска унија,заедница, теории, демократија.*

Abstract
The integration in the European Union is a process of legal, political and economic integration of countries which are partially or fully in the frames of Europe. Speaking about the Euro-Atlantic integration in a concept of the international relations on a global and regional standpoint, the European Union is simply imposed as a formal and essential challenge for all the regions in the world. EU is the only agreed community which is based on communion, law, democracy and solidarity. There are many theories which are trying to explain the process and the outcome of the integration in the EU. They are trying to explain how and why the EU came to existence and what is it like today. The theories are important because they help us understand how the work of the EU functions and to better understand not only its functioning, but their development as well.

Key words: *European integration, European union, community, theories, democracy.*

Вовед

Европската унија (ЕУ), која денес се смета за олицетворение на "обединета Европа", е резултат на деценискиот процес на европска интеграција.

Правниот поредок што го создаде Европската унија (ЕУ) веќе стана интегрален дел од нашиот политички живот и општество. На основа на Договорот на Унијата, секоја година се донесуваат околку илјада одлуки кои имаат одлучувачко влијание за земјите членки на ЕУ и за животот на нивните граѓани.Европската унија се базира на владеење на правото,тоа значи дека секое делување на ЕУ засновано на договорите кои доброволно и на демократски начин се одобрени од сите нејзини членки.Сите земји членки на ЕУ претходно преговарале и со нив се согласиле, а потоа ги ратификувале во националниот парламент или на референдум. Отстапувањето на суверенитетот всушност значи дека земјите-членки делегирале дел од своите надлежности за донесување одлуки на заедничките институции што тие самите ги создале со цел одлуките за одделните прашања што се од заеднички интерес да се донесуваат на европско ниво, по демократски пат. Интеграцијата на европскиот простор е една од ретките процесот на денешното восхитување на критичарите. Посветеноста да ги обедини разликите и да ги отфрли важните компонентите на суверенитетот не можат да се најдат во ниту еден друг регион. Гледајќи кон иднината, ЕУ работи во насока на надминување на тековната економска криза во Европа. Спогодбите ги содржат целите на Европската Унија, правилата за функционирање на институциите на ЕУ, начините за донесување одлуки и односот меѓу ЕУ и нејзините земји-членки.

1. Предности и недостатоци на интеграција на Европската Унија

Секој процес, па така и процесот на европската интеграција, носи со себе одредени предности но и недостатоци. Од нас самите зависи дали процесот кој го прифаќаме носи повеќе или помалку предности, односно недостатоци.

Како недостатоци на европската интеграција можеме да ги споменеме:[93]
-губење на суверенитет и државна самостојност,
-постепено губење на националниот идентитет кој се манифестира преку намалување на овластувањата на националните влади, што е последица на хармонизација на закони, прописи и стандарди.,

[93] A Buijze, ‘The Principle of Transparency in EU Law’ (Den Bosch: BOXPress, 2013)

-изразен национализам преку создавање на институции со седиште во Брисел,
-прелевање на финансиските средства од држава која е развиена и финансиски стабилна во држава која е помалку развиена.
Како предности на европската интеграција ќе ги спомнеме:
- обезбедување на траен мир и стабилен регион.(процесот на интеграција ја намалува можноста за настанување на војни на заеднички територии)
- создавање единствен пазар од неколку стотина милиони жители со единствени стандарди и правила,
- Единствениот пазар има влијание на јакнење на конкурентските способности на Европската комисија што понатаму влијае на конкурентноста на економијата на ЕУ во однос со остатокот од светот
- финансиската солидарност, која се изразува преку тежината на развиените земји да ја одржат економската и финансиската стабилност на помалку развиените економии.
Влијанието на Унијата врз животниот стандард на европскиот континент, како и животниот стандард надвор од европскиот простор е во постојан пораст. Од друга страна, без обsир на таквото влијание се уште постои недоразбирање кога е во прашање идното работење на ЕУ. Првите потешкотии се јавуваат кога сакаме да го опишеме и објасниме карактерот на Евопската Унија. Таа ги зголеми стандардите на меѓународната организација но сеуште не ги исполнила ни достигнала ниво на држава или обединети европски држави. Дилемата се јавува кај прашањето што е денес ЕУ и каде се наоѓа. Дали е тоа меѓународна организација или европска држава.

2. Неофункционализам

Плуралистичката теорија на меѓународната политика Ернст Хас, Леон Линберг, Филип Шмит имаат големо влијание во текот на 60- тите и 70- тите години на 20 век.За разлика од реалистичното видување тие истакнуваат дека на регионалната интеграција влијае не само државата тука и недржавните актери - организиран интерес, пред се економски како и наднационалните институции. Неофункционализмот укажува на влијанието на политичките процеси во државата на нивното делување во меѓународните односи, како и тоа дека меѓународните активности се резултат на плуралистички политички процес кој се карактеризира со модерни индустријализирани општества, во кои владините одлуки се под влијание на различни интересни групи.Подржувачите на оваа теорија очекувале дека претставниците поради заедничкиот интерес меѓусебно ќе се поврзат на меѓународно ниво.Нагласувајки го значењето на недржавните актери неофункционалистите укажуваат на влијанието на мултинационалните корпорации,истакнувајки ја европската комисија како најзначаен не-државен меѓународен актер. Тие ја воочија Европската комисија како единствена со која се овозможува манипулирање со национални и меѓународни притисоци врс националната влада за унапредување на процесто

на европската интеграција, дури и тогаш кога националната влада не се склони да го сторат тоа. Секрорската интеграција создава сопствен поттик за ширење на целата економија. Овој ефект на прелевање, поради меѓусебната зависност на различните економски сектори и области, доведува до проширување на интеграцијата со индивидуалните и другите сектори. Хас укажува на два типа на прелевања:функционални и политички. Функционалниот произлегува од фактот дека е невозможно да се изолира еден сектор од друг. Секторската интеграција води кон политички, како процес во кој "политичките актери од неколку различни национални позиции стануваат убедени да ја пренасочат својата лојалност, очекувања, политички активности кон нов центар".

Неофункционалистите предвидувале дека кога ќе дојде до процесот на интеграција во еден економски сектор заинтересираните групи ќе почнат да делуваат на наднационално ниво и ќе станат заговорници за продлабочување на интеграцијата, влијаејки на националната влада во таа смисла што исто така ќе ги поттикне интересите од другите економски сектори да го следат тој пат. Според Хас политичката интеграција е резултат на личниот интерес на политичката елита која во транснационалната интеграција ќе биде профитабилна. Земјите не се единствени и повеќе не можат да бидат доминантен фактор во регионалниот / меѓународниот систем, каде интересите наместо заедничките идеали или идентитет, претставуваат движечка сила на интеграцијата ,но интересите со текот на времето се менуваат.

3. Одлуките за интеграцијата

Одлуките за интеграција се прават со многу несовршено познавање на нивните последици и често под притисок на рокови или заканувачки кризи. Бидејќи нема историски преседани, актерите лесно може да згрешат во оценувањето не само нивната способност да ги исполнат договорените цели, туку и влијанието на овие напори врз постигнувањето на други цели кои немаат консензус.[94]

Најдобри домени за споредување на интеграција се одредени функции или сектори, почнувајќи од оние кои се најмалку контравезни.Поради високата меѓузависност помеѓу функцијата или секторот, напредокот за решавање на конкретни проблеми во една област неминовно влијае на функционирањето и интересите на другите области, што може да доведе до барање за нивно вклучување во процесот. Стратегијата во поглед на интеграцијата се конвергентни а не идентични. Актерите постигнуваат согласнот за правилата и политиката не затоа што имаа иста цел , туку поради тоа што нивните различни преференции се поклопуваат. Од тука , кога од процесот произлегуваат разлики

[94] Tahation Trends in the European Union, European Union, Luxembourg,2007

со позитивни и негативни ефекти, актерите ќе одговараат различно на барањата за промени на правилата и политиката. Резултатите од меѓународната интеграција не се однапред одредени ниту со основачки договор ниту со последователни договори, поради што секој договор треба да се разбере како привремен резултат на процес кој трае, а не како конечен производ.

Иако овој пристап покасно е критикуван , пред се во поглед на ставовите за политичката интеграција, неофункционализмот даде одличен допринос за разбирање на процесот на интеграција. Влијанието на оваа теорија беше особено изразено во раната фаза на европската интеграција, кога се чинеше дека оваа теорија е непогрешлива. Меѓутоа во 60тите години на минатиот век, со употреба на вето од страна на Де Гола, стана јасно дека националните влади не ја изгубија моќта и беа подготвени да го искористат со одредување на правецот и обемот на интеграцијата, што влијаеше на појавата на т.н. " меѓувладин пристап.

3.1 Меѓувладин пристап

Стенли Хофман во 60-тите години поаѓајќи од видувањата на улогата на државата која е многу блиску до реализмот го критикува неофункционализмот, велејќи дека европската интеграција мора да се набљудува во глобален контекст бидејќи таа е само еден аспект на меѓународниот систем, каде меѓународните околности можат да се променат. Тој нагласува дека единствен моќен актер во процесот на европската интеграција се националните влади, бидејќи тие ја контролираат природата и брзината на интеграцијата со цел да ги заштитат и унапредат националните интереси.Хофман го предвидува значењето на внатрешната политика каде дава важност на други интереси освен владиниот имаат улога во процесот на интеграција но само во "обичната политика"- заинтересираните групи имаат влијание во помалку битни сектори. Моќта на националните влади во процесот на европската интеграција произлегува од два факти:

- Државите поседуваат суверенитет

- Националните влади поседуваат политички легитимитет бидејќи се единствени демократски избрани во процесот на европската интеграција.

- Автономијата на државата е многу поголема отколку што ја прикажува неокласифицизмот: државите се независни , но нивните влади се со ограничена моќ во меѓународниот систем.

3.2 Либерален меѓувладин пристап

Е.Моравчиќ се заснова на либералната теорија на меѓународната меѓузависност, теоријата на меѓународната политичка економија и функционална теорија на режимот. Три елементи ја даваат средината на оваа теорија: рационално делување на државата, либерална теорија за обликување на националните преференци и меѓувладината анализа во преговорите помеѓу државите.

Во склоп со либералната теорија меѓувладините односи се насочени на наблудување на односот држава-општество, Моравчиќ смета дека националните интереси не се непроменливи, туку тие настануваат како резултат на :

- внатрешниот политички процес во кој социјалните групи се борат да влијаат, -национални и транснационални коалиции,

-препознавање на нови политички алтернативи,

- разбирање на внатрешната политика на секоја држава е предуслов за анализа на стратешка интеракција на земјите членки на ЕУ.Целта на државите членки е да ги заштитат и унапредат своите национални интереси и во процесот на интеграцијата да ги максимизираат своите придобивки.[95] Националните влади остануваат т.н господари во сите одлуки во процесот на интеграција и тој процес ќе продолжи онолку далеку колку владите се спремни тоа да го дозволат. Европската интеграција претставува делување на дипломатијата во услови каде се даваат поволни можности за обезбедување на колективни добра, а ЕУ е во суштина форум за меѓудржавни преговори.Државите членки се единствените значајни актери на европско ниво, додека социјалните актери влијаат само врз домашната политичка структура на државите членки.Политиката на ЕУ се води преку преговори помеѓу земјите членки или преку внимателно делегирана власт, а во двата случаи владите се централна моќ во ЕУ.

Моравчик процесот на европската интеграција ја гледа како игра на две нивоа.Првото ниво го сочинува внатрешните политички процеси кои го одредуваат дефинирањето на националните интереси и позиции со кои владите влегуваат во меѓусебни преговори.Второто ниво го сочинува преговорите на ниво на ЕУ и начин на кој спротиставени интереси доаѓаат до заеднички став, а кај ова ниво процесот се одвива во две фази:

[95] Hrvoje Simovic, Fiskalna politika u Europskoj Uniji I Pakt o stabilnosti I rastu, Zbornik Ekonomskog fakulteta u Zagrebu,3, 2005

- Првата фаза ја сочинува постигнувањето на согласност за тоа каква заедничка политика претставува најдобар одговор на проблем кој ЕУ се обидува да го реши.

- Втората фаза е постигнување на договор за унституционално усогласување. Тој смета дека најголемиот чекор во правецот на интеграција не е резултат на делување на наднационалните организации или коалиции на деловни групи, туку е резултат постепено приближување на најмоќните земји членки кои прво вршат клучни преговори помеѓу себе,а потоа на помалите земји членки нудат компензација.Истакнува дека треба да се проучува развојот на јавните политики на ЕУ, а не само формалниот пренос на надлежности,како би се добил увид во процесот на интеграцијата кој пред се има регулаторен карактер.Тоа што ЕУ се разликува од секаков друг меѓународен режим се пренос на суверенитетот преку одлуки со квалификувано мнозинство и делегација на суверени овластувања.Според Моравчик владите се механизми со кои се зголемува кредибилноста од страна на државите членки , особено во оние области во кои постои опасност владата (или нивните наследници во таа позиција) да се откаже од претходните преговори, односно станува збор за правење напор за решавање на проблеми на нецелосни договори, следење и исполнување на преземаните обврски.

3.3 Нов институционализам

Новиот институционализам (Џорџ Кебелес, Џефри Гарет, Марк Полак) ја разбира ЕУ како систем на институции во кој актерите се однесуваат стратешки како би ги постигнале посакуваните резултати. Институциите се битни, иако играат посредничка улога, не се неутрални во областа каде се вкрстуваат политичките сили, туку претставуваат трајни и меѓусебно поврзани правила (формални и неформални) кои ги одредуваат начините на однесување, ограничување и обликување на очекувањата. Како што рековме институциите не се неутрални бидејќи институционалните структури и правила влијаат на политичкиот процес што го прават повеќе или помалку достапни за различни друштвени групи.

Новиот институционализам може да се подели на :

- институционализам на рационален избор

- социолошки институционализам

- историски институционализам

3.3.1 Институционализам на рационален избор

Институционализмот на рационален избор даде значаен допринос во разбирањето на начин на кој функционираат институциите на ЕУ, законодавниот процес, како и начин на кој наднационалните актери успеваат да остварат одреден степен на автономија кој и помага да остварат влијание во политичкиот процес[96].Со примена на главниот принцип укажува на потешкотиите на националните влади да го контролираат делувањето на наднационалните институции:
- како се зголемува бројот и обемот на делегираните овластувања така растат и потешкотијата во делување на агентите

.- како со проширувањето на ЕУ расте бројот на принципи, се зголемува и улогата на агентите во формирање коалиција.

- со зголемувањето на поголемото мнозинство на одлучување, се зглемува влијанието на агентите во процесот на постигнување поголемо мнозинство.

Автономијата на агентите варира од област до област,така и во текот на времето во зависност од преференциите на земјите членки, дистрибуцијата на информациите помеѓу директорите и агентите, и правилата по кои се донеуваат одлуките било во поглед на санкција или усвојување нови регулативи.Додека со преносот на овластувањата од националните влади на Комисијата и Судот ја објаснува потребата од намалување трошоците при водење на политиката на ново на ЕУ, што на овој начин потешко го објаснува преносот на овластувања на Европскиот парламент.Во случај на Европскиот парламент, преносот на овластувањето во голема мера бил мотивиран од напорите на националните влади да го намалат демократскиот дефицит на ниво на ЕУ што би се објаснило преку "логиката на примерното однесување" која е карактеристична за социолошкиот институционализам.

3.3.2 Социолошки инстутуционализам

Социолошки инстутуционализам се одликува со:
-поврзаноста со социјалниот конструктивизам,
- укажува дека институциите не влијаат само на стратешки буџети на актерите,туку на нивните преференции и идентитети,
- додека институционализмот на рационалниот избор смета дека рационалните актери создаваат институции како ефикасно би ги остварале своите цели,

[96] D Curtin, Executive power of the European Union: Law, Practices and the living Constitution (New York: Oxford University Press, 2009)

додека кај социолошкиот инстиционализам институциите често се создаваат и развиваат, што допринесува за социјален легитимитет а не за ефикасност.
Како социјалниот конструктивизам така и социолошкиот институционализам придонесуваат за подобро разбирање на начинот на функционирање на институциите во ЕУ.

3.3.3 Историски институционализам

Најзначаен претставник е Пол Пирсон. Историскиот институционализам ги прифака основните поставувања на меѓувладиниот пристап, но укажува на:
- постојат ограничувања за земјите-членки и постојат нови процеси во нивната контрола врз развојот на институциите и политиките на ЕУ.
- дека овие фактори се поважни отколку што го препознаваат овој меѓувладин пристап и се позабележливи кога европската интеграција се смета за временски процес. Актерите можат да бидат на силна почетна позиција, во обид да ги максимизираат своите интереси, а сепак да спроведат институционални и политички реформи кои значително ја менуваат сопствената позиција (или позицијата на нивните наследници) на начини кои не беа предвидени или посакувани. Причините за разликите помеѓу преференциите на земјите членки и функционирањето на институциите и политиката на ЕУ се:
-делумна автономија на инстутуциите на ЕУ,
-ограничен временски хоризонт на креаторите на политичките одлуки.
-голем потенцијал за настанување на неочекувани последици.
-веројатноста за менување на преференцијата на претставник на земјите членки.
Историјата на европската интеграција покажува дека институциите користеле расположливи ресурси, вклучувајќи и политички ресурси, за да ја прошират својата автономија, да ја зголемат нивната моќ и јазот во вршењето контрола од страна на земјите-членки.
Од своја страна, земјите-членки генерално имаат тенденција да ги ограничуваат институциите на ЕУ, но овие ограничувања се спротивставуваат на потребата за вршење поголем број сложени функции на ниво на ЕУ.[97]Институциите на ЕУ, пред се Европската комисија,Судот на правдата на ЕУ и Европскиот парламент ги користат сите можности да ја зголемат својата моќ,и во тоа успеале што до некаде ги потврдува неофункционалистичките предвидувања.
Многу од последиците од политичките одлуки, а особено големите институционални реформи, се случуваат на долг рок, додека политичарите се главно заинтересирани за краткорочните последици од нивните акции во согласност со изборниот циклус.Така, долгорочните институционални

[97] Lasok D, and Bidge J. W, 1987, Law & institutions of the European Communities, London

последици се само резултат на активностите преземени во актуелниот политички интерес. Кај историскиот институционализам како неочекувани последици се среќаваат:

- дури и кога политичарите не се насочени кон краткорочни последици од своето делување и нивното одржување да останат на власт, и понатаму би постоела голема можност за настанување на неочекувана последица.
- сложените општествени процеси со голем број на актери го прават тешко да се предвидат сите одговори.
- во ЕУ, можноста за појава на неочекувани последици е уште поизразена, имајќи предвид дека, за разлика од повеќето меѓународни организации, се карактеризира со голем број области од своето работење, а со растот и бројот на актери и бројот на одлуки што се носат, расте и нивното меѓусебно влијание, така и политиката меѓусебно.
-со зголемување на неочекувани последици расте и веројатноста за настанување јаз во вршење контрола од страна на земјата членка.

Пирсон смета дека со текот на времето доаѓа до промена на преференцијата на земјата членка во поглед на институции и политика на ЕУ, и тоа поради повеќе причини: променети околности,промена на влада, тенденција на секоја влада да оствари трага во политиките на ЕУ.

Фактот за настанување на неочекувани последици не е нешто вообичаено но Пирсон истакнува дека во случајот на ЕУ тие нема да бидат отстранети. Подржувачите на меѓувладиниот пристап сметаат дека земјите членки со текот на времето се соочуваат со неочекувани последици каде преземаат ефективни одговори на нив на што Пирсон не се согласува и дава три причини кои ги отежнуваат ефективните решенија: *отпор од наднационалните актери, институционални препреки за реформи и високи трошоци*.

- Кај отпорот од наднационалните актери институциите на ЕУ располагаат со значителни политички ресурси кои се користат за да се зголеми контролата кај земјите членки,користејки асиметрични информации, но во краен случај секогаш земјите членки се тие кои имаат голем товар,пред се што тие имаат моќ да променат основни правила на функционирање на ЕУ, вклучувајки и правила кои се однесуваат на институции.

- Институционалните препреки за реформи сметаат дека е многу тешко да се изменат претходно спроведени реформи или одлуки, и дека најефикасен начин за земјите членки да ја вратат контролата над институциите и да ги отстранат последиците е секако реформата на основачките договори, но тоа е најтешкиот пат за постигнување еднаквост а потоа и процедурата за ратификација во националните парламенти.

- Кај високите трошоци секој развој од некоја од политиките на ЕУ доведува до индивидуални,институционални прилагодувања кои потоа можат да претставуваат високи трошоци за напуштање на досега спроведената политика. Кога актерите се прилагодени од претходно усвоените правила очекуваат дека тие правила и понатаму ќе бидат применувани,што ја ограничува државата да прави крупни измени.

4. Социјален конструктивизам

Конструктивистите (Christiansens, T., Jorgensen, KE, Wiener, A., Journal of European Public Policy, 1999) сметаат дека е неопходно да се разгледа влијанието на социјалниот контекст со цел да се разбере како достигнала европската интеграција од сегашното ниво и дека конструктивната сила на самиот процес на интеграција не треба да се игнорира.Тие не претендираат да развијат целосни теории за европската интеграција, се занимаваат со феномени како што се норми правила,дискусии,процеси, настанување на колективен идентитет,комуникативна акција и друго. Конструктивистите го критикуваат гледиштето на Моравчик за обликување на националните преференци, верувајќи дека го игнорира влијанието на членството во ЕУ.
Според нивното мислење европската интеграција има трансформативно влијание на европските државни системи и реално е да се прифати дека во процесот на интеграција се менуваат идентитети а со тоа и интересите на учесниците во процесот.

Конструктивните истражувања на процесот на европска интеграција како создавање на политичка заедница, генерално, може да се класифицираат во три насоки[98]
- Една насока ја проучува улогата на правилата и нормите каде конструктивистите како правила и норми во ЕУ не ги разгледуваат само договорите од европскиот суд на правда , подзаконски акти и судката пракса во европскиот суд на правда туку и непишаните административни процедури и обичаи во политичката и административната пракса на ЕУ во процесот на усвојување и примена на политиката на ЕУ,како и голем број на меѓу-институционални договори.ЕУ не е повеќе заснована на политичли и правни тела, туку ги вклучува нормите што ги делат сите и општо прифатените правила и процедури на одлучување.
- Другиот правец на истражување е насочен кон прашањето за односот помеѓу поединци и новата политичка заедница како во поглед на развојот на правата на граѓаните на ЕУ, како и прашањето за градење на идентитетот.Се истражуваат процеси кои водат до градење заедница и во тој контекст формирање идентитет и тоа како во поглед на природниот потенцијален европски идентитет, така и реконструкција на националниот идентитет под влијание на процесот на интеграцијата и на крај на прашањата за плуралноста на националните

[98] Zarja Jean-Claude, Osnovi institucija Evropske unije, Beograd:G-17, Institut, 2004

идентитети и култури и мерките до која мера европскиот политички идентитет и култура можат да бидат засновани на такви разлики.
Овие истражувања разгледуваат можност за постоење на не-етички, постнационални заедници на граѓани како и постнационален конституционализам. Изградбата на ЕУ, исто така, зависи од компаративната конструкција на "други" во однос на која се перципира изградбата на европскиот идентитет, а тоа исто така води кон вклучување и исклучување на "други" или различни национални и временски интерпретации на она што навистина го прави ЕУ.
- Третиот правец на истражување е насочен кон прашањето за јазикот и дискурсот. Тие се занимаваат со значењето на дискурсот во процесот на европска интеграција, со користење на целиот спектар на методи и теории, од анализата на дискурсот до теоријата на комуникативното дејство.

Заклучок

Современиот историјат на европската интеграција се врзува за времето после Втората светска војна каде идејата за европско единство добива своја рамка во склучувањето на меѓународните договори и делување на институциите на внатрешен и надворешен план. Меѓутоа идејата за европска заедница е многу постара и не постои ниту еден период од историјата на човештвото од античкиот период па се до денес кој нема основа во постојниот концепт на Европската унија, било да се работи за стратешки политички прашања или пак на принципи на кои се заснова европската интеграција.
Истражувањето за европската интеграција овозможува примена на нови поими, теории и концепти кои служат за разбирање на причините и последиците во однос на политичките, социјалните и економските промени кои се случуваат во Европската Унија. Теориите и концептите за европската интеграција ни помагаат да го разбереме тој долг политички процес од поствоениот период па се до денес.
Неофункционалистите предвидувале дека кога ќе дојде до процесот на интеграција во еден економски сектор заинтересираните групи ќе почнат да делуваат на наднационално ниво и ќе станат заговорници за продлабочување на интеграцијата, влијаејки на националната влада во таа смисла што исто така ќе . Тоа што ЕУ се разликува од секаков друг меѓународен режим се пренос на суверенитетот преку одлуки со квалификувано мнозинство и делегација на суверени овластувања.Според некои автори владите се механизми со кои се зголемува кредибилноста од страна на државите членки , особено во оние области во кои постои опасност владата (или нивните наследници во таа позиција) да се откаже од претходните преговори, односно станува збор за правење напор за решавање на проблеми на нецелосни договори, следење и исполнување на преземаните обврски ги поттикне интересите од другите економски сектори да го следат тој пат. Историјата на европската интеграција покажува дека институциите користеле расположливи ресурси, вклучувајќи и

политички ресурси, за да ја прошират својата автономија, да ја зголемат нивната моќ и јазот во вршењето контрола од страна на земјите-членки.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Никодиновска Крстевска Ана "Односот меѓу вредностите и политиките на Европската унија низ призмата на нејзината надворешна политика

Никодиновска Крстевска Ана "Надворешна и безбедносна политика на Европската унија"

Виктор Габер "Колатерална штета"

Democratization via aid? The European Union's democracy promotion in the Western Balkans 1994–2010

Handbook for European Union Election Observation - European Commission, 2008

A Buijze, 'The Principle of Transparency in EU Law' (Den Bosch: BOXPress, 2013)

Билјана , „Која е историјата на европската унија", 2009 година Атанасов П, "Мултикултуризмот како теорија, политика и практика", Евро-Балкан

Петрушевска Татјана, „Меѓународно правни аспекти на спогодбата за стабилизирање и придружување на Р.М. со Европската заедница и со државите членки на ЕУ, Скопје, 2008 година,

Gordana Gasmi, „Pravo i osnovi prava Evropske unije" , Beograd,2010

Даниела Обрадовиќ, Николас Лавранос, „Меѓусебното влијание на правото на ЕУ и националното право", Просветно дело АД, Скопје, 2009 година,

Маролов Дејан ,Митев Оливер "Создавањето на независна Република Македонија" 2016 година,

Гоцевски Трајан, Бакрески Оливер, Славески Стојан, „Политичкиот и економскиот систем и одбраната на Р.М.", Филозофски факултет Скопје, 2005 година,

Ванковска Билјана - "Институции на Европската унија", Универзитет "Св. Кирил И метоодиј" - Скопје, Филозофски факултет Скопје, 2008 година,

Малевски Д - "Македонија во мегународните односи"

Turcinovic Filip, „Pravo EU", Megatrend, Beograd, 2005

Lopandic Dusko, „Osnivacki ugovori EU-Ugovor o EU iz Nice sa amandmanima",Beograd 2003 godina,

Tahation Trends in the European Union, European Union, Luxembourg,2007.

Lopandic Dusko, „Regionalne inicijative u Jugoistocnoj Evropu", institut za medjunarodnu politiku i privredu, Beograd, 2001 godina

Marolov Dejan "Republic of Macedonia Foreign Policy: Diplomacy in the Middle of the Balkans" 2013

D Curtin, Executive power of the European Union: Law, Practices and the living Constitution (New York: Oxford University Press, 2009)

Simovic Hrvoje, Fiskalna politika u Europskoj Uniji I Pakt o stabilnosti I rastu, Zbornik Ekonomskog fakulteta u Zagrebu,3, 2005

Gordana Ilic-Popov,Poreska politika EU,Centar za antikriznu akciju,Beograd,2001

Slobodan Samardjic, „Evropska unija kao model nadnacionalne zajednice", Institut za Evropske studije, Fridrih Eberd, Beograd, 1998 godina,

Slobodan Samardjic, „Evropski regionalizam i balkan", Institut za evropske studije,Beograd, 2004 godina,

Patterson, Ben and Serano, M.Alicia: Tax coordination in the European Union, Working paper, European Paliament, Directorate-General for Research, Luxemburg,2000

Штефан Денерт и Алферд Диболд, Фондација „Фридрих" - „Вредностите и политиката - ЕУ и Југоистокот на Европа"- Еберд, Скопје, 2006 година,

N.Jovanovi Miroslav c ,Evropska Ekonomska integracija,Ekonomski fakultet, Beograd

Илиќ Горан, „Вовед во правото на Европската Унија", Битола, 2011 година,

C Bovis (ed), Research Handbook on EU Public Procurement Law (Cheltenham: Edward Elgar, 2016)

Vinko Kandzija,Evropska fiskalna politika I budzet na EU,Ekonomski fakultet,Rijeka,2010

Willem Molle,Ekonomija na evropska integracija,cetvrto izdanie

Mathijsen, P.: A Guide to European Union Law, Sweet & Maxwell, London,1995

Lopandic D. I Kamber J. 2-3/1986, Evropski parlament, njegova uloga u Evropskoj zajednici I u zasnivanju I sprovodzenju spoljnih odnosa EZ, JRPM

Lasok D, and Bidge J. W, 1987, Law & institutions of the European Communities, London

Radin Siniss 1990, pravni sustav I institucije Evropske zajednice, Zagreb

Drgovic Bojana 1995, Ugovori o pridruzivanju Evropskoj uniji, Beograd

Како работи Европската унија – "Прирачник за институциите на Европската унија", Скопје, 2003 год.

Стефанович Златко, "Право Европске уније", Белград, 2003 год.

Zarja Jean-Claude, Osnovi institucija Evropske unije, Beograd:G-17, Institut, 2004

УДК: 341.645.544(4-672ЕУ):342.721

МЕХАНИЗМИТЕ НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КОНЗИСТЕНТНОСТ НА СУДСКАТА ПРАКСА КАКО МОДЕЛ ЗА ДОМАШНОТО ПРАВОСУДСТВО

Емилија Локвенец
elokvenec@gmail.com

Апстракт

Принципот на правна сигурност е важен елемент на владеењето на правото и тој, меѓу другото, подразбира конзистентна судска пракса во случаи кои произлегуваат од исти или слични околности. Државите кои се стремат да бидат правни и се водат од принципот на владеење на правото, меѓу другото, треба да обезбедатефикасни механизми преку кои ќе се гарантира еднаква примена на законите од страна на судовите, без притоа да се загрозува судската независност. Европскиот суд за човекови права, постапувајќи по жалби против Република Македонија по основ на повреда на членот 6 од Европската конвенција за човекови права, во повеќе наврати утврдил повреда на правото на правично судење, токму поради неконзистентност надомашната судска пракса. Оттука, овој труд има за цел да ги истражи механизмите кои Европскиот суд за човекови права ги применува со цел да обезбеди стабилност и конзистентност на сопствената судска пракса, а со тоа да го одржи угледот и довербата која ја ужива кај граѓаните на земјите членки на Советот на Европа, за кои често претставува последна надеж за правда. Резултатите од трудот би можеле да се земат предвид при евентуални реформи на правосудниот систем на Република Македонија во поглед на обезбедување на еднаква примена на законите од страна на судовите, а со тоа и зголемување на правната сигурност на граѓаните и зголемување на нивната доверба во судството.

Клучни зборови: Владеење на право, правна сигурност, Европски суд за човекови права, механизми, судска пракса

THE MECHANISMS OF THE EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS FOR ENSURING CONSISTENCY OF ITS CASE-LAW AS A MODEL FOR THE NATIONAL JUDICIAL SYSTEM

Abstract

One of the fundamental aspects of the Rule of Law is the principle of legal certainty, which among other, implies consistent jurisprudence in cases arising from the same or similar circumstances. States that aspire to be legal and governed by the principle of the Rule of Law should, inter alia, provide efficient mechanisms through which equal enforcement of the laws by the courts will be ensured, without jeopardizing judicial independence. The European Court of Human Rights, acting on appeals against the Republic of Macedonia on the grounds of violation of Article 6 of the European Convention on Human Rights, has repeatedly found a violation of the Right to a Fair Trial precisely, because of the inconsistency of the domestic case-law. Hence, this paper aims to investigate the mechanisms that the European Court of Human Rights applies in order to ensure the stability and consistency of its own case-law, thereby maintaining the reputation and trust it enjoys among the citizens of the Member States of the Council of Europe, being often the last hope for justice. The results of the work could be taken into account in possible reforms of the judicial system of the Republic of Macedonia in order to ensure uniform application of the laws by the courts, and thus increase legal certainty of the citizens and their confidence in the judiciary.

Key words: Rule of Law, Legal certainty, European Court of Human Rights, mechanisms, case-law

Вовед

„За правдата да не се сведе на лотарија, обемот на правата на странките не смее да зависи од тоа кој суд постапува„ напишаа судиите од Европскиот суд за човекови права во своето издвоено мислење по пресудата во случајот Сахин и Сахин против Турција[1] и повторно го свртија вниманието кон значењето на воедначената примена на правото и конзистентноста на судската пракса.

Зошто е важна конзистентноста на судската пракса за еден правосуден систем во демократска држава која ги почитува човековите права и се води од принципите на законитост и владеење на правото?! Еднаквата примена на законите значи еднаквост на граѓаните пред законот, предвидливост на правните ситуации и правна сигурност. Правната сигурност е важен елемент на принципот на владеење на правото и е суштинска при креирањето и одржувањето на довербата на јавноста во правосудниот систем. Конзистентната судска пракса може да го намали и обемот на работа на судовите, а со тоа и притисокот врз нив, со што ќе се овозможи нивно поефикасно и поквалитетно работење. Имено, многу од судските спорови би биле избегнати доколку се очекува судот да се држи до своите правни сфаќања изразени во претходни случаи кои произлегуваат од исти фактички и правни околности.

Сепак, воедначената примена на правото не смее да значи запирање на неговиот прогресивен развој. Секој судски систем треба да настојува да постигне рамнотежа помеѓу вредностите на прогресивниот развој на судската пракса, од една страна и обезбедувањето на единство во толкувањето и примената на законот, односно унифицираната и стабилна судска пракса, од друга страна. Во спротивно, судската пракса која пребрзо се развива може да ја направи правната регулатива непредвидлива, а со тоа да ја поткопа правната сигурност. Но и премногу ригидна судска пракса може да не се носи со предизвиците на времето и развојот на социјалните односи, што пак може да доведе до стагнација, па дури и уназадување на тие односи. Она што е важно е правосудниот систем да располага со ефикасни механизми кои ќе спречуваат длабоки и долготрајни разидувања во судската пракса, односно ефективно ќе ги отстрануваат доколку до нив дојде.

Европскиот суд за човекови права постапувајќи по жалби против Република Македонија за наводни повреди на правото на правично судење, повеќе пати утврдил повреда на членот 6 од Конвенцијата токму поради постоење на контрадикторна судска пракса во случаи кои произлегуваат од

[1]Sahin and Sahin v Turkey, AppNo. 13279/05, URL= https://hudoc.echr.coe.int/, Пристапено 08.06.2018

исти фактички и правни околности.[2] Судот утврдил дека механизмите со кои располага националниот правосуден систем, во конкретните случаи не обезбедиле ефикасно отстранување на судската неконзистентност, а со тоа била предизвикана повреда на правото на правично судење.

Кои се механизмите за отстранување на неконзистентноста на судската пракса со кои располага правосудниот систем на Република Македонија и дали се тие доволни и ефикасни?

1. Механизмите за отстранување на неконзистентноста на судската пракса во Република Македонија и потребата од нов модел

Согласно членот 101 од Уставот на Република Македонија, Врховниот суд на Република Македонија е највисок суд во државата кој го обезбедува единството во примената на законите од страна на судовите. Оваа негова одговорност понатаму се операционализира низ Законот за судовите[3] кој надлежноста на Врховниот суд ја определува пред сè во членот 35, а во членот 37 од Законот за судовите е посебно уредена работата на Општата седница на Врховниот суд според кој Врховниот суд на Република Македонија на општа седница, меѓу останатото:

- утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единство во примената на законите од страна на судовите по сопствена иницијатива или по иницијатива на седниците на судиите или судските оддели од судовите, и ги објавува на веб страницата на Врховниот суд на Република Македонија. Начелните ставови и начелните правни мислења што ги утврдува Врховниот суд на Република Македонија на општа седница се задолжителни за сите совети на Врховниот суд на Република Македонија.

Иако Врховниот суд на Република Македонија како највисок суд во државата, во периодот на транзиција требаше, а и денес треба да ја креира судската практика на сосема поинакви уставни основи отколку во претходниот систем, сепак, овој инструмент за изедначување на судската пракса од страна

[2]Атанасовски против Република Македонија (Жалба бр. 36815/03), URL=http://www.pravda.gov.mk/txt/presudi/mak/atanasovskimak.pdf, пристапено на 02.02.2018 година; Стоилковска против Република Македонија (Жалба бр.29784/07), URL=http://www.pravda.gov.mk/documents/Stoilkovska%20protiv%20Republika%20Makedonija-%20presuda%20od%2018.07%202013.pdf, пристапено на 02.02.2018 година; Балажоски против Република Македонија бр.45117/08, пресуда на ЕСЧП од 25.04.2013 година, URL=http://www.pravda.gov.mk/documents/balazoski_PREVOD.pdf , пристапено на 02.02.2018 година; Спасовски против Република Македонија, бр 45150/05, 10 јуни 2010 година), URL=http://www.pravda.gov.mk/txt/presudi/mak/spasovskimak.pdf,пристапено на 02.02.2018 година.

[3]Закон за судовите "Службен весник на Република Македонија" бр.58/06, 35/08,У.бр.256/07,У.бр.74/08,150/10,У.бр.12/11

на Врховниот суд (начелни ставови и правни мислења) и понатаму (по инерција или не) продолжи да се провлекува низ законските решенија. Слично и во Република Србија, во надлежност на Врховниот Касационен суд како највисок суд е, меѓу останатото, да обезбедува единствена судска примена на правото, при што за таа намена, до измените на Законот за уредување на судовите[4] од 2013 година, како алатки на располагање му стоеа начелните правни ставови на општата седница. Но, Венецијанската Комисија по однос на начелните ставови како инструмент за воедначување на судската пракса во Република Србија, смета дека „*тој е некој вид arrêts de règlement кој е исфрлен во западните општества пред два века*.„[5] и дека „*Врховниот суд* (треба да *м.з) утврдува правни ставови само во рамките на конкретен случај; инаку ова би претставувало кршење на начелото на поделба на власта, бидејќи судот не може да донесе ниту една одлука надвор од својата надлежност„*[6]

Мислењата на Венецијанската Комисија укажуваат на тоа дека овој инструмент или механизам за воедначување на судската пракса треба да се напушти и замени со нов. Но, како, во европско – континентален правен систем во кој не е применлива доктрината stare decisis Врховниот суд може да ги наметне своите правни ставови и да воспостави единство во примената на законите преку своите одлуки?!

2. Механизмите за отстранување на неконзистентноста на судската пракса на Европскиот суд за човекови права

Слободно може да се каже дека Европскиот суд за човекови права (во понатамошниот текст Судот) претставува парадигма за правичност во рамките на Европа и контрапункт на европското судиско искуство. Затоа овој труд има за цел да ги анализира механизмите кои овој суд ги користи со цел да постигне конзистентност на својата судска пракса, а со тоа да го одржи својот углед и довербата која ја ужива. Не е лесно да се постигне оваа задача, особено ако се има предвид диверзитетот на правните системи на многуте членки на Советот на Европа од кои доаѓаат судиите на Судот. Прашањето за конзистентност на судската пракса го прави особено кревок Судот, затоа во последната деценија посебно внимание се посвети на реформите кои ќе придонесат за негова ефикасност и рационализација, но и квалитетот во правораздавањето како гаранција за неговиот авторитет и долгорочна делотворност на Европската

[4] Zakon o uređenju sudova ("Sluzbeni. glasnik Republike Srbije", br. 116/2008, 104/2009, 101/2010, 31/2011, 78/2011, 101/2011 i 101/2013)

[5]Допис на Здружението на судии на Србија Бр.8/2014, URL=http://www.ombudsman.rs/attachments/3294_3odgovor%20zastitnik%20gradjana%20kragujevac.pdf, стр.7, пристапено на 08.06.2018.

[6]Мислење на Венецијанската Комисија бр.467/2007.URL=http://www.venice.coe.int/webforms/documents/?pdf=CDL-AD(2008)007-e p.16, пристапено на 08.06.2018

конвенција за заштита на човековите права и основните слободи (во понатамошниот текст Конвенцијата).

Секако, при анализата на моделот на Европскиот Суд за човекови права треба да се имаат предвид разликите кои постојат помеѓу Европскиот суд за човекови права како супранационален суд и Врховниот Суд на Република Македонија. Имено, иако формално – правно Европскиот суд за човекови права не е обврзан да ги следи своите претходни одлуки како преседани, во интерес на правната сигурност, предвидливост и еднаквост пред законот е Судот да не отстапува од својата претходна пракса без за тоа да има добра причина и образложение.[7] Од друга страна, за Врховниот суд на Република Македонија како највисок суд во државата која го следи континенталниот правен систем, такво правило, макар и непишано, не постои.

Предвидливоста е една од одликите на правото нужна за да ги задоволи барањата на законитост предвидена во Членот 5 како и критериумите *во согласност со законот, пропишано со закон* предвидени во Членовите 8 до 11 од Конвенцијата. Оттука предвидливоста на правото, на некој начин, претставува основа за почитување на човековите права предвидени со Конвенцијата.

Правната сигурност е имплицитна во сите членови на Конвенцијата и претставува важен аспект на владеењето на правото. Принципот на правна сигурност, меѓу другото гарантира стабилност во правните ситуации и придонесува за одржување на довербата на јавноста во судството.

Но, барањата за правна сигурност и заштита на легитимната доверба на јавноста не претставуваат и стекнато право на конзистентна судска пракса. Развојот на судската пракса, сам по себе, не е спротивен на правилното спроведување на правдата, зошто неможноста да се одржува динамичен и еволутивен пристап во толкувањето на правото би ги поткопала и реформите и напредокот.

Кои се механизмите кои му стојат на располагање на Судот за да може да ги оствари овие цели? Механизмите за постигнување на конзистентност на судската пракса на Судот можат да се поделат во две групи: носечки, формални механизми предвидени во самата Конвенција и механизми кои не се експлицитно наведени во Конвенцијата, но функцијата која ја остваруваат е во насока на постигнување на конзистентност на судската пракса.

[7]Chapman v. The UnitedKingdom [GC], no. 27238/95, § 70, ECHR 2001-l.

2.1. Механизми за постигнување конзистентност на судската пракса предвидени во Конвенцијата

2.1.1. Предавање на надлежноста на Големиот Совет(Relinquishment of jurisdiction to the Grand Chamber)

Членот 30 од Конвенцијата, предвидува дека кога предметот кој треба да се разгледа од страна на некој од судските совети поставува сериозни прашања кои ќе имаат влијание врз интерпретацијата на Конвенцијата или нејзините протоколи, или кога одлуката за некое прашање од страна на судски совет може да доведе до неконзистентност со некоја претходна одлука на Судот, судскиот совет, може, во било кое време пред да ја донесе својата одлука, да го пренесе предметот во надлежност на Големиот судски совет.

Пред донесувањето на Протоколот 15 со кој се менува Конвенцијата[8], членот 30 од Конвенцијата предвидуваше можност некоја од страните во спорот да се спротивстави на предавањето на надлежноста. Но, со стапувањето во сила на Протоколот 15 страните веќе не можат да се противат на предавањето на надлежноста на Советот на Големиот Совет. Оваа новина воведена со Протоколот 15 нема да се применува врз тековните случаи во кои една од страните веќе поднела приговор на предавањето на надлежноста пред Протоколот да стапи во сила.

Оваа постапка е возможна како во случаи на индивидуални жалби пред Судот, така и во случаи на меѓу-државни спорови. Исто така, судскиот совет може во било која фаза на постапката да одлучи да ја предаде надлежноста на Големиот судски совет. Така, во еден од актуелните случаи на пренесување на надлежноста, случајот Грузија против Русија, судскиот совет ја отстапува надлежноста дури и по одржана јавна расправа.[9]

Од 1999 година имало вкупно 129 отстапувања на надлежноста, во просек 9 годишно, со максимум 16 во 2009 и минимум 4 во 2004 година. Интересен е податокот дека скоро 60% од отстапувањата се однесуваат на само 5 земји (Обединетото Кралство (26), Франција (19), Германија (13), Италија (10) и Турција (9). Не сите од овие отстапувања се однесувале на прашања за конзистентноста, во некои од нив се работело и за нови правни прашања.[10]

---

[8]Протоколот е донесен на 24.06.2013 година, URL=https://www.coe.int/en/web/conventions/full-list/-/conventions/treaty/213/signatures?p_auth=FW33UPIL , пристапено на 02.02.2018 година

[9]Georgia v. Russia (II) (dec.) - 38263/08

[10]Fribergh, E.; Liddell, R., The Interlaken process and the Jurisconsult, p.181, URL=http://www.berger-avocat.eu/the_interlaken_process_and_jurisconsult.pdf, Accessed 08.06.2018

На почетокот на примената на постапката за предавање на надлежноста за постапување во одреден предмет, кај судските совети се забележувала доза на неволност да се „откажуваат„ од надлежноста при постапување во интересни и сложени случаи. Поради тоа Правилата на Судот се изменети на начин што во случај на предавање на надлежноста, Големиот Совет ги вклучува и судиите од советот кој ја предава надлежноста.[11]

Иако членот 30 не предвидува задолжителност на предавањето на надлежноста дури ни во случај на очигледна можност за неконзистентност на донесената одлука со веќе воспоставената судска пракса, а заради важноста која Судот и ја дава на конзистентноста и кохерентноста на судската пракса, со измените на Правилата на Судот[12] се предвидува задолжително предавање на надлежноста на Големиот судски совет во случај кога судскиот совет планира отстапување од воспоставената судска пракса.

2.1.2.**Доставување на случај пред Големиот судски совет (Referral)**

Иако со измените на Правилата на Судот од 2013 година предавањето на надлежноста е задолжително во случај кога судскиот совет планира со својата одлука да отстапи од воспоставената судска пракса, сепак во пракса може да се случи судскиот совет сепак да донесе пресуда која отстапува од претходно воспоставената судска пракса. Во ваков случај, **членот 43** од Конвенцијата предвидува можност за т.н. **Доставување на случај пред Големиот судски совет (Referral)**. Условите за отпочнување на оваа постапка се:

1. Запазување на рокот од три месеци, сметано од датумот на донесувањето на пресудата од Судскиот совет, во кој секоја страна во спорот, во исклучителни случаи, може да побара тој да биде доставен пред Големиот судски совет.
2. Група од пет судии на Големиот судски совет да го прифати барањето доколку случајот предизвикува сериозно прашање во врска со интерпретацијата или примената на Конвенцијата или на нејзините протоколи, или сериозен проблем од општо значење.
3. Доколку групата од 5 судии го прифати барањето, Големиот судски совет се произнесува за случајот со донесување пресуда.

При вака дефинирани услови може да се заклучи дека широк е спектарот под кој може да се добие право на доставување на случајот до Големиот судски совет, односно повод може да биде било кое сериозно прашање во врска со интерпретацијата или примената на Конвенцијата и нејзините протоколи. Страната во спорот која го поднесува барањето за разгледување на случајот од страна на големиот судски совет, треба да го

[11] Европски суд за човекови права, Правила на судот, Правило 24, URL=https://www.echr.coe.int/Documents/Rules_Court_ENG.pdf, Пристапено 08.06.2018
[12] 6 февруари 2013 година

специфицира прашањето кое според неа заслужува предметот да го разгледува Големиот судски совет.[13]

Во случаите кои се доставени до Големиот судски совет по основ на членот 43 од Конвенцијата, судиите кои веќе одлучувале по предметот немаат право да одлучуваат повторно за истиот како дел од Големиот судски совет, со исклучок на Претседателот на советот и судијата претставник на засегнатата држава.[14]

2.2. Механизми за постигнување конзистентност на судската пракса непредвидени во Конвенцијата

2.2.1.Правен консултант (Jurisconsult)

Правниот консултант е специјалист за судска пракса кој го следи развојот на судската пракса на Судот и им укажува на судските совети на потенцијалниот конфликт на истата. Во негова надлежност е да обезбеди конзистентност на судската пракса, како и да доставува мислења и информации до судиите.[15]Правниот консултант може да сугерира дека донесувањето на одредена одлука би било спротивно на воспоставената пракса, што може да значи потреба за отстапување на предметот на Големиот судски совет. Судиите слободно може да изразат несогласување со мислењето на Правниот консултант. Позицијата на Правниот консултант е основана во 2001 година, но мислењата на ова тело не се јавно достапни, па не може да се одреди неговото влијание врз донесувањето на одлуки.[16]

2.2.2.Пилот пресуда (pilot-judgment)

Процедурата за донесување на т.н.*пилот пресуда* (pilot-judgment), усвоена со измените на Правилата на Судот од 2011, како начин за справување со поголема група на идентични случаи кои произлегуваат од ист проблем (репетициони случаи), се наметна како практично решение за сè поголемиот обем на случаи пред Европскиот суд за човекови права кои се заканувaа да ја блокираат неговата работа**.**

Во случај кога Судот добива значителен број на предмети кои произлегуваат од исти околности, тој може да одлучи на еден од предметите да

[13]Европски суд за човекови права, *op.cit*. note 9, Правило 73, p.36
[14]Европски суд за човекови права, *op.cit*. note 9, Правило 24, p.12
[15]Европски суд за човекови права, *op.cit*. note 9, Правило18B, p.9
[16]Londrasde, F., Dzehtsiarou. K., *Great Debates on the European Convention on Human Rights*, URL= https://books.google.mk/books?id=WZNRDwAAQBAJ&lpg=PA22&ots=TyPbdXxItc&dq=jurisconsult%20opinions%20and%20informations&pg=PA22#v=onepage&q=jurisconsult%20opinions%20and%20informations&f=false.p.22, Пристапено 08.06.2018

му даде приоритет, па решавајќи по него ќе настојува да донесе одлука која ќе се однесуваи на слични случаи кои произлегуваат од иста ситуација.Таквата одлука се нарекува пилот одлука.

Со таквата одлука Судот има за цел да одлучи дали во конкретниот случај имало повреда на Конвенцијата; да го препознае недостатокот или неправилноста во националното законодавство што е извор на повредата на Конвенцијата; да и даде на Владата која е засегната од пресудата јасни насоки како може да се надмине неправилноста; да придонесе кон создавање на домашен правен лек кој би можел да се справи со слични случаи, вклучувајќи ги и оние кои веќе се наоѓаат пред Судот и зависат од донесувањето на пилот пресудата или барем да придонесат кон нивно решавање.

Оттука, пилот одлуката има за цел даим помогне на националните власти да го елиминираат системскиот или структурен проблем препознаен од Судот, од кој истовремено произлегуваат и повеќе други случаи. На тој начин Судот му помага и на Комитетот на Министри во неговата улога да осигура дека секоја пресуда на Судот е правилно извршена од страна на засегнатата држава.

Важна одлика на оваа процедура е можноста на Судот за одреден период да го одложи решавањето на предметите кои се слични со случајот на кој се однесува пилот пресудата. На овој начин Судот им овозможува на властите во засегнатата држава да преземат неопходни чекори на кои им се укажува во пилот пресудата,апликантите (жалителите) да имаат можност да ја добијат правдата пред домашните органи, со што би се избегнало долгото чекање на одлука од Судот на индивидуална основа.

Иако основната идеја на оваа процедура е да се намали товарот на предмети пред Судот, сепак еден од ефектите е и обезбедување на конзистентност во третманот на случаите кои произлегуваат од исти правни и фактички околности. Првата пилот пресуда е донесена во 2004 година во т.н.Bug River cases од Полска.[17]

3. Тековни реформи на Европскиот суд за човекови права

Започнувајќи со конференцијата во Интелакен од 2010 година па сè до денес, државите членки на Советот на Европа одржаа повеќе конференции на високо ниво со цел да се договорат потребните реформи на Судот кои би обезбедиле долгорочна одржливост и влијание на системот предвиден со Конвенцијата.[18]Како резултат на овие конференции и декларациите кои

[17]1 *Broniowski v. Poland*[GC], no. 31443/96, ECHR 2004,*Broniowski v. Poland (friendlysettlement)* [GC], no. 31443/96, ECHR 2005-IX , *E.G. v. Poland*, no. 50425/99
[18]Измир (2011), Брајтон (2012), Осло (2014), Брисел (2015), Копенхаген 2018

произлегоа од истите, се донесоа Протоколот 15 и Протоколот 16, но исто така се извршија и повеќе измени на Правилата на Судот.

Меѓу поважните новини воведени со Протоколот 15 се прифаќањето на принципот на субсидиерност и доктрината за маргина на допуштеност, како и отфрлањето на можноста за приговор на пренесувањето на надлежноста на Големиот судски совет.

Со Протоколот 16 или како го нарекуваат *Протокол на дијалогот,* се создаде инструмент со кој се овозможува отворен дијалог меѓу Судот и националните судови како начин за развивање на унапредено разбирање на нивните соодветни улоги во спроведувањето на нивната заедничка одговорност за примена на Конвенцијата.Имено, низ годините, земјите членки го изразиле своето уверување дека примената на Конвенцијата би била потпомогната од структуриран и ефективен дијалог помеѓу Судот и високите национални судови што може да се види од Декларациите донесени на меѓу - владините конференции за реформи на Судот. Така, со Декларацијата донесена на конференцијата во Брајтон одржана во 2012 година се охрабри ваквиот чекор, а со декларацијата од март 2015, донесена по одржувањето на Бриселската Конференција, се поздрави дијалогот на Судот со највисоките национални судови од земјите членки и воспоставувањето на мрежа преку која ќе се овозможи размената на информации за донесени пресуди и одлуки од страна на националните судови.

Мрежата на високи судови (SuperiorCourtNetworkили SCN)официјално е основана на 5 октомври 2015 година во Стразбур, со основна цел да се збогати дијалогот и имплементацијата на Конвенцијата. Оперативната цел е да создаде практично и корисно средство за размена на релевантни информации за судската пракса по основ на Конвенцијата, започнувајќи со пилот фаза во која беа вклучени само дел од судовите, односно CourdeCassationitheConseild'Étatза што е склучен меморандум за разбирање со земјата домаќин на Судот. По повеќе од една година на пилотирање и собрани искуства, мрежата ги доби првичните контури преку формирање на интернет платформа за размена (SCNIntranet), по што во јуни 2016 претседателот на мрежата ги покани судовите кои веќе изразиле интерес да започнат да ја користат интернет апликацијата.Република Македонија сèуште не го ратификувала Протокол 16.

Заклучоци

Конзистентноста на судската пракса на Европскиот суд за човекови права е важно прашање на кое Судот, но и Советот на Европа посветуваат сериозно внимание, а сè со цел долгорочна делотворност на Конвенцијата и јакнење на довербата на јавноста во Судот. Дел од механизмите кои се користат со цел постигнување на конзистентност на судската пракса се експлицитно предвидени во Конвенцијата, како што се предавањето на надлежноста на

Големиот судски совет, предвидено во членот 30 од Конвенцијата и Доставувањето на предмет до Големиот судски совет, предвидено со членот 43. Останатите механизми не се предвидени во Конвенцијата, но нивното функционирање и поставеност имаат за цел спречување на потенцијален конфликт на праксата на Судот.

Проблемот со постоење на спротивставени судски одлуки во еден судски систем кој се состои од мрежа од основни и апелациони судови со посебни месни надлежности е можен и не е редок, а спротивставени одлуки за исти прашања може да се појават дури и во рамките на еден ист суд. Она што е битно е да постојат механизми кои би го решиле, а по можност и спречиле овој проблем. Во правосудниот систем на Република Македонија, Врховниот суд ја има задачата да обезбеди еднаква примена на законите од страна на судовите, но алатките кои му стојат на располагање, како што беше наведено погоре во текстот, од страна на Венецијанската комисија се оценети како несоодветни за еден поредок кој се заснова на принципите на владеење на правото, поделба на власта и ја поткопуваат независноста на судиите. Дополнително, овие механизми не се ни делотворни, на што укажуваат пресудите на Европскиот суд за човекови права во случаите против Република Македонија во кои е утврдена повреда на правото на правично судење токму поради постоење на нееднаква примена на законот. Оттука, овој труд имаше за цел да се осврне на еден друг модел на механизми кои би биле ефикасни без притоа да се во конфликт со принципите на правната сигурност, поделбата на власта и независноста на судиите.

Што е тоа по што моделот за постигнување на воедначена судска пракса на Европскиот суд за човекови права се разликува од моделот на донесување на начелни ставови и начелни правни мислења од страна на Врховниот суд, модел кој се применува во Република Македонија?

- Моделот на донесување апстрактни правни сфаќања од страна на Врховниот суд кои не произлегуваат од конкретен случај е спротивен на уставното начело на поделба на власта, а со тоа и спротивен на принципот на законитост, зошто на тој начин Врховниот суд би ја презел функцијата на законодавец и тоа законодавец со ретроактивно дејство. Од друга страна, во моделот на механизми кои ги користи Европскиот суд за човекови права, кога Големиот судски совет има надлежност да одлучува (а, големиот совет може да се смета за пандан на Општата седница на Врховниот суд), било да е тоа по основ на членот 30 или членот 43 од Конвенцијата, тој постапува и одлучува во конкретен случај, а не донесува општи и апстрактни правни сфаќања, како што е тоа случај со начелните ставови и правни мислења на Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија. Слично како предавањето на надлежност од страна на Големиот судски совет во случајот на Европскиот суд за човекови права, може да се размислува за механизам за предавање на надлежност на Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија,

во случај кога советот кој постапува во конкретен случај има намера да отстапи од воспоставената пракса или се соочува со ново и сериозно правно прашање.

- Моделот на начелни ставови и правни мислења е проблематичен и од аспект на принципот на независност на судството, а со тоа и на членот 6 од Европската конвенција за човекови права и слободи, со кој е пропишано правото на секој неговиот случај да го испитува независен и непристрасен суд, што не е случај кога инстанциониот суд не постапува само по закон и устав, туку и по одлука донесена од страна на друго тело (Општа седница на Врховниот Суд) кое одлучува *in abstracto*, без разгледување на фактите во конкретниот спор. Кај моделот на Европскиот суд за човекови права ова не е случај затоа што при пренесување на надлежноста на Големиот судски совет во негов состав влегуваат и судиите од советот кој ја отстапил надлежноста. На тој начин тие можат да го изразат своето мислење зошто сметаат дека треба да отстапат од дотогашната пракса и за тоа прашање да се дискутира во еден поширок, а со тоа и покредибилен судски состав.

Ваквата поставеност на овие инструменти за еднаква примена на законите со кои располага Врховниот Суд на Република Македонија, како рецидив од еден претходен политички систем, се чини дека повеќе одземаат отколку што придонесуваат за остварување на правна сигурност во општеството, а со тоа не придонесуваат во јакнење на довербата на јавноста во правосудниот систем. Заклучоците од трудот би можеле да се земат предвид при евентуални реформи на правосудниот систем на Република Македонија во поглед на обезбедување на еднаква примена на законите од страна на судовите, а со тоа и зголемување на правната сигурност на граѓаните и зголемување на нивната доверба во судството.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

European Court of Human Rights, *Preliminary opinion of the Court in preparation for the Brighton Conference*, усвоено од Пленарниот суд на 20 февруари 2012, URL=**https://www.echr.coe.int/Documents/2012_Brighton_Opinion_ENG.pdf,**Accessed 08.06.2018

Fribergh, E.; Liddell, R., *The Interlaken process and the Jurisconsult,* достапно на*:***http://www.berger-avocat.eu/the_interlaken_process_and_jurisconsult.pdf,** Accessed 08.06.2018

European Court of Human Rights, *Opinion of the Court on Draf tProtocol No. 15 to the European Convention on Human Rights,* усвоено на 6 февруари 2013,URL=**https://www.echr.coe.int/Documents/2013_Protocol_15_Court_Opinion_ENG.pdf,**Accessed 08.06.2018

European Court of Human Rights, *Opinion of theCourt on Draft Protocol No. 16 to the Convention extending its competence to give advisory opinions on*

theinterpretation of the Convention, усвоено на 6 мај 2013, URL=**https://www.echr.coe.int/Documents/2013_Protocol_16_Court_Opinion_ENG.pdf,** Accessed 08.06.2018

European Court of Human Rights, Information note issued by the Registrar, *ThePilot-JudgmentProcedure*, URL=**https://www.echr.coe.int/Documents/Pilot_judgment_procedure_ENG.pdf,** Accessed 08.06.2018

European Court of Human Rights, *Opinion of the Court on the WisePersons' Report,* Plenar Court, URL=**https://www.echr.coe.int/Documents/2007_Wise_Person_Opinion_ENG.pdf,** Accessed 08.06.2018

Council of Europe, *High Level Conference on the Future of the European Court of Human Rights- Interlaken Declaration***,** , URL=**https://www.echr.coe.int/Documents/2010_Interlaken_FinalDeclaration_ENG.pdf**, Accessed 08.06.2018

Council of Europe, *High Level Conference on the Future of the European Court of Human Rights- Izmir Declaration***,** URL=**https://www.echr.coe.int/Documents/2011_Izmir_FinalDeclaration_ENG.pdf**, Accessed 08.06.2018

Directorate General, Human Rights and Rule of Law Council of Europe, *Reforming the European Conventionon Human Rights:Interlaken, İzmir, Brighton and beyond*, Council of Europe, 2014, URL=**https://edoc.coe.int/en/conferences-on-the-future-of-the-european-court-of-human-rights/7308-reforming-the-european-convention-on-human-rights-interlaken-izmir-brighton-and-beyond-a-compilation-of-instruments-and-texts-relating-to-the-ongoing-reform-of-the-echr.html,** Accessed 08.06.2018

Cohen, M**.,***Judges or Hostages? Sitting at the Court of Justice of the European Union and the European Court of Human Rights,* URL=**https://ael.eui.eu/wp-content/uploads/sites/28/2017/04/EU-Vauchez-01-Cohen.pdf,** Accessed 08.06.2018

Barkhuysen, T.,vanEmmerik, M., *Legitimacy of European Court of Human Rights judgments: Procedural Aspects*, URL=**https://openaccess.leidenuniv.nl/bitstream/handle/1887/13429/Legitimacy+of+European+Court+of+Human+Rights.pdf;jsessionid=11DDAC3B1C2F91E81FE41AB42D0729BC?sequence=1**, Accessed 08.06.2018

Engstad,N.,*IntroductionattheHigh-Level Conference on the Harmonisation of Case Law and Judicial Practice, Athens, 29 September 2017, Consistency of the case law as a prerequisite to legal certainty: European and national perspectives*, URL=**https://rm.coe.int/nils-engstad-president-of-the-council-of-europe-s-consultative-council/1680759572**, Accessed 08.06.2018

European Court of Human Rights, Rules of Court, URL=**https://www.echr.coe.int/Documents/Rules_Court_ENG.pdf**, Accessed 08.06.2018

Council of Europe, European Convention on Human Rights, URL=**https://www.echr.coe.int/Documents/Convention_ENG.pdf,** Accessed 08.06.2018

Sahin and Sahin v Turkey, AppNo. 13279/05, URL= **https://hudoc.echr.coe.int/**, Accessed 08.06.2018

Chapman v. theUnitedKingdom [GC], no. 27238/95, § 70, ECHR 2001-l.

Атанасовски против Република Македонија (Жалбабр. 36815/03), достапно на: **http://www.pravda.gov.mk/txt/presudi/mak/atanasovskimak.pdf**, последно пристапено на 02.02.2018 година;

Стоилковска против Република Македонија (Жалба бр.29784/07), достапно на:**http://www.pravda.gov.mk/documents/Stoilkovska%20protiv%20Republika%20Makedonija-%20presuda%20od%2018.07%202013.pdf**, пристапено на 02.02.2018 година;

Балажоски против РепубликаМакедонија бр.45117/08, пресуда на ЕСЧП од 25.04.2013 година, достапно на: **http://www.pravda.gov.mk/documents/balazoski_PREVOD.pdf** ,пристапено на 02.02.2018 година;

Спасовски против РепубликаМакедонија, бр 45150/05, 10 јуни 2010 година), достапно на: **http://www.pravda.gov.mk/txt/presudi/mak/spasovskimak.pdf**, последно пристапено на 02.02.2018 година;

Допис на Здружението на судии на Србија Бр.8/2014, достапно на: **http://www.ombudsman.rs/attachments/3294_3odgovor%20zastitnik%20gradjana%20kragujevac.pdf**, последно пристапено на 02.02.2018 година;

Мислење на Венецијанската Комисија бр.467/2007, достапно на **http://www.venice.coe.int/webforms/documents/?pdf=CDL-AD(2008)007-e**р.16, последно пристапено на 02.02.2018 година;

Закон за судовите “Службен весник на Република Македонија” бр.58/06, 35/08,У.бр.256/07,У.бр.74/08,150/10,У.бр.12/11

УДК: 316.347-027.6:323.14(497:497.7)

НАЦИИТЕ И НАЦИОНАЛИЗМИТЕ НА БАЛКАНОТ: СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА МАКЕДОНИЈА

Златко Стојанов
Студент на постдипломски студии на Правен Факултет при Универзитет „Гоце Делчев“-Штип
zlatkostojanov@ymail.com

Апстракт
Кои се причините за настанување на модерните форми на етнички национализам на Балканот и анализа на историите на неколку балкански земји (имено Македонија и нејзините соседи, Бугарија, Грција и Србијапоради нивната заедничка историја и блискост) во последниот период на владеењето на Османлиската империја над нив и периодите на национално будење и создавање на нации и национален идентитет кај нив. Исто така ќе се даде дефиниција на термините на нација, национален идентитет и етнички идентитет како средство што ќе ни помогне во ова. Во периодот на борбата против Османлиската империја и националното будење на балканските народи се создаваат нивните национални идентитети врз основа на глорификација на историјата на тие народи и нивната борба против Османлиите, којашто потоа се имплементира врз луѓето кои живеат во овие територии. Без разлика на етничката припадност на еден човек тој се здобива со национален иденититет заснован на местото на живеење, но овој национален идентитет е тесно поврзан со етничкиот идентитет на доминантниот етникум со што на определен број на луѓе им е наметнат туѓ идентитет.

Клучни зборови: *Нација, Идентитет, Етницитет, Самоопределување*

NATIONS AND NATIONALISMS IN THE BALKANS: WITH A CLOSER LOOK AT MACEDONIA

Abstract

What imposed the current form of ethnic nationalism in the Balkan States, with an analysis of the histories of several Balkan nations (specifically Macedonia and her neighbors, Bulgaria, Greece and Serbia, because of their common history and shared borders) at the period of national awakening and the creation of their nations and national identities at the end of the Ottoman rule over them. There shall be an attempt to define the terms nation, national identity and ethnic identity as the means of shedding clarity on this endeavor. These national identities were created based off of glorifying the histories of the Balkan peoples and their struggles against the Ottomans in the period of strife against the Ottoman Empire. With the national awakening of the Balkan people, this idea is then implemented over the populace in these territories. Despite the ethnic attachment of a single person they gain the national identity based off of their place of residence, but this national identity is closely linked with the ethnic identity of the dominant ethnic group, and with this circumstance a certain group of people have a foreign identity imposed upon them.

Keywords: *Nation, Identity, Ethnicity, Self determination*

Вовед

Националниот идентитет е нешто што во модерното време се поврзува со колективниот идентитет на една заедница. Низ историјата на човештвото отсекогаш постоел концептот на колективен идентитет како начин за означување на припадноста на индивидуата како дел од посебна група. Наједноставниот начин на создавање јасно дефинирана колективна група е преку екстрахирање на определена карактеристика или низа карактеристики кои припадиците на групата ги поседуваат или имаат идеја дека ги поседуваат, издигнувањето на тие карактеристики како дефинирачки за идентитетот на групата и јасен начин на нивно издвојување од другите колективни групации.

Овде веднаш се појавува проблемот на тоа како посебните карактеристики на определена група ќе и дозволат да се издвои, и по која важност можеме да ги подредиме овие особености. Карактеристиките како религиозното убедување, етничката/племенска припадност, расните категории, како и културните или политички убедувања и дозволуваат на една група луѓе

да создадат своја посебна колективна заедница во која сите припаници за себе би имале поим дека тие ги имаат потребните карактеристики за припадност. Сепак фактот што човековите битија во себе имаат повеќе различни форми на идентификација и повеќе карактеристики доведува до определено спојување на различните карактеристики во една поширока форма на идентификација. На пример идентитетот на Евреите е истовремено поврзан со нивниот идентитет од религиозна смисла, како и од припадноста во групата од етничка смисла. Кај генезата на Еврејскиот идентитет постојат низа митолошки перцепции поврзани со нивната историја кои ни покажуваат определени настани како родословието на народот преку првиот патријарх Аврам, поробувањето на Евреите во Египет и нивното ослободување, создавањето на законите во Синај, царствата на Соломон и Давид и сл. Со овие настани се појавува елемент на родословие на еврејскиот народ еден генетски, т.е етнички елемент кој ја поврзува религијата.[1] Да се биде Евреин не е само дел од религиозниот идентитет на еден народ, туку се поврзува и со неговата етничка припадност.Ќе напомениме дека секоја форма на идентитет не мора да биде втемелена во реалноста, туку најважниот дел е во перцепцијата и самоидентификацијата на определена личност или група луѓе. Кај примерот со Евреите нивниот идентитет е конгломерат на религиозната идентификација и етничката идентификација, но низ историјата на нивното прогонство близу две илјади години од својата матична нација, се појавуваат случаи на луѓе кои ја превземаат еврејската религија, при што за овие луѓе е исполнет религиозниот аспект на идентификацијата, но не и етничкиот. Решението на овој проблем е едноставна промена на перцепцијата, при што лицето кое преминува во религијата и пренесува слика на неговите потомци дека тоа отсекогаш било член на етничкиот аспект со што кај нив се појавува лажна слика за идентитетот.

Идентитетот е нешто што при втемелување на митовите и историографијата на народот добива појасна форма. Кај балканските народи постојат посебни прилики кои довеле до формирањето на нивните идентитети, а прашањето како и зошто балканските нации ги имаат ваквите форми на национални идентитети ќе се одговори само преку преглед на факторите кои довеле до нивното формирање.

Создавањето на националниот идентитет

Националниот идентитет според претходно споменатата идеја за колективните форми на идентитет претставува форма на идентификација на еден народ. Тој превзема повеќе форми на колективни идентификации и ги спојува во една, поврзана со идентитетот на поголема група луѓе или народ на една суверена држава. Најчесто националниот идентитет е поврзан со

[1] Smit A., Nacionalni identitet, Biblioteka XX Vek, Beograd, 1998, стр. 58.

суверената нација-држава и претставува еден темел на нејзиното постоење. Возможно е да постои форма на национален идентитет на група која во моменталниот период на историјата нема своја независна држава. Секој припадник на нацијата, а со тоа и на државата преку идентификацијата со националниот идентитет на неговата нација се здобива со една форма на колективен идентитет и чувство на припадност кон својата заедница, кое можеме да го дефинираме како национална гордост и патриотизам кон нацијата, додека пак нацијата се здобива со лојален поданик кој би ја заштитувал неа под знамето на националниот идентитет.

Кај определени држави во модерниот свет постојат различни форми на стекнување на националниот идентитет на народот кој живее во нив, т.е различни форми на колективни идентитети кои го формираат јадрото на националниот идентитет. Постои една идеја за настанувањето на националниот идентитет која се заснова на концептот на примордијализам сторед кој определени карактеристики и културни атрибути постојат априори и дека овие конструкти и атрибути се движечката сила на определен народ. Аспектите како јазикот, културата, религијата и територијата го формираат етничкиот карактер на еден народ. Преку примордијализмот се постулира идејата дека нацијата е стара, таа отсекогаш постоела во една или друга форма. Карактеристиките кои ги има една група луѓе формираат комунална етничка заедница, која подоцна преку нејзиното залагање се претвора во нација.[2] Модерното гледиште за настанокот на нацијата го отфрла примордијализмот и идејата за константноста на нацијата, заменувајќи го со принципот на конструираноста на нацијата и националниот идентитет. Во модерната мисла предвладува теоријата за т.н замислени заедници, т.е идејата дека нацијата е конструкт создаден во релативно поновата човекова историја и која како свои идеали зема измислени традиции и историја. Ерик Хобсбаум ни дава низа идеи со кои нацијата се претставува како конструкт на национализмот, а поспецифично како резултат од фузијата на етнолингвистичкиот принцип на засновање на јадрото на новите нации. Поедноставно кажано државата преку нејзиното зајакнување и централизација, како и преку технолошките помагала од типот на распространетоста на печатарството и масовната урбанизација и индустријализација, го задојуваат народот во нив со митолошки претстави за нацијата. Етнолингвистичкиот аспект е во тоа што доминантниот јазик и етникум се корелираат со националниот идентитет на државата. Истовремено митолошките претстави добиваат еден аспект на континуитет низ вековите, при што се тврди дека народот отсекогаш постоел на територијата на државата и отсекогаш се идентификувал како посебен и нивните традиции се протегаат низ

[2] Smit A. , The Nation in History – Historiographical Debates about Ethnicity and Nationalism, University Press of New England, Hanover, 2000, стр. 5.

вековите. Хобсбаум дава примери на "традиции" кои всушност се модерни изуми како килтот и шкотската гајда.[3]

За модерната нација доминанатната теорија е дека таа се формира заедно со националниот идентитет и национализам преку презентирање на идеја за вековното постоење на нацијата која нужно не е вистинита и не е рефлексија на реалноста туку поважно од се е перцепцијата која се создава кај просечниот припадник на нацијата. Модерниот национален идентитет според Смит има определени карактеристики како:

1. Историска територија, односно татковина
2. Заеднички митови и историски сеќавања
3. Заедничка јавна култура
4. Заеднички законски права и должности на секој припадник на заедницата
5. Заедничка економија.

Националниот идентитет е мултидиминзионална карактеристика на еден народ зароден преку неговата перцепција.[4] Во определени случаи националниот идентитет се создава како резултат на прогресијата на општеството во поразвиена индустриска форма при која инструментите на државата бараат идентитет кој ќе ги поврзе сите нејзини припадници и ќе ги олесни односите во општеството.

Формирање на Балканските национални идентитети и национализми

Преку имплементирање на претходно споменатите идеи за конструираноста на националниот идентитет како фузија на карактеристиките на населението на определена територија и создавање на национален идентитет според нив. Сепак поради геополитичките карактеристики на регионот во периодот на формирање на нацијата се појавуваат проблеми од типот на фабрикација на аспекти на националниот идентитет поради изгубени или неадекватни супституенти. Петвековното османлиско владеење доведува до

[3] Шкотската гајда е претставувана како симбол на шкотската нација и шкотскиот дух иако реалноста е комплетно различна. Гајдата е поставена како симбол по унификацијата со Англија, како еден вид на протест за зачувување на шкотската култура во новата држава. Шкотите пред унификацијата ја сметале гајдата или поточно рудиментарната форма на неа за варварски инструмент на луѓето од Шкотските Гори, комплетно различни од цивилизираните Шкоти од низините. Истовремено се промовира една идеја дека ирската култура е инфериорна на шкотската, а елементите од ирската култура кои шкотската ги превзема се претставени како оригинално шкотски, додека ирската култура се претставува како култура на етнографски крадци. Види, Hobsbawm, Eric and Terence Ranger. The Invention of Tradition, Cambridge University Press, 1992, стр. 15.

[4] Smit A., Nacionalni identitet, Biblioteka XX Vek, Beograd, 1998, стр. 30.

делумна загуба на средновековните традиции на поробените православни народи и нивна замена со османлиски, т.е азијатски традиции и култура, која во периодот на формирањето на независните балкански нации е демонизирана и отфрлувана поради концептот дека оваа култура и традиции не се тие на балканските народи, и поради желбата на новоформираните држави да се доближат до европските велесили и култура. Кај балканските држави постои желба за глорификација на својата историја, па дури и определени аспекти се премолчуваат и се дизајнираат нови елементи на нив. На пример во грчката држава во определени стадиуми на државотворност се дисеминирала идејата дека целокупното население во Грција се состоело од наследниците на Античките Хелени, без притоа да се погледне дека определени маси од население не биле Грци од етнички аспект. Дури и од лингвистичкиот и религиозниот аспект населението можело да не биде грчко, но државата преку асимилација создава т.н висока култура која се темели на Грчката Патријаршија од религиозен аспект, и на грчкиот јазик од лингвистички аспект, и која ги приклонува народните маси во себе, притоа претворајќи го негрчкото население во Грци.[5]

Друга форма на ширење на националистичките идеи било преку формирање на традиции и култура поврзани со делумно парадоксалната идеја на виктимизација на народот од страна на Османлиската Империја и херојскиот карактер на самиот народ претставен преку борбата против Османлиите, и преку зачувувањето на нивните традиции, особено преку зачувувањето на православната христијанска вера. Овде се создава една чудна форма на национална митологија, народот истовремено е претставен како потиснат од Османлиите и се појавува виктимолошка култура, но истовремено се покажува и слави херојскиот аспект на народот. Ваквите идеи потекнуваат од една романтичарска перцепција за минатото. Предците кои живееле во периодот на османлиското господство се претставувани како луѓе кои чезнеат кон ослободување, и кои константно биле под репресивен јарем. Според ова гледиште националниот идентитет е нешто што постоело во срцата на народните маси, и кое со ослободувањето од османлиското господство комплетно природно се манифестирало во новосоздадените држави. За разлика од концептот на континуитет на нацијата и идентитетот, реалноста на средновековните балкански кралства е таква што тие претставувале релативно краткотрајни сојузништва на повеќе благородници поврзани со заемна корист, при што државите биле во состојба на константна флуктуација во своето постоење. Меѓусебните врски на благородништвото ги утврдувале државите и нивните центри со исклучок на Византија како константна држава и

[5] Стојановски С. , Од Милет до Нација – Создавање на нациите и национализмите на Балканот, Универзитет "Гоце Делчев" – Штип, Центар за правно-политички истражувања, 2016, стр. 69.

Константинопол како нејзин административен центар. Спротивно од Византија, средновековната Бугарска држава го променува својот главен град од Плиска во Преслав, па потоа во Охрид и на крај во Трново. Средновековната српска држава за времето на царот Стефан Душан го поставува Скопје како главен град на неговото царство.[6] Овој модел на владеење очигледно не покажува никаква форма на национален континуитет, а кај ваквата средновековна држава националниот идентитет како што ние го знаеме не постои. Константните битки за превласт меѓу благородништвото делумно придонесува кон потпаѓање на балканските држави под осмалниско владеење, дури и до тој степен што ваквите битки за превласт меѓу локалното благородништво се префрлуваат во османлискиот период, со што определени вазални кнежевства се борат на османлиска страна против непријателите на Османлиите. Ваквите сојузништва помеѓу христијанските вазали и Османлиите ја разбиваат романтичарската идеја за борба меѓу христијанството и исламот, која се манифестирала во ослободителните војни против Османлиите.

Прегледот во националистичките идеологии на балканските народи ни покажува два важни факти во нивното формирање,

1. Милетскиот систем на владеење за време на Османлиското подаништво
2. Етнорелигиозните карактеристики на националистичките структури

Во главно народите на Балканот во периодот на формирање на свои независни држави превземаат една форма на национализам кој би бил карактеризиран како органски, и кој се појавува во Централна и Источна Европа, Русија, Блискиот Исток и големи делови од Азија. Органската нација ја поставува тезата дека секоја индивидуа во моментот на раѓање се прислонува кон својата нација со самиот чин на раѓање поради карактеристиките кои индивидуата ги има. Индивидуата се раѓа во нацијата и не може да излезе од неа.[7]

Државите кои ќе се формираат на Балканот со дегенерацијата на Османлиската Империја ја здобиваат својата национална идентификација делумно поради милетскиот систем на Османлиите. Милетскиот систем бил создаден на таков начин што населението го поделува согласно религиозните чувства. Во него црковните општини се здобиваат со определени права и привилегии за контрола на населението кое припаѓа во нив. Ова придонесува кон етнорелигиозниот карактер на балканските народи и покажува како

[6] Jelavich B. , History of the Balkans, Eighteenth and Nineteenth Century, Volume I, Cambridge University Press, Cambridge 1983, стр.27.
[7] Smit A. , The Nation in History – Historiographical Debates about Ethnicity and Nationalism, University Press of New England, Hanover, 2000, стр. 6.

балканските држави ќе ги формулират своите национални идентитети. Во главно етносот и религијата се изедначуваат на таков степен што една индивидуа преку промената на својата религија ја променува и националната, т.е протонационалната припадност. Бугаринот можел да стане Турчин ако го прифати исламот, а Гркот можел да стане Бугарин ако и се придружи на Егзархијата.[8]

Под милетскиот систем самите општини од најниско ниво, низ повисоките ешаблони, се до највисоките нивоа биле конструирани на таков начин што населението коа припаѓа на една религија да биде поставено под раководство на свештеници од таа религија кои би дејствувале првенствено како спиритуални водачи на населението, потоа како администратори или лица поврзани со османлиските авторитети и кои би ја користеле оваа административна функција за надгледување на земјата, собирање на данок и надгледување на дистрибуцијата на државен имот на определени лица.[9] Покрај фактот што благородништвото било од редовите на исламската религија, христијанските свештеници, особено оние на повисоките ешалони имале голем углед, моќ и богатство во ваквиот систем. Автономијата која им била дадена на немуслиманските милети (Ерменскиот, Православниот и Еврејскиот) им дозволувал да ги користат своите регулативи и правила, вклучувајќи ги и правните регулативи пренесени од средновековните христијански земји. Ваквиот систем дозволувал населението да биде образувано во својот јазик и религија, како и да се зачуват традициите, кои подоцна во моментот на слабоста на Империјата ќе бидат искористени како модели за националниот дух на новите држави.[10]

Свештенството во ваквиот систем имало голема моќ и привилегии, кои во случајот со православниот милет им биле дозволени големи слободи во управувањето со црковниот имот и црковните училишта. Православната црква, претставена преку Цариградската Патријаршија, имала моќ да го наметне својот збор во секојдневието на населението, што подоцна имало и влијание во утврдувањето на националните идентитети, преку конфликтот меѓу грчката и бугарската црква. Овој конфликт влијаел врз определувањето на националниот идентитет на голема маса луѓе зафатени од овие црковни интриги. Во примерот на конфликтот меѓу бугарската и грчката црква, Патријаршијата се залагала за

[8] Стојановски С., Од Милет до Нација – Создавање на нациите и национализмите на Балканот, Универзитет "Гоце Делчев" – Штип, Центар за правно-политички истражувања, 2016, стр. 127.
[9] Исто, стр.84.
[10] Banac I. , The Yugoslav National Question: Origins, History, Politics, Ithaca,NY: Cornell University Press, 1983 цитирано во Bardos G., Ethnoconfessional Nationalism in the Balkans: Analysis, Manifestations and Management, Columbia University, 2013, превземено од Columbia University Libraries - http://library.columbia.edu/, https://academiccommons.columbia.edu/catalog/ac:157499, 03.05.2018, стр.35.

хеленизација на населението на територии кои таа ги сметала за свои, додека Егзархијата претставувала еден посебен православен бугарски идентитет и инсистирала таа да има контрола над населението кое го сметала за Бугари.

Целокупните национални идентитети на Балканот во главно се карактеризираат со една идеја за нанесена историска неправда врз населението на тие земји преку освојувачките походи на Османлиите и нивното уништување на средновековните царства на балканските народи, и желбата за исправување на таа историска неправда преку обединување на целокупното население кое ги имало карактеристиките на матичната држава.

Како примери за оваа желба за унифицирање се :

1. Желбата за унификација на српскиот народ преку политичкиот текст "Начертаније" на српскиот политичар Илија Гарашанин
2. Желбата за Санстефанска Бугарија
3. "Мегали Идеа" на грчката држава.

"Начертаније" дава јасна слика на желбата за создавање на српска нација која ги влече своите корени од средновековието, а во неговите зборови се покажува слика на силата на српскиот народ кој преку создавање на Душановото српско царство го превзема владението на Балканот од ослабнатата Византија. Според Гарашанин од сите Јужни Словени, Србите биле најголемите заштитници на словенските народи и христијанството од турскиот напад и затоа новата држава на Јужните Словени треба да биде под Српско раководство. Во оваа држава треба да припаѓа територијата на тогашното српско кнежевство како и териториите на Босна и Херцеговина, Македонија, Црна Гора, Северна Албанија, Хрватска, Далмација и Славонија. Бугарија ја поставува како посебна држава, но интересно е тоа што смета дека на бугарскиот народ му недостасува духот за независност и бунт, и дека тие се верни слуги на Турците за време на нивното господство над нив, а потоа дека се претвораат во слуги на Русија. Од Бугарија бара нејзино духовно и интелектуално покорување пред Србија од аспект на супремација на српската над бугарската црква и на српскиот над бугарскиот образовен систем. Гарашанин бара од Србите во Босна да се приклучат кон татковината за да не се случи нивно фрагментирање на мали држави кои би немале иста политичка моќ како Србија и кои лесно би потпаѓале под странско влијание.

Санстефанска Бугарија е резултат од руско-турската војна од 1877-1878 што завршува со победата на Русија која по освојувањето на Софија ги форсира Турците во мировен договор. Договорот од Сан Стефано планирал формирање на т.н Голема Бугарија, која би се протегала до Дунав на север, до Црното Море на исток, до Егејското Море на југ и до Охридското езеро на запад, со исклучок на Солун кој бил оставен за грчката држава. Овој договор ги задоволил бугарските националисти, освен предавањето на Солун. Поради фактот што

останатите големи сили не биле задоволни од овој договор, тој се поништува и се заменува со нов договор донесен на Берлинскиот конгрес од 1878 со кој се губат определени територии (Македонија се враќа на Османлиите) а бугарските територии се делат на Бугарија и Источна Румелија при што Бугарија се здобива со статус на автономно кнежевство со свој сопствен кнез.[11] Друг аспект на бугарскиот национален идентитет е силното антигрчко движење за национално ослободување. Грчките обиди за хеленизација на Бугарите имаат негативно влијание врз населението кое успева преку користење на средства од бугарската држава или од надворешни извори да го задржи својот словенски карактер, поради сликата која постоела за бугарското население. Бугарите биле претставувани како инфериорни, нерафинирани селани, кои природно биле на пониските социјални позициии. Ова мислење било застапено кај слојот на грчките интелектуалци и преродбеници.[12] Ваквите негативни мислења наспроти презентираната идеја за славното минато на бугарскиот народ доведуваат низа Словени во бугарското јадро преку центрите за индоктринација - црквата и училиштата. Низа словенски интелектуалци и припадници на буржоазијата се оттргаат од хеленизирачкото дејство претворајќи се во тврдокорни националисти.[13]

Мегали Идеа или Големата Идеја е концептот за проширување на грчките територии се додека тие не би биле со големината на Византија, и преку хеленизација на негрчкото население да се создаде една панправославна грчка нација. Грција во овој период покажува еден нов концепт на национално градење кој се оддалечува од идејата за континуитетот на нацијата од расен аспект и се пренасочува кон културолошкиот аспект на нацијата. Овој метод, кој за разлика од националистичките идеологии на Србија и Бугарија кои го користат расниот, т.е етничкиот метод на идентификација на населението и тврдат дека населението на определена територија се Срби или Бугари во согласност со тезата на континуитетот на етносот. Грција под интелектуалните тези на проф.Константин Папаригополус создава идеја дека најважниот аспект на нацијата е “духот” на народот, т.е дека постои определен метафизички аспект на нацијата. Ваквата метафизичка нација преку дисеминација на определена култура може да ги претвори варварите во Грци. Ваквата

[11] Wenshuang L.,2014,The rise of Bulgarian nationalism and Russia's influence upon it, University of Louisville, превземено од The University of Louisville’s Institutional Repository - https://ir.library.louisville.edu/, https://ir.library.louisville.edu/etd/1548/, 03.05.2018, стр.42.

[12] Daskalov R., Tchavdar Marinov, Entangled Histories of the Balkans, Volume One: National Ideologies and Language Policies, author Roumen Daskalov, Bulgarian-Greek Dis/Entanglements, Balkan Studies Library, volume 9, Brill, 2013, стр.168.

[13] Иван Селимински, бугарски просветител изразува емоции на тага и фрустрација што не можел да ја одбранува бугарската кауза на мајчиниот јазик, туку поради неговото образование на грчки морал да пишува на овој јазик.

идеологија во една интересна страна се оттргнува од секуларниот хеленизам и ја брани и зголемува улогата на Византија и особено на Патријаршијата како бранител на грчкиот народ и идентитет. Црквата била институцијата која ја одбранила грчката нација од дегенерацијата на муслиманскиот варваризам. Сепак со текот на времето, етничкиот аспект повторно се појавува и доминира во грчката националистичка сфера преку заборавање на ваквите високи структури од страна на просечното население и создавање на ментална слика кај просечниот Грк за континуитетот на неговата нација и крв од антиката, преку средновековна Византија до модерната Грчка држава и инсистирање дека тој е наследник на антиката.

Националните идентитети на балканските држави главно се карактеризираат со овие форми, желба за унификација на целокупното население кое го зборува јазикот или кое ја дели крвта или религијата со матичната држава, желба за глорификација на славното минато и изградување на националните митологии според него, виктимолошки статус на православните балкански земји и нивното претставување како заштитници на православието наспроти исламот, етнорелигиозниот фундамент на националниот идентитет според кој лицето е припадник на нацијата ако ги исполнува овие карактеристики и митологијата за неправда нанесена на државата од страна на непријател од страна (Османлиите, останатите балкански соседи, или големите сили). Овие карактеристики на балканските земји им даваат посебна форма на нивниот национален идентитет за што може да се каже дека е формиран од уникатна низа на последици. Источната форма на национален идентитет доведува до тоа да постои колективна форма на општественото уредување и поголема и лесно дефинирана етнорелигиозна припадност на населението во овие земји, дозволувајќи да се создаде население кое ги прифаќа овие карактеристики за себе како неменливи.

Формирањето на националната идеологија на Македонија

Македонската држава се наоѓа во една уникатна положба за разлика од нејзините соседи во аспектот на националниот идентитет и националистичките идеологии од аспект на формирањето на нацијата. За разлика од соседните држави кои успеваат да создадат јасно дефинирани национални идентитети во периодот пред своето ослободување, Македонија нема јасно дефиниран идентитет кај мнозинското население, како и фактот што соседите успеваат да формираат независни држави далеку пред формирање на официјална Македонска држава. Со исклучокот на Албанија која се стекнува со независност во 1912 година, и Косово кое иако е држава која прогласува независност од Србија во 2008 година сепак го користи албанскиот национален идентитет на мнозинското свое население, останатите соседи на Македонија

создаваат свои независни држави во 19 век, додека пак нивните национални идентитети се создаваат пред формирањето на нивните независни држави. Со вклучувањето на фактот дека овие држави и национални идеологии се промовираат преку агресивно ширење на територииите за кои тие имале тврдење дека се нивни според историското минато на територијата. На пример Србија и српскиот иредентизам кон македонската нација се темели на фактотот што најголемото српско средновековно царство, царството на Стефан Душан со центар во Скопје опфаќало територии во денешна Македонија. Поради ова народот кој живее на оваа територија и кој во периодот на 18, 19 и почетокот на 20 век за себе нема етнички идентитет, туку се раководи според религиозниот идентитет или според идентитетот здобиен преку асимилирање на српска, бугарска или грчка национална пропаганда. Едно село можело да промени припадност на своето население од една кон друга националност во зависност од тоа дали тоа би потпаднало под замавот на националистичката пропаганда на едната или друга страна или пак едноставно би било приморано да избере националност под закана од насилство.[14] Борбите меѓу националистичките движење на држави кои веќе имале јасно дефинирани национални идеологии, движења и националистички струи довело до тоа локалните движење за народно ослободување да се дефинираат по надворешното влијание. Каракасиду дава јасни примери за оваа идеолошка битка на територијата на денешна северна Грција, во која голем дел од населението имало словенски карактер. Ова население за себе немало идеја да се претставува како Македонци, туку се претставувале како припадници на православната вера. Со формирање на Бугарската Егзархија и нејзиното одделуваање од Грчката Патријаршија, таа започнува кампања на преобраќање на следбениците на Патријаршијата во овие територии со словенски карактер во егзархисти или Бугари. Карактерот на овие Бугари бил комбинација од етнички или расен елемент и религиозен елемент. Егзархистот истовремено ги прифаќа религизониот елемент како православен следбеник на Егзархијата и етничкиот елемент како Бугарин, член на словенското семејство на бугарскиот народ. Патријаршијата пак се обидува да ги хеленизира преку наметнување на грчкиот јазик и подоцна грчки идентитет.[15]

Македонија во овој период е земја во која населението за себе нема посебен идентитет и која поради политичките прилики нема можност да создаде интелектуална елита која би создала дистинктен македонски идентитет. Под ова подразбираме создавање на идентитет на народот од словенско потекло и од православна вера, кој денес се нарекува Македонски народ, и создавање на државотворна митологија според минатото на регионот. Како што српскиот

[14] Каракасиду А., Полиња Жито, Ридишта Крв, Патиштата кон националноста во грчка Македонија 1870-1990, Магор Скопје, 2002, стр.89.
[15] Исто, стр. 94.

народ ги прогласува историските ликови како Царот Стефан Душан и Кнезот Лазар за Срби, иако тие првенствено себе би се сметале за христијани, и не би имале воопшто концепт за национален или етнички идентитет како што ние денес би го сметале, така и македонската интелигенција би создала митолошки ликови според минатото на регионот и би ги користела како пример за македонската нација. Неможноста тоа да се создаде во 19 и почетокот на 20 век е поради политичката положба, но за време на Втората Светска Војна се појавува можноста за формирање на македонска нација и македонскиот национален идентитет кој би имал своја посебна митологија и национална историја раководена од претставени фигури, митови и историски моменти. Иако дел од македонските интелектуалци во крајот на 19 век имаат еден зародиш на македонскиот етнички идентитет, тој посилно се развива во периодот на комунистичка Југославија. Македонските интелектуалци во овој период започнуваат да креират митологија на македонскиот идентитет преку заменување на термините Бугари, Словени, Егзархисти, Патријаршисти, Христијани се терминот Македонци, слично како што акциите што ги вршеле интелектуалците на соседните земји во претходниот век. Во овој период како најзначајни моменти на македонското национално движење се поставуваат-формирањето на Тајната Македонско-Одринска Револуционерна Организација (ТМОРО) формирана во 1893 и наследена од денес попознатата Внатрешна Македонска Револуционерна Организација (ВМРО), Илинденското востание против Османлиите од 2 Август 1903, Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ) чие прво собрание било на 2 Август 1944, создавајќи врска со Илинден со што влегува во македонската популарна мисла како Вториот Илинден, и секако како и соседните државни кои барале врска со минатото и македонската држава се карактеририра со поставување на краткотрајното царство на царот Самуил и неговите наследници (969-1018) како дистинктна македонска држава. Поради фактот што царството на Самуил како центри ги имало Преспа и Охрид, се игнорира дотогаш етаблираниот карактер на Самуил како бугарски цар и се промовира неговиот македонски карактер, додека бугарските националисти продолжуваат со величењето на него како Бугарин.[16] Словенскиот карактер на македонската држава се потенцира за време на комунистичкиот период, додека пак по формирањето на независна македонска држава се појавува една тенденција на минимизирање на словенскиот аспект на македонскиот народ и потенцирање дека македонскиот народ е директниот наследник на античките македонци со

[16] Atanasov P. Macedonian national identity: quantitative differences between unitary and subaltern national myths and narratives. Discussion papers (South East Europe series), DP32. Centre for the Study of Global Governance, London School of Economics and Political Science, London, UK, 2004. Превземено од LSE Research Online,http://eprints.lse.ac.uk/,http://eprints.lse.ac.uk/23437/1/DP33_MacedonianNationalIdentity.pdf, 02.05.2018, стр. 12.

што се оттргнуваат од словенскиот карактер на народот, јазикот, црквата и обичаите и се промовира идеја за долго национално педигре.[17] Ваквите идеи денес се карактеризираат со неколку тези, едната теза е дека македонскиот народ денес е директниот наследник на античките македонци, при што словенските елементи се оттргаат или се презентираат како резултат на мешање на народите или инфилтрација на словенска култура и јазик во македонскиот народ. Друга теза е дека македонскиот народ денес е мешавина меѓу античките македонци и словените, при што секогаш се потенцира античкиот карактер прв како поважен додека словенскиот карактер кој на секој непристрасен набљудувач се покажува како поголем сепак се намалува. Овие идеи се прошируваат низ модерната македонска држава кај населението од етничко македонско (словенско) потекло, додека кај припадниците на малцинските етнички заедници постојат јасно дефинирани етнички идентитети како припадници на таа заедница, со исклучок на Македонците-муслимани или Торбеши кај кои постои припадност на етничката заедница на Македонци и религиозна припадност на исламската религија. Македонците муслимани претставуваат интересен дел од модерниот динамизам на националната идеологија, тие имено за себе имаат став дека претставуваат етнички Македонци, но од останатото население се гледани како странци, со што со текот на времето тие се дистанцираат од Македонците христијани и се карактеризираат како посебна група. Согласно османлиската традиција на наметнување идентитет на народот согласно религијата и релативната изолираност на припадниците од оваа група, кај нив постои парадоксално барање за прогласување на посебна група иако според етничкиот принцип, Торбешите се етнички Македонци.

Формата на национален идентитет во Македонија во 19 век и разликите од модерниот идентитет

Националниот идентитет како што денес би го сметале согласно митолошките перцепции за Македонскиот народ и етнос не постоеле во 19 век. Македонските просветители за себе првенствено имале идентитет како православни христијани кои по влијанието на руската држава за ”будење на словенскиот карактер на населението” за себе превземале став или дека се Словени, а во подеоцнежните периоди се идентификувале како Бугари. Со исклучок на определени интелектуалци како Крсте Петков Мисирков, кој во своето дело “За македонцките работи” покажува јасна слика за одделување од бугарите кои иако се наведувани како браќа под јаремот на Грчката Патријаршија, сепак кај Мисирков преовладува концептот и себесознанието првенствено како Словен, но во други дела се идентификува како Бугарин или

[17] Исто, стр. 14.

Македонски Бугарин. Додека тој нема иста форма на национален идентитет како модерниот Македонец сепак покажува една слика на изолираност од останатите балкански народи по територијален принцип. Македонските просветители кои биле под руско и бугарско влијание првенствено барале отцепување од Грчката Патријаршија. Постојат определени македонски и бугарски интелектуалци кои даваат појасно дефинирана македонска националност како бугарскиот просветител Петко Славејков кој изјавува дека Македонците не се Бугари и споменува во едно писмо дека Македонците не мораат да создадат посебна црква кога веќе постои Егзархијата.[18] Како друг пример Анастасовски го споменува македонскиот револуционер и просветител Ѓорѓија Пулевски кој изјавува дека нацијата е: „*Луѓето кои се од еден вид и кои го зборуваат истиот јазик и кои живеат едни со други и кои ги имаат истите обичаи песни и прославување – овие луѓе се нарекуваат нација и местото во кое живеат нарекувано татковината на наа нација. Така и Македонците се нација и ова место е Македонија.*“[19]

Прашањето кои овие просветители го поставуваат на модерниот читател е дали тие се дефинират како Македонци од етнички и религиозен аспект или Македонци од територијален аспект. Протомакедонскиот национализам од 19 и раниот 20 век можеби е форма на територијална идентификација според која соседните народи се исклучуваат поради фактот што тие не припаѓаат на таа територија. Едноставно македонскиот национален идентитет гледан преку ваквата призма може да се идентификува како форма на племенски идентитет именуван од територијалните опструкции меѓу македонскиот народ и неговите соседи. Како што соседните народи во периодот пред нивното национално формирање себе си се гледале по религиозниот аспект, и за својот народ и племе ја гледале блиската заедница. Како што етничкиот Србин во периодот пред националното будење за Србија би ја сметал само локалната заедница, без поглед надвор од неа, така македонската националност во овој период е можно да се дефинира на ваков начин. Сепак модерната форма на македонскиот идентитет е поставена не од ваков територијален и религиозен карактер, туку како и кај нашите соседи, се раководи од комплексен етнорелигиозен систем кој го изедначува етничкиот и религиозен идентитет на етничкото македонско население со самиот концепт на македонштина. Македонската држава како земја составена од повеќе етнички и религиозни малцинства дозволува самоопределување на

[18] Anastasovski, Nick. Contestations Over Macedonian Identity, 1870-1912. PhD thesis, Victoria University., превземено од Victoria University Melbourne Australia, 2005, http://vuir.vu.edu.au/, http://vuir.vu.edu.au/423/3/Anastasovski%2C%20Nick%20PhD.pdf, 03.05.2018, стр. 101-102.

[19] Исто

малцинствата кои исто така се определуваат по етничкиот и религиозен принцип.

Заклучок

Етничкиот национализам кој денес постои кај етничките Македонци, како и други форми на етнички национализам, кај балканските народи се раководи по определена перцепција за постоечки етнички идентитет кој би можел и да се нарече расна диференцијација на народите, иако етничкиот идентитет на Балканот е нешто што во главно се манифестира културолошки. Фактот што во турбулентните периоди на формирање на балканските нации истовремено се креира националниот идентитет врз етничка основа за потоа луѓе коишто веројатно не ја делат истата етничка позадина да се самодефинираат како такви. Во ваквите периоди еден човек во различно време ќе се дефинира како Србин, Бугарин, Грк, Македонец или нешто друго за накрај последната идентификација која ја одбрал да остане кај неговото потомство кое сега се дефинира по таа идентификација. Модерните националисти кои создаваат митови за етничката поделба на народите како и свои дефиниции за етничката и расна чистота на својот народ без да имаат информации за идентификација на своите предци, како и фактичката состојба за нивниот реален идентитет.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Daskalov R. , Tchavdar Marinov, Entangled Histories of the Balkans Volume One: National Ideologies and Language Policies ,author Roumen DaskalovBulgarian-Greek Dis/Entanglements, Balkan Studies Library volume 9, Brill, 2013.

Jelavich B. , History of the Balkans, Eighteenth and Nineteenth Century, Volume I, Cambridge University Press, Cambridge 1983.

Hobsbawm E., Ranger T., The Invention of Tradition , Cambridge University Press, Cambridge, 1992.

Каракасиду А., Полиња Жито, Ридишта Крв, Патиштата кон националноста во грчка Македонија 1870-1990, Магор Скопје, 2002.

Стојановски С., Од милет до нација, Создавање на нациите и национализмите на Балканот, Универзитет “Гоце Делчев” – Штип, Центар за правно-политички истражувања, 2016.

Smit A. , Nacionalni identitet, Biblioteka XX Vek, Beograd, 1998.

Smit A. , The Nation in History – Historiographical Debates about Ethnicity and Nationalism, University Press of New England, Hanover, 2000.

Интернет Статии:

Anastasovski, Nick Contestations Over Macedonian Identity, 1870-1912. PhD thesis, Victoria University., превземено од Victoria University Melbourne Australia, 2005. http://vuir.vu.edu.au/, http://vuir.vu.edu.au/423/3/Anastasovski%2C%20Nick%20PhD.pdf, 03.05.2018,

Atanasov P. Macedonian national identity: quantitative differences between unitary and subaltern national myths and narratives. Discussion papers (South East Europe series), DP32. Centre for the Study of Global Governance, London School of Economics and Political Science, London, UK., 2004. Превземено од LSE Research Online,http://eprints.lse.ac.uk/,http://eprints.lse.ac.uk/23437/1/DP33_MacedonianNationalIdentity.pdf, 02.05.2018,

Wenshuang L. The rise of Bulgarian nationalism and Russia's influence upon it, University of Louisville, превземено од The University of Louisville's Institutional Repository, 2014. Превземено, https://ir.library.louisville.edu/, https://ir.library.louisville.edu/etd/1548/, 03.05.2018,

Banac I. , The Yugoslav National Question: Origins, History, Politics, Ithaca,NY: Cornell University Press, 1983 цитирано во Bardos G., Ethnoconfessional Nationalism in the Balkans: Analysis, Manifestations and Management, Columbia University, 2013. Превземено од Columbia University Libraries - http://library.columbia.edu/, https://academiccommons.columbia.edu/catalog/ac:157499, 03.05.2018,

УДК: 347.113.06-027.511

ГРАЃАНСКАТА ПОСТАПКА ВО СВЕТОТ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

Зорица Стоилева
Докторант по граѓанско процесно право, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Правен факултет„Јустинијан Први”- Скопје,
stoileva_zorica@yahoo.com

Дијана Ѓоргиева
Докторант по граѓанско процесно право, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Правен факултет„Јустинијан Први”- Скопје,
dgorgieva64@yahoo.com

Апстракт

Иделот за креирање на граѓанската постапка во согласност со принципотза национална процесна автономија во последно време губи на значење. Основна причина за ова е трендот на глобализација на политиката, пазарот и трговијата на кој имуна не е ниту граѓанската постапка. Ова затоа што бројот на граѓанско правни спорови со странски елемент сè повеќе се зголемува. Токму поради ова се отвора прашањето дали е потребна унификација на граѓанската постапка и дали до хармонизирање на граѓанските процесни правила може да дојде на регионално и на светско ниво. За да се даде одговор наовие прашања предмет на овој труд ќе бидат транснационалните правила за граѓанската постапка на UNIDROIT и односот на транснационалните правила за граѓанската постапка на UNIDROIT со правилата за граѓанската постапка на примарното и секундарното право на ЕУ.

Клучни зборови: *глобализација, хармонизација, граѓанска постапка*

Abstract

The ideal for creating civil procedure in accordance with the principle of national process autonomy is losing its importance. The basic reason for this is the globalisation trend of politics, market and trade on which civil procedure is not immune. This is because the number of civil procedure cases with a foreign element is far more increasing. That's why questionshave been raised whether a unification of civil procedure is needed and can harmonization of civil procedural rules be brought on regional and the world'slevel. To give the answer on these questions, the subject of this paper will be the UNIDROIT Principles of Transnational Civil Procedure and the connection of the UNIDROIT Principles of Transnational Civil Procedure with the rules of civil procedure of primary and secondary law of EU.

Key words*: globalization, harmonization, civil procedure*

Вовед

Современата граѓанска постапка се гради како национална постапка за заштита на правата. Ова во огромна мера е рефлексија на политичко-правните случувања во Европа во XVII-XVIII веккога се создаваа првите национални држави.[1] Имено, периодот до XVII веке период кога граѓанската постапка се поистоветува со судската практика односно е збир на формални процесни правила (римско-канонска постапка) кои со локални варијации ќе важат насекаде во Европа. Идеалот за постоење на единствена римско-канонска постапка во Европа ќе биде срушен во Франција во почетокот на XIX век откако наполеоновите кодификации (1806 година) ќе ги разделат правилата за граѓанската од правилата на казнената постапка и ќе ја креираат граѓанската постапка како национална постапка за заштита на правата.[2] Од овој момент па натаму граѓанската постапка ќе започне да се гради во согласност со принципот на национална процесна автономија[3], а идејата за постоење на единствена римско-канонска постапка во Европа како универзална постапка практично ќе биде уништена. Наспроти оваа позиција на mos docendi galicus[4] германската

[1]Ковачевић Куштримовић,Р., *Грађанско право (општи део),*Сириус, Ниш, 1995, p.37-38.
[2]Montero Aroca J., *El derecho procesal en el siglo XX,*Fecha publicación: Editorial: Tirant lo Blanch Colección: Alternativa, Madrid, 2013, p.442-443.
[3]Јаневски А.; Зороска-Камиловска Т., *Граѓанско процесно право, книга прва, Парнично право,* Правен факултет Јустинијан Први, Скопје, 2009, p.56.
[4] Mos docendi galicus е метод за проучување на граѓанската постапка како национална државна постапка за заштита на правата. Според овој научен метод граѓанската постапка се проучува само од формален, но не и од содржински аспект. Антипод на mos docendi galicus е mos docendi germanicus научен метод според кој граѓанската постапка

пандектна школа поради доцната рецепција на римско-канонската постапка во Германија и необеденитоста на германскиот народ ќе се бори за создавање на единствена постапка во Европа дури и во периодот на националнотобудење. Пандектната школа ќе заседе став дека граѓанската постапка треба да биде креација на догматиката и судската практика, а не на процесниот законодавец.[5] Сепак овој сон на пандектната школа за креирање на граѓанската постапка како догматски универзален институт кој ќе важи насекаде како единствено процесно правило ќе биде срушен откако ќе биде донесен Законот за граѓанската постапка на Германија во 1877 година кога и граѓанската постапка во Германија законски ќе се креира како национална постапка. На овој начин mos docendi germanicus во периодот на државното обединување на германскиот народ навидум ќе се откаже од идејата за создавање на единствена граѓанска постапка во Европа. Сепак моменталните правно-економски-политички случувања одново ќе ги отворат старите желби на пандектната школа. Имено забрзаниот тренд на глобализацијата, отворањето на идејата за постоење на единствен европски, но и светски пазар, но и потребата за надминување на разликите меѓу граѓанската постапка во civil law системот и граѓанската постапка во common law системот се поизразено ја отвораат потребата за постоење на хармонизирани граѓански процесни правила, а pro futuro и создавање на единствена граѓанска постапка. Меѓутоа потребата за хармонизирање на правилата за граѓанската постапка сега се отвора првично кај споровите со странски елемент. Ова и не треба да изненадува бидејќи законската процесна национална регулираност на граѓанските спорови без странски елемент се под влијание на mos docendi galicus. Токму поради ова регионализацијата и глобализацијата како феномен кој има наднационални правни и економски последици ја буди неопандектната школа која се обидува уште од 1916 година преку законски позитивизам одново да изгради наднационален отворен сет на граѓански процесни правила.[6] Амбицијата на неопандектната школа не е унификација на граѓанската постапка затоа што таа е непожелна и невозможна[7] туку хармонизирање на граѓанските процесни правила во споровите со странски елемент на регионално и светско ниво, но и воведување на минимални процесни стандарди кои треба да ги задоволат националните граѓански постапки за заштита на правата. Овој феномен не треба да изненадува и истиот е последица од глобализацијата која

се проучува како универзална единствена постапка за заштита на правата со акцентирање на содржината за која се бара правната заштита во граѓанската постапкасо амбиција да го сруши сонот за егзистентност на национални граѓански постапки за заштита на правата.

[5]*Coing H., La ciencia del derecho privado en Europa en el siglo XIX,* European Journal of Legal History, Nº 7, Madrid, 1995, p.174.

[6]*Sánchez-BayónA., Sistema de Derechocomparado y global, Universidad Camilo* José CelaTirant lo Blanch, *Valencia, 2012, p.46.*

[7]Венди, К., *Извршување на судските одлуки во Европа,* Просветно дело, Скопје, 2000 година, p.4-5.

ќе предизвика зголемување на бројот на граѓанскоправните односи со странски елемент, а со самото ова и на бројот на спорови.

2.Хармонизирањенаграѓанскитепроцесниправила во рамките на Европската унија

Кога се говори за регионално ниво на хармонизирање на граѓанските процесни правила во Европа пред сè се мисли на хармонизирање на граѓанските процесни правила со помош на примарното и секундарното право на ЕУ. Ова ниво на интегрирање на граѓанските процесни правила е супранационално и се однесува на граѓанскоправните односи со странски елемент. Поткнато е од амбицијата на ЕУ за создавање на единствен европски пазар во кои ќе постои слобода на движење на стоки, услуги, капитал, луѓе и одлуки. Ова хармонизирање на граѓанските процесни правила се остварува преку две генерации на иструменти на ЕУ чија граница е Амстердамскиот договор заосновање на ЕУ од 1999 година.[8] Кај првата генерација на инструменти доминира начелото на признавање и извршување на странските судски одлуки, а конечна цел е укинување на егзекватурата, а кај втората генерација инструменти доминира начелото на меѓусебна доверба во европските правосудни системи. Прва генерација на инструменти за хармонизирање на националните граѓански процесни правила се регулативите: 44/2001[9], 1346/2000[10], 1347/2000[11] и 1348/2000[12], а втора генерација на инструменти регулативите: 805/2004[13],

[8]За ова повеќе видете кај: Ѓоргиева Д., *Европски извршен наслов за неспорни побарувања (магистерска теза)*, Правен факултет Јустинијан Први Скопје, Скопје, 2010, p.6-7.

[9]Council Regulation (EC) No 44/2001 of 22 December 2000 on jurisdiction and the recognition and enforcement of judgments in civil and commercial matters , Official Journal L 012, 16/01/2001 P. 0001 – 0023.

[10]Council Regulation (EC) No 1206/2001 of 28 May 2001 on cooperation between the courts of the Member States in the taking of evidence in civil or commercial matters, Official Journal L 174, 27/06/2001 P. 0001 – 0024.

[11]Council Regulation (EC) No 2201/2003 of 27 November 2003 concerning jurisdiction and the recognition and enforcement of judgments in matrimonial matters and the matters of parental responsibility, repealing Regulation (EC) No 1347/2000, Official Journal L 338, 23/12/2003 P. 0001 – 0029.

[12]Regulation (EC) No 1393/2007 of the European Rarliament and of the Councilof 13 November 2007on the service in the Member States of judicial and extrajudicial documents in civil or commercial matters (service of documents), and repealing Council Regulation (EC) No 1348/2000 of the European Parliament and the Council of the European Union,Official Journal of the European Union, L 324/79.

[13]Regulation (EC) No 805/2004 of the European Parliament and of the Councilof 21 april 2004creating a European Enforcement Order for uncontested claims, Official Journal of the European Union L 143/15.

1896/2006[14] и 861/2007[15]. Цел на сите регулативи на ЕУ е воедначување на граѓанските процесни правила во државите-членки на ЕУ кои првенствено се однесуваат на признавање и извршување на одлуки во странство, достава на судски и вонсудски документи во странство и изведување на докази во странство. Одовде, може да се забележи дека хармонизацијата на граѓанските процесни правила во ЕУ е секторска и зависна од потребата за правилно функционирање на единствениот европски пазар. Иако во моментов таа се фокусира на погоре наведените подрачја pro future се очекува истата да се проширува ratione materiae. Ова и не треба да изненадува затоа што примената на правилата на европските регулативи кои се однесуваат на признавање и извршување на одлуки во странство, достава на судски и вонсудски документи во странство и изведување на докази во странство директно во националните процесни законодавства на државите-членки во ЕУ покажува позитивни резултати. Вистински доказ за ова е побрзото движење на судските одлуки меѓу државите-членки, намалување на формалностите во постапките за извршување со прекуграничен елемент, укинувањето на егзекватурата (како скапа и непотребна постапка која ја регулираат меѓународните конвенции за извршување), намалувањето на формалностите при прибавувањето на докази од странство или доставата на иницирачките документи за започнување на граѓанските судски постапки со странски елемент и слично. Одовде може да се дојде до заклучок дека регионалното ниво на хармонизирање на граѓанските процесни правила со помош на регулативите на ЕУ како директно обврзувачки инструменти за државите-членки на ЕУ иако понекогаш е во спротивност со принципот за национална процесна автономија односно правото на државите да ги регулираат националните процесни правила автономно е пожелно затоа што води кон заеднички сет на граѓански процесни правила кои подеднакво ќе важат за сите држави-членки во Унијата. Ова затоа што на овој начин пристапот до правдата станува еднаков во сите држави-членки на ЕУ, се зголемува меѓусебната доверба во правосудните системи на останатите држави-членки на ЕУ, не постои можност за дискриминација или селективност при извршувањето на судските одлуки кои се извршни наслови во странство, се намалуваат трошоците за извршувањето и меѓусебно се приближуваат националните граѓански процесни правила од едно повисоко ниво.

[14]Regulation (EC) no 1896/2006 of the European Parliament and of the Councilof 12 december 2006creating a european order for paymentOfficial Journal of the European UnionL 399/1.
[15]Regulation (EC) No 861/2007 of the European Parliament and of the Council of 11 July 2007 establishing a European Small Claims Procedure,Official Journal of the European UnionL 199/1.

3.Светско ниво на хармонизирање на граѓанските процесни правила

Глобализацијата како правен феномен сè поизразено ја отвора потребата за приближување на националните граѓански процесни правила со и без странски елемент во civil law и common law системот. Ова е така затоа што глобализацијата предизвикува раст на меѓународната трговија, раст на меѓународните инвестиции, експанзија на монетарната економија, зголемување на бројот на субјекти кои работат во странство, проширување на бизнисите во странство.[16]На овој начин глобализацијата како правно-економски феномен одново ги буди идеалите на германската неопандектна школа за хармонизирани граѓански процесни правила и создавање на единствена граѓанска постапка, но не само во Европа туку и насекаде во светот, затоа што глобализацијата потенцијално предизвикува еден негативен ефект – го зголемува бројот на граѓанско-правните спорови со странски елемент. За таа цел во 2004 година се донесени ALI/UNIDROIT Принципите на транснационална граѓанска постапка.[17] Станува збор за принципи кои е претпорачливо да се користат при изготвувањето на националните граѓански процесни закони со цел постепено приближување на граѓанските процесни правила на civil law и common law системот, а во иднина зошто и да не при креирање на униформна граѓанска постапка. Сепак во моментов овие принципи не се применуваат задолжително туку факултативно поради сеуште големото влијание на принципот на национална процесна автономија при креирањето на националните граѓански процесни законодавства. ALI/UNIDROIT Принципите на транснационална граѓанска постапка се стандарди за судење во транснационални трговски спорови чија цел е конвергенција на националните граѓански процесни правила во транснационалните правила за граѓанската постапка.[18] Овие принципи можат да бидат подеднакво соодветни и за решавање на други видови на граѓански спорови и може да бидат основа за идните иницијативи во реформата на граѓанската постапка. Генерално ALI/UNIDROIT Принципите на транснационална граѓанска постапка опфаќаат правила за: 1) Независност, непристрасност и квалификации на судот и неговите судии, 2) Надлежност над

[16]*Hazard Jr G.*; Sturner*R.*; Taruffo*M.;*, Gidi A., *Introduction to the Principles and Rules of Transnational Civil Procedure,* Faculty Scholarship. Paper 1076, 2001, p.769.

[17] UNIDROIT Принципите на транснационална граѓанска постапка се подготвени од Американскиот правен институт UNIDROIT од следнава група: N. Andrews (Cambridge University, U.K.), A. R. Kemelmajer De Carlucci (Supreme Court of Justice of Mendoza, Argentina), F. Ferrand (Université Jean Moulin, Lyons, France), G. C. Hazard Jr. (University of Pennsylvania Law School), M. Kawano (Nagoya University, School of Law, Japan), P. Lalive (Lalive & Associés and Geneva University, Switzerland), R.T. Nhlapo, (Minister, South Africa; Honourary Member of the Governing Council), R. Stürner (Freiburg University, Germany) and M. Taruffo (Pavia University, Italy). https://www.unidroit.org/transnational-civil-procedure-overview.

[18]Glenn, H. П.,*The ALI/UNIDROIT Principles of Transnational Civil Procedure as Global Standards for Adjudication?*, Uniform Law Review 19(2004), p.829.

странките, 3) Процедурална еднаквост на странките, 4) Право на адвокат, 5) Известување и право на сослушување на странките, 6) Јазици 7) Навремено праворaздавање, 8) Привремени и заштитни мерки, 9) Структура на постапките, 10) Станечка иницијатива, 11) Обврски на странки и адвокати, 12) Повеќе побарувања и странки; Интервенција, 13) Поднесување на Amicus Curiae, 14) Одговорност на судот за насочување на постапката, 15) Отфрлање и пресуда поради пропуштање, 16) Пристап до информации и докази, 17) Санкции, 18) Доверливи привилегии и имунитети, 19) Усмени и писмени презентации, 20) Јавни расправи, 21) Товар и стандард доказ, 22) Одговорност за утврдување на факти и право, 23) Одлука и образложено објаснување, 24) Порамнување и 25) Трошоци, 26) Непосредна извршност на пресудите, 27) Жалба, 28) Lis Pendens и Res Judicata, 29) Ефективно извршување, 30) Признавање и 31) Меѓународна судска соработка.[19]

Независноста, непристрасноста и квалификации на судот и неговите судии значи дека судот и судиите треба да имаат судска независност за да го решат спорот според фактите и законот, вклучувајќи ја и слободата од несоодветно внатрешно и надворешно влијание, дека треба да имаат разумен мандат на функцијата и дека мора да се непристрасни и да имаат значително правно знаење и искуство. Надлежност над странките е отворена можност на странките да одберат трибунал кој ќе го реши спорот или надлежноста на трибуналот да се определи врз основа на прецизни критериуми. Процедуралната еднаквост на странките значи дека судот треба да обезбеди еднаков третман и разумна можност за странките да ги потврдат или да ги бранат своите права. Правото на еднаков третман вклучува избегнување на каква и да било нелегитимна дискриминација, особено врз основа на државјанство или престој. Судот треба да ги земе предвид тешкотиите со кои може да се соочи странска странка при учество во судски спор. Правото да се вклучи адвокат значи дека една странка има право да ангажира адвокат по свој избор, вклучувајќи и застапување од адвокат кој е примен за пракса во форумот и активна помош пред судот на адвокат кој е примен за пракса на друго место.Известувањето и правото на сослушување на странките значи дека на почетокот на постапката известувањето е обезбедено со средства кои се веројатно веројатни да бидат ефективни, треба да се упатува на странките различни од тужителот. Известувањето треба да биде придружено со примерок од тужбата или на друг начин да ги вклучи наводите од тужбата и спецификацијата на забраната што ја барал тужителот. Странката против која се бара забрана треба да биде информирана за постапката за одговор и за можноста за донесување на пресуда

[19]За ова повеќе Видете кај: Stürner R.,*RabelsZeitschriftfürausländisches und internationals Privatrecht*, The Rabel Journal of Comparative and International Private Law Bd. 69, H. 2 (April 2005), p. 201-254.

поради пропуштање заради неуспех да се даде навремен одговор. По започнувањето на постапката, на сите странки треба да им се овозможи брзо известување за предлозите и барањата на другите странки и одредбите од страна на судот. Странките имаат право да поднесат релевантни заклучоци за факти и право и да понудат соодветни докази. Странката треба да има фер можност и разумно доволно време да одговори на фактите и правото и на доказите што ги презентира другата страна, како и на налозите и сугестиите што ги донел судот. Судот треба да ги разгледа сите тврдења на странките и да ги разгледа оние што се однесуваат на суштинските прашања. Странките можат, со договор и со одобрение на судот, да користат забрзани средства за комуникации, како што се телекомуникациите. Во поглед на користењето на јазикот според ALI/UNIDROIT принципите постапките вклучувајќи ги и документите и усната комуникација, вообичаено треба да се спроведат на јазик на судот. Навременото правораздавање значи дека судот треба да го реши спорот во разумен рок и дека странките имаат обврска да соработуваат и да имаат право на разумни консултации во врска со планирањето на постапката. Привремените и заштитните мерки претпоставуваат дека судот може да даде привремена забрана кога е потребно за да се зачува способноста да се даде ефективна забрана со конечна пресуда или да се одржи или на друг начин да се регулира статус кво. Привремените мерки се регулирани со принципот на пропорционалност. Судот може да наложи привременазабрана без претходна најава само по итна неопходност и преовладување на размислувања за правичност. Апликантот мора целосно да ги открие фактите и правните прашања за кои судот соодветно треба да биде свесен. Лицето против кое е упатено ex parte забраната мора да има можност во најраното изводливо време да одговори во врска со соодветноста на забраната. Во врска со структура на постапките ALI/UNIDROIT предвидуваат дека постапката треба да се состои од три фази: фаза на изјаснување, привремена фаза и завршна фаза. Во продолжение правилата бараат во постапката максимално да биде застепен диспозитивниот принцип во постапката.Обврски на странките и адвокатите значат дека странките и нивните адвокати мора да се однесуваат со добра волја во постапувањето со судот и другите странки. Поднесувањето на Amicus Curiae значи дека писмените поднесоци во врска со важни правни прашања во постапката и прашања од заднинска информација може да се добијат од трети лица со согласност на судот, по консултација со странките. Судот може да упати такво барање. Странките мора да имаат можност да доставаат писмен коментар во врска со прашањата содржани во таквиот поднесок пред да биде разгледан од страна на судот. Одговорност на судот за насочување на постапката претпоставува судот активно да управува со постапката, применувајќи дискреција за да се постигне распоредувањето на спорот праведно, ефикасно и со разумна брзина. Отфрлањето и пресудата поради пропуштање мора да се донесе против тужителот кој без оправдување не учествува постапката. Пред да влезе во

отфрлање, судот мора да му даде на тужителот разумно предупредување. Пристапот до информации и докази значи дека судот и секоја од странките треба да имаат пристап до релевантни и непривилегирани докази, вклучително и сведочења на странки и сведоци, вештачење, документи и докази добиени од проверка на нештата, влез на земјиште или, под соодветни околности, од физички или ментален преглед на лице. Странките треба да имаат право да поднесуваат изјави кои имаат доказ за тоа.Според принципите судот може да наметне санкции на странките, адвокатите и трети лица за неуспех или одбивање да ги почитува обврските во врска со постапката. Правилата за уснии писмени презентации претпоставуваат приговорите, формалните барања (предлози) и правни аргументи вообичаено треба да бидат претставени во писмена форма, но странките треба да имаат право да поднесат усни расправи за важни материјални и процедурални прашања. Принципите вообичаено препорачуваат усни расправи, вклучувајќи и рочишта на кои се презентира докази и во кои се изрекува пресудата, треба да бидат отворени за јавноста. По консултации со странките, судот може да нареди сослушувањата или нивни делови да бидат чувани во доверба во интерес на правдата, јавната безбедност или приватноста. Во поглед на товарот и стандардите на докажување се предвидува правило според кое секоја странка има обврска да ги докаже сите материјални факти кои се основа на случајот на таа странка. Одговорноста за утврдување на факти и право значи дека судот е одговорен за разгледување на сите релевантни факти и докази и за утврдување на точната правна основа за неговите одлуки, вклучувајќи ги и работите утврдени врз основа на странски закон. Принципот за одлуката и за образложението значи дека судот веднаш треба да донесе пресуда во писмена форма. Пресудата треба да го утврди лекот кој се доделува. ALI/UNIDROIT принципите во продолжение го охрабруваат судот да ги поттикне странките да склучат порамнуување секогаш кога е можно во постапката, а за трошоците предвидуваат правило според кое губитничката странка треба да ги сноси трошоците на постапката. Непосредна извршност на пресудите значи дека конечната пресуда на првостепениот суд вообичаено треба веднаш да се изврши, а по исклучок првостепениот суд или апелациониот суд, по свое барање или предлог на странката, во интерес на правдата може да го прекине извршувањето на пресудата во очекување на жалба при што од жалителот може да се бара обезбедување како услов за доделување на прекин или од тужениот како услов за одбивање на прекинот. Апелационато преиспитување на пресудата треба да биде достапно суштински под исти услови како и за другите пресуди според законот на форумот. Апелационото преиспитување треба да се заклучи експедитивно. Обемот на апелационата ревизија вообичаено треба да се ограничи на барања и одбрани кои се однесуваат на првостепената постапка. Апелациониот суд може во интерес на правдата да разгледа нови факти и докази. При примената на правилата на литиспенденцијта, обемот на постапката се утврдува со тврдењата на странките

во поднесоците, вклучувајќи ги и амандманите на истите. Ефективно извршување значи дека треба да бидат достапни процедури за брзо и ефикасно извршување на пресудите, вклучувајќи ги и паричните казни, трошоците, забраните и привремените мерки. Во врска со признавањето, принципите предвидуваат дека конечната пресуда доделена на друг форум во постапка која е значително компатибилна со овие принципи мора да биде препознаена и спроведена, освен ако суштинската јавна политика не бара поинаку. Меѓународната судска помош според принципите треба да биде таква, така што дека судовите на државата што ги усвоиле принципите треба да обезбедат помош на судовите на која било друга држава која води постапка во согласност со истите, вклучувајќи го и доделувањето на заштитни или привремени забрани и помош во идентификацијата, зачувувањето и изработката на доказите.

Заклучок

Во ерата на регионализацијата и глобализацијата потребата за хармонизирање на граѓанските процесни правила добива на значење. Ова затоа што граѓанскоправните спорови сè почесто ги надминуваат националните процесни граници тангирајќи две или повеќе држави. Токму поради ова на регионално и светско ниво се воведени инструменти за хармонизирање на граѓанските процесни правила со што секторски се руши митот за градење на граѓанската постапка во согласност со принципот за национална процесна автономија. Пример за ваков сет на мерки на регионално ниво се повеќето регулативи на ЕУ при што тие се однесуваат само на одредени прашања за граѓанската постапка како што се признавање и извршување на одлуки во странство, достава на судски и вонсудски документи во странство и изведување на докази во странство. Чекор понапред се меките инструменти за хармонизирање - ALI/UNIDROIT Принципите на транснационалната граѓанска постапка. Станува збор за сет на правила на транснационалната граѓанскапостапка, кои не се задолжителни како што се регулативите во ЕУ затоа што во националните системи при регулирањето на граѓанските процесни правила сеуште е големо влијанието на принципот за национална процесна автономија. Сепак, поради оваа својата незадолжителност, но практична потреба и повеќестрана корисност, се очекува UNIDROIT Принципите на транснационалната граѓанска постапка pro futuro да бидат основа за идните иницијативи во реформите на граѓанската постапка.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Венди, К., *Извршување на судските одлуки во Европа,* Просветно дело, Скопје, 2000

Glenn, H. П.,*The ALI/UNIDROIT Principles of Transnational Civil Procedure as Global Standards for Adjudication?*, Uniform Law Review 19(2004)

Ѓоргиева Д., *Европски извршен наслов за неспорни побарувања (магистерска теза)*, Правен факултет Јустинијан Први Скопје, Скопје, 2010

Јаневски А.; Зороска-Камиловска Т., *Граѓанско процесно право, книга прва, Парнично право,* Правен факултет Јустинијан Први, Скопје, 2009

Ковачевић Куштримовић,Р*., Грађанско право (општи део)*,Сириус, Ниш, 1995

Coing H., La ciencia del derecho privado en Europa en el siglo XIX, European Journal of Legal History, Nº 7, Madrid, 1995

Montero Aroca J., *El derecho procesal en el siglo XX,*Fecha publicación: Editorial: Tirant lo Blanch Colección: Alternativa, Madrid, 2013

Sánchez-BayónA., Sistema de Derechocomparado y global, Universidad Camilo José CelaTirant lo Blanch, *Valencia, 2012*

Stürner R.,*RabelsZeitschriftfürausländisches und internationals Privatrecht*, The Rabel Journal of Comparative and International Private Law Bd. 69, H. 2 (April 2005)

Hazard Jr G.; Sturner*R.*; Taruffo*M.;*, Gidi A., *Introduction to the Principles and Rules of Transnational Civil Procedure,* Faculty Scholarship. Paper 1076, 2001

Council Regulation (EC) No 44/2001 of 22 December 2000 on jurisdiction and the recognition and enforcement of judgments in civil and commercial matters , Official Journal L 012, 16/01/2001 P. 0001 – 0023

Council Regulation (EC) No 1206/2001 of 28 May 2001 on cooperation between the courts of the Member States in the taking of evidence in civil or commercial matters, Official Journal L 174, 27/06/2001 P. 0001 – 0024

Council Regulation (EC) No 2201/2003 of 27 November 2003 concerning jurisdiction and the recognition and enforcement of judgments in matrimonial matters and the matters of parental responsibility, repealing Regulation (EC) No 1347/2000, Official Journal L 338, 23/12/2003 P. 0001 – 0029

Regulation (EC) No 1393/2007 of the European Rarliament and of the Councilof 13 November 2007on the service in the Member States of judicial and extrajudicial documents in civil or commercial matters (service of documents), and repealing Council Regulation (EC) No 1348/2000 of the European Parliament and the Council of the European Union,Official Journal of the European Union, L 324/79.

Regulation (EC) No 805/2004 of the European Parliament and of the Councilof 21 april 2004creating a European Enforcement Order for uncontested claims, Official Journal of the European Union L 143/15.

Regulation (EC) no 1896/2006 of the European Parliament and of the Councilof 12 december 2006creating a european order for paymentOfficial Journal of the European UnionL 399/1.

Regulation (EC) No 861/2007 of the European Parliament and of the Council of 11 July 2007 establishing a European Small Claims Procedure,Official Journal of the European UnionL 199/1.

УДК: 343.163:342.132“2010”

НОВИОТ МОДЕЛ НА ИСТРАЖНАТА ПОСТАПКА СОГЛАСНО НОВИОТ ЗКП ОД 2010 ГОДИНА

Иван Николов
Студент на постдипломски студии, Универзитет “Гоце Делчев”-Штип, Правен факултет,
ivan.nikolov93@hotmail.com

Апстракт
Извршувањето на кривични дела од страна на сторителите не може да помине без казнување. Меѓутоа за да дојде до изведување на осомниченото лице пред судот на правдата потребно е водење на сеопфатна истражна постапка. Како ќе се поведе судска постапка и како таа ќе заврше зависи од тоа дали јавниот обвинител ќе поднесе обвинение против определени лица. Согласно ЗКП од 2010 година истражната постапка ја води наледжниот јавен обвинител. При водењето на истражната постапка се превземаат голем број на истражни дејства се со цел за правилно утрвдување на материјалната вистина и собирање на доволен број на докази. Јавниот обвинител при собирање на доказите во истрага може да примени голем број на истражни дејствија определени со ЗКП како што се посебните истражни дејствија кој се изрекуваат од страна на судијата на претходна постапка. При спроведување на истражната постапка на јавниот обвинител на располагање му стои правосудната полиција и сите останати институции кој може да му помогнат при собирањето на релевантни докази во постапката. Во која насока ќе се движи истрагата и какви докази ќе собира зависи исклучиво јавниот обвинител. Јавниот обвинител е единствен овластен орган за гонење на кривични дела кој се гонат по службена должност.

Клучни зборови: *обвинител, доказ, истрага, судење*

THE NEW MODEL OF THE RESEARCH PROCEDURE IN ACCORDANCE WITH THE LCP FROM 2015

Abstract

The perpetration of crimes by perpetrators can not pass without punishment. However, in order to bring the suspected person to the court of justice, a comprehensive investigation procedure is required. How the court procedure will be initiated and how it will end depends on whether

the public prosecutor will file charges against certain persons. According to the Law on Criminal Procedure from 2010, the investigative procedure is conducted by the competent public prosecutor. During the investigation procedure, a number of investigative actions are undertaken with the aim of correcting the material truth and collecting a sufficient number of evidence. When collecting the evidence in the investigation, the public prosecutor can apply a number of investigative actions determined by the LCP, such as the special investigative actions imposed by the preliminary procedure judge. During the investigation procedure of the public prosecutor, the judicial police and all other institutions that can assist him in gathering relevant evidence in the procedure are at his disposal. In which direction the investigation will be conducted and the evidence it collects depends solely on the public prosecutor. The public prosecutor is the only authorized body for prosecuting crimes that are prosecuted ex officio.

Key words: *prosecutor, evidence, investigation, trial.*

Вовед

Истражната постапка претставува втората фаза од претходната постапка, со која раководи и ја спроведува јавниот обвинител.Од друга страна, ако се земе во предвид дека предистражната постапка е составена од два дела- полициски извиди и претходно прибирање известувања од страна на јавниот обвинител, во суштина истражната постапка е само надоврзување и продолжување на ова претходно постапување на јавниот обвинител или трета фаза на претходната постапка, се разбира доколку тој оцени дека почетните основи на сомневање дека е сторено кривично дело прераснат во основано сомневање дека определено лице сторило кривично дело. Ваквата реформа на претходна постапка се засноваше врз уверувањето дека не е потребно за доразјаснување на овие сомневања да се вклучува судот како истражувач, бидејќи со тоа се губи и на време и на непристастраната положба на судот. Со ЗКП на јавниот обвинител му е дадена обврската во текот на истражната постапка да собира докази кои одат на товар на осомничениот, така и во негов прилог. Причината за вака дадената обврска е поради тоа што јавниот обвинител како државен орган нема задача да гони по секоја цена, туку е обврзан да постапува законито и правично односно објективно. Затоа, заради заштита на правата на обвинетиот, за да не дојде до запоставување на доказите во прилог на осомничениот, јавниот обвинител е должен да ги собира и доказите кои се во прилог на осомничениот.

1.Започнување на истражната постапка

Истражната постапка започнува со донесување на наредба за спроведување на истражна постапка. Наредбата ја донесува јавниот обвинител, кога ќе оцени дека постои основано сомневање дека осомничениот сторил

кривично дело за кое се гони по службена должност.[1] Споредено со основите на сомневање , како основ за поведување предистражна постапка, основаното сомневање во законот е дефинирано како повисок степен на сомневање. Основаното сомневање е повисок степен на сомневање кој е заснован врз прибавените докази кои упатуваат на закличок дека определено лице сторило кривично дело.[2] Во секој конкретен случај, јавниот обвинител е тој што врз основа на веќе прибавените докази и сознанија треба да оцени дали постои основано сомневање дека осомничениот сторил кривично дело за кое се гони по службена должност , што е сосема логично со оглед на тоа што согласно овластувањата кои му се дадени со новиот ЗКП, јавниот обвинител е раководител на целата претходна постапка.[3] Имено , штом ќе биде примена кривична пријава или известување од полицијата за добиено сознание дека е сторено кривично дело за кое се гони по службена должност, јавниот обвинител самиот или преку правосудната полиција, ги собира сите известувања и докази, кои му се потребни за проверка на вака добиеното сознание, односно кои му се потребни да одлучи по пријавата. Во оваа фаза на постапката јавниот обвинител е тој кој одлучува кои известувања и докази му се потребни за да може да одлучи дали против осомничениот ќе се подигне и формално обвинение и ќе оди на судење.

Јавниот обвинител ќе треба да се покаже и ефикасен во својата оценка дека се исполнети условите за донесување на наредбата за спроведување на истражна постапка, односно во својата оценка дека во конкретниот случај сомневањето дека осомничениот сторил кривично дело за кое се гони по службена должност е издигнато до степен на основано сомневање. Наредбата за спроведување на истражна постапка јавниот обвинител донесува доколку смета дека постои соновано сомневање дека осомничениот сторил кривично дело за кое се гони по службена положба, за кое е пропишана казна затвор над 5 години. За оние кривични дела за кое е пропишана како главна казна парична казна или казна затвор до 5 години, не се донесува наредба за спроведување на истражна постапка и се применуваат одредбите за скратена постапка. Наредната за истражна постапка не се донесува и во случаи кога претходно веќе дошло до спогодување помеѓу јавниот обвинител и осомничениот , односно до донесување на предлог спогодба. Исто така , јавниот обвинител не донесува наредба за спроведување на истражна постапка, доколку согласно член 288 од ЗКП донесе решение за отфрлање на кривичната пријава.

2.Цел на истражната постапка

Основната цел на истражната постапка е во текот на истата да бидат собрани докази и податои кои му се потребни на јавниот обвинител за да одлучи дали против обвинетиот да поднесе обвинение или да се откаже од кривично

[1] Член 292 од Законот за кривична постапка (Службен весник на Република Македонија бр.150 од 18.11.2010 година).

[2] Академија на судии и јавни обвинители, Прирачник за Истражна постапка, Скопје 2013, стр.6.

[3] Ibid. Член 39 ст.2 т.3.

гонење.[4] Така гледано , се работи повеќе за подготвителна отколку за истражна постапка, бидејќи јавното обвинителство повеќе испитува дали доказите и сознанијата собрани претходно во предистражната постапка се доволни за пред судот да ја докаже вината на осомничениот, отколку што истражува во потесна смисла на зборот. Покрај тоа, во текот на истражната постапка е дадена можност и за изведување на докази за кои постои опасност дека нема да можат да бидат изведени во текот на главната расправа, или нивното изведување би било поврзано со значителни тешкотии. Во тие случаи доказите се изведуваат на доказно рочиште, под услови кои со закон се пропишани за негово одржување.[5] Во поглед на собирањето на докази и потребните податоци во текот на истражната постапка, треба да се има во вид дека оние докази кои јавниот обвинител ги прибавил претходно во текот на предистражната постапка, односно пред наредбата за истражна постапка, не е потребно повторно да се собираат во текот на истражната постапка бидејќи начинот, односно постапката на нивното собирање е ист во текот на целата претходна постапка.

Наредбата за спроведување на истражна постапка содржи:

- Лични податоци на осомничениот ,
- Опис на кривичното дело за кое се донесува и
- Правна квалификација на истотот.

Исто така, во законот е предвидено дека во наредбата за спроведување на истражна постапка јавниот обвинител ќе определи што треба да се превземе во текот на истражната постапка, кои истражна дејствија треба да се превземат, за кои определени прашања треба да се испитат определени лица, како и кои определени околности треба да се извидат. Во овој дел, наредбата за спроведување на истражна постапкам всушност претставува план на јавниот обвинител за истражна постапка, со кој си определува што се му е потребно да прибави и уште кои околности треба да се извидат, за да може да донесе одлука дали ќе подигне обвинение.

Наредбата за спроведување на истражна постапка не се доставува до никого, таа само се евидентира во евиденцијата на јавното обвинителство и се чува во списите на предметот, бидејќи осомничениот и неговиот бранител немаат право на жалба или приговор против истата. Главна причина поради кој осомничениот нема право на жалба е утврдување на моментот кога формално започнува кривичната постапка и со нејзиното донесување се прекинува застарувањето на кривичното гонење. Со самото донесување на истражната постапка започнуваат да течат роковите за превземање на истражни дејствија а исто така на осомниченото лице може да му бидат определени мерки за обезбедување на присуство или претпазливост. Исто така се наметнува јавниот

[4] Член 291 од Законот за кривична постапка (Службен весник на Република Македонија бр.150 од 18.11.2010 година).
[5] Прирачник за практичари, Истражни дејствија Модул 2, OSCE, декември 2010 година, стр.10.

обвинител да преземе активна улога во собирањето на докази, за истиот да не го препушти целосно на полицијата.

3.Механизми на контрола на јавниот обвинител

Доколку осомничениот, неговиот бранител и оштетениот сметаат дека има одредени неправилности во постапувањето на јавниот обвинител во текот на истражната постапка или дека истата неосновано се одолговлекува, можат да се обратат со поплака до вишиот јавен обвинител. Во таков случај вишиот јавен обвинител е должен да ги испита наводите во поплаката. Ако оцени дека се основани , законот предвидува дека вишиот јавен обвинител ќе преземе соодветни мерки за заврашување на истражната постапка, или за отстранување на неправилностите. Законот не определува кој се тие мерки кој може да ги превземе вишиот јавен обвинител.[6] Во законот за кривична постапка е дадена можност и за судска контрола врз законитоста , на начин што она лице кое смета дека при преземањето на дејствијата е повредено некое негово право, може во рок од 8 дена од дознавањето на дејствието да поднесе жалба до судијата на претходна постапка. Во тој случај судијата на претходна постапка е должен да динесе решение со кое ќе одлучи за законитоста на дејствието. Решението се доставува до јавниот обвинител и до подносителот на жалбата. Против истото решение е дозволена жалба по која одлучува Кривичниот совет на првостепениот суд во рок од 3 дена по приемот на истата.

4. Правата на осомничениот и неговиот бранител во истражната постапка

Едно од правата на осомничениот е неговото право на бранител. Уште при првото испитување на осомничениот , или при преземање на некое дејствие за кое е предвидено правото на присуство на бранител, осомничениот треба да биде поучен за неговото право на бранител со кој може да се советува и да биде присутен на неговото испрашување. Бранител на осомничениот може да биде адвокат , со тоа што за кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку десет години, бранителот може да биде само адвокат со искуство од најмалку 5 години по полагањето на правосудениот испит. Законот предвидува задолжителна одбрана со адвокат како бранител во ситуации заради тежината на обвинението или очигледен хедикеп обвинетиот успешно нема да може да се брани самиот. При првото испитување на оскмничениот, покрај правото на бранител , тој мора да биде запознаен и поучен и на останатите права кои ги има како што се правото на употреба на својот јазик и правото на бесплатна помош од превдувач , односно толкувач, да биде информиран за што се терети , правото на преглед од лекар како и сите останати права дадени на осомничениот.[7] Правото на бранител како што кажавме може да биде присутен при самото испрашување на осомниченото лице, кој исто така може да биде присутен и на вештачењето заради разјаснување на работите имаат право да му предложат на јавниот обвинител да му постави определени прашања на вештакот, а доколу се

[6] Член.30,Закон за Јавно обвинителство (Сл.Весник на РМ, бр. 150/07 и 111/08) .

[7] Член.70 од Законот за Кривична постапка (Службен весник на Република Македонија бр.150 од 18.11.2010 година).

врши испитување на осомничениот, тоа право го има неговиот бранител. Исто така , осомничениот и неговиот бранител имаат право да му даваат предлози на јавниот обвинител за преземање на определени дејствија заради собирање на одделни докази и за остварување на своите права.

Пред заврашување на истражната постапка, осомничениот и неговиот бранител имаат право на увид во списите и доказите кај јавниот обвинител, како и да вршат препис од истите.[8] Во поглед на правата на осомничениот во текот на истражната постапка, важна новина во закон е што им е дадена можност за собирање на докази од нивна страна. Бранителот може во текот на истражната да му става предлози на јавниот обвинител да се обезбедат одделни докази. Ако јавниот обвинител не се согласи со предлогот, бранителот сам ќе ги обезбеди доказите согласно одредбите на новиот закон.

5.Правата на оштетениот во истражната постапка

Оштетен во кривичната постапка е жртвата на кривичното дело, како и друго лице чие лично или имотно право е повредено или загрозено со кривичното дело и кое учествува во кривичната постапка со приклучување кон кривичното гонење или за да го оствари своето имотно право барање. Жртва на кривичното дело е пак секое лице кое како последица од стореното кривично дело претрпило штета, физичка или ментална повреда , емотивно страдање , материјална загуба или друга повреда или загрозување на неговите права и интереси. [9]

Во текот на истражната постапка, оштетениот има право на употреба на својот јазик и писмо и право на преведувач , односно толкувач, да стави предлог за остварување на своето имотноправо побарување, право на полномошник, да присуствува на доказното рочиште, исто така да присуствува на превземање на истражни дејствија како што се увид , реконструкција и некои вештачења.[10] Заради остварување на овие права јавниот обвинител треба да го извести за времето и местото на нивното извршување. Оштетениот има право да укажува на факти и да предлага докази кои се од значење за утврдување на кривична одговорност на осомничениот и за утврдување на имотноправо побарување и да дава предлози за превземање на определени дејствија за остварување на своите права. Оштетениот може да ги разгледа списисте и предметите кои служат како доказ, да биде известен за откажување од кривично гонење од страна на јавниот оббинител и исто така да поднесе приговор до вишиот јавен обвинител против одлуката на јавниот обвинител со кој се откажува од кривично гонење во рок од 8 дена од приемот на наредбата за запирање на истражната постапка.

[8] Ibid Член.71.

[9] Проф.Д-р Гордана Лажетиќ Бужаровска, Проф.Д-р Гордан Калајџиев, Доц.Д-р Бобан Мисовски, Доц.Д-р Дивна Илиќ-Димовски,Казнено процесно право, Скопје , 2015 година, стр.177.

[10] Член 57 од Законот за кривична постапка (Службен весник на Република Македонија бр.150 од 18.11.2010 година).

Кога е во прашање жртва на кривично дело за кое е пропишана казна затвор од најмалку 4 години, пред давањето на исказ или пред поднесување на имотноправно побарување , оштетениот има право на советник на товар на буџетот, доколку има психолошки оштетувања или потешки последици од кривичното дело. Ранливите категории имаат право на посебни мерки на процесна заштита , при нивното испрашување , во сите фази од постапката.[11] Во овие категории спаѓаат:

- Жртвите на кривичното дело кои во времето на давањето на исказот не наполниле 18 години
- Кои со давањето на исказ би се изложиле себе си или блиско лице на сериозна опасност по животот , здравјето или физичкиот интегритет т.н загрозени жртви и
- Оние жртви кои заради возраста, природта и последиците на кривичното дело или поради инвалидитет или здравствената состојба, културно , општетствено минато, религиозни уверувања, етничка припадност, како и поради однесувањето на обвинетиот или неговото семејство и пријатели кон нив, давањето на исказ би имало штетни последици по нивното здравје или негативно би влијаело на квалитетот на нивниот исказ т.е посебно чувствителни жртви.

6.Истражни дејствија на Јавниот обвинител

Во текот на истрагата јавниот обвинител може да презема повеќе различни истражни дејствија кои можат да бидат насочени кон пронаоѓање на лица и предмети или кон собирање на докази битни за водење на кривичната постапка. Бидејќи со овие истражни дејствија јавниот обвинител обезбедува докази , од кои некои нема да има можност поторно да ги обезбеди, затоа е неопходно при спроведувае на истите да се почитуваат одредбите во ЗКП.[12] Доколку судот донесе пресуда која се заснова на незаконит доказ, таквата пресуда содржи суштествена поврдена.

Во текот на истражната постапка, јавниот обвинител може согласно одредбите од ЗКП да ги преземе следните истражни дејствија:

- Претрес
- Привремено обезбедување и одземање на предмети или имот
- Испитување на осомничениот
- Испитување на сведоци
- Определување вештачење
- Увид и реконструкција и
- Посебни истражни мерки

[11] Ibid.Член.54.

[12] Член 12,ст.2 од Закон за кривична постапка (Службен весник на Република Македонија бр.150 од 18.11.2010 година).

Истражните мерки може да се преземат и пред поведување на истражната постапка доколку постои опасност од одлагање.[13]

Во новиот ЗКП за прв пат е дадена дефиниција на истражно дејствие претрес определувајќи го како детално истражување на лице, средство за превоз, дом под услови определени со закон. Законот директно упатува дека претресот може да се изврши во простории , лица и предмети. Претресот врз основа на издадена наредба на судијата за претходна постапка е регулирана во членот 186 од ЗКП. Според овој член , самото барање за издавање на наредбата за претрес може да биде писмена или усно. Ако барањето е поднесено во писмена форма тогаш тоа мора да ги содржи следните елементи:

- Назив на судот
- Име и функција на подносителот на барањето
- Факти што укажуваат на веродостојноста дека лицето, односно предметите важни за кривичната постапка ќе се најдат на означеното или опишаното место или кај определено лице и
- Барање судот да издаде наредба за претрес поради пронаоѓање на лице или одземање на предметите.

Но постојат и случаи кога барањето за издавање на наредба за претрес до судијата на претходна постапка е поднесено усно, било директно или по телефон, радиоврска или преку друго средство по електронска комуникација. Вака може да се постапи само во случаи кога постои опасност од одлагање.[14] Во вакви случаи судијата на претходна постапка мора разговорот да го забележи. Ако е доследно забележан разговорот, судијата на претходна постапка ќе се потпише на копијата од записникот и ќе ја предаде на судот во рок од 24 часа од издавањето на наредбата. Додека пак , ако се кориси звучен или стенографски записник, судијата на претходна постапка е должен да го даде записникот на претрес заради заверка на идентичноста на преписот. Притоа, оргиналниот записник и преписот ги предава на судот во рок од 24 часа од издавањето на наредбата.

Без оглед на тоа дали претресот се врши на дом, на лица или на предмети, за да се изврши мора да бидат исполнети неколку услови предвидени во ЗКП.[15] Она што е битно за судот во моментот на донесување на наредбата е постоење на определен степен на веројатност дека со претресот:

- Ќе биде пронајден обвинетиот кој се бара заради приведување или
- Дека ќе се пронајдат траги на кривичното дело или
- Ќе се пронајдат предмети важни за кривичната постапка.

Претресот на дом може да се однесува на претресување на една или на повеќе простории кои лицето ги користи како свој дом, но истовремено може да се однесува и на други простории кои се пространо поврзани со домот и имаат

[13] Ibid.Член 295.

[14] Ратка Андонова, Претрес во казнената постапка, Скопје 2016 година, стр.15.

[15] Член 191 од Закон за кривична постапка (Службен весник бр.150 од 18.11.2010 година).

иста цел на користење.[16] Во пракса, претресот на домот најчесто значи претресување на подвижните предмети на лицето затекнати во домот и другите простории, но со тоа да се направи мора да е наведено во наредбата за претрес.

Кога постори наредба за пребарување во компјутерски ситем или податоци, лицето кое го користело компјутерот или има простап до него или до друг уред или носител на податоци, е должно да овозможи пристап до нив и да ги даде потребните известувања за непречено остварување на целта на претресот, или да преземе мерки со кои се спречува уништвање или менување на податоците.[17] Доколку тоа не го стори без оправдани причини, судијата на претходна постапка ќе го казни со парична казна од 200 до 1.200 евра во денарска прототиввредност.

Претресот на лице опфаќа на:

- Облеката
- Обвуките
- Површината на телото
- Подвижните предмети што лицето ги носи или се во негово владение
- Просторот во кој е затечено лицето во време на преземањето на претресувањето и
- Средството за превоз кои се користи во време на претресувањето.

Претресот на лице секогаш го врши лице од ист пол, освен ако тоа не е можно заради посебните околности во кои се врши, а тие мора да бидат назначени во записникот за претрес. Претресот со соблекување на делови од облеката секогаш го врши лице од ист пол.[18] Исто така се однесува и кога се врши претрес на интимните делови од телото или телесните отвори ги врши медицинско лице само со изрично одобрение на судот.

Изречената наредба за претрес мора да биде биде извршена во рок од 15 дена од денот на нејзиното издавање. Во поглед на извршувањето, истата може да се изврпи во кој било ден од седмицата и по правило дење, освен во случаи кога постои опасност од бегство од одлагање. Претресот може да се изврши и без претходно предавање на наредбата. По правило кога се врши претрес на дом или на други простории , држателот на домот или другите простории се повикува да биде присутен при претресувањето. Исто така и при претресувањето на простории на државни органи , институции што вршат јавни овластувања или правни лица треба да присуствува старешината , односно при претресувањето во воент објект, воедно лице кое ќе го определат воените власти. Посебно е превидено за претрес при адвокатска канцеларија. Во овој случај ако претресот се врши без присуство на адвокат , треба да се повика претставник од адвокатска комора.

Останати истражни дејствија кој се извршуваат во истражната постапка а се со цел за разјаснување на фактичката состојба се испрашување на обвинетиот, сведоците и наредбата за извршување на вештачење. Обвинетиот

[16] Ibid.Член 193
[17] Ibid.Член 198
[18] Ibid.Член 185.

се испрашува од аспект дали го разбира кривичното дело кое му се става на товар. Обвинетиот самиот ќе одлучи дали ќе даде исказ или не.[19] Тој доколку го признае кривичното дело може да склуче спогодба со надлежниот јавен овбинител во кое се погодуваат за видот и висината на кривичната санкција. При испрашување на обвинетиот тој мора да биде запознаен со своите права кој се таксативно наброени во чл.206 од ЗКП. При испитување на обвинетиот дали од страна на јавниот обвинител или од судот неговиот исказ се снима аудио-визуелно. За испитувањето се изработуваат три примероци, за секој од странките во постапката и една за судот. При испитувањето на обвинетиот треба да му бидат поставувани прашања јасно, разбирливо и прецизно, за да може наполно да ги разбере. Обвинетиот се испрашува усно. При завршување на испитувањето на обвинетото лице, ќе му се постават прашања доколку е потребно да пополнување на празнините и да се отстранат противречностите или неразбирливоста во неговото излагање. Спрема обвинетото лице не може да се примени сила или закана за да се дојде до негова изјава или признавање.

Сведочењето претставува обврска на секој човек и таква опфаќа должност на сведокот да се јави на поканата за сведочење и даде вистинит исказ за се што му е познато во врска со некое кривично дело, за сторителот на делото или за околностите под кои се случил кривично правнио настан. За должноста за сведочење со новиот закон за кривична постапка се изоставени две категории на лица и тоа малолетните лица и лицата кои поради својата душевна или телесна болест , односно возраст воопшто не е во состојба да сведочи.[20] Исто така ова се однесува и за категоријата на лица кои не можат да бидат ставени како сведоци а тоа се лицата кои би ја повредиле должноста за чување на деловна тајна во однос на тоа што го дознале во вршењето на своето занимање.Сведоците се повикуваат со покана во која се наведува датумот, часот и местото каде сведокот да се појави, кривичниот предмет за кој се повикува и својството на сведок. Неговото изоставување сведокот е должен да го оправда пред судот. Сведоците се испрашуваат одделно и усно. Сведокот ќе е опомени дека давањето на лажен исказ претставува кривично дело. Сведокот не е должен да одговара на прашања ако е веројатно дека себе или свој близок роднина би се изложил на тежок срам, значителна материјална штета или кривично гонење. Сведоците кој би можеле да бидат загрозени со нивното сведочење можат да побараат посебна процесна заштита која и се овозможува согласно законот за заштита на сведоците. При сведочењето на овие лица не им се открива нивниот индетитет односно се става заштитен псевдоним. Кога овие лица го даваат исказот во доказната постапка нивниот лик и глас се изменети и исказот го даваат преку видеоконференциска врска се со цел заштита на нивната личност а вооедно и даваат придонес кон вистинито утврдување на фактичката состојба . Како процесна заштита на овие лица може да им се даде нов идентитет на лицето кое сведочи на членовите на неговото семејство и истите да ја напуштат

[19] Член 206 од Закон за кривична постапка (Службен весник на Рпеублика Македонија бр.150 од 18.11.2010 година).
[20] Ibid.Член 213.

државата во кое би и се обезбедило сместување , работа и обезбедивање на сите останати неопходни услови кој и се потребни на лицата.

Увидот го презема јавниот обвинител а по негово овластување може и правосудната полиција кога за разјаснување или утврдување на определени факти во постапката е потребно негово разјаснување. Осомничениот, бранителот и оштетениот може да присуствуваат за време на увидот. Заради проверување на определени докази или утврдување на определени факти, органот кој раководи со постапката може да определи реконструкција на настан, која ќе се врши така што ќе се повторат дејствата или ситуациите во услови под кои според прибавените докази се одиграл настанот.[21] Со реконструкцијата не смее да се врши на начин со кој се нарушува јавниот ред и морал или се доведува во прашање животот или здравјето на човекот.

Вештачењето претставува едно од доказните средства преку кое со примена на стручно знаење се утврдуваат разни факти кои се важни за донесувањет на одлука. Вештачењето може да се определи кога треба да се сознаат некои општи ставови на науката или стручната практика, кога треба стручно лице да даде мислење од областа на својата струка за конкретни факти и кога е потребно посебно знаење за некој факт или некој предмет или состојба, кое го имаат само стручнаците од посебна област. Вештачењето се определува со писмена наредба во која ќе се наведе во однос на кои факти се врши вештачењето и кому му се доверува. Исто така , во наредбата се определува и рокот во кое вештачењето треба да биде изготвено .[22] Вештачење може да го изврши високообразовна установа , научна установа, стручна установа, но и орган на државна управа. Со новиот ЗКП е дозволена можност за користење на вештаци од странство. Со вештачењето раководи органот кој го определил вештачењето.[23] За извршеното вештачење вештакот е должен до органот кој го наредил вештачењето да достави извештај кој содржи докази што ги прегледал, извршени тестови, наод и мислење до кои дошол и други релеватни податоци со образложение како дошол до определено мислење. За вештачењето се составува запинсик или писмен наод и мислење и во него се внесуваат податоци за тоа кој го наредил вештачењето, бројот на лиценцата на вештакот и областа за која му е издадена лиценцата .

7.Завршување на истражната постапка

Траењето на истражната постака е временски ограничено. Во законот е определено дека истражната постапка треба да заврши во рок од 6 месеци, од донесувањето на наредбата за спроведување на истражна постапка. Доколку не заврши во тој рок, јавниот обвинител е должен да го извести вишиот јавен обвинител, кој може овој рок да го продолжи за уште 6 месеци, доколку станува збор за сложени предмети. Овој рок може по исклучок да биде продолжен за уште 3 месеци од Јавниот обвинител на Република Македонија, што значи дека

[21] Член 234 од Закон за кривична постапка (Службен весник на Република Македонија бр.150 од 18.11.2010 година).
[22] Ibid.Член 237.
[23] Ibid.Член 242.

истражната постапка може да трае најмногу до 15 месеци. За кривичните дела од областа на организираниот криминал, овој рок може да биде продолжен за уште 6 месеца од страна на Јавниот обвинител на Република Македонија.

Јавниот обвинител ја завршува истражната постапка кога ќе оцени дека е доволно разјаснеста состојбата на работите, за да може да донесе одлука- да поднесе обвинение или да ја запре истражната постапка. Негова обврска е пред истекот на рокот да достави писмено известување до осомничениот и неговиот бранител во кое ќе даде краток опис на кривичното дело за кое е спроведена истражна постапка, правна квалификација на истото како и напомена дека списите од спроведената истражна постапка се наоѓаат во архивата на јавното обвинителство и дека имаат право на увид во истите како и да извршат препис.[24] Во ова известување треба да биде внесена и пука за осомничениот и неговиот бранител, дека имаат право во рок од 15 дена од приемот на известувањето да доставаат докази до јавниот обвинител, списи од преземаните дејствија на одбраната , како и да бараат од јавниот обвинител да тој себере определени докази во кој јавниот обвинител во рок од 30 дена мора да постапи по ова барање. Во законот не е децидно наведено колку пати осомничениот и неговиот бранител можат да поднесат вакво барање до јавниот обвинител, затоа што може да се смета дека имаат право да поднесат вакво барање само еднаш.

Треба да се напомене дека јавниот обвинител е должен да го извести осомничениот за истражната постапка која се води против него и во случај кога од прибавените докази и податоци цени дека треба да ја запре истражната постапка. Откако ќе заврше истражната постапка и откако ќе измине рокот од 15 дена во кој осомничениот и неговиот бранител можат да доставаат до јавниот обвинител докази и барање за собирање на докази, како и по истекот на рокот од 30 дена во кој јавниот обвинител е должен да ги собере бараните докази, јавниот обвинител е должен во рок од 15 дена да донесе одлука, односно да поднесе обвинение или да ја запре истражната постапка. За кривичните дела од областа на организираниот криминал, овој рок изнесува 30 дена.

8.Поднесување обвинение, запирање и прекин на истражната постапка

Во членот 319 ст.1 од ЗКП се наведува дека јавниот обвинител по завршување на истражната постапка, изговува и поднесува обвинителек акт кога ќе се утврди дека има доволно докази од кои може да очекува донесување на осудителна пресуда, што упатува на тоа дека по заврашување на истражната постапка јавниот обвинител треба да изврши своја оценка на доказите со кои располага и врз основа на тоа да заклучи дека има доволно докази за обвинетиот да може да биде осуден . за да има основ за поднесување на обвинение.

Истражната постапка се запира :

[24] Калајџиев Г. Матовски Н.,Бужаровска Г. (2011) : Кривично процесно право, Скопје, стр.160.

- Ако делото што му се става на товар на осомничениот не е кривично дело за кое се гони по службена должност
- Доколку настапила застареност на кривичното гонење или делото е опфатено со акт на амнестија или помилување
- Доколку настапиле други околности кои го исклучуваат гонењето и
- Доколку нема докази дека осомничениот го сторил кривичното дело.

Истражната постапка се запира со наредба која ја донесува јавниот обвинител.[25] Наредбата за запирање на истражната постапка се донесува до осомничениот и до оштетениот, кој воедно се поучува дека има право во рок од 8 дена од приемот на наредбата да поднесе приговор до вишиот јавен обвинител. [26]

Јавниот обвинител ќе ја прекине истражната постапка доколку :

- Осомничениот е во бегство и е недостапен на државните органи
- По сторувањето на делото кај осомничениот настапило душевно заболување , растројство или друга тешка болест поради која не е може да учествува во постапката или
- Настапиле околности кои привремено го спречуваат кривичното гонење.

Истражната постапка се прекинува со наредба која ја донесува јавниот обвинител.[27] Во законот не е предвидено доставување на оваа наредба до другите лица од причини не претставува конечна одлука на јавниот обвинител и што против истата не е дозволено изјавување на жалба или приговор. Кога ќе престанат причините поради кои е прекината истражната постаока, јавниот обвинител ќе ја продолжи истражната постапка. Во законот не е предвидено донесување на некаков акт-наредба од страна на јавниот обвинител за продолжување на истражната постапка. Со оглед на тоа што истражната постапка е временски ограничена, се јавува за потреба за продолжување на истражната постапка да биде на некој начин евидендирано кај јавниот обвинител, за да може правилно да се утврдува нејзиното времетраење.

Заклучок

Целта за пишувањето и истражувањето на овој труд ми претставува водењето и работата на јавниот обвинител во текот на истражната постапка. Водењето на сеопфатна истражна постапка ни претставува предуслов за донесеување на правилна и законита судска одлука. Пред донесувањето на ЗКП од 2010 година , истражната постапка ја водеше истражниот судија. Но со

[25] Член 304 од Законот за кривична постапка (Службен весник на Република Македонија бр.150 од 18.11.2010 година).
[26] Прирачник за практичари, Истражна постапка Модул 2 , OSCE, демеври 2010 година, стр 61
[27] Ibid. Член 300.

донесувањето на ЗКП од 2010 година истражната постапка ја води јавниот обвинител и претставува собирање на докази заради донесување на одлука дали јавниот обвинител ќе покрене обвинение. Истражната постапка ни претставува битен стадиум во кривичната постапка бидејќи во истрагата покрај собирањето на доказниот материјал , јавниот обвинител може и да се спогоди со осомничените лица и предлог спогодбата да ја достави до судијата на претходна постапка за нејзино потврдување. Една од главните новитети при донесувањето на ЗКП од 2010 година ни претставува тоа што доказите кој се собрани во истражната постапка за прв пат се изведуваат на главна расправа бидејќи доказите сега ги собира јавниот обвинител а не истражниот судија. При собирање на доказниот материјал согласно доказните дејствија кој му стојат на располагање на јавниот обвинител се одлучува против кого ќе се покрене обвинение , кој лица ќе бидат сведоци а за кого постапката ќе се прекине или запре. При поведувањето на истражната постапка јавниот обвинител мора да се раководи согласно начелото на легалитет и секогаш доколку постојат докази дека е сторено кривично дело да покрене постапка доколку кривичното дело се гони по службена положба. Чести се случаите кога при поднесување на кривични пријави истите да бидат одбиени поради непостоење на елементи дека предмените кривични дела се гонат по службена положба.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Закон за кривична постапка (Сл.Весник на РМ бр.15/97, 44/2002/ 74/2004. 83/2008 и 67/2009).

Устав на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија бр.52 од 22.11.1991 година).

Ратка Андонова, Претрес во казнената постапка, Скопје 2016 година.

Калајџиев Г. Матовски Н.,Бужаровска Г. (2011) : Кривично процесно право, Скопје.

Академија на судии и јавни обвинители, Прирачник за Истражна постапка, Скопје 2013.

Проф.Д-р Гордана Лажетиќ Бужаровска, Проф.Д-р Гордан Калајџиев, Доц.Д-р Бобан Мисовски, Доц.Д-р Дивна Илиќ-Димовски,Казнено процесно право, Скопје , 2015 година.

Закон за Јавно обвинителство (Сл.Весник на РМ, бр. 150/07 и 111/08).

Прирачник за практичари, Истражни дејствија Модул 2, OSCE, декември 2010 година.

Прирачник за практичари, Спогодување за вина , OSCE, декември 2010 година

УДК: 327:341.171.071.51(4-672ЕУ:497.7)
327:(4-672ЕУ:497.2)

ПРЕГЛЕД НА РЕГИОНАЛНИТЕ ПРЕТПРИСТАПНИ ИНСТРУМЕНТИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО ОДНОС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

Ирена Манчева
Магистрант- Европско право, Универзитет "Гоце Делчев"- Штип,
irenamanceva@yahoo.com

Апстракт:
Една од најактуелните, но и најстарите, теми во Република Македонија е приклучувањето во Европската Унија. Имено, евроинтегративниот процес за Република Македонија започна за прв пат во Октомври 1992 год, само една година по добивањето на независност. Од тогаш поминаа 26 години, но Република Македонија сеуште не е дел од Европското семејство поради најразлични причини, од кои најсериозната причина е спорот за името со Република Грција.
Поради долгиот евроинтегративен процес како и поради слабата информираност на населението во врска со активностите и политиките на Европската Унија, во Република Македонија се развои одредена доза на скептицизам, а исто така се наметнаа и голем број на прашања во врска со придобивките од членството во Европската Унија. Прашањата како: Што гарантира Европската Унија?, Кои се придобивките од влегувањето во Унијата? Што доби Република Бугарија со тоа што стана дел од Европската Унија? и многу други прашања ке бидат предмет на истражување во овој труд...
Одговорите на овие прашања ке се обидеме да ги пронајдеме пред се преку истражување низ призмата на регионалната политика на Европската Унија која служи за, од една страна да се остварат интересите на Европската Унија, а од друга страна да се остварат интересите на земјите- членки. Исто така во овој труд ке се изврши и анализа на придобивките од членството во Европската Унија, преку регионалната политика за Република Бугарија која е веќе дел од Европската Унија.

Клучни зборови: *Европска Унија, придобивки од челнството во ЕУ, политики на ЕУ, активности на ЕУ, регионална политика на ЕУ*

Abstract

One of the most popular, but also the oldest, topic in the Republic of Macedonia is to join the European Union. However, the Euro- integration process for Republic of Macedonia started for the first time in October 1992, only a year after gaining independence. Since then, 26 years have passed, but Republic of Macedonia is still not part of the European family from various reasons, of which the most serious reason is the name dispute of Republic of Macedonia with Republic of Greece.

Due to the long Euro-integrative process, as well as the poor informing of the population regarding the activities and policies of the European Union, Republic of Macedonia has developed a certain amount of skepticism, and a number of questions about the benefits of the membership in the European Union have been imposed. Questions like: What guaranteese are ofered by the European Union? What are the benefits of joining the Union? What are the benefits that Republic of Bulgaria gained after becoming part of the European Union? and many other issues will be the subject of research in this paper ...

We will try to give answers to these questions primarily through research directed to the regional policy of the European Union, which serves to realize the interests of the European Union on one side, and on the other side to realize the interests of the member states. Also in this paper will be analyzed the benefits of membership in the European Union, through the regional policy for Republic of Bulgaria that is already in the European Union.

Key words: *European Union, The benefits of the membership in the EU, policy of EU, activities of EU, regional policy of EU*

Вовед

Долгиот евроинтегративен процес и слабата информираност на населението во врска со активностите и политиките на Европската Унија, во Република Македонија развија одредена доза на скептицизам во врска со придобивките од членството во Европската Унија. Во овој научно истражувачки труд главниот акцент ке биде ставен на регионалната политика на Европската Унија, којашто е насочена кон економска и социјална кохезија на замјите-членки преку т.н. стуктурни фондови за поедначков развој на сите региони во Унијата. Исто така ке се направи и осврт на тоа што добила Република Македонија како корисник на ИПА- Регионалнната развојна програма. Во овој дел ке се направи обид да се даде одговор на прашањата: Што гарантира Европската Унија?, Кои се придобивките од влегувањето во Унијата? и многу други прашања.

Во овој научно истражувачки труд, исто така, ке се изврши и анализа на придобивките од регионалната политика преку структурните фондови на Европската Унија за Република Бугарија која е земја- членка на Унија. Разработувањето на регионалната политика во Република Бугарија ќе ни

помогне да дадеме одговор на прашањето: Што доби Република Бугарија со тоа што стана дел од Унија?

Европската унија како своевидна формација во меѓународното право (sui generis), претставува интеграција на суверени европски држави кои се обединиле со цел да ги остварат своите национални интереси. Основните елементи на интегративниот процес во Европската унија се меѓународните договори, институциите на Европската Унија и, се разбира, политиките и активностите преку кои се остваруваат интересите на земјите- членки од една страна, како и интересите на Унијата од друга страна. Главниот фокус во ова истражување ќе биде насочен кон регионалната политика на Унијата заради остварување на интересите и на земјите- членики, но и на самата Европска Унија. Имено, основниот начин за остварување на политиките и активностите на Европската Унија се врши преку т.н. метод на "доверени овластувања". Методот на "доверени овластувања" е зацртан во член 5 од Договорот за функционирање на Европската Унија, каде стои дека Европската Унија делува само во рамките на оние овластувања кои и се доверени од страна на земјите-членки, а додека пак оние кои не се предвидени, остануваат во доменот на земјите- членки. Регионалната политика на Европската Унија е главниот инвестиционен фонд на Унијата, насочен кон сите земји- членки, но и кон земјите- кандидати за членство и потенцијалните земји-кандидати и таа всушност претставува финансиска помош која ќе обезбеди рамномерен развој преку намалување на разликите што постојат во степенот на развиеност на одредени региони и заостанатоста на помалку привилегираните региони, и истата како таква се реализира преку нејзините структурни фондови.

Сепак, националните влади на регионите во развој на Балканот имаа тенденција да ги препишат успесите на Европската Унија на своја сметка, а своите неуспеси да ги препишат на Европската Унија, при што поради неинформираноста на населението се појавува и одреден степен на евроскептицизам.

Република Македонија иако не е дел од Европската Унија, сепак е корисник на ИПА регионалната развојна програма од 2007 година и ги користи финансиските средства од овој фонд.

Република Бугарија во ова истражување ќе биде проследена како компаративна земја поради фактот дека е дел од Европската Унија со претпоследно проширување, е соседна држава на Република Македонија и претставува земја со низок степен на развиеност, и истата, по приклучувањето во Унијата стана корисник на структурните фондови преку кои користи финансиска помош за регионален развој, вклучувајќи го и Кохезиониот фонд кој е наменет токму за помалку развиените региони.

1. Регионална политика

Регионалната политика на Европската Унија за прв пат се појавува во 1958 година, со тоа што во премабулата на Договорот во Рим е наведено дека Европската Унија заедно со земјите- членки ќе се залага за "обезбедување на рамномерен развој преку намалување на разликите што постојат во степенот на

развиеност на одредени региони и заостанатоста на помалку привилегираните региони.“[1] Со понатамошните договори, Европската Унија уште повеќе ја надоградува и продлабочува регионалната политика. Таа е насочена кон економска и социјална кохезија со цел да им помогне на посиромашните региони, и истата се остварува со помош на структурните фондови. Постојат пет основни стуктурни фондови преку кои се остварува регионалната политика на Европската унија и тоа: Европски фонд за регионален развој (ERDF), Европски социјален фонд (ESF), Кохезионен фонд (CF), Европски земјоделски фонд за рурален развој (EAFRD) и Европски фонд за морепловство и рибарство (EMFF). Овде значајно е да се потенцира дека секој регион може да ги користи придобивките од Европскиот фонд за регионален развој (ERDF) и Европскиот социјален фонд (ESF), но само помалку рзвиените региони можат да добијат подршка од Кохезиониот фонд (CF). Основната цел на Европскиот фонд за регионален развој (ERDF) е да ја зајакне економската и социјалната кохезија преку инвестиции во неколку области како што се: истражување и иновации, дигиталната програма, подршка за мали и средни претпријатија и економијата со ниски емисии на јаглерод. Овој фонд предвидува дека во поразвиените региони, најмалку 80% од средствата мора да се однесуваат на најмалку два од овие приоритети, а во транзициониите региони е 60% од средствата.[2] Европски социјален фонд (ESF) е насочен кон можностите за вработување и образование во Европската Унија, но и кон подобрување на ситуацијата кај најранливите категории на луѓе на кои им се заканува ризикот од сиромаштија. Повеќе од 80 милијарди евра од овој фонд се наменети за инвестиции во човечки капитал помеѓу 2014 и 2020 година, со дополнителни 3,2 милијарди евра доделени за остварување на Иницијативата за вработување на млади. 20% од инвестициите ќе бидат посветени на активности кои ке се однесуваат на подобрување на социјалната вклученост и борбата против сиромаштијата.[3] Кохезиониот фонд, пак, е насочен кон земјите- членки чиј бруто- национален приход по жител кој е под 90% од просекот на Европската Унија, со цел да ги намали економските и социјалните разлики и да промовира одржлив развој. Овој фонд, за периодот од 2014- 2020 ги опфаќа Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Естонија, Грција, Унгарија, Латвија, Литванија, Малта, Полска, Португалија, Романија, Словачка и Словенија. Кохезиониот фонд издвојува вкупно 63,4 милијарди евра за активности кои се однесуваат на трансевропски транспортни мрежи и активности кои се однесуваат на животната средина.[4]

[1]The treaty of Rome, 25 March 1957- https://ec.europa.eu/romania/sites/romania/files/tratatul_de_la_roma.pdf , пристапено 20.7.18

[2] European Regional Development Fund- http://ec.europa.eu/regional_policy/en/funding/erdf/ ,пристапено 20.7.18

[3] European Social Fund- http://ec.europa.eu/regional_policy/en/funding/social-fund/ ,пристапено 20.7.18

[4] Cohesion Fund- http://ec.europa.eu/regional_policy/en/funding/cohesion-fund/ ,пристапено 20.7.18

Помошта за земјите кандидати и потенцијалните кандидати за пристап во ЕУ е достапна преку Инструментот за претпристапна помош (ИПА). Земјите-кориснички на ИПА се поделени во две категории: Земји- кандидати за членство во ЕУ (Турција, Албанија, Црна Гора, Србија и Македонија) и потенцијалните земји-кандидати во Западен Балкан (Босна и Херцеговина, Косово под Резолуција 1244/99 на Советот за безбедност на ОН).[5]

Преку регионалната политика во периодот помеѓу 2007- 2012 година, Европската Унија успела да создаде 769.000 работни места, инвестирала во 225 000 помали бизниси, испорачала 72.000 истражувачки проекти, воспоставила интернет мрежа до повеќе од 5 милиони граѓани на ЕУ и го подобрила на квалитетот на животот во градовите преку 11.000 различни проекти[6], а во периодот помеѓу 1989- 2013 година, од буџетот на ЕУ биле доделени над 800 милијарди евра за кофинансирање на проекти насочени кон регионален развој.[7]

Освен стуктурните фондови како основен и најзначаен начин за остварување на регионалната политика на Европската унија, постојат и т.н. Иницијативи на Заедницата кои се насочени кон решавање на проблеми кои се од особено значење за Европската Унија и имаат улога во координирањето на целите на неколку заеднички политики. Постојат четири основни типа на Иницијативи на Заедницата и тоа: Interreg- насочена кон земјите од Централна и Источна Европа која се залага за транснационална и меѓурегионална соработка, со интенција за создавање на хармоничен, избалансиран и оддржлив развој на целата територија на Европската Унија, Leader- насочена кон руралниот развој, Urban- насочена кон економска и социјална обнова на градовите и урбаните заедници во криза и Equal- насочена кон целите на заедничката социјална политика, а се фокусира на транснационална соработка во броба против сите форми на дискриминација и нееднаквости на пазарот на работна сила. [8]

Имено, Европската Унија во периодот од 2014- 2020 за своите 274 региони, опфатени со регионалната политика преку Европскиот фонд за регионален развој (ERDF) и Европскиот социјален фонд (ESF) остварила:

- Во помалку развиените региони- 182,2 милијарди евра
- Регионите во транзиција- 35,4 милијарди евра

[5] Instrument for Pre- Accession Assistance (IPA)- http://ec.europa.eu/regional_policy/hr/funding/ipa/,пристапено 20.7.18

[6] Regional policy- https://europa.eu/european-union/topics/regional-policy_en ,пристапено 20.7.18

[7] The European Union explained: Regional policy, European Commission Directorate-General for Communication Citizens information 1049 Brussels BELGIUM Manuscript, November 2014- file:///C:/Users/User/Downloads/regional_policy_en.pdf ,пристапено 20.7.18

[8] Политики на Европската Унија, доц. Д-р Љупчо Сотироски, септември 2013- http://eprints.ugd.edu.mk/8448/1/%D0%A1%D0%9E%D0%A2%D0%98%D0%A0%D0%9E%D0%A1%D0%9A%D0%98_%D0%A0%D0%95%D0%92%D0%98%D0%94%D0%98%D0%A0%D0%90%D0%9D%D0%90%20%D0%A1%D0%9A%D0%A0%D0%98%D0%9F%D0%A2%D0%90_%20%D0%9F%D0%9E%D0%9B%D0%98%D0%A2%D0%98%D0%9A%D0%98%20%D0%9D%D0%90%20%D0%95%D0%A3_2013.pdf ,пристапено 20.7.18

- Во повеќе развиените региони- 54,3 милијарди евра

Другите извори на финансирање според регионалната политика во истиот период вклучуваат: Кохезионен фонд (65,3 милијарди евра), Европска територијална соработка (10,2 милијарди евра), "Иницијатива за вработување на млади" (3,2 милијарди евра) и специфични средства за најоддалечените и ретко населените региони (1,6 милијарди евра). Регионалната политика на ЕУ го опфаќа најголемиот дел од буџетот на ЕУ за 2014-2020 (351,8 милијарди евра) што ја прави главна инвестициона алка на Европската Унијата.[9]

2. ИПА Регионални развојни програми за Република Македонија

На 1 јануари 2007 година, предпристапните фондови (PHARE, PHARE CBC, ISPA, SAPARD, CARDS и финансискиот инструмент за Турција) биле заменети со еден единствен инструмент и правна рамка наречен инструмент за претпристапна помош (ИПА). Финансирањето преку овој инструмент на регионалната политика се обезбедува преку пет компоненти: помош при транзиција и градење на институции, прекугранична соработка (со земји-членки на ЕУ и други земји кои имаат право на ИПА), регионален развој (обезбедување поддршка за транспорт, инфраструктура на животната средина и подобрување на конкурентноста и намалување на регионалните разлики), развој на човечки ресурси (зајакнување на човечкиот капитал и борба против исклучување) и Рурален развој.[10]

Главната цел на оперативната програма за "Регионален развој" е одржливиот развој на Република Македонија, преку подобрување на транспортната и еколошката инфраструктура. Во оваа програма за периодот од 2007-2013 година биле утврдени четири приоритети и средствата за нејзина успешна реализација.

1. Завршување на автопатот Коридор 5 кој ќе придонесе за подобра кохезија со земјите -членки на ЕУ и со регионалните соседи. Вкупното финансирање за овој проект изнесува 61 764 710 евра, од кои од ИПА се 52 500 000 евра а националното кофинансирање изнесува 9 264 710 евра
2. Надградба и модернизација на транспортната инфраструктура кој ќе придонесе за подобра кохезија со земјите-членки на ЕУ и регионалните соседи преку инвестиции во мрежата на транспортна инфраструктура, со даден приоритет во тековниот период да се подготват идните инвестиции во железничката инфраструктура во коридорите 5 и 8 и патната инфраструктура во коридорот 8. Вкупното финансирање за овој проект изнесува 66 871 297 евра, од кои од ИПА се 56 840 600 евра а националното кофинансирање изнесува 10 030 697 евра

[9] The European Union explained: Regional policy, European Commission Directorate-General for Communication Citizens information 1049 Brussels BELGIUM Manuscript, November 2014/ стр.3- file:///C:/Users/User/Downloads/regional_policy_en.pdf ,пристапено 20.7.18

[10] How IPA works- http://ec.europa.eu/regional_policy/en/funding/ipa/how/ ,пристапено 20.7.18

3. Подобрување на инфраструктурата во животната средина кој ќе ја подобри заштитата на животната средина преку инвестиции во инфраструктурата на животната средина и создавање услови за одржлив еколошки развој. Вкупното финансирање за овој проект изнесува 90 078 313 евра, од кои од ИПА се 76 566 562 евра а националното кофинансирање изнесува 13 511 751 евра
4. Техничка поддршка со цел да обезбеди сигурно и ефикасно управување и спроведување на програмата, преку подобрување на административниот капацитет на засегнатите институции и поддршка на активностите за спроведување, следење, оценување, контрола и комуникација, како и за подготовка на секторски студии, идните оперативни програми и инвестициски проекти. Вкупното финансирање за овој проект изнесува 7 353 479 евра, од кои од ИПА се 6 250 453 евра а националното кофинансирање изнесува 1 103 026 евра[11]

Република Македонија, исто така, е корисник и на програмата ИПА II, чија што финансиска помош изнесува 664,2 милиони евра, за периодот од 2014- 2020 година.Приоритетните сектори за кои би требало да се употребат овие финансиски средства се:
1. Демократија и управување вклучувајќи: Реформирање на државната служба (транспарентност, одговорност, независност) на централно и локално ниво; промовирање на децентрализацијата и локалното управување; спроведување на клучните делови од Охридскиот мировен договор; подобрување на економската политика и управувањето со јавните финансии; воспоставување демократски институции; создавање на силно граѓанско општество кое може да придонесе за јавна дебата (на пример, за демократија, човекови права, социјална вклученост)
2. Владеење на правото и фундаментални права вклучувајќи: Судски реформи; поефикасна борбата против корупцијата; почитување на човековите права (особено слободата на изразување и на медиумите и заштита на малцинствата (на пример, ромската и ЛГБТИ заедницата), подобрување на граничното управување и спроведување на политиките за виза, миграција и азил во согласност со правото на ЕУ (acquis) и зајакнување на борбата против организираниот криминал
3. Животна средина и клима вклучувајќи: создавање на почиста животна средина; промовирање на одржлив развој; менувањето на ниско ниво на јаглерод
4. Транспорт: Развивање на модерна, добро поврзана транспортна мрежа за поддршка на конкурентноста и растот; побезбедни транспортни мрежи; подобрување на мобилноста во урбаните области со користење на зелен транспорт

[11] IPA Regional Development Operational Program in the former Yugoslav Republic of Macedonia- http://ec.europa.eu/regional_policy/en/funding/ipa/fyrom/development/ ,пристапено 20.7.18

5. Конкурентност и иновации: Подобрување на економската конкурентност; зголемување на продуктивните инвестиции, странски директни инвестиции; диверзификација на извозот; создавање услови за одржлив економски раст и конвергенција на ЕУ; зајакнување на деловната рамка (правна и институционална), спроведување на правото на ЕУ за единствен пазар.
6. Социјален развој: Поддршка на инклузивен и ефективен пазар на трудот; зголемување на пристапот до квалитетно образование и обука со цел подобро да се усогласат вештините со потребите на работодавачите; воспоставување модерен, флексибилен систем на социјална заштита со поголема социјална вклученост; зајакнување на професионални организации.
7. Земјоделство и рурален развој: поттикнување на порамномерен развој во руралните средини; подобрување на стандардите за безбедност на храната со што секторот за земјоделство и производство на храна ќе стане поконкурентен.
8. Регионална и територијална соработка: поттикнување на добрососедски односи; промовирање на социо-економскиот развој во пограничните области.[12]

Сепак, во 2016 година Европската Унија решава да ја намали предвидената финансиска помош за околу 27 милиони евра за Република Македонија поради неспособноста и неподготвеноста на владата на Република Македонија да оствари значителни реформи во клучните области.[13]

3. Република Бугарија низ призмата на регионалната политика на Европската Унија:

Република Бугарија и Република Романија ке станат дел од Европската Унија со предпоследното проширување во 2007 год. Откако Република Бугарија стана земја- членка на Унијата, доделени и се 9,88 милијарди евра од Европските фондови за периодот од 2014- 2020 година, преку 10 национални програми. Со национален придонес од 1,86 милијарди евра, Република Бугарија има вкупен буџет од 11,73 милијарди евра што треба да се инвестира во различни области, од создавање на работни места и раст до обезбедување на бизнис-средина што е поволна за иновации, како и за унапредување на социјалната вклученост и

[12] The former Yugoslav Republic of Macedonia - financial assistance under IPA II- https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/instruments/funding-by-country/former-yugoslav-republic-of-macedonia_en ,пристапено 20.7.18

[13] COMMISSION STAFF WORKING DOCUMENT The former Yugoslav Republic of Macedonia 2016 Report Accompanying the document Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions 2016 Communication on EU Enlargement Policy, Brussels, 9.11.2016 (page 82)- https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:52016SC0362&from=EN ,пристапено 20.7.18

заштита на животната средина.[14] Во прилог ке бидат прикажани неколку оперативни програми кои се финансирани од Евроските фондови.

3.1. Оперативна програма "Иницијатива за малите и средни претпријатија"

На 13 октомври 2015 година Европската комисија ја одобрила оперативната програма- "Иницијатива за мали и средни претпријатија" 2014-2020 (OP SMEI) со што Бугарија ќе стане трета земја во Европската Унија која ќе користи финансиски средства за мали и средни претпријатија преку овој инструментот. Буџетот на оваа оперативна програма изнесува 102 милиони евра, целосно финансирани од ЕУ во рамките на Европскиот фонд за регионален развој, бидејќи не бара национално кофинансирање. Иницијативата за мали и средни претпријатија е заедничка програма на Европската комисија и Европската инвестициска банка за финансиски инструменти за мали и средни претпријатија за периодот од 2014- 2020, чија главна цел е брзо зголемување на кредитирањето на МСП на ниво на ЕУ за постигнување значително финансирање на малите и средни претпријатија, економски раст и отворање нови работни места.[15] Од испорачаните 102 милиони евра, Република Бугарија употребила 95 334 300 евра (93% од вкупната сума) до 31.12.2017 год.[16] Планирани биле финансиски средства за 2816 претпријатија, но средствата биле имплементирани само во 86 претпријатија.[17]

[14] European Structural and Investment Funds: Country factsheet – Bulgaria- http://ec.europa.eu/regional_policy/en/information/publications/factsheets/2016/european-structural-and-investment-funds-country-factsheet-bulgaria , пристапено 20.7.18

[15] Operational Programme „Small and medium sized enterprises initiative "2014-2020 (OP SMEI)- http://en.opic.bg/op-imsp/operational-programme ,пристапено 20.7.18

[16] EUROPEAN STRUCTURAL AND INVESTMENT FUNDS- DATA- https://cohesiondata.ec.europa.eu/programmes/2015BG16RFSM001 , пристапено 20.7.18

[17] Ibid



3.1.1. Графички приказ за предвидени, одобрени и искористени средства од Оперативната -програма "Иницијатива за мали и средни претпријатија".
Извор: Programme- SME Initiative, ERDF, Implemented finances. Податоци достапни на:
https://cohesiondata.ec.europa.eu/programmes/2015BG16RFSM001#

3.2. Оперативната програма "Транспорт и транспортна инфраструктура":

Програмата има за цел да ја развие Трансевропската мрежа за транспорт (ТЕН-Т) во Бугарија и да го направи транспортот побезбеден и поодржлив. Изградбата на новата инфраструктура ќе ја стимулира бугарската економија, а подобрите транспортните врски ќе создадат нови деловни можности и ќе ги намалат трошоците за транспорт на стоки. Оваа оперативна програма е финансирана од кохезиониот фонд (1.144.687.261,00 евра) и од Европскиот фонд за регионален развој (459,761,907.00 евра). Вкупниот придонес на Европската Унија изнесува 1,604,449,168.00 евра.[18] Од вкупната предвидена сума за оперативната програма, Република Бугарија искористила 288 203 090 евра (15%) до 31.12.2017

[18] Operational programme “Transport and transport infrastructure”, Bulgaria- http://ec.europa.eu/regional_policy/en/atlas/programmes/2014-2020/bulgaria/2014bg16m1op001 ,пристапено 20.7.18

год.[19]Била планирана реконструкција на железничката линија за 190 километри, но без никакви остварувања. Преку овој фонд била планирана и изградна на нови патишта за 67 километри, но повторно без никакви остварувања.[20]



3.2.1. Графички приказ за предвидени, одобрени и искористени средства за Оперативната програма "Транспорт и тренспортна инфраструктура".
Извор: Programme- Transport and transport infrastructure, ERDF/CF, Implemented finances. Податоци достапни на:
https://cohesiondata.ec.europa.eu/programmes/2014BG16M1OP001#

3.3. Оперативна програма "Региони во развој":

Оваа програма има за цел директно да се справи со теирторијалната неурамнотеженост и е насочена кон постигнување на регионален и урбан развиток во земјата. Оваа оперативна програма е финансирана од Европскиот фонд за регионален развој (1,311,704,793.00 евра). Предвидената сума за оваа

[19] EUROPEAN STRUCTURAL AND INVESTMENT FUNDS- DATA- https://cohesiondata.ec.europa.eu/programmes/2014BG16M1OP001 ,пристапено 20.7.18
[20] Ibid

програна изнесува 1 543 182 113 евра.[21] Од вкупната предвидена сума за оперативната програма "Региони во развој", Република Бугарија искористила 124 581 171 евра (8%) до 31.12.2017 год.[22]Во однос на оваа програма биле планирани финансиски средства за развиток на туризмот, патиштата, реновирање на земјишта, енергетски развиток, обнова на училишта, обнова на згради и сл, но сепак не се регистрирани остварените резултати од истата. [23]



3.3.1. Графички приказ за предвидени, одобрени и искористени средства за Оперативната програма "Региони во развој".
Извор: Programme- Regions in Growth, ERDF, Implemented finances. Податоци достапни на:
https://cohesiondata.ec.europa.eu/programmes/2014BG16RFOP001#

Заклучок

[21] Operational programme "Regions in Growth", Bulgaria- http://ec.europa.eu/regional_policy/en/atlas/programmes/2014-2020/bulgaria/2014bg16rfop001 ,пристапено 20.7.18
[22] EUROPEAN STRUCTURAL AND INVESTMENT FUNDS- DATA- https://cohesiondata.ec.europa.eu/programmes/2014BG16RFOP001 ,пристапено 20.7.18
[23] Ibid

Врз основа на спроведеното изстражување можеме да се заклучме дека регионалната политика на Европската Унија е главниот инвестиционен фонд на Унијата, насочен кон сите земји- членки, но и кон земјите- кандидати за членство и потенцијалните земји-кандидати. Регионалната политика всушност претставува финансиска помош која ќе обезбеди рамномерен развој преку намалување на разликите што постојат во степенот на развиеност на одредени региони и заостанатоста на помалку привилегираните региони, и истата како таква се реализира преку нејзините структурни фондови.

Сепак, националните влади на регионите во развој на Балканот имаа тенденција да ги препишат успесите на Европската Унија на своја сметка, а своите неуспеси да ги препишат на Европската Унија, при што поради неинформираноста на населението се појавува и одреден степен на евроскептицизам. Тоа го потврдува фактот дека Република Македонија иако не е дел од Европската Унија, сепак е корисник на ИПА регионалната развојна програма уште од 2007 и поголем дел од инфраструктурниот и социјалниот развиток на оваа држава се должи токму на оваа програма. Република Македонија како корисник на ИПА II само за периодот од 2014- 2020 година користи финансиска помош од 664,2 милиони евра. Имено, во 2016 година Европската Комисија истакна во извештајот за 2016 година за Република Македонија, дека ќе ја намали предвидената финансиска помош за околу 27 милиони евра поради недостатокот на издржани проекти, како и поради неспособноста и неподготвеноста на владата да оствари значителни реформи во клучните области, што уште повеќе ја потврдува претпоставката дека Европската Унија се грижи за регионалениот развиток за државите во развој, но ги намалила финансиските средства поради нивното неуспешно насочување и искористување од страна на националната држава.

Република Бугарија во ова истражување беше селектирана како компаративна земја поради фактот дека е дел од Европската Унија со претпоследно проширување, е соседна држава на Република Македонија и претставува земја со низок степен на развиеност. Како што забележавме во истражувањето, Република Бугарија по приклучувањето во Унијата станала корисник на структурните фондови преку кои користи финансиска помош за регионален развој, вклучувајќи го и Кохезиониот фонд кој е наменет токму за помалку развиените региони. Од истражувањето може да се забележи дека највисоките резултати биле постигнати со оперативната програма за ”мали и средни претпријатија” која има за цел да изврши значително финансирање на малите и средни претпријатија, економски раст и отворање нови работни места. Сепак, Европската Унија и доделила финансиски средства на Република Бугарија и за многу други проекти преку своите структурни фондови, но истите не биле искоритени од страна на националните влади. Со ова се доаѓа до заклучок дека слабата развиеност на државата во одредени сектори, иако е дел од Европската Унија, се должи на неискористувањето на финансиските средства од фондовите. Оттука произлегува дека регионалната политика на Европската Унија е од огромно значење за земјите во развој, но сепак поради недостаток на проекти за

користење на финансиските средства од страна на националните држави, истите не успеваат да достигнат значителен развиток.

КОРИСТЕНА ЛИЕРАТУРА:

Cohesion Fund- http://ec.europa.eu/regional_policy/en/funding/cohesion-fund/

COMMISSION STAFF WORKING DOCUMENT The former Yugoslav Republic of Macedonia 2016 Report Accompanying the document Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions 2016 Communication on EU Enlargement Policy, Brussels, 9.11.2016 (page 82)- https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:52016SC0362&from=EN

European Regional Development Fund- http://ec.europa.eu/regional_policy/en/funding/erdf/

European Social Fund- http://ec.europa.eu/regional_policy/en/funding/social-fund/

EUROPEAN STRUCTURAL AND INVESTMENT FUNDS- DATA, Programme: SME Initiative - ERDF- https://cohesiondata.ec.europa.eu/programmes/2015BG16RFSM001

EUROPEAN STRUCTURAL AND INVESTMENT FUNDS- DATA-Programme: Transport and transport infrastructure - ERDF/CF https://cohesiondata.ec.europa.eu/programmes/2014BG16M1OP001

EUROPEAN STRUCTURAL AND INVESTMENT FUNDS- DATA-Programme: Regions in Growth - ERDF https://cohesiondata.ec.europa.eu/programmes/2014BG16RFOP001

How IPA works- http://ec.europa.eu/regional_policy/en/funding/ipa/how/

Instrument for Pre- Accession Assistance (IPA)- http://ec.europa.eu/regional_policy/hr/funding/ipa/

IPA Regional Development Operational Program in the former Yugoslav Republic of Macedonia- http://ec.europa.eu/regional_policy/en/funding/ipa/fyrom/development/

Operational Programme „Small and medium sized enterprises initiative “2014-2020 (OP SMEI)- http://en.opic.bg/op-imsp/operational-programme

Operational programme “Transport and transport infrastructure”, Bulgaria- http://ec.europa.eu/regional_policy/en/atlas/programmes/2014-2020/bulgaria/2014bg16m1op001

Operational programme “Regions in Growth”, Bulgaria- http://ec.europa.eu/regional_policy/en/atlas/programmes/2014-2020/bulgaria/2014bg16rfop001

Regional policy- https://europa.eu/european-union/topics/regional-policy_en

The European Union explained: Regional policy, European Commission Directorate-General for Communication Citizens information 1049 Brussels BELGIUM

Manuscript, November 2014/ стр.3- file:///C:/Users/User/Downloads/regional_policy_en.pdf

The former Yugoslav Republic of Macedonia - financial assistance under IPA II- https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/instruments/funding-by-country/former-yugoslav-republic-of-macedonia_en

The treaty of Rome, 25 March 1957- https://ec.europa.eu/romania/sites/romania/files/tratatul_de_la_roma.pdf

Европска Унија, интерни и екстерни политики- https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%95%D0%B2%D1%80%D0%BE%D0%BF%D1%81%D0%BA%D0%B0_%D0%A3%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0#%D0%93%D0%BB%D0%B0%D0%B2%D0%BD%D0%B8_%D0%BF%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D1%82%D0%B8%D0%BA%D0%B8

Политики на Европската Унија, Љупчо Сотироски, септември 2013- http://eprints.ugd.edu.mk/8448/1/%D0%A1%D0%9E%D0%A2%D0%98%D0%A0%D0%9E%D0%A1%D0%9A%D0%98_%D0%A0%D0%95%D0%92%D0%98%D0%94%D0%98%D0%A0%D0%90%D0%9D%D0%90%20%D0%A1%D0%9A%D0%A0%D0%98%D0%9F%D0%A2%D0%90_%20%D0%9F%D0%9E%D0%9B%D0%98%D0%A2%D0%98%D0%9A%D0%98%20%D0%9D%D0%90%20%D0%95%D0%A3_2013.pdf

УДК: 343.615:347.426.6]:340.13(497.7)

КОНЦЕПТОТ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА НА ТЕЛЕСНА ПОВРЕДА СОГЛАСНО КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Марина Карова
Студент на втор циклус студии, Универзитет "Гоце Делчев" – Штип, Правен факултет,
marina.karova@yahoo.com

Апстракт

Фактот што во Уставот на Република Македонија и во голем број меѓународни акти се уредени почитувањето и заштитата на човековиот живот и телесниот интегритет на човекот, сведочи за нивното елементарно значење. Имено, кривичните дела против животот и телото со нивните особености и карактеристики претставуваат основа на казненото право, поради што во криминолошко-социолошка смисла се третираат како најелементарен облик на криминалитет. Без оглед на развојот и промените во општеството, нападот врз човековиот живот и телесниот интегритет на човекот од секогаш било инкриминирано како кривично дело, што на кривичното дело на телесна повреда му дава својство на природно кривично дело. Така, телото, телесниот интегритет и здравјето на човекот се заштитени од самото раѓање на човекот па се до неговата смрт. Тие се заштитени со Кривичниот законик на Република Македонија, каде во посебниот дел од истиот глава четиринаесетта гласи ,,Кривични дела против животот и телото,,. Притоа, делата од оваа глава се систематизирани во подгрупи, односно како дела што претставуваат лишување од живот, телесна повреда и загрозување на животот и телото. Оваа категоризација се заснова на фактот што границата помеѓу лишување од живот и повредата на телесниот интегритет, како и границата помеѓу загрозувањето на живот и телесна повреда се мошне свитливи. Конкретно, кривичните дела телесна повреда и тешка телесна повреда ќе бидат анализирани во овој труд од аспект на законската регулатива за истите од една страна и разграничувањето на овие две кривични дела со примена на вештачењето, од друга страна.

Клучни зборови: телесна повреда, криминалитет, вештачење

HE CONCEPT OF CRIMINAL OFFENCES OF BATTERY ACCORDING CRIMINAL CODE OF REPUBLIC OF MACEDONIA

Marina Karova
Student of the second cycle of studies, University "Goce Delchev" – Shtip, Faculty of Law,
marina.karova@yahoo.com

Abstract

The fact that the Constitution of Republic of Macedonia and numerous international acts are composed in order respect and protection of human life and human physical integrity witness for their elementary significance. Namely, criminal offences affecting life and the human body with their specificities and characteristics present fundamental of criminal law, which is why in criminological-social sense they are treated as the most elementary form of criminality. Regardless, the development and society modifications, the attack on human life and human physical integrity have always been incriminated as criminal offence, which gives the criminal act battery status of natural criminal offence. Therefore, the body, physical integrity and human health are protected with the human birth until his death. They are protected with the Criminal code of Republic of Macedonia, where in the special part of the same chapter fourteenth is "Criminal affecting life and the human body". In addition, the criminal offences of this chapter are systematized in subgroups, or the criminal offences such as offences that present life deprivation, body injury and endangering life and body. This categorization is based on the fact that the limit between life deprivation and injury of physical integrity, and the limit between endangering life and battery are very thin. Specifically, criminal offences battery and grievous bodily harm shall be analyzed in this thesis from the aspect of the legal regulation for them on one side and determination of these two criminal offences by application of expertise on the other side.

Key words: battery, criminality, expertise

Вовед

Кривично-правната заштита на телесниот интегритет и човековиот живот е еден од темелите за нивно загарантирано почитување. Покрај заштитата на телесниот интегритет речиси секогаш стои и човековиот живот, бидејќи тие несомнено се поврзани објекти на заштита. Од тие причини се јавуваат и дилеми при квалификацијата на одредено кривично дело, во однос на тоа дали истото ќе биде подведено како телесна или тешка телесна повреда, квалифицирана тешка телесна повреда, убиство во обид и слично. Имено, помеѓу кривичното дело телесна и тешка телесна повреда со кои се штити телесниот интегритет и здравјето и кривичните дела со кои се штити лишувањето од живот, постои многу тенка граница. Поради разјаснување на овие две кривични дела се појавиле повеќе теории, меѓу кои теорија на единство и теорија на спротивност, при што според првата теорија убиството како нужен стадиум на извршувањето вклучува и телесно повредување, а умислата за убиство вклучува умисла за телесно повредување. Според втората теорија на спротивност убиството е уништување на животот, а телесната повреда пак е оштетување на телесниот интегритет, но со зачувување на животот.

1. Концептот на кривичните дела Телесна и Тешка телесна повреда според Македонското позитивно право

Кривичните дела против животот и телото, според некои милења спаѓаат во т.н. природни кривични дела. Придордните кривични дела за разлика од т.н. законски крвични дела (чие инкриминирање во законот зависи од општественото уредување во земјата), претставуваат такви дела, кои по својата суштина, од секогаш биле и ќе бидат кривични дела, без разлика на сите промени во историска смисла и развојот на човековото општество.[1]

Така, телото, телесниот интегритет и здравјето на човекот се заштитени од самото раѓање на човекот па се до неговата смрт. Тие се заштитени и со Кривичниот законик на РМ[2] каде во Посебниот дел во Глава четиринаесетта станува збор за Кривични дела против животот и телото. Според поблискиот објект на заштита и обликот на напад (повреда или загрозување), делата од оваа глава се делат во неколку подгрупи: дела на лишување од живот (чл.123-127; тука влегува и делото од чл.128); дела на уништување на идниот живот (плодот, член 129); дела на клонирање и недозволени генетски манипулации (чл.128-а и 128-б); дела на телесно повредување (чл.130 и 131); дела на загрозување (чл.132 и 133); дела на напуштање (отфрлање, чл.134-136).[3]

Од одредбите на Кривичниот законик на Република Македонија за овие кривични дела, доаѓаме до една дефиниција на поимот на телесна повреда

[1] Гинтер Кајзер, Криминологија, Александрија, Скопје, 1996, стр. 319.

[2] „Службен весник на Република Македонија“ број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 87/2007, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 42/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15 и 226/15.

[3] Камбовски В., Коментар на кривичниот законик, Матица Македонска, 2016, стр.673.

според која се казнува тој што друг телесно ќе го повреди или здравјето ќе му го наруши, па во поглед на повредата на телесниот интегритет, телесната повреда е секоја повреда што бара макар и минимално лекување или нега, вклучувајќи го и нарушувањето на здравјето. За разлика од обична телесна повреда, тешката телесна повреда претставува потежок облик на повреда при што, логично, и санкцијата за ова кривично дело е поголема. Поблиското определување на поимот на телесна повреда е од големо значење за разграничување на телесната од тешката телесна повреда, а особено заради разграничување на телесната повреда од нападите врз телото на човекот што не претставува дело на телесно повредување.

1.1. Телесна повреда

Во најопшта смисла, телесната повреда се дефинира како оштетување или нарушување на телесниот интегритет на друго лице, или предизвикување телесно (соматско) или душевно (психичко) заболување.[4] Значи телесната повреда ги опфаќа физичката и душевната болка, оштетување на здравјето, повредата на физиолошко-психолошките функции со целокупниот одраз врз личноста. Постои и друго гледиште според кое за телесна повреда покрај надворешното телесно оштетување, нарушеното функционирање на организмот, душевното и телесното здравје, се сметаат и штетните последици од био-физиолошкото дејствување врз личноста и нејзиниот правилен развој. Притоа, нема никакво значење фактот дали оштетувањето на здравјето и телесниот интегритет е предизвикано врз здрав човек или врз човек кој веќе е во некоја болна состојба.

Исто така свитлива е границата помеѓу малтретирањето и телесната повреда бидејки не е можно секој физички контакт со телото на друг човек, односно секое психичко или физичко влијание врз друг да се подведе како телесна повреда, со кое дејствување врз телото и здравјето на друг не се оставаат никакви траги врз неговото здравје, иако предизвикуваат привремено реагирање во вид на чувство на болка, страв и сл.

Под телесна повреда ќе се третира секоја видлива манифестација на повредата, што значи дека ситните и незначителните повреди на телесниот интегритет не претставуваат телесна повреда. Телесната повреда е умислено дело и гонењето за истото се презема по приватна тужба.[5]

За разлика од основното дело телесна повреда, кај телесната повреда при вршење на семејно насилство, гонењето се презема по предлог на оштетениот. За да постои телесна повреда при вршење на семејно насилство, како потежок облик на ова кривично дело потребно е кумулативно да бидат исполнети два услови и тоа субјективниот (свест на сторителот дека ја предизвикува повредата во услови на насилство и волја повредувањето да е резултат на насилничкиот

[4] Ибид., стр.711.
[5] Член 130, ст.4, Кривичен законик на Република Македонија.

однос кон жртвата), од една страна и објективен услов (односот меѓу сторителот и жртвата да ги исполнува елементите на семејно насилство).

1.2. Тешка телесна повреда

Како дејствие на извршување кај тешката телесна повреда е секое дејствие кое доведува до тешко повредување или тешко нарушување на здравјето[6], кое дејствие по својата природа е дејствие на лично психичко или физичко насилство. Како и телесната повреда, така и тешката телесна повреда е умислено дело, при што разликата е во тоа што овде се казнува и небрежното извршување.

Слично како и кај телесната повреда, и кај тешката телесна повреда, за да постои ова дело при вршење на семејно насилство, потребно е кумулативно да бидат исполнети два услови и тоа субјективниот (свест на сторителот дека ја предизвикува повредата во услови на насилство и волја тешкото телесно повредување да е резултат на насилничкиот однос кон жртвата), од една страна и објективен услов (односот мегу сторителот и жртвата да ги исполнува елементите на семејно насилство). Значи во овој случај насилникот и нанесува тешка телесна повреда или тешко го нарушува здравјето на жртвата на семејното насилство. Притоа, кога станува збор за тешка телесна повреда од чл.131 ст.6 од КЗ, жртвата на семејно насилство добива повластена улога од страна на законодавецот во случај ако без нејзина вина тешко телесно го повреди насилникот во состојба на силна раздразнетост предизвикана во миг. Законодавецот јасно им става на знаење на насилниците дека доколку истите вршат семејно насилство, жртвата на семејно насилство може да биде доведена во една состојба на силна раздразнетост и во таква состојба истата може да превземе дејствија со кои насилникот ќе биде тешко телесно повреден, меѓутоа во таков случај жртвата на семејно насилство нема да одговара за основниот вид на кривичното дело тешка телесна повреда од чл.131 ст.1 од КЗ, туку ќе одговара за таканаречен привилегиран вид на овој вид на кривично дело. [7] Преку изрекувањето на соодветната казна за извршено кривично дело како резултат на семејно насилство не само што се санкционира насилното однесување, туку истовремено му се укажува на насилникот за недозволеноста на таквото дејствие. Покрај тоа, се влијае и врз целокупната јавност и придонесуват да се намали толерантноста кон овој општествен проблем и жртвите да го пријават насилството.

Покрај овие облици, инкриминирано е и дело на особено тешка телесна повреда, како најтежок облик, која во себе ги апсорбира полесните дела на телесна повреда. Во определувањето на битието на особено тешката телесна повреда оваа одредба поаѓа од видот на интензитетот на телесната повреда,

[6] Член 131 ст.1, Кривичен законик на РМ.

[7] Прирачник за постапување на судовите во постапките за заштита од семејно насилство, здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените -ЕСЕ, стр. 43.

односно нарушувањето на здравјето и разликува повеке облици на ова дело[8], и тоа:

- Телесна повреда или тешко нарушување на здравјето со доведување во опасност животот на повредениот
- Уништување или трајно во значителна мера ослабување на важен дел од телото или важен орган
- Предизвикување трајна неспособност за работа на повредениот
- Трајно и тешко нарушување на здравјето на повредениот
- Нагрденост

При вештачење, тргнувајќи од медицинската логика за анализирање на телесната повреда, вештакот е должен во апсолутна смисла на зборот констатираната повреда да ја препознае во една од дефинираните состојби во чл.131 ст.2 од КЗ. За да направи ваква анализа на телесна повреда, потребно е вештакот да ги земе предвид функцијата и потребата на делот од телото или органот, како и полот, возраста и професијата на оштетениот, потоа да има целосно и детално познавање за видот на повредата која ја анализира и да може јасно да ги разграничи последиците или евентулано настанатите компликации од предизвиканата повреда или уделот на одредените состојби и сколоности на организмот во механизмот на нивното настанување и низа други околности.

Постои и квалифициран облик на тешката телесна повреда во случај кога како последица на истата ќе настапи смрт на повредениот. Доколку кај сторителот постои умисла и во однос на потешката последица, ќе стане збор за умислено убиство.

Анализирајќи ги повредите опфатени со оваа одредба, на вештакот треба да му бидат разграничени поимите последица и компликација, поради што е неопходно при изготвувањето на вештиот наод и мислење да има детална слика за здравјето на оштетениот пред нанесувањето на повредата, како и за видот и карактерот на нанесената повреда и нејзиното влијание врз животните функции. Притоа, потребно е да се земат предвид сите објективни и субјективни околности кои влијаеле на смртниот исход и тоа од објективни: локализација, видот на повредата, времето на пружената помош, лекувањето, терапијата, состојбата на организмот, како и субјективни: пол, ворзаст и претходни заболувања. Може да сумираме дека задача на вештакот е да се произнесе за тежината на повредата и медицинските околности кои довеле до смртниот исход, а задача на судот е диференцирање на разликите во правната квалификација на овој вид повреда со кривичното дело убиство и да ја докаже која била намерата на извршителот при извршувањето на кривичното дело.

„Тој што делото ке го стори на миг, доведен без своја вина во состојба на силна раздразнетост со напад или со тешко навредување или како последица на семејно насилство од страна на повредениот, ќе се казни за делото од став 1 и 2

[8] Камбовски В., Коментар на кривичниот законик, Матица Македонска, 2016, стр.717.

со парична казна или со затвор до три години, а за делото од ставовите 3 и 4 со затвор од една до пет години.,,[9] Во оваа одредба предвидени се и два привилегирани облици на тешката телесна повреда и тоа тешка телесна повреда извршена како последица на семејно насилство од страна на повредениот (поради посебната психичка состојба на сторителот, блиска на афект и нужна одбрана) и тешка телесна повреда на миг (со провокација од страна на жртвата).

2. Примена на вештачењето за разграничување на телесна од тешка телесна повреда

Високата стапка на насилнички криминалитет-убиства, телесни повреди од најразличен вид, потребата од утврдување на постоење на душевна болест или растројство заради утврдување на постоењето на пресметливоста, утврдувањето на потеклото на биолошкиот материјал најден на местото на кое е извршено некое кривично дело итн., се само дел од случаите каде медицинската и биолошката наука се директно ,,повикани,, во утврдувањето на вистината за еден кривичноправен настан. Утврдувањето на релевантните факти од ваква природа се врши преку т.н. медицински вештачења кои може да се јават во неколку видови. [10]

„Вештачење“ е изготвување на стручен наод и мислење изработено врз основа на примена на научни и стручни методи, технички достигнувања, стручни знаења и искуства во областите што се дефинирани во сите случаи определени со закон или по барање на заинтересирано лице - нарачател;[11] Во одредени ситуации заради утврдување на вистинските факти кои се правно-релевантни за конкретниот случај, потребно е правното знаење да биде поткрепено со стручно знаење од други одредени области како што се медицината, информатиката, техниката и слично.

Вештачењето наоѓа примена во кривичното право, каде подразбира примена на широк спектар на науки и технологии за да се испитаат и пронајдат фактите и околностите во врска со кривичниот закон. Секое современо судство се почесто е зависно од одредени специјализирани кадри, врз основа на чие искуство и знаење ќе бидат донесени правични и цврсти судски одлуки, во конкретни случаи. Примената на вештачењата заради утврдување на важни факти во кривичната постапка е детерминирана од специфичноста на кривичните настани што се откриваат, разјаснуваат и докажуваат, а тоа пак истовремено е поврзано и со современите достигнувања на науката и техниката, чии дострели од ден на ден се повеќе се во функција на поуспешно спроведување на оперативната, истражната и судската дејност. [12] Што се однесува до вештачењето како доказно средство според Законот за кривична

[9] Член 131, ст.6, Кривичен законик на РМ.

[10] Тупанчески Н., Деаноска-Трендафилова А., Кипријановска Д., Медицинско казнено право, Правен факултет ,,Јустинијан први,, - Скопје, Скопје, 2012, 348.

[11] Член 2, т.1, Закон за вештачење (Сл. Весник на РМ, бр.115/2010, 12/14, 43/14, 104/15, 148/15, 192/15).

[12] Анѓелески М., Криминалистичка тактика, Скопје, 2003, стр.35.

постапка, предмет на вештачењето може да бидат предмети, супстанции, како и списи, но вештачењето може да се однесува на определени психосоматски состојби на обвинетиот, како и на повредите, односно последиците што поради кривичното дело ги претрпел оштетениот односно жртвата. [13] Во ЗКП не се дефинира ниту вештачењето како процесно дејствие, ниту вештакот како носител на тоа дејствие, туку е пропишано дека вештачење се определува секогаш кога во кривичната постапка ќе се појави прашање за чиј одговор е потребна посебна стручна подготовка.[14]

Во судската пракса издвоени се повеќе случаи кои преставуваат обична тешка телесна повреда, како што се прелом на коски, повреда на белите дробови, кршење на ребра, потрес на мозок и сл., но сепак ова не е цврсто поставена рамка и не постои воедначена пракса околу прашањето дали станува збор за телесна или тешка телесна повреда, како и тоа дали е обична тешка телесна повреда или квалификувана тешка телесна повреда.

Вештачењето е важно доказно средство во кривичното право, при што успешно вештачење подразбира дека лекарот освен стручно знаење и искуство, добро ја познава законската регулатива од двете области. [15]

2.1. Квалификациони елементи за утврдување на тежината на повредите на глава

Повредите на глава, можат да бидат поделени во повреди на поглавина, скршување на коски од свод и база на череп, крварење на черепна празнина, потрес на мозок и нагмечување на мозок.

Според тоа, кај повредите на поглавина квалификационен елемент за утврдување на тежината на повредите е оштетување на функцијата и нагрденост, при што за телесна повреда се сметаат ,,изолирани повреди на поглавината, во смисла на excoriation, contusion, haematoma и vulnuslacerocontusum,,.[16] Овде влегува и трауматското губење на коса, при што доколку има целосно губење на коса само на ограничен дел од главата, ќе стане збор за телесна повреда. ,,Во случаи на постоење авулзија-скалп на поглавината или ако нагмечно расцепната рана зафаќа поголема површина, поради големиот број крвни садови кои се сместени во поглавината може да настане обилно

[13] Лажетиќ-Бужаровска Г., Нанев Л., Кошевалиска О., Вештачењето и ,,еднаквоста на оружјата,, стр.10.
[14] Лажетиќ-Бужаровска Г., Калајџиев Г., Мисоски Б., Илиќ-Димоски Д., Казнено процесно право, Универзитет ,,Св.Кирил и Методиј,, Скопје, Правен факултет ,,Јустинијан Први,, Скопје, Скопје, 2015, 146.
[15] Mrvic-Petrovic N., Ciric J., Pocuca M., Medicinska vestacenja u krivicnom i parnicnom postupku, Institut za uporedno pravo, Beograd, Srbija, Pravni fakultet Univerziteta Privredna akademija, Novi Sad, Srbija, 2015, 734.
[16] Миличинска-Гутевска А., Вештачења на повреди на глава-анализа на случаи од практика, стр.3.

крварење, односно да дојде до значително нарушување на функцијата, и истите од кривично-правен аспект би претставувале обична тешка телесна повреда.,, [17]

Следна од низата повреди на глава е скршување на коски од свод и база на череп, каде квалификациониот елемент е постоење на опасност по живот, при што квалификацијата зависи од тоа дали се нецелосни-некомплетни скршеници-пукнатини (телесна повреда) или пак целосни-комплетни линиски скршувања (тешка телесна повреда). За тешка телесна повреда се смета и случајот кога скршувањето на коски од сводот на черепот е следено со раскинување на тврдата мозочна обвивка без крварење над истата.

Кога станува збор за крварење во черепна празнина квалификационен елемент е исто така опасност по живот, каде се зависи од тоа дали станува збор за епидурално (артериско) крварење или субординално (венозно) крварење. Во првиот случај од кривично правен аспект, постои обична тешка телесна повреда, а во вториот случај има квалификувана тешка телесна повреда.

Критериум за оценување на тежината на потресот на мозок е степенот на оштетување на здравјето изразен преку клиничката симтпоматологија. Со други зборови, заради утврдување на кривично правната квалификација на повредата потрес на мозок од особено значење е општата состојба во акутната фаза на траумата и клиничката симптоматологија, а од значење се и дадените изјави на оштетениот, обвинетиот и на останатите учесници присутни на кривичниот настан. [18] Притоа како телесна повреда ќе се третира случајот кога постојат субјективни симптоми без потврден клинички преглед и кога потресот на мозок е регистриран неколку дена по повредувањето.

Последен вид на повреда на главата е нагмечување на мозок, каде како квалификациони елементи се јавуваат опасноста по живот и постоење на трајни последици што подразбира трајно и значително оштетување на здравјето и функцијата. Притоа, нагмечувањето на мозок, може да се оцени како обична или квалификувана тешка телесна повреда, во зависност од изразеноста на клиничката слика. Ако како последица на нагмечувањето настане трајно и тешко нарушување на здравјето или на функција на важен дел од телото, станува збор за квалификувана тешка телесна повреда. За истото постои и пример од судска пракса: (1301-689/97) На 24.11.1995 година Т.М., маж на 62 години, се здобил со повреди како пешак во сообраќајна незгода. Веднаш бил префрлен во Ургентниот хируршки центар во Скопје каде што бил примен во коматозна состојба, а по направениот КТ констатирани се Contusio cerebi и Hygroma regio frontotemporalis lateris dextri. Во тек на хоспитализација, која траела два месеца констатирано е Epi traumatica, и извршена е оперативна интервенција во смисла

[17] Миличинска-Гутевска А., Вештачења на повреди на глава-анализа на случаи од практика, стр.4.
[18] Ибид., стр.8.

на поставување Пуденсова субдурална перитонеална врска, а по 15 дена е оперирaн повторно поради инфекција на поставена валвула.[19]

Заклучок

Кривичните дела против животот и телото според нивните карактеристики и особености со кои се одликуваат се најелементарниот облик на криминалитет, гледано од социолошка и криминолошка смисла. За овие крвични дела важи констатацијата дека претставуваат основа на казненото право, нема да згрешиме ако кажеме дека без овие дела против животот и телото казненото право нема да постои, иако оваа констатација е доста рестриктивна.[20] Конкретно за кривичните дела телесна повреда и тешка телесна повреда, според напред наведеното може да заклучиме дека КЗ уредува две дела на повреда и тоа телесна повреда и тешка телесна повреда, при што и во двата случаи издвоени се привелигирани облици. Повредата е всушност насилно оштетување на телото или здравјето предизвикано исклучиво со дејство од надворешен фактор. При тоа Кривичниот законик на РМ не прави прецизна определба на одделните видови на телесно повредување и критериуми за нивно разграничување, но дава некои објективни критериуми. Овде се користи правилото „vulnera non dantur ad mensuram„ што значи дека повеке телесни повреди нанесени на исто лице, во иста пригода и од страна на ист сторител, ќе бидат третирани како едно дело на телесно повредување, квалификувано според најтешката повреда. Сепак, не постои воопштена квалификација на повредите, ниту пак постои можност да се направи одреден конректен правилник или шема за одредување на повредата како тешка или лесна, од причина што секој вид на повреда во еден случај може да е тешка, во друг лесна, а во некој дури и смртоносна, што de facto тие се квалификуваат во зависност од конкретниот случај. Затоа, квалификацијата се прави врз основа на сите околности во конкретниот случај.

[19] Миличинска-Гутевска А., Вештачења на повреди на глава-анализа на случаи од практика, стр.10.

[20] Марјан Габеров, Кривично-правен апскет на кривичното дело тешка телесна повреда, (Европски универзитет Р.М. – Факултет за правни науки) Февруари, 2015, стр.1.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Камбовски В., Коментар на кривичниот законик, Матица Македонска, 2016;

Габеров М., Кривично-правен апскет на кривичното дело тешка телесна повреда, (Европски универзитет Р.М. – Факултет за правни науки), Февруари, 2015;

Кајзер Г., Криминологија, Александрија, Скопје, 1996;

Лажетиќ-Бужаровска Г., Нанев Л., Кошевалиска О., Вештачењето и „еднаквоста на оружјата„;

Тупанчески Н., Деаноска-Трендафилова А., Кипријановска Д., Медицинско казнено право, Правен факултет „Јустинијан први„ - Скопје, Скопје, 2012;

Анѓелески М., Криминалистичка тактика, Скопје, 2003;

Лажетиќ-Бужаровска Г., Калајџиев Г., Мисоски Б., Илиќ-Димоски Д., Казнено процесно право, Универзитет „Св.Кирил и Методиј„ Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први„ Скопје, Скопје, 2015;

Mrvic-Petrovic N., Ciric J., Pocuca M., Medicinska vestacenja u krivicnom i parnicnom postupku, Institut za uporedno pravo, Beograd, Srbija, Pravni fakultet Univerziteta Privredna akademija, Novi Sad, Srbija, 2015;

Миличинска-Гутевска А., Вештачења на повреди на глава-анализа на случаи од практика;

Прирачник за постапување на судовите во постапките за заштита од семејно насилство, здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените -ЕСЕ;

Устав на Република Македонија (донесен на 17 ноември 1991 година, и објавен во „Службен весник на РМ“ број 52 од 22.11.1991 година со Амандманите I, II, III, IV, V, VI, VII, VIII, IX, X, XI, XII, XIII, XIV, XV, XVI, XVII, XVIII, XIX, XX, XXI, XXII, XXIII, XXIV, XXV, XXVI, XXVII, XXVIII, XXIX, XXX, XXXI и XXXII);

Кривичен законик на РМ („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 87/2007, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 42/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15 и 226/15);

Закон за кривична постапка („Службен весник на Република Македонија„ број 150/2010, 100/2012);

Закон за вештачење (Сл. Весник на РМ, бр.115/2010, 12/14, 43/14, 104/15, 148/15, 192/15);

Судска пракса, Врховен суд на Република Македонија, Судски портал на Република Македонија, **http://www.vsrm.mk**, 02.06.2018.

УДК: 343.9.024:336.7(497.7)

КРИВИЧНИ ДЕЛА ПОВРЗАНИ СО БАНКАРСТВОТО

Сандра Цветкоска
Дипломиран правник – Правен факултет „Јустинијан Први“ –УКИМ Скопје
sandra.cvetkoska94@gmail.com

Апстракт

Банките како финансиски институции имаат повеќе функции: делуваат како финансиски посредници, банките се носители на платниот промет, имаат значајна улога во монетарната политика, нудат и други финансиски услуги(менувачки работи, инвестициско банкарство, емисија на електронски пари, финансиско советување, брокерски услуги, тргување со хартии од вредност, брз трансфер на пари и др.) Сево ова со себе носи одреден ризик, ризик од злоупотреба и искористување на службената положба најчесто за перење пари.

Банките во денешно време имаат ниски камати, имаат многу флексибилни услови за земање на кредити тоа им е од корист на обичните граѓани доколку имаат потреба од потрошувачки или станбени кредити. Исто така банкарскиот капитал е повеќе од добредојден и за самите фирми на кои што им треба капитал, најчесто за проширување на фирмата , некогаш и за спасување од криза. Развојот на банкарството има свои како позитивни така и негативни страни . Во негативните работи би ги вброила кривичните дела кои што можат да бидат сторени а се во корелација со банкарското работење. Тие се следниве: „измама при добивање кредит или друга погодност“ ; „видови измами со помош на платежни картички“; „фалсификување пари“; „перење пари“; „оддавање и неовластено прибавување на деловна тајна“; „затајување“ и други. Во овој труд ќе бидат детално разработени овие дела , ќе биде направена анализа на усогласеноста помеѓу „ правото на хартија“ и неговата примена во практиката , сето ова ќе биде поткрепено со соодветна правна литература и примери на злоупотреби во банкарстово во нашата држава.

Клучни зборови: *банкарство, кривични дела, перење пари, злоупотреба,*

CRIMINAL ACTS RELATED WITH THE BANKING SECTOR

Sandra Cvetkoska
UNIVERSITY OF SS. CYRIL AND METHODIUS
FACULTY OF LAW, IUSTINIANUS PRIMUS -SKOPJE

Abstract

The banks are financial institutions with numerous different functions: they operate as financial intermediary, payment operations holders and also have an immensely important role in the forming of the monetary politics of a country. Furthermore, the banksoffer other financial functions such as exchanging services, investments,e-banking for electronic transfer of money; they even offer financial advising, broker services,trading in securities,fast money-transfer and etc. All of the above mentioned functions might comprise some negative aspects as well, such as the risk of power abusing or taking advantage of a certainposition-most frequently for money laundering.

The banks nowadays have quite low interest rates. They have very flexible terms for giving credits/loans to the people for satisfying their needs for consumer and residential loans.The bank's capital is really important for the companies which lackfunding or money for some new projects. The capital provided, is used to save the companies from crisis. The banking development has both its own positive aspects as well as negative sides. One of the negative things are the criminal acts that can be closely related to the banking sector, such as the embezzlement to get loans or some other conveniences (benefit); types of fraud made by using payment cards; counterfeiting money; money laundering; revealing and unauthorized obtaining ofbusiness secrets and money evasion. This thesis covers all of these criminal activities through a wide-ranging analyses of the the law (written on paper and the law practised in every day life). The paper is supported with extensive literature and examples of abuse in the banking sector of the Republic of Macedonia.

Key words: *banking,criminal acts, laundering money, abuse and etc.*

Вовед

Банкарството историски гледано има многу длабоки корени. Дури може да се каже дека тоа постои колку што постои и историјата. Имено уште во Вавилон, Египет и Стара Атина луѓето се занимавале со банкарство иако не буквално- местата на кои што се вршеле „банкарски услуги“ од типот „чување пари“ биле храмовите. Дури старите римјани го официјализирале банкарството во 210 г.п.н.е одредувајќи места на кои може да се прави размена на пари.

Зборот „банка“ своето име го добива од италијанскиот збор „*banco“* (клупа, масичка) кога во Италија оваа размена се одвивала на улица на клупи(масички). Токму во Италија започнало да се развива и банкарството во вистинска смисла на зборот нешто што резултирало со отворање на првата банка во Венеција во 1587 наречена *„Banco di rialto“*. XVI па и XVII век биле клучни периоди - периоди во кои се формирале повеќе банки . Банкарството земало се поголем замав и се повеќе се развивало со процесот на самата индустријализација за на крај во XIX век да стане еден од основните извори за изнаоѓање финансиски средства за финансирање на изградбата на многу корпорации. Денес во современите општества има се повеќе банки , затоа што банките се значајна алка во синџирот на економијата и имаат клучно значење за нејзиниот развој.

Банките како финансиски институции имаат повеќе функции: делуваат како финансиски посредници, банките се носители на платниот промет, имаат значајна улога во монетарната политика, нудат и други финансиски услуги(менувачки работи, инвестициско банкарство, емисија на електронски пари, финансиско советување, брокерски услуги, тргување со хартии од вредност, брз трансфер на пари и др.) Сево ова со себе носи одреден ризик, ризик од злоупотреба и искористување на службената положба најчесто за перење пари.

Банките во денешно време имаат ниски камати, имаат многу флексибилни услови за земање на кредити тоа им е од корист на обичните граѓани доколку имаат потреба од потрошувачки или станбени кредити. Исто така банкарскиот капитал е повеќе од добредојден и за самите фирми на кои што им треба капитал, најчесто за проширување на фирмата но, некогаш и за спасување од криза. Тоа е позитивна работа, она што е негативно е дека банките освен оваа позитивна , светла страна си имаат и своја негативна а тоа е можноста преку нив да се прават криминални дејствија. Тоа е особено изразено преку електронското банкарство кои што претставува погоден простор за сајбер криминал(речиси двојно повеќе се случува сајбер криминал отколку обична кражба на банка). Во банкарството се бришат географските граници и ограничувања, тоа е добро , ако порано требале два дена за да се однесат парите до Шпанија сега тоа префрлање се прави со еден клик од компјутер. Меѓутоа на тој начин се отежнува самото правно регулирање на префрлањето на парите но и доколку се случи некој вид на сајбер криминал над 80% од сторителите остануваат неоткриени.

Секоја држава и покрај потешкотиите за правна регулација сепак има одредени механизми преку кои се бори да ги намали злоупотребите кои што честопати се случуваат во секторот наречен банкарство. Конкретно во Република Македонија во кривичниот законик[1] на РМ нема една глава која што е специјално наменета за злоупотреби(кривични дела) во банкарството, туку имаме повеќе одредби во различни поглавја кои што се однесуваат и на банкарското работење . неколку од нив ќе бидат разработени и во овој научно-

[1]Тупанчески Никола Кривичен законик – интегрален текст: предговор, кратки објаснувања и регистар на поими –издавач: Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - *Скопје, 2015година;*

истражувачки труд тие се: *измама при добивање кредит или друга погодност (чл. 249) , фалсификување на пари(чл.268), перење пари и други приноси од казниво дело (чл.273), , затајување (239).*Сторители на овие казнени дела се трети лица или лица вработени во банките а самите дела се насочени или кон трети лица преку банката или кон самата банка. За земја во развој како што е Република Македонија и каде што сеуште немало некои многу инвентивни грабежи и кривични дела (со исклучок на грабежот од Тутунска банка) сметаме дека имаме соодветна правна регулација на кривичните дела и до некаде соодветни санкции како затворски така и парични (со чести исклучоци). Она што недостасува е повеќе да се земат за репер и странските случаи , да се земат во предвид кривичните дела и во останатите земји и да се предвидат можните измами , злоупотреби и во кривичниот законик на РМ за кога нешто такво ќе се случи и кај нас да има веднаш соодветна санкција за одредено дело. Ова го веламе поради тоа што како што кажавме погоре со е-банкарството се бришат територијалните граници , ние не можеме да се држиме само до регулација на „локалните грабежи“ , туку мораме однапред да ги регулираме и другите случаи кои што може да се случат еднаш во 10 години а ние да немаме соодветна мерка за нив и да бидеме погодно тло сторување на тие дела бидејќи криминалците ќе знаат дека и да направат некоја тешка кражба нема да добијат голема казна и ќе им се исплати да ја одлежат (подоле ќе има студија на случај каде што подетално ќе биде објаснето ова).

Токму овие дела кои што погоре се набројани ке бидат детално разработени и објаснети во оваа теза преку анализа на конкретни законски одредби и примери од практиката.

1. ИЗМАМА ПРИ ДОБИВАЊЕ КРЕДИТ ИЛИ ДРУГА ПОГОДНОСТ

Во кривичниот законик во членот 249[2] се вели : *(1) Тој што со намера за себе или за друг да прибави кредит, инвестициони средства, субвенција или друга погодност за вршење дејност на кредитодавателот или на надлежниот за одобрување таква погодност ќе му даде невистинити или нецелосни податоци за имотната состојба или други податоци значајни за добивање на кредитот или друга погодност, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години. (2) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.* Од оваа одредба можеме да заклучиме дека станува збор за давање на погрешни информации на банката за идентитетот и имотната состојба на кредитобарателот , бидејќи доколку банката односно соодветниот банкарски службеник задолжен за одобрување кредити ги знае вистинските податоци тој никогаш не би го одобрил кредитот. Во случајов објект на

[2]Тупанчески Никола Ibid 210 страна / КЗ на РМ – Пречистен текст https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/Krivichen-zakonik-integralen-prechisten-tekst.pdf - 06.08.2018

заштита[3] претставува имотниот интерес на оној што дава кредит (конкретно одредена банка) и за да истиот биде заштитен мора да постои взаемна доверба што инаку постои во кредитните односи која што се докажува со доставување на вистински податоци до банката. Овој вид на измама може да биде сторена од физичко но, и од правно лице . Доколку е сторена од одговорно лице во правното лице за име и за сметка на истото тоа може да биде санкционирано само со парична казна. Исто така треба да се напомене дека правното лице ќе биде одговорно и доколку некој негов вработен при вршење на својата работа остварил значителна имотна корист или доволно е само на друг да му биде нанесена штета. Правното лице ќе одговара доколку ја увидело грешката но се обидело да го прикрие својот вработен наместо да го пријави и да поведе постапка, или доколку не ја увидело а требало да ја увиди грешката која што може да е сторена со сторување или со пропуштање на сторување(несторување).

2. ВИДОВИ ИЗМАМИ СО ПОМОШ НА ПЛАТЕЖНИ КАРТИЧКИ

Платежна картичка претставува средство за плаќање, издадено од банка или друга финансиска институција, кое содржи електронски податоци за лица, електронски генерирани броеви со кои се овозможува вршење финансиски трансакции.[4]Тие претставуваат електронско платежно средство со кое што се служиме како во земјава така и во странство, со нив истотака се повлекуваат пари од сметката на едно лице од банкомат. Тие се најраспростанетата форма на електронско банкарство. Се издаваат на правни и физички лица. Нивна основна карактеристика е заштедата на време, лесната и едноставна процедура за добивање картица и користење и сигурноста на финансиските средства . Меѓутоа нивната сигурност е дискутабилна кога ке се поврзат со *ciber* криминалот.

Врз основа на технологијата платежните картички во денешно време станаа основни платежни средства и во последните децении доживеавме експанзија на употребата на дебитните и кредитните картички во платниот промет. Според истражувањата во весникот New York Times околу 124 милиони луѓе во САД имале барем по една кредитна картичка уште во 1994 година, а денешниот број е далеку поголем и со самото тоа се зголемува и бројот на злоупотреби со кредитни картички.

[3]КамбовскиАкадемик Владо – Научен и практичен коментар на кривичниот законик на Република Македонија – второ изменето издание , издавач „Матица“ , Скопје , 2015година стр. 943

[4]https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9F%D0%BB%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B6%D0%BD%D0%B0_%D0%BA%D0%B0%D1%80%D1%82%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B0 04.06.2018

Ние како држава го следиме тој тренд затоа и кај нас од година во година постојано се зголемува бројот на картички. Тоа можеме да го видиме од следнава табела:[5]

ГОДИНА	БРОЈ НА КАРТИЧКИ
2005	129 705
2006	184 519
2007	448 763
2008	783 648
2009	1 061 678
2010	1 294 064
2011	1 421 242
2012	1 453 202
2013	1 508 333
2014	1 535 176

Од овие малку податоци можеме да видиме дека картичките постепено стануваат најмоќните платежни средства без кои народот не може и со тоа стануваат едни од најнапаѓаните инструменти врз кои се преземаат казнените дела од страна на криминалците.

2.1 ЗЛОУПОТРЕБА НА КРЕДИТНИ КАРТИЧКИ

Постојат пет начини на злоупотреба на кредитните картички:[6]

1. **Фалсификување на кредитни картички** – сторителите ја користат најновата технологија со која создаваат верни копии на оригиналите или сосема нови картички. Процесот на фалсификување пак, исто може

[5]https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9F%D0%BB%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B6%D0%BD%D0%B0_%D0%BA%D0%B0%D1%80%D1%82%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B0 04.06.2018

[6]https://www.spamlaws.com/credit-fraud-stats.html (податоци превземени во март 2012)

да биде извршен на неколку основни начини меѓу кои најзастапени се фалсификување преку процес на свилено преснимување со што се дуплира логото на картичката и позадината на обична бела пластика и фалсификување со примена на компјутер и други дигитални апарати со што се произведуваат наизглед идентични картички со холограм и со потполно кодирана магнетска трака.

2. **Измама со изгубена или украдена кредитна картичка е вториот начин.** Картичката што е изгубена или украдена се употребува од страна на несопственик односно од страна на лицето кое ја пронашло. Што значи дека сторителот не е вистински сопственик на картичката и со самото користење тој со намера извршува казнено дело и се стекнува со одредена противправна имотна корист за сметка на сопственикот на картичката со што може да му предизвика огромни штети и да го вовлече во големи долгови ;

3. **Следниот начин е измама со украдени картички испратени по пошта** – Се повеќе се оди лично по картичката токму за да се превенира можноста од оваа злоупотреба. Најпогодни сторители се самите „поштари“ или лица кои што го вршат преносот , бидејќи тие всушност се и единствените кои што имаат пристап до неа во тој вакуум простор од изнесувањето од банката до пристигнувањето до сопственикот.

4. **Измама со неприкажување картичка** -оваа измама е извршена без физичко поседување и употреба на кредитни картички. Што упатува на фактот дека ова дело најчесто се случува кога ги даваме податоците од кредитните картички преку телешоп или on-line купување, за купување на производи или користење на услуги кои не ни постојат во реалноста, туку се имагинарно прикажани на интернет, а кои подоцна ќе бидат искористени од страна на организирана криминална група или поединци со високи познавања од техниката и технологијата кои на ваков начин ќе се здобијат со веродостојни информации.

5. **Последниот – петтиот начин е измама со кражба на идентитетот која се остварува кога сторителите аплицираат за кредитна картичка користејќи туѓ идентитет и туѓи информации**.

3. ФАЛСИФИКУВАЊЕ ПАРИ

Самиот поим фалсификат/фалсификување означува лажирање на пари и документи од страна на вешти и стручни лица што тешко се открива поради тоа што премногу наликува на оригиналот. Под поимот пари се подразбира секое платежно средство издадено од страна на државата или некоја од неа овластена институција. *Самото кривично дело насловено како „Фалсификување на пари“ претставува противзаконско производство и пуштање во промет лажни пари (почесто банкноти отколку монети) кои*

што толку многу наликуваат на оригиналот по своите својства и карактеристики што многу лесно доаѓа до забуна и учесниците во платниот промет не успеваат да ја согледаат разликата. Се претпоставува дека фалсификувањето на парите е старо колку и самите парични средства. Низ историјата можеме да сретнеме дека најчеста метода за фалсификување пред појавата на книжните пари- банкнотите било ковањето на лажни пари со користење на мешавина од ефтини метали кои служеле како замена на злато и сребро. Денеска пак најчест начин на фалсификување на пари е печатење на скенираните банкноти од страна на вистинските произведувачи. Штетата која што може да ја предизвикаат овие пари може да ја видиме преку неколку сегменти: се намалува вредноста на вистинските пари, се зголемува инфлацијата како последица на постоење повеќе пари во оптек во економијата на една држава, и правно-економски(поточно сметководствени разлики) бидејќи нема покритие за потеклото на парите и начин да се надокнади нивната вредност. За ова дело е предвидена санкција во секоја држава во светот бидејќи со тоа се казнува секој оној кој што ќе се обиде да го повреди правото на државата (или во случајов кај нас институцијата НБРМ) на монопол над издавањето и регулирањето на паричните средства во оптек, кое што воедно претставува и една од најважните функции на Народната банка на РМ). Во Република Македонија не постои посебен закон кој ја регулира оваа материја туку фалсификувањето пари е опфатено и регулирано и во КЗ на РМ каде што изрично се вели :[7]

(1) Тој што ќе направи лажни пари со намера да ги пушти во оптек како вистински или тој што ќе преиначи вистински пари со намера да ги пушти во оптек или тој што такви лажни пари ќе пушти во оптек, ќе се казни со затвор од една до десет години.

(2) Со казната од став 1 ќе се казни тој што прибавува или држи лажни пари со намера да ги пушти во оптек како вистински.

(3) Ако поради делата од ставовите 1 и 2 дошло до растројство во стопанството на земјата, сторителот ќе се казни со затвор најмалку пет години.

(4) Тој што лажни пари што ги примил како вистински ќе ги пушти во оптек или тој што знаел дека се направени лажни пари или дека лажни пари се пуштени во оптек, па тоа нема да го пријави, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(5) Лажните пари ќе се одземат.

Од овој член можеме да видиме дека објект на заштита пред се во случајов е домашната валута –денарот. Правното санкционирање на овој вид на казнено дело за прв пат се случил со КЗ од 1951година кога *"делата против*

[7]Кривичен законик ibid член 268

стопанството " се издвоени во посебна глава , која понатаму била предмет на многу измени и дополнувања се до последната измена направена во 2017 година. Меѓутоа како што споменавме во секоја економија нужно циркулираат и други валути(долар, евро, фунти) од таа причина нашата држава има потпишано повеќе меѓународни конвенции со кои им се наложува на државите-потписнички да го казнуват фалсификувањето како на домашни, така и на странски пари.

Пуштањето пари во оптек ќе постои како кривично дело единствено ако сторителот парите ги примил како лажни а потоа ги пуштил во оптек. Што се однесува на ставот 2 –прибавување или држење лажни пари - Прибавувањето се состои во дејствие со кое се доаѓа во владение на лажни пари најчесто од лице кое ги прибавило или преиначило. А држењето на лажни пари со намера за пуштање во оптек е само поседување во владение фалсификувани пари. Субјективен елемент во случајов е намерата парите да се пуштат во оптек. Додека за одговорност за ова дело е потребно да постои умисла односно кај прибавувањето пари сторителот треба да знае дека парите што ги прибавил се лажни. Самиот збор „потежок" облик ни укажува дека се работи за поголемо количество на пари кои би можеле и да доведат до нестабилност во една економија т.е стопанство и е казнив и до 5 години. Исто така во нашиот КЗ се опфатени и посебните облици кои што се состојат од две дела : дејствие на извршување – пуштање во оптек на лажните пари што сторителот ги примил како вистински. Доколку сторителот не знаел дека примил лажни пари тој се ослободува од вина бидејќи и тој е оштетен, меѓутоа доколку се утврди оној субјективен момент кој се состои во сознание дека сторителот знаел или можел да знае дека парите се лажни во времето кога ги примил истите и свесно и со умисла ги пушти во оптек тогаш постои основното дело "пуштање лажни пари во оптек". Второто дело се состои во непријавување на направените или во оптек пуштените пари.

Сепак ова не е интерен проблем на секоја држава , напротив тоа е наднационален, меѓународен проблем од проста причина што најфалсификувана валута е доларот која што е впрочем и една од најраспространетите, на високото второ место е еврото. Исто така најфалсификувани се банкнотите во вредност од 50 и 100 долари/евра бидејќи се смета дека тие се најкористени а со тоа и најтешко може да се откријат во целиот тој оптек на банкноти со таа вредност. Кај нас едно време можеби пред 10тина години беше актуелно фалсификувањето на книжни пари со вредност од 1000 денари, затоа што со фалсификување на банкнота со таа парична вредност фалсификаторот (лице кое што фалсификува пари во случајов) има добивка .Тој со банкнота од 1000денари има доволно средства да ги покрие трошоците за фалсификување на истата но и профитот од нејзино користење и пуштање во оптек. Доколку се фалсификува валутата „денар" нема голема опасност дека истата ќе излезе надвор затоа можеби би сметале дека доволно е да имаме законска регулација која успешно ќе биде спроведена на територијата на нашата држава. Проблемот настанува кај интернационалните валути од

типот на еврото и доларот кои што се распространети на секаде низ светот , и можеби ќе се направи фалсификат во една држава на пример во Македонија но ние често пати патуваме надвор од границите на нашата земја и многупати и несвесно во самата размена на пазарот сме дошле до фалсификувани пари и истите сме ги изнеле и потрошиле кога сме биле на одмор во Црна Гора. Во меѓувреме во истиот тој маркет каде што ние сме направиле промет и несвесно оставиле 50 евра(фалсификат) влегол и некој русин после нас и при вршење на плаќање и враќање на остатокот (кусурот) му се предадени истите нему и постои голема веројатност тој да ги пренесе до својата земја. Поради овој процес на размена и непредвидлив тек на парата како платежно средство постојат и интернационални механизми и борба на меѓународно ниво со цел намалување на количеството на фалсификувани пари во оптек и предвидување се поригорозни казни кои што би го натерале секој еден пред да посегне по фалсификување да се запраша дали навистина се исплати ризикот , и да се поднесе казната во случај на фаќање на сторителот.

3.1 МОТИВИ ЗА ФАЛСИФИКУВАЊЕ ПАРИ

3.1.1 МОТИВИ ОД ЕКОНОМСКА ПРИРОДА

Консеквентно на ова изложување само по себе се наметнува прашањето „Кои се мотивите за фалсификување на пари“? На ова прашање може да се даде еден концизен одговор а тоа е дека мотивите се од економска и од политичка природа. Но тоа не е доволно објаснување затоа ќе пробаме да го детализираме истото. Сметаме дека клучниот мотив е од економска природа односно со текот на времето се повеќе се создаваат технологии, техники, “канали“ со помош на кои станува се поисплатливо да се превземе сериозен ризик и да се печатат лажни пари и истите да се пуштаат во оптек бидеќи разликата од трошоците и износот на сумата на пари испечатена на банкнотите станува се поголема . Тоа значи дека со изнаоѓањето на нови , модерни начини за фалсификување станува се поефтино да се лажираат платежните средства (пример ако за 1000денари порано биле потребни 600денари да се направи една банкнота сега тоа е намалено и фалсификаторот има минимум 50% добивка од секоја една банкнота , некаде и повеќе). Оваа добивка се разбира тие ја имаат откако ќе ги инфилтрираат средствата во платниот промет и на тој начин ќе почнат да стекнуваат противправна корист.

3.1.2 МОТИВИ ОД ПОЛИТИЧКА ПРИРОДА

Вториот мотив може да биде од политичка природа меѓутоа тоа е доста ретка појава со оглед на тоа што има толку начини да и се наштети на една земја со која не сакаме да негуваме добрососедски или добри дипломатски односи, или не сакаме да имаме никаква соработка поради тоа што имаме лошо искуство со истата и начинот на кој ретко кој денес би се одмаздил е токму пуштање во промет нелегални пари колку да се направи дисбаланс , хаос да се разниша економијата и финансиската стабилност во таа конкретна држава. Но

, ќе повториме тоа е веќе застарен метод и затоа не веруваме дека некој го користи при постоење на многу други начини преку кои може да се наштети на одредена земја на која не и е благонаклонета првата(онаа која што сака да и наштети со нелегални пари). Низ историјата можеби најеклатантен пример за тоа е случајот кога Хитлер фалсификувал англиски фунти(за време на втората светска војна).

4. П Е Р Е Њ Е П А Р И

Самиот поим за перење пари настанал како последица на процесот на првобитното претворање на нелегални пари во легални . Тоа се случило некаде во 30тите години на минатиот век во САД. Кога имало многу криминалци кои што стекнале пари по нелегален пат преку занимавање со проституција, криумчарење , нелегално обложување изнашле начин да ги легализираат парите со помош на пералните за облека.[8] Од таму и потекнува поимот перење на пари кој што означува процес во кој што таканаречените нечисти пари или друг вид на имот стекнати со противзаконски активности се претвараат во чисти пари или имот. Овие чисти пари понатаму може да се користат како легален приход во инвестициски и претприемачки активности.

На прашањето зошто и од која причина криминалците перат пари прашањето е едноставно –затоа што имаат голема сума на парични средства стекнати по нелегален пат, причините се повеќе:[9]

Избегнување на кривичното гонење –**Избегнување на даноците** – криминалците можат да избегнат плаќање на даноците на приходите на средствата;

Зголемување на добивката

Легитимност – криминалците можат да ги користат легализираните средства да започнат бизнис и да обезбедат негов легитимитет.

Секој еден кој што успеал да дојде нелегално до некоја голема сума на пари т.е да стекне богатство по илегален пат веќе поминал половина од ризичната траса, другата половина се состои во тоа да изнајде соодветни начини да ги легализира парите. Тоа не е нималку едноставно постојат неколку фази: фаза на инвестирање, фаза на прикривање, фаза на интеграција.[10] Ќе се обидеме да ги објасниме сосем на кратко.

[8]Николовски Ненад, Банки и организиран криминал, *Скопје, 2011 година* стр.19

[9]https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9F%D0%B5%D1%80%D0%B5%D1%9A%D0%B5%D0%BF%D0%B0%D1%80%D0%B8 01.06.2018

[10]http://bi.mk/shto-e-perenje-na-pari/ 01.06.2018

А) фаза на инвестирање е фазата во која што парите остварени преку криминални активности за прв пат се вложуваат во некоја финансиска институција или со истите се купува определен имот.

Б) фаза на прикривање е фазата во која што се прават обиди за да се прикрие или промени вистинското потекло или сопственик на средствата.

В)во третата и последна фаза наречена фаза на интеграција се изнаоѓаат поволни начини парите да се вклучат во легални економски текови и финансискиот систем и се присоединуваат кон останатите вредности во системот.

Во развиените земји секоја банка помала или поголема си има одреден имиџ во јавноста и на ниту една не и одговара да и биде извалкан. Дури и ако се работи за мала, нова банка која сеуште ја нема стекнато довербата на многуте клиенти и можеби полесен пат за неа е да помогне во перењето на пари, но на долги стази тоа е многу ризично и може да ја доведе до пропаст. Дотолку повеќе ако се работи за банка со традиција, со многу клиенти, со извесно реноме на пазарот таа не би ризикувала да соработува со некое правно или физичко лице за кое има индиции дека можеби се занимава со перење на пари и сериозно да ја наруши својата репутација па затоа самата таа убаво го проверува потеклото на парите и биографијата на физичкото лице или историјата на развој на правното лице.

Сепак ситуацијата се менува кога станува збор за неразвиени земји каде што криминалците ги користат банките како основна алатка за да ги легализираат своите пари (кои што инаку ги имаат како готовина)[11]. Основната причина за ова е што има пропусти во самото законодавство и овие земји немаат навлезено сериозно во сржта на проблемот и немаат изнајдено соодветни програми и механизми за спречување или пак дури и на државните органи во тие земји им одговара оваа ситуација па тој пропуст е со намера направен. Токму затоа криминалците во неразвиените земји секогаш наидуваат на ширум отворени врати од тамошните банки кои примаат куфери со пари и ги легализираат. Тие банки претставуваат една преодна зона , еден филтер низ кој што се легализираат парите, од тоа имаат корист банките , имаат корист криминалците имаат корист и трети лица(соучесници во процесот) а малку иронично но многу корист имаат и банките во развиените земји кои што навидум водат борба против корупција, борба против перење пари а всушност тие примаат нечисти пари иако тие веќе се легализирани и слободни за вложувања во различни бизнис сфери.

[11]http://emagazin.mk/vesti/vest/21517?title=koi-se-najchesti-tehniki-na-perene-na-pari%3 02.06.2018

4.1 ПЕРЕЊЕ ПАРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Уште на самиот старт од оваа точка мораме да изразиме незадоволство и непријатна изненаденост од фактот дека од 1991година(од осамостојувањето) РМ која што е земја во транзиција и тоа е повеќе од доволен податок со кој што на криминалците таа им претставува погодна подлога за перење пари во текот на 90тите години на минатиот век нема превземено никакви значајни реформи по однос на ова прашање. Се до донесувањето на Законот за спречување перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање тероризам есента 2008 година имало само една инкриминација. Таа била вметната во Кривичниот законик во член 273 во која што се вели дека *Тој што ќе пушти во оптек или промет, прими, преземе, замени или раситни пари или друг имот што го прибавил со казниво дело или за кој знае дека е прибавен со казниво дело,- или со претворање, промена, пренос или на друг начин ќе прикрие дека потекнува од таков извор или ќе ја прикрие неговата локација, движење или сопственост,- ќе се казни со затвор од една до десет години.* Во член 273 предвидена е и казна за оној кој што што поседува или употребува имот или предмети за кои знае дека се прибавени со извршување на казниво дело или со фалсификување на исправи,непријавување на факти или на друг начин, ќе прикрие дека потекнуваат од таков извор, или ќе ја прикрие нивната локација, движење и сопственост.

Објект на дејствието[12] се парите или друг имот кој што преставува принос од казниво дело, а субјективното битие на дејството се состои во умислата да се стори делото. Сторителот треба да знае дека парите се прибавени со казниво дело. За да постои специјалното дело „перење пари“ извршителммора да биде некое службено, овластено или одговорно лице.

Во 2008та година е донесен и „Законот за спречување перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање тероризам“.

Институција која што завзема централно место е Управата за спречување перење пари и финансирање тероризам.[13] Таа има повеќе надлежности некои од нив се:

- анализира, прибавува финансиски извештаи од соодветните институции за непречено извршување на својата работа.

Во округот на нејзините надлежности е и можноста да поднесе барање за покренување прекршочна постапка пред надлежен суд.

На национално ниво таа соработува со повеќе институции меѓу нив се и: МВР, Финансиска полиција, НБРМ, УЈП, Комисија за хартии од вредност, царинска

[12] Камбовски Академик Владо ibid стр 995
[13] http://www.ufr.gov.mk/?q=node/4 02.06.2018

управа Имаме повеќе примери на случаи поврзани со перење пари а во овој труд би го споменале случајот „Бачило“ – кој што кај нас остави една голема трага и претставува една домашна задача занас како правници, за институциите кои учествуваат во борбата против перењето пари а претставува и домашна задача вредна за проучување и за самите криминалци. Во овој случај обвинетите преку извршување на повеќе кривични дела како што се измама, злоупотреба на службена должност, фалсификување документација се стекнале со значителна противправна корист (од околу 730,000 евра) за наводно гранатирање на бачилото од страна на хеликоптерите на АРМ по конфликтот во 2001година.

Овој случај до ден денешен остана запаметен во меморијата на македонската јавност и правосудниот систем како најдобро организирано криминално дело кое што по неколку години подробна истрага е откриено и пресудено.

Со оваа пресуда излегуваат на виделина две работи: првата е дека доколку институциите се ангажираат со многу труд можат да изнајдат механизми и начини да спречат перење на пари и слични измами. А втората работа која што всушност е негативна а може да се види од случајов е дека сигурно постоеле и обични граѓани кои што сфатиле за што станува збор и ја знаеле вистината, но одбрале да ја премолчат.

Во иднина мора да се изнајдат начини на кои што ќе се заштитат што е можно подобро лицата кои што би пријавиле вакво дело, бидејќи единствено на тој начин тие ќе се охрабрат да ги пријават ваквите дела до надлежните органи без стравувања за својот живот и за животот и безбедноста на своите најблиски.

5.ЗАТАЈУВАЊЕ

Делото затајување е опфатено во членот 239 од КЗ . *Сторител на ова дело е оној кој што противправно за себе (или за друг) ќе присвои туѓ подвижен предмет (меѓу кои спаѓаат и парите) што му е доверен.* Предметот кој што сторителот го присвоил може да биде и предмет до кој сторителот дошол случајно . Затајувањето се разликува од другите дела што се состојат во одземање на туѓ предмет, по тоа што кај затајувањето не се одзема туку се присвојува туѓ предмет кој што е доверен или најден. Сторителот го присвојува со намера , со предметот да постапува како негов сопственик. Затајувањето претставува стекнување на фактичка власт врз предметот без притоа да прекине нечие владение врз предметот. Со затајувањето може да се присвои како предмет од помала така и предмет од поголема- значителна вредност. При што казната е различна во зависност од вредноста на предметот.

Ова дело затајување може да се поврзе со банкарството , доколку сторител на делото е лице вработено во банка кое што ќе се обиде да присвои за себе или за друг некоја подвижен предмет(парична вредност). Таков пример

имавме минатата година со случајот „грабеж во Тутунска банка“.[14] Целата јавност беше слободно можеме да кажеме пријатно изненадена и воодушевена од храброста на вработениот кој што имаше присвоено два милиони швајцарски франци и 270.000 евра. Првата дилема што се појави е како е можно еден вработен да изнесе толкава сума на пари, потоа се откри дека всушност бил еден “предводник“ и тројца „оператори“. Ова е забележан како најголем грабеж во Република Македонија. Според соопштението со кое тогаш излезе МВР ние како граѓани бевме запознаени дека присвојувањето на парите не се случило наеднаш туку во неколку наврати. Според нивното соопштение се започнало на 4ти април кога извесно лице со иницијали Г.С. дошол да направи конверзија на околу 100.000евра во швајцарски франци. Откако вработената ја направила потребната нарачка со електронски налог до трезорот, одговорното лице со иницијали Б.С. ѝ кажал дека парите тој лично ќе ги земе од трезорот без да ги пушти по воздушната цевка како што била процедурата. Г.С. ги потпишал сите потребни документи, а Е.П. ги задржала парите во благајна, а по завршување на смената заради обезбедените банкарски исправи, уредно потпишани дека извршила конверзија, немала кусок на благајната, ниту пак имала вишок парични средства[15]. Меѓутоа од снимките на безбедносните камери на банката констатирано е дека тие 100.000 франци не се изнесуваат од банката(односно не е довршена конверзијата). На седми април на смена на истата вработена и по налог од истиот претпоставен преку системот на достава се примени апоени во вкупна вредност од 375,0000евра кои што вработената на шалтер без да изготви некаков документ му ги предава на рака на претпоставениот по што тој ги присвојува за себе. Во третиот наврат повторно во интервал од три дена истиот службеник со иницијали Б.С присвоил уште речиси два милиони швајцарски франци од девизниот трезор и според соопштението на МВР направено врз база на снимките од камерите на банката истиот тој службеник ги става парите во украсна кеса и ја напушта банката. Откако ја напуштил банката му ги предал парите на својот брат кој што потоа ги предава на третопријавеното лице со иницијали Б.М . за следниот ден парите да се изнесат преку граничниот премин Табановце.– Се отприлика се случило вака. Постојат многу нејасности и прашања дали навистина бројот на осудени лица се поклопува со ланецот на лица-учесници во целиот грабеж, но осудени се четири лица и случајот е затворен.

За нас како правници поважна е онаа другата „правна дилема“ – дали станува збор за грабеж- тешка кражба ,или станува збор за затајување или можеби за примеси од двете дела.

Тешката кражба погоре ја објаснивме и во случајот со Тутунска банка може да најдеме поврзаност во ставот 2 на членот 236 каде што се вели дека

[14]http://www.akademik.mk/sudenje/presuda-za-grabezhot-vo-nlb-tutunska-banka/ 03.06.2018

[15]http://sitel.com.mk/mvr-so-novi-detali-za-grabezhot-vo-tutunska 03.06.2018

како тешка кражба се оквалификува онаа која што е извршена од страна на повеќе луѓе организирани заради вршење кражба.

Меѓутоа овој случај повеќе може да се подведе под делото затајување Грабежот во Тутунска банка се случуваше во првата половина од Април 2017 - своја завршница доби на трети Ноември 2017година. Епилогот од случајот беше следен - четворицата обвинети заедно беа осудени на 20години затворска казна. Вината беше признаена, казните беа изречени но парите сеуште не беа вратени, сепак обвинетите беа задолжени да го вратат полниот износ кој го украле.

До денеска (март месец 2018г) , парите не се вратени. Но на крајот на краиштата зошто и да бидат вратени парите? Знаеме дека со добро однесување казната на првообвинетиот која што е впрочем и најголема може да се намали до 1/3 што би значело дека ќе одлежи нешто повеќе од шест години , а неговиот дел логично е и да е најголем . Да претпоставиме дека еден милион франци ќе земе тој а ќе одлежи шест години тоа математички пресметано излегува дека со украдената сума на пари тој месечно одлежува казна за сума од 13,889 франци . Тоа е многу исплатлив чекор затоа што после шест години затвор првообвинетиот ќе има милион франци на страна и во случај да ги нема тој лично туку негов близок, ќе си го обезбеди семејството за многу подолго време и таа жртва од шест години поминати во затвор ќе му се исплати- барем кога станува збор за животниот стандард во нашата држава, што верувам дека не би било случај доколку казната за ова дело би била 20 години. Исто така наша забелешка и критика кон казната е дека треба да постои разлика помеѓу оној сторител кој што ги враќа парите и оној што не ги враќа во однос на времето поминато во затвор. Тоа е една правна празнина која што мора да биде пополнета со концизна одредба т.е со додавање уште еден став кон овој член со кој што законодавецот ќе биде дециден во однос на тоа дали сторителот ги вратил парите. Доколку сторителот ги врати парите кои што ги земал при вршење на кривичното дело тогаш предвидената казна е сосема во ред, меѓутоа доколку сторителот не ги врати парите тогаш казната треба да е поголема . Според наше скромно мислење сметаме дека разликата во казните треба да е барем три години за сторителот да рефлектира(размисли) добро што сака да направи - дали ќе ја одлежи казната пократко време и ќе излезе со црна дамка во својата биографија или ќе одлежи и повеќе години но ќе ги зачува парите за себе.

Заклучок

Во текот на пишувањето на овој труд се сретнавме со повеќе информации и превземени закони од други законодавства , при што утврдивме дека нас воопшто не ни е проблем да превземеме закони од другите, но проблемот настанува што ние сме многу умешни во превземање и изгласување на закони по брза постапка, сепак заостануваме во нивната подеднаква примена за сите граѓани. Во ред е да превземаме закони од земји кои што се далеку

поразвиени од нашите и да се стремиме да го достигнеме тој нивен целокупен систем, но, за таа цел треба да се спроведуваат коренити реформи во повеќе области паралелно , во спротивно законите ќе останат "мртво слово на хартија. Знаеме дека по дефиниција секоја земја е конкуренција сама на себе и треба да работи на сопствен раст и развој- да се труди да биде подобра од пред една, пет или десет години, да го превземе она што се покажало како добра практика кај соседите само доколку е тоа применливо и во нашата пракса и доколку не е сигурна за некои дела да провери како е тоа инкриминирано во соседството и да го пренесе и кај нас, како во сите области од правото така и во областа на финансискиот криминал и на кривичните дела (злоупотреби)поврзани со банкарството.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Тупанчески Никола Кривичен законик – интегрален текст: предговор, кратки објаснувања и регистар на поими –издавач: Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" - *Скопје, 2015година;*

Камбовски Академик Владо – Научен и практичен коментар на кривичниот законик на Република Македонија – второ изменето издание , издавач „Матица" , Скопје , 2015година

Николовски Ненад, Банки и организиран криминал*, Скопје, 2011 година*

https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9F%D0%BB%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B6%D0%BD%D0%B0_%D0%BA%D0%B0%D1%80%D1%82%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B0 04.06.2018

https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9F%D0%BB%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B6%D0%BD%D0%B0_%D0%BA%D0%B0%D1%80%D1%82%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B0 04.06.2018

https://www.spamlaws.com/credit-fraud-stats.html (2012)

https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9F%D0%B5%D1%80%D0%B5%D1%9A%D0%B5_%D0%BF%D0%B0%D1%80%D0%B8 01.06.2018

http://bi.mk/shto-e-perenje-na-pari/ 01.06.2018

http://www.ufr.gov.mk/?q=node/4 02.06.2018

http://emagazin.mk/vesti/vest/21517?title=koi-se-najchesti-tehniki-na-perene-na-pari%3 02.06.2018

http://www.akademik.mk/sudenje/presuda-za-grabezhot-vo-nlb-tutunska-banka/ 03.06.2018

http://sitel.com.mk/mvr-so-novi-detali-za-grabezhot-vo-tutunska 03.06.2018

https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2013/11/Krivichen-zakonik-integralen-prechisten-tekst.pdf 06.08.2018

УДК: 347.74/.76:340.13(497.7)

ДЕЛКРЕДЕРЕ ОДГОВОРНОСТ КАЈ ДОГОВОРИТЕ ШТО СЕ ПРАВЕН ОСНОВ ЗА ВРШЕЊЕ НА УСЛУГИ

Сашка Андонова
Дипломиран правник, Универзитет Гоце Делчев Штип,
saska.071790@student.ugd.edu.mk, saska.andonova@gmail.com

Апстракт

Овој труд претставува обид теоретски и практично да се проучи концептот на делкредере одговорност, карактеристичен за договорите што се правен основ за вршење услуги. Концептот на делкредере одговорност има широка практична примена, и големо теоретско значење на полето на услужните дејности. Како главен предмет на анализа и елаборација во ова истражување, земени се одредени договори чие склучување подразбира отелотворување на конкретна услужна дејност, и тоа најчесто во сферата на стопанството. *In concreto,* во теоретска, практична и законска смисла, станува збор за: *договорот за комисион, договорот за шпедиција и договорот за трговско застапување*. Прашањето за примена на концептот на делкредере одговорност, наплата на делкредере провизија, и имплементација на делкредере клаузула, се наметнува во случаите кога налогопримачот ќе се обврзе спрема налогодавачот преку делкредере клаузула, што подразбира преземање на одговорност не само за изборот за третото лице ангажирано за потребите на налогодавачот, туку и за неговата работа спрема налогодавачот. Основната идеја на создавањето на овој институт, истовремено и неговата цел, е да ја зајакне довербата во деловната соработка помеѓу налогодавачот и налогопримачот, односно да се зацврсти позицијата на налогопримачите, манифестирајќи спремност да ја докажат својата стручност и професионалност преку преземање на обврската на третото лице, што е ангажирано во функција на задоволување на потребите на налогодавачот. Целта на овој труд е да се утврди неговата имплементација во модерниот промет на стоки и услуги, неговиот обем на примена, правата и обврските што произлегуваат од имплементацијата на делкредере клаузулата, како и да се разграничи во однос на останатите институти на договорното право, што повеќе или помалку рефлектираат идентична цел во договорните односи.

Клучни зборови: *Делкредере, граѓанско-правна одговорност, провизија, комисион, шпедиција, трговско застапување.*

DELCREDERE LIABILITY IN THE CONTRACTS THAT ARE LEGAL BASIS FOR PERFORMING SERVICES

Abstract

This paper is an attempt to theoretically and practically study the concept of del credere liability that is typical for the contracts that are legal basis for performing services. The concept of del credere has wide practical application and huge theoretical significance in the field of performing services. As main subject of analysis and elaboration in this research, are contracts whose conclusion implies the embodiment of certain service activity, usually in the field of economy. In theoretical, practical and legal sense, it's about the commission contract, freight forwarding contract and commercial agency contract. The issue of applying the del credere concept, charging del credere commission and implementation of the del credere clause in the contracts is imposed in cases where the agent will be obliged to the principal through del credere clause, which means taking responsibility not only for the choice of third party, but also for his work towards the principal. The basic idea of creating this concept, and also its purpose, is to strengthen the confidence in the business collaboration between the agent and the principal, that is, to strengthen the position of the principals manifesting their willingness to prove their expertise and professionalism by undertaking the obligation of the third party. The purpose of this paper is, through theoretical and practical analysis of the concept del credere liability, to determine its implementation in the modern trade and services, its scope of applications, the rights and obligations arising of the implementation of the del credere clause, and to delimit it in context of the other concepts in the contract law, that more or less manifest the same purpose.

Key words: *Delcredere liability, compensation, commission, freight forwarding, commercial agency.*

1. Поим на договори што се правен основ за вршење на услуги

Поимањето на договорите што се правен основ за вршење на услуги е во тесна врска со определувањето на правната природа и елементите на правните односи што влегуваат во ова категорија на договори. Теоретски во категоријата „договори што се правен основ за вршење на услуги“ влегуваат договорите што се склучуваат со цел определено лице во свое име и за своја сметка, во свое име и за туѓа сметка, во туѓо име и за туѓа сметка да преземе и да изврши определена обврска.[1] Во најтесна смисла на зборот, во категоријата

[1]Види повеќе: Тушевска Б., Договорно право, Штип, 2017, стр. 18.

договори што се правен основ за вршење на услуги влегуваат: договорите за дело и договорите за налог. *In concreto,* ако се анализира карактерот на облигацијата што произлегува од договорите за шпедиција, комисион, посредување, трговско застапување итн., лесно може да се утврди дека во основа на овие договори лежи правен основ за вршење на определени услуги од страна на шпедитерот, комисионерот, застапникот, посредникот итн. Овие договори влегуваат во категоријата на трговски договори, и најчесто подразбираат создавање на B2B правен однос помеѓу договорните страни.

1.1.Видови на договори што влегуваат во категоријата договори што се правен основ за вршење на услуги

- *Договор за дело*
- *Договор за налог*
- *Договор за градење*
- *Договор за трговско застапување*
- *Договор за посредување*
- *Договор за комисион*
- *Договор за шпедиција (експедирање)*
-

2.Значење на договорите што се правен основ за вршење на услуги

Услужните дејности т.е. договорите што се правен основ за вршење на услуги имаат мултифункционално значење, во повеќе сфери на договорното право. Оваа категорија на договори може да ги задоволи потребите како на стопанството, така и на потрошувачите. Сепак, во корелација со предметот на истражувањето во овој труд, а тоа е концептот на „делкредере“ одговорност, најповеќе можеме да ги доведеме трговските договори. Ова од причина што кај оваа категорија на договори, многу почесто се јавува учеството на трети лица во реализирањето на зделката. Наспроти ова, поретки се случаите кога изведувачот на делото ќе ја довери работата на трето лице, преземајќи ја обврската за исполнување на облигацијата, доколку тоа не го стори лицето кому е пренесена обврската со согласност на нарачувачот на делото. Ова се разбира не се оденсува на случаите кога отстапувањето е без согласност на нарачувачот. Од овие причини, во фокусот на вниманието се договорот за шпедиција, комисион и трговско застапување, низ призмата на кои ќе се анализира примената на „делкредере“ одговорноста во договорното право.[2]

2.1.Договор за комисион според Македонското право

Договорот за комисион спаѓа во категоријата на таканаречените договори што се правен основ за вршење на услуги. Комисионерството во смисла на деловната практика подразбира трговска дејност што во себе содржи услужна активност. Со донесувањето на ЗОО, првпат во нашиот систем наоѓаме

[2]Vedriš M., Klarič P., Građansko pravo, opči dio, stvarno, obavezno I nasljedno pravo, Zagreb, 2001.

материјално-правни извори со кои исцрпно се регулира материјата за договорот за комисион.[3] Договорот за комисион е уреден во ЗОО[4], каде е дефиниран и поим на договорот и тоа со формулацијата според која што договор за комисион е договор со кој *едната договорна страна - комисионерот се обврзува за надомест (провизија) да изврши од свое име и за сметка на другата договорна страна - комитентот една или повеќе работи што комитентот му ги доверува*. Од самата дефиниција произлегуваат и основните карактеристики на договорот за комисион, и тоа дека договорот за комисион е двостран, товарен, каузален, именуван договор кој настанува меѓу комисионерот и комитентот. Меѓутоа, она што е карактеристично за него е дека претставува правна основа за склучување на нов договор помеѓу комисионерот и трето лице.

Договорот за комисион по својата правна природа е посебен вид на непотполно, индиректно, посебно застапништво. Комисионерот од економски аспект, непосредно, директно го застапува комитентот чии интереси на посебен начин ги штити, бидејќи работи за негова сметка. Ова непосредно економско застапништво правнички кажано е индиректно, бидејќи комисионерот работи во свое име. Меѓутоа, иако работи во свое име, комисионерот по извршувањето на работата мора да му положи сметка на комитентот, бидејќи ги штити неговите интереси.[5]

2.1.1.Позицијата на носителот на карактеристичната обврска кај договорот за комисион (комисионерот)

Содржина на договорот за комисион се правата и обврските кои настануваат меѓу комисионерот и комитентот. Договорот за комисион е двострано обврзувачки договор, а тоа значи дека она што за комисионерот е обврска, за комитентот е право и обратно, она што за комитентот е обврска, за комисионерот е право. Меѓутоа, со оглед на тоа што комисионерот е носител на карактеристичната обврска која произлегува од овој договор подетално се разгледува неговата позиција. Обврски на комисионерот се:

- Склучување договор со трето лице;
- Исполнување на налогот на комитентот;
- Заштита на интересите на комитентот;
- Осигурување и чување на доверените стоки со внимание на добар стопанственик;
- Известување за состојбата на примените стоки и за промените на стоки;
- Полагање сметка за извршената работа.

Наспроти обврските, како права на комисионерот се јавуваат:

- Право на награда (провизија);
- Надомест на трошоците;

[3]Николовски А., Плавшиќ С., Трговско право, Скопје, 2005, стр. 266.
[4]Договорот за комисион е уреден во глава XXII од ЗОО (827-845 член).
[5]Markovič V., Razgraničenje zastupništva i srodnih ustanova, Pravo – teorija i praksa, broj 1-3, 2015.

- Заложно право.

Заради извршување на договорот за комисион комисионерот стапува во правен однос со трето лице. Тоа е последица на фактот што комисионерот настапува во свое име, а за сметка на комитентот. Па така, за третото лице договорна страна е единствено комисионерот, а не и комитентот што значи дека третото лице може да бара извршување на договореното само од комисионерот.

2.1.2.Одговорноста на комисионерот vis-a-vis комитентот за извршената работа

Правниот однос што настанува помеѓу комисионерот и комитентот, а што произлегува од самиот договор претставува интерен (внатрешен) однос помеѓу договорните страни.[6] Тој настанува со самото прифаќање на дадениот налог од страна на комисионерот, што всушност значи дека тој ја презема одговорноста за извршување на налогот даден од страна на комитентот.

Комисионерот одговара за склучување на работа под услови различни од оние наведени во налогот кој му го дава комитентот. Доколку комисионерот склучил некој договор под полоши услови од оние во налогот има одговорност за надомест на разликата и штетата која е причинета. Комитентот може и да го одбие така склучениот договор само ако без одлагање го извести комисионерот. Наспроти ова, доколку комисионерот склучи некој договор под поповолни услови, целата постигната корист му припаѓа на комитентот. Во тој случај може да се договорат комисионерот да земе поголема провизија за извршената работа.

Комсионерот одговара за штета и во случај кога ќе продаде стоки на лице за чија презадолженост знаел или можел да знае. Како стручњак за комисионите работи, комисионерот мора да води сметка со кое лице ќе склучи договор, па оттаму и одредбата дека комисионерот му одговара на комитентот за штетата ако му продал стоки на лице за чија презадолженост знаел или можел да знае.[7] Едно лице се смета за презадолжено ако неговиот имот не ги покрива постојните обврски, односно кога пасивата е поголема од активата во биланост на состојба.

Комисионерот со оглед на фактот дека е должен да ги чува стоките со внимание на добар стопанственик одговара и за нивното случајно пропаѓање или оштетување.

При приемот на стоките што му ги испратил комитентот, комисионерот е должен истите да ги провери и да ги извести комитентот за нивната состојба, инаку ќе одговара за штетата која би настанала. Исто така, по приемот на

[6]Види повеќе: Николовски А., Плавшиќ С., оп,цит., стр. 207.
[7]Чавдар К., Чавдар К., Коментари, објаснувања, практика и предметен регистар на Закон за облигационите односи, Скопје, 2008, стр. 982.

стоката комисионерот е должен за сите промени да го известува комитентот и да чека упатства или ако нема време за чекање и одлагање да ја продаде стоката.

Посебна граѓанско-правна одговорност, која е исклучок од општите клаузули за одговорност на комисионерот, е делкредере одговорноста која ќе биде образложена подолу, во посебна точка од овој труд.

2.2.Договор за шпедиција (експедирање) според Македонското право

Вршењето на шпедитерски работи во економскиот и правниот промет, зафаќа поголем сегмент од секојдневниот промет на стоки и услуги, во скоро секоја национална и меѓународна економија. Во услови на брз и масовен промет на стоки и услуги, а под влијание на новите трендови на полето на транспортот, шпедицијата, логистиката итн, шпедитерските работи претставуваат составен дел на скоро секоја трансакција, што отвара бројни правни дилеми и спорови.

Од аспект на дејноста, шпедицијата спаѓа во категоријата на услужни дејности. Основната задача на шпедитерското работење се состои во *организирање* превоз на стока поради испорака или доставување на истата.[8] Според законското поимање, со договорот за шпедиција (*експедирање*) шпедиторот се обврзува заради превоз на определен предмет *од свое име и за сметка на налогодавецот* да склучи договор за превоз и други договори потребни за извршување на превозот, *како и да ги изврши* и другите вообичаени работи и дејствија, а налогодавецот се обврзува да му исплати определен надомест.[9]

Суштествени елементи на овој договор, според природата на работите, се: организирање на превозот на определени стоки на определена релација, вклучувајќи ги и другите вообичаени работи и дејствија (складирање, царинење, пакување на стоките, нивно осигурување и др.).[10]

Договорот за шпедиција е двостран, именуван, товарен, атхезионен договор. Велиме дека е атхезионен бидејќи по прифаќањето на понудата од шпедиторот, која ги содржи поедините специфичности за конкретниот договор, налогодавецот всушност ги прифаќа и општите услови под кои се одвива деловното работење на шпедиторот. Кога станува збор, пак, за формалноста на овој договор, тој по правило е неформален, меѓутоа во праксата на деловниот свет се склучува формално, писмено и тоа заради полесно докажување во случај на спор.

Денешното време кое се карактеризира со глобализациски промени и процеси не ја заобиколило ни шпедицијата како дејност. Општо позната е важноста на шпедиторот во синџирот на снабдување, меѓутоа денешниот тренд

[8]Николовски А., Плавшиќ С., оп.цит., стр.327.
[9]Член 883 од ЗОО.
[10]Чавдар К. и Чавдар К.,оп.цит., стр.1027.

го „бутка“ класичниот шпедитор во заборав, а најспремните ги трансформира во логистички шпедитори кои обавуваат побројни и покомплексни активности и функции.[11]

2.2.1.Позицијата на носителот на карактеристичната обврска кај договорот за шпедиција (шпедиторот)

Содржина на договорот за шпедиција се правата и обврските на двете договорни странки: шпедиторот (експедитер, испраќач) и налогодавачот (комитент). Бидејќи овој договор е двострано обврзувачки, обврските кои ги има шпедиторот претставуваат права за налогодавачот, и обратно правата на шпедиторот се обврски за налогодавачот.

Со оглед на тоа дека носител на карактеристичната обврска е шпедиторот суштината на експедирањето лежи во обврската која шпедиторот ја презема спрема налогодавецот, при склучувањето на договорот за шпедиција, дека ќе му ги обезбеди сите соодветни услуги за реализација на превозот на стоките на определена релација. Под други соодветни услуги се мисли склучување договор за складирање, склучување договор за осигурување, царинење на стоките, пакување и сл.Таквите договори шпедиторот ги склучува со трети лица со што се воспоставува нов правен однос единствено помеѓу шпедиторот и третото лице. Третото лице исполнување на обврските може да бара единствено од шпедиторот бидејќи односот помеѓу шпедиторот и налогодавецот е засебен и налогодавецот не се јавува како страна во дополнително склучените договори. Значи, шпедиторот при извршувањето на налогот се јавува како страна во договорот за шпедиција и како страна во низа други договори кои се неопходни за извршувањето на налогот.

Како обврски на шпедиторот кои произлегуваат од договорот за шпедиција се јавуваат[12]:

- Склучување на сите потребни договори заради извршување на сопствената основна обврска
- Примање на стоката од налогодавачот или трето лице
- Чување на стоката со внимание на добар стопанственик и стручњак
- Постапување како добар стопанственик (lege artis) и завршување на налозите дадени од налогодавачот (комитентот)
- Определување на превозниот пат (инстрадиција) и видовите на транспорт
- Извршување на пресметка со налогодавачот
- Известување на налогодавачот за целиот тек на извршувањето на налогот
- Пренесување на сите права на налогодавачот кога тој ќе изрази желба да ги користи.

[11]Bendeković J., Vuletić D., Gotovac M., Uloga i važnost špeditera u lancu opskrbe, Ekonomski fakultet Zagreb, Hrvatska.
[12]Николовски А., Плавшиќ С., оп.цит., стр.329.

Наспроти обврските, како права на шпедиторот се јавуваат: право на провизија (надомест), право на надомест на направените трошоци, право на ретенција (задржување) и право на самостојно истапување.

2.2.2.Одговорноста на шпедиторот спрема налогодавачот

Шпедиторот како налогопримач му одговара на налогодавачот за штета по начелото на објективна одговорност.[13] Ова правило има исклучок: ако шпедиторот отстапил од добиените упатства, одговара и за штета која настанала како резултат на виша сила – бидејќи се смета дека до случајот на виша сила дошло томку поради таквото отстапување на шпедиторот.[14] Шпедиторот во овој случај би можел да се ослободи од одговорност само ако докаже дека штетата би настанала и доколку тој се држел до дадените упатства во налогот.Во оваа насока е и решението од нашиот ЗОО[15].

Една од обврските на шпедиторот е предупредување за недостатоците на налогот и недостатоците на пакувањето. Во делот на шпедицијата во нашиот ЗОО нема одредба која регулира како одговара шпедиторот ако постапи спротивно и не го предупреди налогодавачот за можните недостатоци на налогот или пакувањето. Поради тоа можеме ова правило да го поврзаме со општата граѓанско-правна одговорност поради пропуштање на известување.[16]

Како што погоре е наведено, шпедиторот има обврска за склучување на сите потребни договори за извршување на налогот. Според општото правило содржано во член 890 став 1 од нашиот ЗОО шпедиторот одговара за изборот на превозникот и на други лица со кои во извршувањето на налогот склучил договор (складирање на стоки и слично), но не одговара и за нивната работа, освен ако таа одговорност ја презел со договорот.Ова значи дека доколку шпедиторот изречно не наведе во договорот дека ќе одговара и за работата на третите лица со кои склучува договори, а со внимание на добар стопанственик ги избрал истите, не одговара за нивната работа. Значи, оваа обврска мора изречно да биде вклучена во договорот за шпедиција. Имено, може да се случи избраниот превозник да е прва класа, но во конкретниот случај задоцнил со

[13]Во член 159 од ЗОО е дефинирано начелото на претпоставена вина: „За штетата настаната во врска со предмет, подвижен или недвижен, чија положба, употреба, особина или самото негово постоење претставуват зголемена опасност од настанување штета на околината (опасен предмет) или дејноста чие вршење претставува зголемена опасност од настанување штета за околината (опасна дејност), се претпоставува дека потекнува од тој предмет, односно од таа дејност, освен ако се докаже дека причината е на страната на оштетениот или трето лице, односно настанала поради виша сила“.
[14]Gorenc V., Kačer H., Momčinovič H., Slakoper Z., Vukmir B., Belanič L., Obavezno pravo (posebni dio I pojedini ugovori), Novi Informator, 2012.
[15]Види: член 889 ст.5 од ЗОО.
[16]Види повеќе: Чавдар К. Чавдар К., оп.цит., стр.472.

превозот, стоката се оштетила и слично. Превозникот ќе одговара самостојно, а налогодавецот не може да бара обештетување од шпедиторот.[17]

2.3.Договор за трговско застапување според македонското право

Кај трговското застапување, застапникот, физичко или правно лице, врши стопанска дејност – трговско застапување, врз основа на посебен договор со застапуваниот[18], кој има законски определена содржина. Имено, од законското поимање на договорот за трговско застапување произлегува дека се работи за трговски договор со кој *застапникот се обврзува* дека за време на траењето на договорот *ќе преговара со трети лица за склучување договори во име и за сметка на налогодавачот* и, доколку е договорено, *ќе склучува договори со трети лица во име и за сметка на надлогодавачот*, а налогодавачот од друга страна се обврзува да му плати на застапникот одреден *надоместок (провизија)* за секој договор кој го склучил или е склучен со неговото дејствување.

Содржина на договорот за трговско застапување се правата и обрските на двете договорни страни – трговскиот застапник и налогодавачот. По своите карактеристики договорот за трговско застапување претставува двострано обврзувачки, товарен, именуван, каузален и формален. Формалноста на овој договор е предвидена во чл.847 од ЗОО.[19]

2.3.1.Позицијата на носителот на карактеристичната обврска кај договорот за трговско застапување

Трговските застапници се самостојни субјекти на трговското право кои без разлика на името вршат работи на застапување и посредување.[20] Токму поради ова тешко се разграничува трговското застапување од посредувањето. Основната разлика е во тоа што трговскиот застапник се грижи за интересите на налогодавачот, а посредникот има обврска да се грижи и да ги штити интересите на двете страни.

Трговскиот застапник, дури и кога е физичко лице, не е во работен однос со својот налогодавач, а ако налогодавачот е правно лице, тогаш трговскиот застапник не претставува дел од тоа правно лице, туку е посебен трговец или друштво, доколку и самиот трговски застапник е правно лице. Значи, трговскиот застапник не е ни претставништво, ни подружница на трговското друштво со кое склучува договор за трговско застапување.[21]

---

[17]Перовић С., Коментар закона о облигационим односима, Београд, 1995, стр.1268.
[18]Чавдар К. и Чавдар К.,оп.цит., стр.996.
[19]Чл.847 од ЗОО: „Договорот за трговско застапување мора да биде склучен во писмена форма.“
[20]Николовски А., Плавшиќ С., оп.цит., стр.253.
[21]Чавдар К. и Чавдар К.,оп.цит., стр.998.

Трговскиот застапник како независен субјект кој самостојно ја врши својата дејност има низа обврски:

- Грижа за интересите на налогодавачот;
- Склучување договор со трето лице;
- Известување на налогодавачот за сите потребни информации поврзани со налогот;
- Постапување согласно упатствата дадени од налогодавачот;
- Чување деловна тајна;
- Враќање на предмети дадени на употреба од страна на налогодавачот;
- Без согласност на налогодавачот да не застапува друг налогодавач за ист вид на работа и на иста територија.

Наспроти обврските, права на трговскиот застапник се:

- Да бара од налогодавачот да му бидат ставени на располагање мостри, нацрти, модели, рекламен материјал, општи услови на работење и друга потребна документација на трошок на налогодавачот;
- Право да биде известен за сите работи потребни заради правилно извршување на налогот;
- Право на надомест (провизија);
- Право на надомест на посебните трошоци што ги направил во корист на налогодавачот;
- Заложно право

2.3.2.Одговорноста на трговскиот застапник за извршената работа спрема застапуваното лице

Во ЗОО поединечно се регулирани случаите на граѓанско-правна одговорност на трговскиот застапник наспрема налогодавачот. Според законската формулација, трговскиот застапник е должен на содоговарачот да му ги дава сите потребни изјави во врска со својот налогодавач. Во спротивност би одговарал за штетата која ќе настане како резултат на неизвестувањето.

Согласно член 852 од ЗОО застапникот е овластен да презема мерки на обезбедување заради зачувување на интересите на налогодавачот. Меѓутоа, оваа норма се смета дека иако е така поставена има императивен карактер поради нејзината поврзаност со член 853 од ЗОО каде цврсто е поставена должноста на трговскиот застапник да презема се што е потребно заради зачувување на интересите на својот налогодавач. Во спротивност би одговарал за причинетата штета.

Како што погоре споменавме застапникот има обврска да ги известува содоговарачите, па така тој е должен да му ги дава на налогодавачот сите потребни информации во врска со исполнувањето на налогот. Ако застапникот не ја изврши оваа должност, а со тоа за налогодавачот настане штета, тој ќе биде должен таквата штета да ја надомести. Во врска со ова е и член 854-а од ЗОО според кој застапникот при водење на преговорите и при склучувањето на

договорите е должен да постапува во согласност со упатствата дадени од налогодавачот, инаку би одговарал за настанатата штета.

Со настанувањето на правниот однос помеѓу трговскиот застапник и налогодавачот, трговскиот застапник навлегува во работењето на налогодавачот и дознава деловни тајни кои е должен да ги чува. Согласно член 855 ст.2 од ЗОО тој има одговара доколку таквите деловни тајни ги искористи или на друг начин ги открие дури и по престанокот на договорот за трговско застапување.

Во Законот за облигациони односи е регулирана и посебната одговорност на трговскиот застапник која ќе биде подробно образложена во следните точки од овој труд.

3.Исклучоци од општите концепти на граѓанско-правна одговорност кај трговските договори што се правен основ за вршење на услуги

3.1.Поим на делкредере одговорност во македонското право

Концептот на делкредере одговорност е креација на деловната пракса. Настанува за време на Средниот век во Италија, а во денешно време сеуште постои под истото италијанско име. Во повеќе правни системи делкредере одговорноста е регулирана во законите, како на пример во: германското, швајцарското, италијанското и португалското право. Имало обиди да биде внесена како концепт и во францускиот Code de commerce (трговскиот закон), но во 1948 година таквата одредба била анулирана од Државниот Совет на Франција.[22]

Делкредере одговорноста, најопшто кажано, подразбира одговорност на налогопримачот (се мисли на комисионерот, шпедиторот, трговскиот застапник) не само за изборот на третото лице со кое склучил договор заради извршување на налогот (содоговарачот), туку и за неговата работа. Значи делкредере одговорноста според правната природа претставува проширена одговорност и за работата на третото лице.

3.2.Делкредере одговорноста кај договорот за комисион

Како посебен вид на комисион се вбројува комисионот со клаузула дел кредере. За овој вид договор карактеристично е тоа што комисионерот врз основа на делкредере клаузулата презема гаранција спрема комитентот не само дека ќе склучи договор со трето лице, туку и дека третото лице ќе ги исполни обврските од таквиот договор. Значи, комисионерот одговара не само за

[22]Schmitthoff C. M., Select Essays on International Trade Law, Netherlands, 1988, p. 340.Преземено од:https://books.google.mk/books?id=ieD5nT0ndHcC&pg=PA341&lpg=PA341&dq=del+credere+liability+french+law&source=bl&ots=k4dzcZT_N1&sig=cq4owDkzwb8fdxkGkaSKypm7Y1s&hl=en&sa=X&redir_esc=y#v=onepage&q=del%20credere&f=false, [пристапено на: 22 08.2017].

изборот на третото лице туку и за неговата работа, односно дека тоа ќе ги исполни обврските преземени со договорот. Следствено на ова, може да се констатира дека *клаузулата делкредере кај договорот за комисион по својата правна природа претставува еден вид на осигурување, односно емство (гаранција).*[23]

Во истата смисла е и решението во ЗОО каде во член 837 е дефинирана посебната одговорност на комисионерот или делкредере одговорноста како солидарна одговорност на комисионерот со својот содоговарач (третото лице). Поради зголемениот ризик кој го презема комисионерот кој делкредере гарантирал за исполнувањето на обврските на својот содоговарач има право и на посебен надомест кој уште се нарекува и делкредере провизија.

Комисионерот кај делкредере договорот за комисион одговара солидарно со својот содоговарач. Тие му одговараат на комитентот за целокупната обврска и тој може да бара исполнување од кој сака се додека не биде целосно исполнета, а кога еден од должниците ќе ја исполни обврската, таа престанува и сите должници се ослободуваат. На солидарната одговорност кај комисионот се применуваат општите правила за солидарни должници.[24] Следствено на ова, кај делкредере комисионот карактеристичен е правниот однос кој настанува помеѓу комисионерот и третото лице (неговиот содоговарач). Доколку комитентот ги наплати своите побарувања од комисионерот кога постои клаузула делкредере, комисионерот може да оствари право на регрес спрема содоговарачот, т.е. од него да бара овој да му надомести се што комисионерот му платил на комитентот поради неисполнување на обврските на содоговарачот.[25]

3.3.Делкредере одговорноста кај договорот за шпедиција

Исклучоците од општите концепти на граѓанско-правна одговорност или конкретно делкредере одговорноста не е изречно регулирана во делот на одредбите од ЗОО кои го уредуваат договорот за шпедиција.

Ако се анализира одговорноста на експедиторот за други лица која е регулирана со член 890 ст.1 од ЗОО ќе се дојде до заклучок дека законодавецот тука оставил простор за внесување на делкредере клаузулата во договорот за шпедиција. Предвидено е дека *експедиторот одговара за изборот* на трети лица со кои склучил договор заради извршување на налогот, *но не одговара и за нивната работа, освен ако таа одговорност ја презел со договорот.* Значи оставено е шпедитерот и налогодавачот во согласност со својата волја да се договорат дали шпедиторот ќе одговара и за работата на третите лица со кои склучил договор.

[23]Николовски А., Меѓународни трговски договори; Скопје, 2006, стр. 220.
[24]Markovič V.,оп.цит.
[25]Чавдар К. и Чавдар К.,оп.цит., стр.987.

Исто така, законодавецот ставил една упатувачка одредба низ која може да се протне делкредере одговорноста што како таква постои кај договорот за комисион и договорот за трговско застапување и да биде карактеристична и за договорот за шпедиција. Имено, од член 885 од ЗОО произлегува дека *врз односите на налогодавецот и експедиторот што не се уредени во оваа глава сообразно се применуваат правилата за договорот за комисион, односно за трговско застапување.* Па, согласно оваа одредба можеме да извлечеме примена на делкредере одговорност и кај договорот за шпедиција.

Внесувањето на клаузула за делкредере одговорност во договорот за шпедиција, врз основа на член 837 и 857 од ЗОО, би значело дека шпедиторот ќе одговара за исполнувањето на обврските од договорот за превоз и другите потребни договори кои тој ги склучил заради извршување налогот. Следствено на ова, шпедиторот ќе одговара не само за изборот на третите лица со кои склучил договори, туку и за нивната работа. Шпедиторот, во овој случај, ќе има право на посебен надомест или делкредере провизија, заради зголемениот степен на одговорност.

3.4.Делкредере одговорноста кај договорот за трговско застапување

Делкредере одговорноста кај договорот за трговско застапување претставува исклучок од општите концепти на граѓанско-правна одговорност врз основа на кои одговара трговскиот застапник.

Според степенот на одговорноста на застапникот дека третото лице (содоговарачот) совесно ќе ја исполни правната работа што ја склучило од името и за сметка на налогодавачот разликуваме обично застапништво и застапништво делкредере. Кај застапништвото делкредере трговскиот застапник одговара и за работата на третото лице, т.е. гарантира дека третото лице совесно ќе ги исполни своите обврски од договорот. Значи, во овој случај застапникот се јавува како еден вид гарант до кој налогодавачот може да се обрати доколку третото лице не го исполни договореното.[26]

Во оваа насока е и решението од член 857 од ЗОО каде е дефиниран посебниот случај на одговорност кога *застапникот му одговара на налогодавачот за исполнување на обврските од договорот за чие склучување посредувал или што според овластувањето кое го имал ги склучил од името на налогодавачот, само ако за тоа посебно писмено гарантирал*. Под посебно писмено гарантирање се мисли на внесување на клаузулата делкредере во договорот за трговско застапување кој како што погоре споменавме мора да биде склучен во писмена форма. Бидејќи станува збор за трговско застапување делкредере, одговорноста на застапникот е како одговорност на гарант-платец т.е. солидарно со третото лице (содоговарачот).[27]

[26]Николовски А.,оп.цит.,стр.178.
[27]Види повеќе: Чавдар К. Чавдар К.,оп.цит., стр.1004.

Сразмерно со зголемената (посебна) одговорност на трговскиот застапник со внесувањето на “дел кредере“ клаузулата во договорот растат и неговите права, т.е. правото на посебен надомест или како уште се нарекува делкредере провизија.

4.Компаративно поимање на концептот на делкредере одговорност

Предмет на компаративна анализа на поимот делкредере одговорност ќе бидат законските решенија од српскиот закон за облигациони односи (Закон о облигационим односима), хрватскиот закон за облигациони односи (Zakon o obaveznim odnosima), германскиот трговски закон (HGB или Handelsgesetzbuch), австрискиот трговски закон (UGB или Unternehmensgesetzbuch) и италијанскиот граѓански законик (Codice Civile).

Србија и Хрватска се предмет на компаративна анализа поради непосредната територијална близина до РМ, заедничката историја и општествено-правен развој како дел од поранешна СФР Југославија.

Во законот за облигациони односи на Србија (Закон о облигационим односима[28]) уредeноста на делкредере одговорноста е идентична како во нашето законодавство. Ако се анализира член 781[29] и член 801[30] од српскиот ЗОО ќе се дојде до заклучок дека истите соодветствуваат со член 837 и член 857 од нашиот ЗОО. Следствено на ова, според законското поимање, концептот делкредере одговорност во Србија е исклучок од општите концепти на одговорност, односно претставува посебен вид на одговорност која ја презема налогопримачот (застапник, комисионер, шпедитор) и одговара не само за изборот на содоговарач, туку и за неговата работа. Ист е случајот и со законското поимање на концептот делкредере одговорност во Република Хрватска.Таа претставува посебен вид на одговорност која е уредена, во член 795 ичлен 816 од Законот за облигациони односи на Република Хрватска[31], на идентичен начин како во нашето и српското законодавство.

[28]Закон о облигационим односима Србије ("Сл. Лист СФРЈ", бр. 29/78, 39/85, 57/89 и "Сл. Лист СРЈ" 31/93.)Преземено:http://www.dobrovoljno.rfzo.rs/download/Zakon_ObligacioniOdnosi.pdf [пристапено на 23 Август, 2017].

[29]Член 781 од ЗОО на Србија: „(1) Комисионерот одговара за исполнувањето на обврските на својот содоговарач само ако посебно гарантирал дека тој своите обврски ќе ги исполни (делкредере), во кој случај тој одговара солидарно со него. (2) Комисионерот кој гарантирал за исполнувањето на обврските на својот содоговорач има право и на посебен надомест (делкредере провизија)“

[30]Член 801 од ЗОО на Србија: „(1) Застапникот одговара пред налогодавецот за исполнување на обврските од договорот за чие склучување посредувал или што според овластувањето ги склучи од името на налогодавачот, само ако за тоа посебно писмено гарантирал. (2) Во тој случај тој има право и на посебен надомест (делкредере провизија).“

[31]Zakon o obaveznim odnosima Hrvatske

Германија и Австрија ги имаат најстарите и најразвиени континентални правни системии токму поради тоа се предмет на компаративна анализа. Повеќе или помалку, по пример на овие законици се скицирани и конструирани сите европски закони од областа на облигационото и трговското право. По направената компарација на Трговскиот закон на **Германија** (HGB или Handelsgesetzbuch[32]) и трговскиот закон на **Австрија** (UGB или Unternehmensgesetzbuch[33]) се дојде до сосема очекуваниот заклучок дека уредеността на концептот делкредере одговорност е сосема идентична, па дури се поклопува и бројот на член во законот кој ја уредува. Таа е дефинирана во делот кај договорот за комисион: *„(1)Комисионерот одговара за исполнувањето на обврските преземени од третото лице со кое тој склучил договор врз основа на упатставата дадени од налогодавачот (комитентот), само ако изречно презел таква обврска или ако таквата обврска е карактеристична (вообичаена) за местото каде што тој го води бизнисот (деловниот потфат).(2)Комисионерот, кој преземал одговорност за третото лице, директно му одговара на комитентот во случај на неизвршување на работата, доколку таквото исполнување може да се бара врз основа на договорот. Тој има право да бара посебен надомест – делкредере провизија.“* Иако единствена, интересна е разликата помеѓу законското поимање на делкредере одговорноста во Германија и Австрија, од една страна и Македонија, Србија и Хрватска, од друга страна. Се состои во тоа што се зголемени случаите во кои ќе дојде до делкредере одговорност, па така согласно член 394(1) од HGB и UGB, истата може да настане како резултат на изрично преземање на таква обврска со договорот или ако таквата обврска е вообичаена за местото каде што комисионерот го води бизнисот. Ова повлекува низа други спорни прашања, како на пример: како да се докаже дека таквата обврска е вообичаена за определеното место, доколку се работи за транснационална компанија кое е местото каде комисионерот го води бизнисот, па кое ќе биде меродавно право и сл. Меѓутоа, она што е битно за предметот на овој труд е дека делкредере одговорноста, иако на еден начин проширена, постои како концепт во правните системи на Германија и Австрија.

Италија е земјата од каде што потекнува концептот на дел кредере одговорност. Настанува за време на Средниот Век и во превод значи *„од доверба“*, меѓутоа во скоро сите земји се јавува со своето изворно италијанско име *дел кредере - del credere*. Франција е исклучок, таму овој концепт на одговорност го именуваат како *ducroire*. Италијанскиот граѓански законик (Codice Civile) го регулира концептот на делкредере одговорност во делот на одредбите посветени на договорот за комисион: *„Комисионерот кој, во согласност со договорот или праксата, преземал делкредере одговорност, му одговара на комитентот за исполнувањето на договорот. Во тој случај,*

[32]Член 394 од HGB. Преземено:https://www.gesetze-im-internet.de/hgb/HGB.pdf[Пристапено на: 22 Август, 2017]

[33]Член 394 од UGB Преземено: https://www.jusline.at/gesetz/ugb/paragraf/394 [Пристапено на: 22 Август, 2017]

комисионерот има право на повисока провизија (надомест), а ако износот не е договорен, има право на провизија во износ кој е вообичаен за местото каде што е склучен договорот. Во отсуство на таков вообичаен износ, одлука донесува непристрасен судија.“[34] Од цитираната одредба, може да се заклучи дека комисионерот, не само согласно договорот, туку и согласно деловната практика која ја има воспоставено може да одговара делкредере за третите лица со кои склучил договор заради извршување на налогот. Исто како и во нашето право, во таков случај има право на посебен надомест, односно повисока провизија. Тоа се должи на зголемениот ризик кој оди паралелно со делкредере одговорноста.

Заклучок

Од анализата на прашањата предвидени во предметот на структурата на овој труд, резимиравме повеќе прашања кои се однесуваат на примената на концептот на „делкредере“ одговорност на полето на трговските договори, со фокус на неколку договори каде што примената на „делкредере“ е во експанзија. Последново лесно може да се констатира, особено ако се земе предвид фактот дека модерниот промет не само што ја фаворизира имплементацијата на „делкредере“ калузулата во договорите, туку, ја наметнува потребата за исклучиво договарање на „солидарна одговорност“ помеѓу налогопримачот и третото лице спрема налогодавачот. Тоа што е суштински битно да се истакне како заклучок е дека овој тип на солидарна одговорност постои како законско решение само во делот на комисионот. Во поглед на договорот за трговско застапување, законодавецот изречно не го уредува ова прашање, иако ако се тргне од правната природа на договорите, може да се извлечат според нас одредени соодветни заклучоци. Сепак, комисионот и трговското застапување се два различно, дијаметрално спротивни концепти, што не важи за шпедицијата која во целост наликува на комисион, и која што во некои системи не постои како *sui generis* институт, туку влегува во концептот на комисион (на пример Франција). Се истакнува ова како особено битно прашање од причина што неговиот одговор го отвора прашањето за тоа: дали налогодавачот може директно да се обрати до налогопримачот, или прво треба да се обрати до третото лице за исполнување на обрската, дали во процесно правна смисла може да им упати заедничка тужба, дали налогорпимачот има право на регрес по сила на закон.

Искуството од практиката, особено преку деловното работење на трговците, и практиката што ни беше на располагање, укажуваат на фактот дека деловниот промет ја наметнува потребата од што поголемо обезбедување во

[34]Член 1736 од Италијанскиот граѓански законик (Codice civile) Преземено: https://socialsciences.exeter.ac.uk/media/university, ies/politics/research/statorg/italy/ngo/Association, [пристапено на: 22 Август, 2017 година].

интерес на налогодавачите. Од друга страна не смее да се релативизира влијанието на големата конкуренција помеѓу вршителите на услуги, кои во интерес на добра понуда на сопствените услуги, преземаат обврски за кои немаат целосно реална претстава што подразбираат во правна смисла.

Потребите на бизнис заедницата ги исфрлија на површина 4PL и 3PL провајдери на шпедитерски, комисиони работи и работи на трговското застапување. Ова е само уште еден доказ, дека бизнис секторот бара не само концентрација на услуги во економска смисла и смисла на брзина, динамика, и масовност од страна на еден субјект, туку во исто време и концентрација на граѓанско-правната одговорност во еден субјект, што е потврдено и преку повеќе истражувања во теоријата. Кај овие типови на договори, налогодавачот се обраќа на налогорпимачот за исполнување на обрската, без да води сметка за учеството на третото лице со кое не е во никаква правна врска. Ова не е случај кај имплементацијата на „делкредере“ одговорноста, каде што налогопримачот има право на регрес од третото лице за исполнување на обврската спрема налогодавачот.

Кај првиот тип на договори во основа се создава правна релација помеѓу налогопримачот или изведувачот на делото и третото лице. Договорот (според нас) претставува договор во корист на трето лице, што не раѓа право на регрес, туку единствено право на надоместување на штета поради неисполување или неправилно исполнување на обврската спрема третото лице. Оттука, имплементацијата на точниот концепт на одговорност, особено во деловната практика, е нужно за редуцирање на судските или арбитражни спорови кои во овие видови на договори доминираат.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Научни книги, трудови, статии

Николовски А., Плавшиќ С.: Трговско право, Скопје, 2005.
Николовски А., Меѓународни трговски договори; Скопје, 2006.
Перовић С., Коментар закона о облигационим односима, Београд, 1995.
Тушевска Б., Договорно право, Штип, 2017.
Тушевска Б., Сотироски Љ., Логистички шпедитерски оператор како перспектива на класичниот шпедитер, Правник 231-232, јули-август 2011.
Тушевска Б., Нови тенденции кај шпедицијата, 2009.
Чавдар Кирил и Чавдар Кимо: Коментари, објаснувања, практика и предметен регистар на Закон за облигационите односи, Скопје, 2008.

Законски прописи и електронски извори:

Закон за облигациони односи (Службен весник на РМакедонија бр. 18 /2001; 4/2002; 05/2003; 84/2008; 61/2009; 81/2009 и 123/2013).

Закон за трговски друштва (Сл. весник на Р.Македонија бр.28/04 од 30.04.2004 година).

Закон за заштита на потрошувачите (Службен весник на Република Македонија бр. 38/2004, 77/2007, 203/2008, 24/2011 и 164/2013).

Закон о облигационим односима Србије ("Сл. Лист СФРЈ", бр. 29/78, 39/85, 57/89 и "Сл. Лист СРЈ" 31/93.) Преземено: http://www.dobrovoljno.rfzo.rs/download/Zakon_ObligacioniOdnosi.pdf [пристапено на: 23 Август, 2017]

Zakon o obaveznim odnosima Hrvatske (Narodne novine 35-707/2005, 41-1382/2008, 125-2501/2011, 78-1495/2015

Handelsgesetzbuch (HGB) Преземено:https://www.gesetze-im-internet.de/hgb/HGB.pdf[пристапено на 28 Август, 2017]

Unternehmensgesetzbuch (UGB) Преземено: https://www.jusline.at/gesetz/ugb/paragraf/394[пристапено на 28 Август, 2017]

Италијанскиот граѓански законик (Codice civile) Преземено: https://socialsciences.exeter.ac.uk/media/universityofexeter/collegeofsocialsciencesandinternationalstudies/politics/research/statorg/italy/ngo/Association_Law_-_Codice_Civile.pdf [пристапено на 28 Август, 2017]

УДК: .342.2:327.8(497.1)”1990-

РАСПАДОТ НА ЈУГОСЛАВИЈА И БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ ВО 1990-те

Слободан Јевтимов
Дипл.правник, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип,
slobodan.jevtimov@hotmail.com

Апстракт:
Гледано од историски, општествено-политички, економски и правен аспект и напливот на внатрешниот национал сепаратизам и верски разлики, и распаѓањето на биполарниот свет визави географската поставеност на СФРЈ како sид помеѓу истокот и западот, се главните причини за распадот на СФРЈ (Социјалистичка Федеративна Република Југославија).
Отсекогаш местоположбата на просторот на поранешната СФРЈ како главна крстосница која ги поврзува Европа и Азија, е геостратешки регион во кој често се војувало, и тој што ја имал контролата на југословенскиот простор имал голема геостратешка предност.
Моќноста што и ја носело геостратешката предност на воено-неутралната федеративна држава, почнува да слабее по смртта на маршалот Јосип Броз Тито. Лидер кој се до тој момент важел како култна политичка фигура која била на чело на тампон-зоната наречена Југославија.
Војните кои по една деценија од смртта на Јосип Броз Тито ќе го втурнат југословенскиот простор во оган и пепел, ќе резултира со геноцид, расселени лица, лица со инвалидитет и уништена инфраструктура.
На уништената економија, чиј пост-воениот бруто домашен производ е само ⅛ од пред-воената економија, и разорената инфраструктура, ќе им биде потребно 10 до 20 години за повторно да се возобноват.[1]
Настрана од потребата за финансии, како фактор за потешко возобновување се и недостатокот од човечки ресурси. Се проценува дека во војната во Хрватска се расселени околу 210.000 лица[2], а во војната во Босна и Херцеговина се расселени околу 750.000 лица и

---

[1] CIA, *Bosnia and Croatia: The Cost of Reconstruction*, 1995, https://www.cia.gov/library/readingroom/docs/1995-11-20.pdf , p. 1

[2] CIA, *Bosnia and Croatia: The Cost of Reconstruction*, 1995, https://www.cia.gov/library/readingroom/docs/1995-11-20.pdf , p. 7

загинати околу 250.000 лица[3]. Или севкупно бројка од околу 1.210.000 луѓе.
Од почитувана членка на ОН со 22.4 милиони жители[4], Југославија отиде во неповрат.

Клучни зборови: *моќ, национализам, оган и пламен, уништена економија и инфраструктура.*

THE BREAKUP OF YUGOSLAVIA AND THE BALKAN WARS DURING THE 1990s

Abstract:
Observed from the historical, socio-political, economic and law aspect, and the influx of internal national separatism and religious differences, and the dissolution of the bipolar world, the geographical location of the SFRY as a wall between the east and the west is the main reasons for the breakup of the SFRY (Socialist Federal Republic of Yugoslavia)
The location of the former Yugoslavia, as the main crossroad linking Europe and Asia has always been the geostrategic region in which it was often fought, and the one that had control of the Yugoslav territory had a great geostrategic advantage.
The power that brought the geostrategic advantage of the military-neutral federal state began to weaken after the death of the Marshal Josip Broz Tito. A leader who until that moment was considered a cult political figure who headed the buffer zone called Yugoslavia.
The wars that, after a decade after the death of Josip Broz Tito, will plunge the Yugoslav space into fire and ashes, will result in genocide, displaced persons, people with disabilities and destroyed infrastructure.
The devastated economy, whose post-war gross domestic product is only ⅛ of the pre-war economy, and the ruined infrastructure, will take 10 to 20 years to re-resume.[5]
Aside from the need for finance, the lack of human resources is a factor for a more serious resumption. It is estimated that around 210,000 people[6] have been displaced in the war in Croatia and about 750,000 people have

[3] CIA, *Bosnia and Croatia: The Cost of Reconstruction*, 1995, https://www.cia.gov/library/readingroom/docs/1995-11-20.pdf , p. 2
[4] Thomas S.Szayna, *Identifying Potential Ethnic Conflict: Application of a Process model; Annex: Demographic Characteristics of Yugoslavia in The Late 1980s*, 2000 https://www.rand.org/content/dam/rand/pubs/monograph_reports/MR1188/MR1188.annex1.pdf
[5] CIA, *Bosnia and Croatia: The Cost of Reconstruction*, 1995 https://www.cia.gov/library/readingroom/docs/1995-11-20.pdf , p. 1
[6] CIA, *Bosnia and Croatia: The Cost of Reconstruction*, 1995 https://www.cia.gov/library/readingroom/docs/1995-11-20.pdf , p. 7

been resettled in the war in Bosnia and Herzegovina and about 250,000 people[7] killed. Or an overall figure of about 1.2 million people.
From a respected UN member state with 22.4 million inhabitants[8], Yugoslavia went into disrepair.

Keywords: *power, nationalism, fire and ashes, destroyed economy and infrastructure.*

ПРВ ДЕЛ

Уставот на СФРЈ од 1974г. и последиците од истиот

Гледано од правен аспект, според Уставот на СФРЈ донесен во 1974г.[9] поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија започнува да наликува на некоја лабава конфедерација, со што воопшто не зачудува ставањето во прв план на национализмот. Тоа е период во кој лидерските и другите функции во државата се добиваат по национален клуч, а не по способност и стручност.

Во тој устав републиките се дефинирани како суверени држави, што значи дека тие ја имаат власта.

Во чл.3[10] од Уставот на СФРЈ од 1974г. дословно стои и пишува: Социјалистичките републики се дефинирани како држави засновани на сувереноста на народот и власта и самоуправниот социјализам и самоуправувањето на работничката класа и сите работни луѓе.

[7] CIA, *Bosnia and Croatia: The Cost of Reconstruction*, 1995, https://www.cia.gov/library/readingroom/docs/1995-11-20.pdf , p. 2

[8] Thomas S.Szayna, *Identifying Potential Ethnic Conflict: Application of a Process model; Annex: Demographic Characteristics of Yugoslavia in The Late 1980s*, 2000 https://www.rand.org/content/dam/rand/pubs/monograph_reports/MR1188/MR1188.annex1.pdf

[9] Службен Лист на СФРЈ бр. 9 од 1974 година http://www.slvesnik.com.mk/Issues/67DD2F3F5BB14EB4ADB0BB89FBFC9522.pdf

[10] Социјалистичка република, е држава заснована врз сувереноста на народот и врз власта и самоуправувањето на работничката класа и на сите работни луѓе, и социјалистичка самоуправна демократска заедница на работни луѓе и граѓани и на рамноправни народи и народности.

Според овој член излегува дека суверенитетот излегува од нацијата и работничката класа, како носител на власта. Според чл.1[11] и чл.2[12] од Уставот на СФРЈ од 1974г. социјалистичките автономни покраини Војводина и Косово како конститутивни делови на Србија, со амандманите на овој Устав, стануват конститутивни елементи на Југословенската федерација.

Теориски гледано од правен аспект тоа е апсурдно. Покраините не можат да бидат ни објективно ни научно конститутивни елементи на федерацијата.

Од научен аспект, покраините не можат да бидат државотворни елементи на федерацијата ако се во состав на федерална единица.

Според истиот Устав од 1974г. чл. 240[13] ЈНА е должна да ги порази силите кои ќе се дигнат против СФРЈ, а тие сили лесно би се поразиле ако Југославија имала вистинска војска која нема да поприма национал-сепаратизам и да дозволи да биде поразена.

Припадниците на Југословенската Народна Армија полагаа воена заклетва[14] во името на СФРЈ а не во републиките од каде беа членовите кои доаѓаа во ЈНА.

---

[11]Социјалистичка Федеративна Република Југославија е сојузна држава како државна заедница на доброволно обединети народи и на нивните социјалистички републики, како и на социјалистичките автономни покраини Војводина и Косово кои се во состав на Социјалистичка Република Србија, заснована врз власта и самоуправувањето на работничката класа и на сите работни луѓе, и социјалистичка самоуправна демократска заедница на работни луѓе и граѓани и на рамноправни народи и народности.

[12]Социјалистичка Федеративна Република Југославија ја сочинуваат: Социјалистичка Република Босна и Херцеговина, Социјалистичка Република Македонија, Социјалистичка Република Словенија, Социјалистичка Република Србија, како и Социјалистичка Автономна Покраина Војводина и Социјалистичка Автономна Покраина Косово кои се во состав на Социјалистичка Република Србија, Социјалистичка Република Хрватска и Социјалистичка Република Црна Гора.

[13] Вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија ги штитат независноста, суверенитетот, територијалната целокупност и со овој устав утврденото општествено уредување на Социјалистичка Федеративна ' Република Југославија. Вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија претставуваат единствена целина и се состојат од Југословенската народна армија, како заедничка вооружена сила на сите народи и народности и на сите работни луѓе и граѓани, и од територијалната одбрана како најширока форма на организиран вооружен општонароден отпор. Секој граѓанин кој со оружје или на друг начин учествува во отпорот против напаѓачот е припадник на вооружените сили на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

[14] Јас (име и презиме на војникот), свечено се обврзувам дека ќе ја бранам независноста, уставниот поредок, неповредливоста и целокупноста на Социјалистичката Федеративна Република Југославија, и дека ќе го чувам и развивам братството и единството на нашите народи и народности. Секогаш совесно и дисциплинирано ќе ги извршувам обврските и должностите на бранител на својата самоуправна социјалистичка татковина и ќе бидам подготвен да се борам за нејзината слобода, чест, не жалејќи да во таа борба го дадам и својот живот.

Големиот број на нелогичности и апсурди во Уставот од 1974г. се основни причини што Претседателството на СФРЈ во март 1991г. не е во можност да донесе Одлука Југославија да се брани и одбрани бидејќи членовите на претседателството имаа инструкции од своите републики.

Настани и фактори кои водеа кон граѓанска војна

Во 80-тите години од XX век, носителите на национализмот и сепаратизмот во Југославија се водачите на националните партии во ликот и делата на Слободан Милошевиќ во Србија, Фрањо Туѓман во Хрватска, Алија Изетбеговиќ во Босна и Херцеговина и Азем Власи на територијата на автономната покраина Косово.

Како дел од факторите кои придонесоа кон влошување на состојбата во државата беа економските фактори. Словенија и Хрватска како подобро економско ситуирани членки во федерацијата беа должни да ги надокнадат недостатоците на останатите членки во федерацијата[15]. Нешто со што дојде до издигнување на одбивноста и анимозитетот кон самата СФРЈ.

Од друга страна се културулошките и верските разлики. Југославија беше место каде што се среќаваат три различни верски традиции: Исламот (Босанци, Албанци и луѓето што живеат во Санџак), православието (Македонци, Срби, Црногорци), и католицизмот (Хрвати, Словенци и Унгарци).

Католицизмот прилично ги одделуваше словенците и хрватите од останатите, кои себеси се сметаа како дел од цивилизираниот западен свет. Од друга страна ги имаше македонците, србите и црногорците, кои се дел од православниот источен свет. Надоврзани кон нив беа и 19-те верски заедници во СФРЈ кои беа само неми набљудувачи на случувањата.

Надоврзано на овие фактори се и настаните кои се случуваат во Косово во 1987г., со што се буди српскиот национализам.[16]

Геостратешката поставеност на Балканот од секогаш била раскрсница на војни и истовремено крстосница која ги поврзува Азија и континентална Европа, и од секогаш Моравско-Вардарската долина била и е порта помеѓу Средоземјето и Европа.

Контролата на Балканот како стратешки партнер значи контрола на стратешкиот правец Моравска долина и Вардарска долина.

СФРЈ цели 50 години беше почитувана членка на ОН и предводник на Движењето на неврзаните земји кои не беа дел од НАТО пактот или

[15]Adrian Kavanagh , *Postmodernity, Globalisation and Nationalistic Conflict in Yugoslavia,* 1998 http://eprints.maynoothuniversity.ie/8867/1/AK_Postmodernity%201998.pdf
[16] Laura Silber and Allan Little, *The Death of Yugoslavia,* 1995, p. 29, 30

Варшавскиот пакт, држава со 22.4 милиони жители, со армија рангирана како трета воена сила во Европа, со големи ресурси и житници.
СФРЈ како конститутивна држава на 6 народи и 32 националности по смртта на Маршалот Тито нема ни лидер ни лидерство, имајќи ја во предвид колебливоста на членовите на претседателството да постапуваат според Уставот и да ја зачуват целокупноста на СФРЈ.

ЕУ во 1990г. на СФРЈ и нуди брзо членство на СФРЈ во ЕУ[17]. Наместо влез во ЕУ, републичките лидери упорно настојуваат на отцепување на своите републики согласно стекнатото уставно право од Уставот од 1974г.
Во сите републики Територијалната одбрана започнува да се вооружува.
Дека СФРЈ нема лидерство, најдобар показател е Одлуката да се испрати на границата на Словенија кон Италија и Австрија 2000 царинарници ненаоружени да го спречат бизнисот со оружје кој што се одвива непречено.
Во Србија, претседателот Милошевиќ кој важи за човек на САД и западот, ги контролира генералите на ЈНА и членовите на претседателството на СФРЈ.
ЈНА од народна армија станува воена сила со која командува Милошевиќ и неговиот командант-НГШ на ЈНА и министер за одбрана Вељко Кадијевиќ. ЈНА во име на смирување на теренот се става на располагање на српските интереси и интересите на правоените формации кои ги формираат Жељко Ражњатовиќ и други паравоени формации под капата на Српската радикална странка на професорот Шешељ.
Југословенската народна армија ги снабдува со оружје србите во БиХ и Хрватска.

СФРЈ е на работа на амбисот наречен „граѓанска војна”.

ВТОР ДЕЛ

Почетокот на крајот

Факт е дека и Врховната команда на СФРЈ беше потполно неспособна да ја употреби ЈНА и наместо Уставно решение, тие бараа од ЕУ посредување во судирите во Словенија, Хрватска и Босна и Херцеговина[18].
Претседателството на СФРЈ на 9 јануари 1991г. нареди да се разоружат сите паравоени формации. Воениот врв таа наредба не ја изврши. Кога беше откриен шверц на оружје од Унгарија, кој го врши пензионираниот генерал Мартин

[17]THE GREAT YUGOSLAV SECRET: Europe was offering billions to us, but our country fell apart and they started a war (VIDEO), Telegraph, 28.11.2017 http://www.telegraf.rs/english/2915299-the-great-yugoslav-secret-europe-was-offering-billions-to-us-but-our-country-fell-apart-and-they-started-a-war-video , 28.11.2017 (The EC is ready to immediately recognize the associated membership of Yugoslavia in the EC with a political decision; Second, a $ 5.5 billion program is ready to serve as a financial injection.), 10.06.2018

[18] Mićo Carevic, *Uzorci i posljedice raspada Jugoslavije* , 2003, https://www.scribd.com/doc/186606886/Uzroci-i-Posljedice-Raspada-Jugoslavije

Шпегељ во Хрватска, командоси на ЈНА имаа задача да го запленат оружјето. Военото врв тогаш тоа не го спречи.[19]
По т.н. блиц криг од т.н. плоштадски собир во Љубљана[20] доаѓа до договор помеѓу министерот за одбрана на СФРЈ Вељко Кадијевиќ и словенечкиот претседател Милан Кучан за повлекување на ЈНА од Словенија и нејзина дислокација од Хрватска па се до Црна Гора.
После фингираниот судир на словенечката ТО и ЈНА, ЈНА доживува срам без преседан во историјата.[21]
Претседателството на СФРЈ донесе одлука за повлекување на ЈНА од Словенија.
Тоа беше почеток на крајот на СФРЈ.
Ниту еден функционер, ниту еден член на претседателството на СФРЈ не беше суден и осуден за велепредавство.
На 25.06.1991г. Словенија прогласи отцепување и независност и суверенитет. Во истиот ден и Хрватска прогласи отцепување и суверинитет.[22] [23]

Во тие моменти Претседателството на СФРЈ го предводеше потпретседателот Борис Јовиќ - докажан националист кој слепо ги следи наредбите на Слободан Милошевиќ.

Во истото претседателство беа Јанез Дрновшек од Словенија, Богич Богичевиќ од БиХ, Момир Булатовиќ од Црна Гора, Васил Тупурковски од Македонија, Рахман Морина од Косово и Бранко Костиќ од Војводина.
Во таа пролет 1991г. во Борово Село близу Вуковар во Хрватска, започнуват судирите на хрватските полицајци и ЗНГ со српските паравоени структури.
Воените судири од ден во ден стануваа се посилни и водеа кон граѓанска војна во Југославија.
Доаѓањето на Лорд Карингтон во Југославија не само што не ги спречи народите од граѓанска војна, туку уште повеќе се разгоре верската и националистичката мисла.
СФРЈ се распадна политички, општествено, економски, правно, безбедносно и военo а пред се морално затоа што немаше систем и Устав кој во прв ред требаше да ги штити атрибутите на федерацијата а не суверенитетите на републиките.

---

[19] Marko Hajdinjak, *Smuggling in Southeast Europe: The Yugoslav Wars and the Development of Regional Criminal Networks in the Balkans* , 2002 http://unpan1.un.org/intradoc/groups/public/documents/untc/unpan016836.pdf, p. 9
[20] По блиц кригот на народниот собир во Љубљана на 30.05.1991г., во рок од 25 дена Словенија прогласи самостојба и суверена Република Словенија.
[21] Mladen Kristić, Osam godina rata: Koja je cijena Miloševiceve politike? - 250.000 mrtvih i 110 milijardi dolara šteta", Jutarnji list, 29.03.1999, http://www.monitor.hr/jutarnji/1999-03/29/steta.htm, 10.06.2018
[22] Акциите кои ги преземале Словенија и Хрватска, самите тие не ги нарекувале "отцепување", туку го користеле терминот "раздружување", тврдејќи дека Југославија е основана како заедница на доброволно обединување на народите.
[23] Milosavljević, *O antibirokratskoj revoluciji pogledati*, 2004

На распадот на СФРЈ му претходеше една долготрајна криза, која траеше повеќе од 30 години во сите сегменти на општественото живеење, морална, правна, верска, безбедносна и во секој друг смисол, како што се етнички односи, слаби и неспособни институции, како од политички така и од воен аспект.

Последиците од војната во Босна и Херцеговина

Граѓанската војна во СФРЈ, која ја направи најголемиот дел од тогашната држава во арена на меѓуетничко крвопролевање, ја уништи инфраструктурата, воените ресурси и направи економска штета проценета на над 150 милијарди долари во тоа време.
Епилогот на граѓанската војна е 1.200.000 граѓани самоволно или под притисок и сила расселени или избегани, 550.000 лица станаа инвалиди, а бројката на загинати лица е околу 600.000 лица.[24]
Расплетот на граѓанската војна во СФРЈ според западните автори завршува во 1995г. За волја на вистината, конечниот распад на СФРЈ заврши со потпишувањето на Дејтонскиот договор[25] под менторство на американскиот дипломат Ричард Холбрук[26] во ноември 1995г. Тој договор во својство на гаранти го потпишаа Слободан Милошевиќ во името на Србија, Фрањо Туѓман во името на Хрватска и Алија Изетбеговиќ во името на Босна и Херцеговина.
Содржината на самиот Уставен текст и амандманите на мировниот договор, не само текстуално туку суштински во најголем дел се разликува од стандардните уставни решенија во било која европска држава.
Уставната содржина колку да е сложена на терен, уште поголеми и посложени проблеми се етничките нетрпеливости, незадоволството од фактот дека Брчко е дистрикт под заштита на ОН односно НАТО, а најмногу од фактот што доби муслиманско-хрватската федерација 51% од територијата на БиХ а Република Српска 49%.
Интересна е одредбата за кантонизација на БиХ со создавање 7 кантони, со што БиХ се децентрализира и дестабилизира.

[24] Државната комисија за здравство ги објавила следните податоци за жртвите во војната во Босна и Херцеговина во периодот од 1992-1995г. Бројот на убиени и исчезнати брои 278.000 (што е 6.37% од предвоената популација на републиката), и бројот на раселени лица изнесува 1.37 милиони (31.39%). Најголемиот број од жртвите (140.800 или 50.65% или 7.39% од предвоената популација на бошњаци) се бошњаци , најголемиот дел цивили, а зад нив се србите (97.000 или 35% од сите жртви) или 7.1% од предвоената популација на срби.

[25] The General Framework Agreement for Peace in Bosnia and Herzegovina, 1995 https://peacemaker.un.org/sites/peacemaker.un.org/files/BA_951121_DaytonAgreement.pdf

[26] The Editors of Encyclopaedia Britannica , Richard Holbrooke, https://www.britannica.com/biography/Richard-Holbrooke, 10.06.2018

Повеќето од кантоните од економска гледна точка не се во состојба да егзистираат самостојно а приходите на ниво на федерација се недоволни и ограничени.
Со овој договор се запре граѓанската војна во БиХ но проблемите останаа исти. Потписниците Милошевиќ и Туѓман се мртви, единствени гаранти останаа НАТО и САД.
Најголемиот правен недостаток, што ја прави комплетно нефункционална Босна и Херцеговина, како самостојна и суверена држава, се наоѓа во анексите на договорот. Според нив меѓународниот претставник во БиХ може да укине било која одлука на легално избраните власти во Босна и Херцеговина.
Денес Босна и Херцеговина останува држава која ниту е унитарна ниту федеративна ниту конфедерација.

ТРЕТ ДЕЛ

Надворешното влијание по распадот на СФРЈ

После 50 години од II-та светска војна на Балканот повторно имаше геноцид. Државата имаше бруто домашен производ во 1988г.[27], до денес го немат надминато ниту една од државите членки на федерацијата, кои станаа суверени и независни.
Со распадот на СФРЈ се формираа Словенија, Хрватска, Македонија и Босна и Херцеговина, а Црна Гора и Србија формираа Југословенска федерација.

Во тоа време на Лисабонскиот самит на ЕУ во Португалија, министрите на ЕУ и Комисијата предводена од францускиот угледен правник Роберт Бадинтер, констатираат дека само Словенија и Македонија заслужуваат признавање како независни држави[28], бидејќи единствено тие имаат граници кои ги контролират и не се вмешани во крвавите настани. Констатација која поради политички причини не е испочитувана доследно.

САД во Витина на Косово ја имаат најголемата воена база во Европа и на Балканот. Со постојаните, низ медиуми пренесувани, јавни коментари од американските амбасадори во врска со домашните проблеми на државите, се однесуваат како сите тие да се нивен протекторат.

Наместо вистинска демократија, човекови права и можности, распадот на СФРЈ и денес уништува генерации кои живеат во етнички поделени општества, со слабо растечки економии.

[27] Податоците за бруто домашниот производ се преземени од статистички извештаи од поранешниот СОК (Служба за општествена контрола).
[28] Alain Pellet, *The Opinions of the Badinter Arbitration Committee A Second Breath for the Self-Determination of Peoples*, 1992, http://ejil.org/pdfs/3/1/1175.pdf

Заклучок

Една од причините за распадот на СФРЈ е Уставот од 1974г. во кој републиките се дефинирани како суверени држави. Според чл.3 од истиот Устав излегува дека суверенитетот произлегува од нацијата и работничката класа како носител на власта.

Оваа одредба помалку или повеќе е апсурдна.

Според член 1 и 2 од истиот Устав, автономните покраини не може да бидат државотворни елементи на федерацијата бидејќи се во состав на федерална единица.

Според Уставот од 1974г. Член 240, ја регулира улогата на поранешната ЈНА за основа задача да ја има да го брани суверинитетот и целовитоста на државата од внатрешни и надворешни сили. Со армијата раководеше министерот за одбрана Вељко Кадијевиќ кој дозволи армијата да се распадне на национална основа и пред се поради заземањето на страна во тој критичен период.

СФРЈ се распадна како кула од карти во тогашниот времески хаос, пред се поради слабите институции, национал-сепаратизмот и избувнувањето на граѓанската војна.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

CIA, *Bosnia and Croatia: The Cost of Reconstruction*, 1995, https://www.cia.gov/library/readingroom/docs/1995-11-20.pdf , p. 1, 2, 7

Thomas S.Szayna, *Identifying Potential Ethnic Conflict: Application of a Process model; Annex: Demographic Characteristics of Yugoslavia in The Late 1980s*, 2000 https://www.rand.org/content/dam/rand/pubs/monograph_reports/MR1188/MR1188.annex1.pdf

Службен Лист на СФРЈ бр. 9 од 1974 година http://www.slvesnik.com.mk/Issues/67DD2F3F5BB14EB4ADB0BB89FBFC9522.pdf

Adrian Kavanagh , *Postmodernity, Globalisation and Nationalistic Conflict in Yugoslavia*, 1998 http://eprints.maynoothuniversity.ie/8867/1/AK_Postmodernity%201998.pdf

Laura Silber and Allan Little, *The Death of Yugoslavia*, 1995, p. 29, 30

THE GREAT YUGOSLAV SECRET: Europe was offering billions to us, but our country fell apart and they started a war (VIDEO), Telegraph, 28.11.2017, http://www.telegraf.rs/english/2915299-the-great-yugoslav-secret-europe-was-offering-billions-to-us-but-our-country-fell-apart-and-they-started-a-war-video

Mićo Carevic, *Uzorci i posljedice raspada Jugoslavije* , 2003, https://www.scribd.com/doc/186606886/Uzroci-i-Posljedice-Raspada-Jugoslavije

Marko Hajdinjak, *Smuggling in Southeast Europe: The Yugoslav Wars and the Development of Regional Criminal Networks in the Balkans* , 2002 http://unpan1.un.org/intradoc/groups/public/documents/untc/unpan016836.pdf, p. 9

Mladen Kristić, Osam godina rata: Koja je cijena Miloševiceve politike? - 250.000 mrtvih i 110 milijardi dolara šteta", Jutarnji list, 29.03.1999, http://www.monitor.hr/jutarnji/1999-03/29/steta.htm

Milosavljević, *O antibirokratskoj revoluciji pogledati*, 2004

The General Framework Agreement for Peace in Bosnia and Herzegovina, 1995 https://peacemaker.un.org/sites/peacemaker.un.org/files/BA_951121_DaytonAgreement.pdf

The Editors of Encyclopaedia Britannica , Richard Holbrooke, https://www.britannica.com/biography/Richard-Holbrooke

Статистички извештаи од поранешниот СОК (Служба за општествена контрола)

Alain Pellet, *The Opinions of the Badinter Arbitration Committee A Second Breath for the Self-Determination of Peoples*, 1992 http://ejil.org/pdfs/3/1/1175.pdf